К-III-187

1803

Б И Т О С К И Крсте

# ДЕЈНОСТА НА ПЕЛАГОНИСКАТА МИТРОПОЛИЈА ОД БЕРЛИНСКИОТ КОНГРЕС ДО ПОДЕЛБАТА НА МАКЕДОНИЈА

/Докторска дисертација/

СКОПЈЕ, 1965

# ПРЕДГОВОР

Зафаќајки се со пишувањето на темата "Дејноста на Пелагониската митрополија од Берлинскиот конгрес до поделбата на Македонија"основна цел ни е,во границите на нашите можности,да го изнесеме историјатот на таа установа и по таков начин да ја истакнеме нејзината улога во историјата на тој значаен политичко-економски центар на нашата земја,се разбира во посоченото време.Тоа е време на бурни политички настани во Македонија,во кои христијанската православна црква најактивно се вклучува и во добра мера и́м дава тон.Во условите на турското ропство не можело да се замисли некоја легална општествено-пропагандна дејност надвор од рамките на христијанската црква.Затоа црквата,како што е познато,играла многу важна улога во тој период,и посебно во периодот кој ние го разгледуваме.Но една таква важна институција историски било предодредено да биде грчка и спрема тоа туѓа на стремежите на нашиот народ.Штом било така,само по себе се наложува заклучок:улогата на Пелагониската митрополија како грчка установа,во периодот 1878-1912,била негативна по интересите на нашиот народ во целина.Основна нејзина цел,ако не и единствена,била,како орудие на великогрчката буржоазија,во Македонија да ја спроведува нејзината политика која имала за цел на македонското население да му всадува грчка национална свест,да го зголемува бројот на Грците во Македонија и по таков начин да створи услови /заедно со другите грчки митрополити во Македонија/ за присоединувањето на Македонија кон Грција.Спрема тоа дејноста на

Пелагониската митрополија,иако религиозна установа,имала пред се политичко-пропаганден карактер.

Ние ке се запознаеме со средствата со кои се служела Пелагониската митрополија за постигнуване на својата цел,со резултатите од нејзината дејност,ке се запознаеме со нејзиниот крајно непријателски став кон сето оноа кое не сакало да му служи на грцизмот,со нејзиниот став кон револуционерното движење на народот против турското ропство и т.н.Ке се запознаеме и со злосторствата на грчките вооружени чети кои биле благословени, раководени и помагани од Митрополијата,и др.

Сето тоа досега ни беше непознато или делумно познато Бугарските,српските,па и романските историчари,пишувајки за пропагандната дејност на Бугарија,Србија и Романија во Европска Турција,особено пишувајки за историјата на Егзархија и за создадениот српски и влашки црковен проблем,пишувале и за Цариградската патријаршија,за грчката црква,бидејки проблемот што го разгледувале бил тесно поврзан со таа црква.Исто така авторите кои пишувале за Битола и Прилеп /Еничерев,Трајчев,Шалдев,Хаџивасилевиќ и др./ неможеле а да не се дотакнат и до Пелагониската митрополија.Но тоа дотакнување е периферно,минимално и засегнато толку колку на пишувачите им било потребно да објаснат нешто друго,бидејки никој од нив и не си поставил за задача да пишува за проблемот кој е предмет на нашава теза.Тоа и неможел никој досега посолидно да го стори бидејки да основниот изворен материјал за ова тема станал достапен дури од пред неколку години.

Единствено посериозен обид да даде поконкретен и поопширен поглед за дејноста на грчката пропаганда во Битола направил битолскиот патријаршиски Влав,Цалис /То доксасмено Монастири ..../ 1932.година.Книшката на Вавуску / И символи ту елинисму.../

терпретирани на познат грки начин и не содржи речиси ништо ново.

Така периодот до 1903 година го разгледуваме главно врз база на архивски от материјал на Пелагониската митрополија. Мошне драгоцен извор би преставувала и архивата на битолскиот грчки конзулат, но нејзинито ползуване практички е неможно. Архивата на Егзархиската битолска митрополија, како и коресподенцијата на српските битолски конзули со нивната влада, ни послужија исто така како драгоцен изворен материјал особено за проследуване на односите на Грчката пелагониска митрополија со другите пропаганди во Епархијата и со револуционерното движење, Речиси целиот изворен материјал е службена документација водена од спомнатите установи и спрема тоа во најголема мера ја одразува точно фактичката положба во реонот

Грчката литература која се однесува за истиот период, со некои исклучоци, има памфлетски каракактер. Инаку ставот на целата таа литература кон Внатрешната македонска организација е ист-таа е бугарска и се бори единствено за интересите на Бугарија Речиси никаде во неа неможе да се сретне некоја позитивна македонска револуционерна фигура. Михајловски, Сарафов и други врховистички фактори се прогласени како единствени водачи на револуционерното движење.

За положбата на христијанското население и за дејноста на пропагандите во Турција се интересирале и европски писатели. Но нивната обиективност е исто така сомнителна. Тоа доаѓало на прво место од таму што обично и тие луѓе биле "заразени" со елинофилство, бугарофилство.... И покрај тоа, делата на пр. на Виктор Берард, или на Вајганд, и др. преставуваатважен допринос за проучуване на нашата историја.

периодот 1904-1908, односно грчката "македонска борба" најдобро е разгледана од Хр.Лилјанов во вториот том од Ослободителните борби на Македонија и од Влаху во книгата То Мекедоникос ос фасис ту Анатолику зитиматос. Но и едниот и другиот, чии дела можат да послужат како извор, проблемот го разгледуваат во цела Македонија, без да навлегуваат посериозно и посебно во Пелагониска епархија, и од свои аспект, тргнувајки од вообичајните великогрчки и великобугаски погледи кон објаснувањето на настаните во Македонија. Освен тоа во меѓувреме се појавиле повеке мемоарски дела од грчки автори-учесници во "македонската борба" кои ни даваат материјал за уште поголемо расветлување на тој период.

Извештаите на српскиот и австроунгарскиот конзул во Битола објавени /од проф.А.Лапе, проф.Зографски/ и необјавени, се исто така нов значаен допринос за што поправилно согледување и разгледување на тој проблем.

Но додека грчката историска литература за ова време е релативно многубројна, дотогаш изворниот материјал е оскуден. Во архивата на Пелагониската митрополија од која за поилинденскиот период наследивме доста малку материјал, нема ништо директно за "македонската борба". Архивата на грчкиот битолски конзулат и за овај период ни е недостапна. Таа е ползувана од Влаху, но, се разбира, цитирано е главно само тоа со кое авторот сака да докаже, да потврди некој свој заклучок, грчки заклучок. Во некои од објавените спомени на андартите се приложени и документи, но од споредна важност.

Периодот од 1908-1912 год. за грчката историографија како да не постои. Сé како да завршува со 1908 и потоа да започнува од 1912 год.

Нема ни едно историско дело од било кое потекло кое можеше посериозно да ни помогне во разгледувањето на тој период во нашиов реон,со исклучок на тука што одбранетата теза на М.Пандевски,Политички партии,организации и групи во Македонија /1908-1912 год./.И за овие последни години од турското ропство како основа ни послужија архивските материјали од Српското министерство за надворешни работи,извештаите на австроунгарскиот битолски конзулат,на Егзархиската битолска митрополија и др.,и печатот.

Досега објавените историски дела на македонски автори доста слабо можеа да ни помогнат.Станува збор на прво место за книгата на Ангел Динев,Илинденска епопеја,II дел,која е интерес на но не-документирана и спрема тоа многу несигурна.

Поради објективни причини не бевме во состојба да ги ползуваме архивите на другите битолски конзулати,а особено на рускиот.Од областа на историската литература како поважно дело кое неможевме да го консултираме е книгата на бившиот директор на грчкиот лицеј во Цариград. G. Chassiotis, L'instruction publique chez les Grecs ..., 1881

Празнините кои можат да се уочат во тезава се должат главно на неможноста да се исползува на прво место архивата на грчкиот битолски конзулат.Спрема тоа ние неможеме да тврдиме дека сме дале се́,иако сметаме дека евентуалното ползување и на тие материјали би не́ збогатило со некои нови факти,но суштински не би се изменило ништо во нашава тема.

Скопје,28.IV.1965. Битолски Крсте

# Д Е Л  I

## ПЕЛАГОНИСКАТА МИТРОПОЛИЈА ОД БЕРЛИНСКИОТ КОНГРЕС ДО ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ

## Г Л А В А  I

## КРАТОК ОСВРТ ВРЗ ДЕЈНОСТА НА ПЕЛАГОНИСКАТА МИТРОПОЛИЈА ДО 1878

### 1.Грцизмот во Македонија до Берлинскиот конгрес

Како што е познато, Македонија, по уништувањето на Самоиловото царство, во духовен поглед била под власта на Охридската архиепископија. Оваа Архиепископија и по доаѓањето на Турците на Балканот е запазена како религиозен претставник на христијанското население со одредени права добиени од турските власти.

Охридската архиепископија, чија улога во историјата на Македонскиот народ не е мала, за свои врховни архиереји имала воглавно луѓе кои произлегувале од средината на грчкиот клер. Официјален јазик во нејзината администрација бил грчкиот. Со погрчувањето на црковната иерархија, особено по XVI век, може да се рече и започнува во извесна мера, ширењето на грчкото влијание во Македонија преку црквата во времето на турското ропство. "Грчката образованост во Охридската црква през XVIII век се развивала во штета на словенската... Во манастирите много малку билеж препишувани словенски ракописи".[1] Но и покрај засиленото грчко просветително влијание словенската писменост и натаму се употребувала.[2]

Охридската архиепископија е уништена 1767 год. и територијата која се наогала под нејзино ведомство е приклучена кон Цариградската грчка патријаршија. Благодарение на привилегиите добиени од султанот цариградската патријаршија имала освен духовна и извесна светска ........................................

власт,а патријархот бил не само црковен поглавар туку во извесна мера и политички водач на православното население во Турската империја. "Но независно од фактот,што Патријаршијата секогаш била грчка установа и како таква била спроводник на грчкиот културен гениј, а заедно со тоа и на грчкиот национален дух,не би можела таа да биде обвинета во програмно-идеолошка елинизаторска дејност,барем до крајот на триесетите години од XIX в."[3]

Се пак Цариградската патријаршија била грчка институција и во основа туѓа на стремежите и интересите на словенските маси,тоа значи и на македонскиот народ кого го лишавала од своја родна црква. Таа во Македонија поставувала за архиереи Грци кои не го разбирале јазикот на македонските маси,не работеле за нивното умствено и културно издигнување.Значи и покрај тоа што Цариградската патријаршија до XIX в. немала денационализаторска политика,се пак таа и грчките владици,само по силата на својата грчка психика,без разлика дали намерно или не,давала предност на грчкиот јазик и образованост,така да грчкото свештенство,по силата на тие околности,станувало носител и расадник на грцизмот и грцизирањето во Македонија.

Кратко речено,погрчувањето на добар дел од македонското население до почетокот на XIX в.било постепено и доброволно и се должело на развиеното грч-ко граѓанство,трговија,литература и на црквата,т.е. било обусловено од економски и општествени интереси.Центри на елинизацијата биле главно градовите.

Но од почетокот на XIX век,и особено од ослободувањето на Грција ситуацијата во тој поглед се изменува.Покрај религиозно-општествен фактор од сега грчката црква се претворува во главен носител на грчката пропаганда,во Македонија која сега постанува смислена и предодредена.Цариградскиот патријарх Григории V напр.издал окружници до сите свои владици со кои ги повикал овие да работат за раширување на грчкиот

јазик и образование помеѓу христијанското население. Значи постепено Грчката патријаршија ќе започне една систематска работа која ќе има за цел, преку разни форми, на негрчките христијански народи, меѓу кои и на македонскиот, да всадува грчка национална свест, со други зборови, таа ќе се претвори во експонент на великогрчката политика во Македонија.

Од почетокот на XIX век, според Иречек, погрчувањето било толку силно што познавањето на кирилското писмо исчезнало. Оние кои сакале да пишуваат нешто тоа го правеле главно со грчко писмо. Во Македонија, освен во Дебар, Прилепско и во некои манастири литургијата се вршела на грчки јазик. Тоа станало дури и по селата.[4/]

Со појавата на световните училишта, покрај црквата и свештенството, и тие станале главно средство за грцизирање на македонското население.

Берлинскиот конгрес претставува почеток на една нова, многу поинтензивна и поорганизирана дејност на грчката пропаганда во Македонија ~~без разлика од кого била спроведувана.~~

~~Д Е Л I~~

~~Г Л А В А I~~

## 2 ~~1~~. ТЕРИТОРИЈАЛНИ И ПОЛИТИЧКИ ПРОМЕНИ КАКО РЕЗУЛТАТ НА БЕРЛИНСКИОТ КОНГРЕС 1878 г.

Војните од 1876-1878 год. и Берлинскиот конгрес предизвикале значајни политички и територијални промени на Балканот, т.е. околу Македонија. На сцената на Балканскиот Полуостров се појавува, покрај Српската, Грчката и Црногорската, уште една држава-Бугарската чии југозападни граници, со еден дел, допираа до Македонија. Кон Македонија се доближија и српските граници од север, а на југ со присоединувањето на Тесалија кон Грција и нејзините граници се приближија кон Македонија. Босна и Херцеговина била ~~воа~~ окупирана ~~ни~~ од Австро-Унгарија.

Тие територијални промени кои станаа на штета на Турција, а во интерес на балканските држави и Австро-Унгарија изразени во цифри изгледаат вака:

| држави | кв.км. | жители |
|---|---|---|
| Бугарско кнежество | 64.000 | 2.700.000 |
| Дел од Добруџа дадена на Романија | 14.000 | 170.000 |
| Делови дадени на Србија | 7.000 | 280.000 |
| Босна и Херцеговина | 58.700 | 1.100.000 |
| Делови дадени на Црна Гора | 4.700 | 50.000 |
| На Грција требало да и се дадат Тесалија и др. | 12.000 | 300.000 |
| | 160.400 | 4.600.000 |

Од 365.300 кв.км површината на европскиот дел на Турција пред Берлинскиот конгрес и останале на Турција околу 200.000,а на место 11.000.000 жители и останале 6.400.000.Освен тоа Турција изгубила територии и во Азија и Кипар - 46.450 кв.кл. со 855.000 жители.[5]

Овие цифри без да навлегуваме во нивната апсолутна точност,јасно ни покажуваат колку големи биле тие промени и како можеле да влијаат на натамошниот тек на политичката ситуација на Балканот.

По Берлинскиот конгрес настануваат крупни промени и во внатрешниот економски и политички живот на Македонија.Економскиот просперитет забележан пред и особено по Кримската војна се заменува со брзо опагање.Поради модернизирање на сообраќајот средноевропските земји полесно и поевтино се снабдуваат со суровини од други места на место од Македонија,а заедно со тоа караванскиот и кираџискиот транспорт како средство за приходи и егзистенција опаѓа. За опаѓањето на македонското стопанство многу допринело и стеснувањето на пазарот со откинувањето на голем дел од турската територија и поради големото зголемување на извозните,транзитните и увозните такси воведени од европските земји,а и од конкуренцијата на увозените европски стоки.

Положбата особено се влошила во македонското село.Доаѓањето на голем број турски бегалци од изгубените турски територии и нивното населување по македонските села,зголемувањето на општите давачки кон чифлик-сајбиите и државата,своеволијата на властите идр биле причина животот на нашето селско население многу да се влоши. Револуционерното движење непосредно пред и по Берлинскиот конгрес уште повеќе ја влошиле положбата.Четничките акции и контраакции на властите сееле пустош по Македонија.Да наведеме само неколку чети кои се споменуваат во книгата на Гкарполас:[6]

тиквешка на чело со војводата Стефо, [illegible]
Демир-Хисар се споменува чета од 100 души, во Гадовиш, во Битолско на чело со некој си учител и т.н. Се споменуваат и грчките чети на Коцонику, на Андреја Скантзару и на Димитар Тевени, офицери на грчката армија и др. Една од попознатите банди во Битолскиот вилает била таа на Деврели Бајрам-ага од 70 души.7/

Многу тешки биле последиците за македонското население од пракањето во Македонија чети од Бугарија по нејзиното формирање. Турците, гонејќи ги тие чети, својот бес го истурале врз македонските села.8/ Кога на сето тоа ќе се додадат и разбојништвата на разни арнаутски и турски банди сликата ќе биде пополна.

Еве како на кратко и сликовито е опишана положбата во една дописка од Воден 1880 година. "Од една страна грчките капитани со своите дружини обиколуваат и ги тероризират селаните Бугари; од друга злосторниците Турци, меѓу кои прв и општопознат е некој си Јунуз, дебарски арнаутин; од трета пак владиката Еротеј ги придружува царските војски и чиновници и ги посочува за бунтовници и јатаци на капитаните по одличните непокорени нему селани Бугари; најпосле проводената таму војска по посочувањето на владиката лови и безчовечно мачи невини Бугари".9/

До Берлинскиот конгрес основен фактор кој влијаел врз судбината на македонскиот народ бил владеачката турска класа; од тогаш политичката положба се изменила. Македонија станала периферна провинција на Турското царство и речиси опкружена со веке ослободени христијански држави на Балканот кои своите погледи ги сзртиле кон Македонија. Конкретно за балканските буржоазии Берлинскиот конгрес и резултатите од него биле такви што секоја од нив сметала дека не добила колку што требало да добие, или тоа што, според нејзините сфакања требало да го добие. И за да се постигне тоа, односно за ..........................................

да се задоволат аспирациите требало борбата да продолжи при други услови.Имено требало да се докаже дека Македонија е грчка или бугарска или српска."....во Атина се планирало Грција до Црно Море,во Софија до Олимп,во Белград Голема Србија до Егејско Море и во Букурешт-илузорна Романија до Пинд"[10/] Значи решенијата на Берлинскиот конгрес делумно ги задоволиле аспирациите на балканските монархии и тие решенија ги сметале за привремени,а самиот конгрес како станица за одмор и собирање на нови сили.

Секоја од овие држави си имала своја програма за ширење во Македонија и се стремела да ја реализира.Програмата на бугарската буржоазија била наједноставна и се викала "Сан-Стефанска Бугарија"..

После Берлинскиот конгрес и окупацијата на Босна и Херцеговина од страна на Австро-Унгарија,Србија ~~Србија~~ ги свртела своите погледи кон Косовскиот вилает и кон Македонија.Кон тоа ја упатувала и Австроунгарија,бидејки сакала да го одвлече нејзиното внимание од Босна и Херцеговина.Под влијание на сето тоа била дооформена балканската програма на Србија според која Солун бил нејзино природно пристаниште.Српските влади избегавале да формулираат јасна и одредена програма на нивните барања во Македонија иако се знаело дека претендираат на голем дел од Македонија.Тоа се поткрепувало и оправдувало со тврдењето за сличноста на народот кој ги населува тие територии со Србите или со повикувањето во помош на историјата.

Грчките влади,зафатени со критското прашање,внатрешни партиски борби,економски тешкотии и др.веднаш по Берлинскиот конгрес немале доволно време поенергично да се посветат врз остварувањето на своите аспирации во Македонија.Околу ова прашање во Грција сепак постоеле две програми:првата програма била таа на "панелинисмос" или на "големата национална идеа".Ова била програма на националистички друштва со седиште во Атина и претставувала идеалот од кој било раздви-

жувано јавното мнение. Втората програма, пооficијална, била програма на грчките влади. Етнолошката карта на Eduard Stanford, carte ethnologique de la Turquie d'Europe et de la Grèce, 1877, и картата на H. Kiepert, 1878, според Влаху[11] биле направени врз базата на сведенија на "Друштвото за распространување на грчкото писмо" во Атина и ги изразувале стремежите на лугето околу "голема национална идеа". Според овие карти Грција во иднина требало да опфака територии на север до Струга, Качаник, Кустендил, Стара Планина и Црно Море.[12]

Втората програма, изгледа, била дело главно на Харилаос Трикупис. Трикупис бил нешто поскромен и пореален во своите барања, така да границите за ширење на грчкото влијание на север ги определил до јужна и централна Македонија, јужно од линијата која тргнува од Драч и стигнува до Егејско Море врвејки северно од Сер на исток, до Битола и Охрид на запад.[13] Како што се гледа Битолско било дел од каде јужно не треба да се пропушта никакво друго влијание, дел кој требало да биде тврдина на грцизмот, каде требало да се разбиваат сите негрчки влијанија кои би се обиделе да дојдат тука и продолжат на југ. Најпламени реализатори на великогрчката политика во овој централен и важен дел на Македонија биле определени пелагониските митрополити.

## 3.2. ТЕРИТОРИЈАЛНО-АДМИНИСТРАТИВНО ПРОСТИРАЊЕ НА ПЕЛАГОНИСКАТА ЕПАРХИЈА И НАСЕЛЕНИЕ

На прашањето кои реони од Битолскиот вилает ги опфакала Пелагониската епархија не ке можеме потполно да одговориме, бидејки во архивскиот материјал на Митрополијата, иако обимен, не најдовме податоци за тоа, а во литературата, во колку ги има, се недоволни и си

противречат. Единствено несигурно е да во Епархијата влегувала целата Прилепска каза. Проблем ни претставува разграничувањето мегу Пелагониската и Охридско-преспанската епархија бидејки и во едната и во другата влегуваат населби од Битолската каза.

Според Скрабина[14] во битолска каза имало 233 села од кои „бугарски" 169, влашки 6, турски 12 и мешани 46, а во Прилепската 135 села од кои 114 бугарски и 21 мешани. Во Пелагониската епархија влегувале сите села од Прилепска ка-за, а од Битолска 144, т.е. вкупно во Епархијата околу 280 населби.

Во едно писмо на српското министерство за надворешни работи од 27-XII-1897 год. до српскиот конзул во Битола се наведува бројот/според бугарски извори/ од 278 чисто словенски села во составот на Пелагониска епархија.[15]

Во една бугарска статистика од почетокот на XX век бројот на христијанските населби кои биле во границите на Пелагониска епархија бил 218 од кои 107 од Битолска каза и 111 од Прилепска.[16] И според еден извештај на битолскиот митрополит Амвросиос Епархијата имала 221 село.[16а]

Додека точниот број на населбите кои биле под црковната власт на Пелагониската митрополија не сме во состојба да го утврдиме дотогаш со сигурност можеме да тврдиме каков бил составот на христијанското население. Имено, со исклучение на Власите во Битола и три села, речиси целото население било македонско, словенско. Но на прашањето кое природно се поставува колку бил бројот на целото христијанско население во Епархијата исто така со сигурност не можеме да одговориме бидејки ова е поврзано со првото, а од друга страна повекето статис-тики кои ни се при рака се однесуваат за цел Битолски вилает или за Битолскиот санџак. Како најблиска до вистината ке ја земеме статистиката на Бранков[17] според која во Прилепска каза /128 населби/ имало 54.718 "Бугари", Грци-50 и Власи-420, а во Битолска каза/без на-

хиите Ресенс-ка, Долно-преспанска, Крушовска, Демир-хисарска и Гавато-колска, т.е.. само во 106 населби од казата кои највероjатно влегувале во Пелагониска епархиjа/имало "Бугари" 43.936, грци 100, Власи 12.060, Албанци 120, Цигани 120 или вкупно во целата епархиjа над 111.000 христиjанско население.

И спомнатиот Црковенъ вѣстникъ дава своjа статистика за составот на населението изразена во куки:

| | | |
|---|---|---|
| "Бугари" | 12.730 | куки |
| Власи | 2.080 | |
| Грци | 30 | |
| Арнаути | 20 | |
| Цигани | 20 | |
| Вкупно | 14.880 | христиjански куки |

или, сметајќи просечно по 7 члена од секоја куќа, нешто повеќе од 104.000 жители

Како што видовме во Пелагониската епархиjа чисто грчко населебие речиси немало. Имало само гркоманско население, и то главно влашко кое било сконцентрисано во селата Трново, Магарево и Николе, нешто во Прилеп а наjвеке во Битола.

Што се однесува до броjот на населението во градовите Битола и Прилеп има повеке статистики, особено за првиот. Повекето од статистиките за Македониjа датираат главно од кон краjот на XIX и почетокот на XX век, т.е. од времето кога странските пропаганди се повеке се заострувале и им се наложила потребата по секоjа цена да "докажат" пред светот како мнозинството од населението во Македониjа е грчко, односно бугарско, или српско. Видеjки да речиси целото христиjанско население во Прилеп било "бугарско" овоj град не обрнувал толку внимание на "статистичарите" како Битола.

За христиjанското население во овие градови во првата половина на XIX век посигурни податоци немаме. Еден документ од 1840 год.[18/] може да ни помогне да претпоставиме каков бил броjот во Битола. Се работи за еден дефтер на митрополитските инкасатори Јанко и

Тахир во кој биле пописани околу 2.500 христијански имиња задолжени да плакаат некој државен данок за една година. Градот бил поделен на маали кои го носеле и името на енорискиот свештеник. Само во првата маала на поп Трајан биле запишани околу 400 имиња, а задолжени биле да плакаат 11.754 гроша. По се изгледа да то било данок за војска кој го плакале мажите над 15 год. Ако претпоставиме дека имало уште толку машки деца кои не дораснале за плакање на таков данок, а на машкиот пол му се додаде уште толку од женскиот пол, би дошле до една цифра од околу 10.000 христијанско население во градот.

За бројот на населението кон почетокот на XX век ке споменеме само неколку статистики и то прво грчки. Според една статистика наведена 1896 год. Битола имал 22.500 христијани,[19] според друга наведена 1906 год. градот имал се 51.000 жители од кои 25.000 христијани,[20] според трета, наведена 1909 год. Битола имал 65.000 жители од кои 32.000 христијани,[21] а Прилеп 19.000 од кои 6.640 муслимани, останатите егзархисти и "елиномакедонес"

Од бугарските ке ја спомнеме само статистиката на Бранков според која во Битола имало 22.790 христијани, а Прилеп близу 18.000[22].

Како што гледаме првите две погоре спомнати грчки статистики и ова на Бранков, што се однесува до Битола, не се разликуваат или мало се разликуваат. Ке бидеме најблиску до вистината ако на крајот заклучиме дека: во границите и под духовната власт на Пелагониската митрополија се наогале околу 220 села /со се Би-тола и Прилеп/ со околу 110.000 христијанско население кон кр. на XIX век од кое во Битола околу 23.000 и во Прилеп околу 18.000. Во прилог на ваквиот заклучок е и една бергиотска статистика [22a] според која Пелагониската епархија опфаќала 218 села населби, 107 од Битолско и 111 од Прилепско кон со нејзино тогаш 114.000 христијанско население

43. КРАТОК ИСТОРИЈАТ НА ПЕЛАГОНИСКА МИТРОПОЛИЈА
(до 1878)

Како што е познато центар на Пелагониска*/ епархија и престолнина на пелагонискиот митрополит бил Битола. Центарот на оваа област, под името Хераклеја, се споменува уште во IV в.пр.н.е. Се развива през првите векови од новата ера кога е под власта на Римјаните за да подоцна во времето на варварските навлегувања, биде уништен. Неколку векови покасно /IX/ близу до Хераклеја изникнува нов град-Битола. Тој се развива како трговски центаар, но по пагањето под власта на Турците (1382/83) ~~кон средината од втората половина на XIV~~ в. градот опага. Од втората половина на XVII в. тој економски пак се издигнува, и покрај неговото страдање од разбојнички банди, за да од триесетите години од XIX в. прерасни во економски и административен и војнички центар на цела Западна Македонија.[23] одошто во цела Румелија

Хераклеа уште во првите векови од новата ера се споменува како епископски центар. Пелагониски архиереи се споменуваат како учесници на вселенски собори во IV и V век[24] ~~Сардинскиот собор 343-4/Евагрија/, на Ефеskиот 449 /Квинтија Хераклејски/ итн.~~[24] Од ова можеме да заклучиме: Прво, христијанството во овој дел на Македонија се проширило много рано, и второ, значењето на Хераклеја било ~~значајно,~~ големо што така рано се претворува во архиерејска столнина.

Истото значење го добива и новоподигнатиот град Битола кој си останува седиште на пелагонискиот епископ. Во времето на Самоиловата држава Пелагониската епархија влегува во составот на Охридската патријаршија, а по 1018 год. останува во составот на Охридската архиепископија до нејзиното укинување 1767 год.

Според првиот хрисовул издаден од Василие II епископот во Битола имал во Пелагонија и Прилеп, Дебрет и Велес 15 клирици и 15 парици.[25] По материјалната положба според добиените клирици и парици, пелагониска епархија иако била доста пространа, спагала во последниот, трети, степен во кој спагале епархии кои добиле по 15 или 12 клирици, односно исто толку парици.

Со оглед на стратегиската положба на Пелагониска епархија нејзиното стопанство и население често биле изложувани на големи штети и страдања. Во времето на борбите на Византија против Норманите населението во овој дел многу настрадало. Тоа настрадало многу и во време на Крстоносните војни кога лугето на Боемунд 1097 год. под изговор дека прогонуваат богомили, опустошиле многу села.[26]

Турската наезда и ропство исто така лошо се одразиле врз христијанското население во Епархијата а и самата црква многу осиромашила.[27] ~~И во овој турски период Охридската архиепископија на Пелагониска епархија се наога под нејзина власт.~~

Во почетокот на XVII век Охридската архиепископија била поделена на 7 митрополии од кои 5 со подведомствени епископии и 2 без такви. Во првата категорија митрополии била и Пелагониска со Прилепска ~~епархија~~ епископија во која, веројатно влегувал и Велес.[28] Но подоцна оваа расподела е изменета, а Прилепска епископија се стопила со својата митрополија.[29] Во втората половина на XVII век Охридската архиепископија има 14 епархии-митрополии 9 и епископии 5, меѓу кои и Велес.[30]

Што се однесува до имињата и бројот на пелагониските архиереи и времето на нивната дејност не сме во можност да дадеме некој апсолутно точен и потполн список. Тоа особено се однесува за постариот период. Според сведенијата кои ни се при рака ние можеме да го конструисаме следниов список почнувајки од 879 год.[31]

| | |
|---|---|
| Јованн | 879 год. |
| Стефан | *1150 |
| Теодосоје | 1283 |
| Теодосије | 1324-1333 |
| Митрофан | 1529-1532 |
| Григории | ? |
| Еремија* | 1572 |
| Еремија[32] | 1585 |
| Стефан | 1600 |
| Дамаскин | 1631 и 1634 |
| Јосиф* | 1657 |
| Игнотии | 1668 |
| Јаков | 1691 |
| Григории** | 1693-1695 |
| Игнатии /II/ | 1695 |
| Јаков | 1699,1700,1706,и 1709 |
| Јосиф | 1714,1718,1719,1727,1729,и 1742 |

Јосиф бил едно време и охридски архиепископ а потоа пак печагониски митрополит 1752,1753,1756 и 1761

| | |
|---|---|
| Неофит | 1855-1756 |
| Григории | 1759 |
| Арсении | 1763 |

Арсении управувал со Пелагониска епархија и од како станал охридски архиепископ. Тој бил последен архиепископ кога 1767 г. Охридската архиепископија била уништена и приклучена кон Цариградската патријаршија. На Арсенија му била оставена само Пелагониска епархија, но по 6 месеци патријархот му ја одзел и нејa и за пелагониски митрополит бил назначен мегленскиот епископ Натанаил. За периодот по уништувањето на Охридската архиепископија можеме да дадеме посигурни податоци за имињата на личностите кои се изредиле на митрополитскиот престол:

| | |
|---|---|
| Натанаил | 1767 |
| Мелетие | 1772 |
| Нектарии | 1788-1803 |
| Јосиф[33] | 1823-1825 |
| Григории | 1825-1833 |
| Герасим | 1833-1840 |
| Герасим/II/ | 1840-1853 |
| Бенедикт | 1853-1869 |
| Партени | 1869-1876 |

| | |
|---|---|
| Матеос | 1876-1887 |
| Неофитос | 1887-1891/избран за патријарх/ |
| Александар | 1891-1895 |
| Косма | 1895-1900 |
| Амвросиос | 1900-1903 |
| Иоаким | 1903-1909/го застапувал Емилијан/ |
| Емилијан | 1905-1908 |
| Васили | 1909-1910 |
| Стефанос | 1910-1912 |
| Хрисостомос | 1912-1917 |

Во Битола кон кр.на XVIII и почетокот на XIX век христијанското население се зголемува со преселувањето од околните блиски градови а и со влашко население кое бегало од Албанија пред теророт на разбојниците. Заедно со тоа и улогата на митрополитите како духовни водачи расте,а нивната дејност се зголемува и се проширува. Тоа е и период кога христијанската црква на чело со цариградскиот патријарх од општо христијанска се претворува во чисто грчка и основна работа ќе и биде да го зголемува бројот на Грците особено во Македонија. Почнувајќи од почетокот на XIX век ние располагаме со доволен број докуументи преку кои,во основа,можеме да ја следиме дејноста на пелагониските митрополити речиси во секое поле.34/ Еден мал дел од тие документи,на прво место кодексите /не се/ ги објавил Иван Снегаров 1948 г.35/

Во првата половина на XIX век,иако христијанското население во Пелагониската епархија било словенско /со исклучение на влашкото/било одано на христијанската религија и му се подчинувало на митрополитот. Покрај градовите Битола и Прилеп секое поважно место во епархијата во времето на митрополитот Григории имало свештеник. Секој од свештениците бил должен за својот архиереј да дава свештенички данок. Од еден список на свештениците кои требало да плаќа данок се гледа дека во Битола /Πιτωλίων/имало 10 свештеници,Магарево-

6, во с.Трново-5 свештеници, во другите села/во 36 села од битолска каза, Пелагониска епархија/ имало 38 свештеници. Сите овие свештеници плус манастирите Буковски, Барешански, Параловски, Лисолајски, Драгошки требало да дадат свештенички данок за митрополитот 960 гроша.[36/]

Во Прилеп омало истата 1827 год. 11 енориски свештеници, а во 13 прилепски села 14 свештеници. Овие свештеници, заедно со 5 манастири требало да дадат данок 615 гроша.[37/] Вкупно во целата Епархија имало 84 свештеници во 51 села и градовите Битола и Прилеп. Покрај овие, свештеници имало и во 9 мариовски села.

Паѓа во очи да во градовите, иако различни по големина, имало речиси исти број свештеници, додека во битолско имало во 38 села свештеници, а во прилепско /без мориовско/ во 13 села. Спомнатите бројки природно не доведуваат до заклучок: Прилеп, со својата словенска култура, во црковен поглед, му бил речиси раввен на Битола-митрополитска столица. Што се однесува до селата, се гледа дека, дури и ако се исклучат двете чисто влашки, бројот на свештениците во Битолско е многу поголем од тој во Прилепско. По се изгледа Митрополијата многу повеќе очекувала и се грижела за битолските села одколку за прилепските каде грчкиот јазик и грцизмот никако не можеле да фатат корења.

Благодарение на дејноста на пелагониските митрополити Битола, покрај црковен, во истовреме, се претворува во просветно-пропагандем центар на грцизмот во овој дел на Македонија. Точно не знаеме кога во Битола е отворено првото грчко училиште. Според Цали[38/] првото училиште во Битола било отворено 1830 год. Но тоа не е точно. Веќе 1809 год. во Битола имало грчко училиште. Во сметката за расходите на црквата "св. Димитрија" од 16.I.1809 год. се гледа дека се потрошени пари "за училиштето за мајторот".[39/] Понатаму во сметките на истата црква за 1818 год. се споменуваат пари кои требало да се даваат на училиштето/560 гроша/[40/] а некои епитропи на црквата дури и

зимале на заем од училиштето па се споменуваат како должници кои требало да му вракаат на истото.[41]

Од сметковните документи се гледа дека во Битола 1818 г. имало две грчки училишта Ἑλληνικὸν σχολεῖον со еден учител Никола и Κοινὸν σχολεῖον со учител пот Георги.[41] Битолската катедрална црква "св.Димитрија" се јавува и натамо како главен финансиер на грчките училишта. Приходите на црквата од 1844 до крајот на 1849 биле 877.305 гроша. Интересно е да тие приходи секоја година рапидно се сголемувале.[41] Од тие суми се оделувала сретства за училиштата во 1845 напр. 6.145 гроша за учителите, а според една друга сметка од 1851 година за изградба на училишта биле потрошени 34.036 гроша.[42] Покрај тоа се оделувале поголеми суми за издржка на болницата во градот, суми за помагање на бедни и друго.[43]

Но сепак посебно внимание митрополи-тите обрнувале на развитокот и проширувањето на училишното дело кое постепено се претворува во основен фактор за погрчување на населението во епархијата. И како што видовме црквата се јавува како главен финансиер на таа дејност, а на чело на таа црква стојат грчки митрополити кои раководат со таа дејност .

Крупен настан во п-рва-та половина на XIX век во времетон на митрополитот Григорие /1826-1833/ претставува изградбата на катедралната црква "св.Димитрија" за која биле потрошени 184.622 гроша.[43a] Изградбата на оваа црква било дело на целото христијанско население во градот.

За еден од поспособните и по заслужени за грчко-христијанската кауза во епархијата се смета митрополитот Герасим. Битола во негово време е веке административен центар и седиште на румелискиот валија. Поради тоа и поради зголемувањето на бројот на христијанското население во епархијата, поради големите заслуги и квалитети на митрополитот Герасим, цариградскиот патријарх Григории 1836 год. ја во-

дигнал Пелагониска митрополија на висок ранг,на степен веднаш по митрополијата во Бруса.Во врска со ова и поради фактот што Герасим како член на Синодотчесто патувал во Цариград,со дозвола на патријархот Григории,бил избран 1839 год.како негов помошен (нак) епископ (викар)[44]

Во времето на Герасим посебно внимание се обрнува на школството.Со цел училиштата да се обезбедат со материјални сретства започнува да се практикува подарувањето или продавањето на поедини енории на грчките училишта како во Битола /1836,1850/ така и во селата Трново /1844/,Магарево /1847/[45].Тие училишта,особено училиштето кое според Цали било општинско и отворено 1830 год.и кое било осмооделенско ги дале првите поспособни кадри на митрополијата со чија помош грчката пропаганда ке биде во состојба по Берлинскиот конгрес да развие голема активност во интеерес на"мегали идеа"

Завршените ученици од овоа училиште биле употребени од битолската грчка општина т.е.од митрополитот како учители во новоотворените училишта:централно основно училиште,грчко училиште,III основно училиште во Арнаут мала.[46] Освен тоа завршените ученици во 1852 год.Формирале едно илегално здружение чија цел била,покрај другото,да ја развива патриотската /грчка/свест кај граѓаните.[46]

По Герасима II митрополитскиот престол го наследил Бенедикт /1854-1869/.Овој митрополит ~~со своето држење,егоизам и работа ги предизвикал граѓаните против себе и~~ (од битолските патријаршисти [illegible]) бил обвинет како човек кој не работал во интерес на своето паство и како голем "туркофил".Патријаршистите во Битола презеле голема акција молејки го патријархот да го смени Бенедикта.Кога молбите не успеале,извесен број од граѓанството ја примило унијата,а друг дел почнал да не ја посетува грчката црква.Овој начин на протест против држањето на Бенедикта во Битола успеал;патријархот бил принуден да го повлече 1869г.[47]

Пелагониската митрополија раководела не само со духовниот живот на своето паство,туку и со неговите меѓусобни граѓански

односи.Таа разгледувала бракоразводни дела,прашања околу наследството и трговски сметки и воопшто прашања кои произлегувале од приватно-правните односи на христијанското население во епархијата.Запазените кодекси на митрополитите Григории,Герасим I и II /од Бенедикта немаме/на Партение /1869-1874/кој го наследил Бенедикта,па и подоцна,на Александар /1891-1895/ се драгоцени извори кои ни даваат материјали и можност да проследиме еден дел од минатото на нашиот народ од овој крај на Македонија,се разбира во ограничени размери.

## 5. ПЕЛА ОНИСКАТА МИТРОПОЛИЈА И ПРЕРОДБЕНСКОТО ДВИЖЕЊЕ ВО ПЕЛАГОНИСКАТА ЕПАРХИЈА

Да се зборува за преродбата и односот на митрополијата кон преродбенското движење значи да се зборува прво за Прилеп и за главно непријателскиот став на грчките митрополити кон тоа движење. Христијанското население во епархијата,како што знаеме,до кон почетокот на XIX век било речиси целото словенски и во градовите и во селата,така да грчките митрополити во Битола биле духовни водачи на македонското население.Но со доаѓањето на Власите ситуацијата се изменува.Власите подоцна се претворуваат во главни носители на грцизмот и во Битола и во Прилеп.Затоа во време на црковните борби нашето население ќе се судри не со некои Грци во тие градови туку главно со Власи-гркомани раководени од грчката црква.

Грцизмот,од познати причини,корења започнува да пушта прво во градовите и тоа на прво место во Битола.Но и тука,во првата половина на XIX век,грчката писменост уште била слабо развиена.48/

Тоа е еден дел од Пелагониската епархија. Во другиот дел на епархијата, со центар на градот Прилеп, од секогаш била запазена словенската писменост која бавно но сигурно се развивала. Манастирот "Трескавец", варошките келијни и приватни училишта биле жаришта на словенската писменост. Против така комплетен словенски реон, грчките митрополити немале сили да превземат нешто ефикасно кое би дало пожелни резултати. Затоа тие, додека во Битола тешко можеле да сватат дека може да постои нешто словенско, во Прилеп и Прилепско морале да водат посебна политика, да бидат поеластични.

Прилепската каза претставувала посебен духовен реон во рамките на Пелагониската епархија, која пелагонискиот митрополит ја управувал со помошта на местен совет составен од мирски лица. Прва личност во тој совет бил Хаџи Ристо кој е и намесник на митрополитот.[49/] Овој факт има големо значење за натамошниот развиток на Прилеп и неговата околина. Додека во Битола на чело на месната општинска самоуправа стои грчки митрополит и главно Власи-Гркомани, во Прилеп таа самоуправа ќе се наоѓа во рацете на Македонци кои за разлика од првите, ќе се стремат кон ширењето на народниот јазик во училишта, а ќе се борат против сите обиди словенскиот да биде истиснат од црквите.

Што се однесува до постанокот на прилепската општина усвоено е мислењето на Христо Шалдев според кое таа е родена околу 1858 год. Со тоа се сложува и проф. Љубен Лапе иако со извесни резерви.[50/] Меѓутоа на основа на документите кои ни се при рака, ние можеме да заклучиме дека датата на постанокот на спомената општина е постара. Имено, во 1828 год. митрополитот Григорий составил еден список на иеромонасите таксидиоти и игумените на манастирите во Пелагониската епархија и еден друг список на епориските свештеници во епархијата. Во тие спискови митрополитот се јавува како гарант на тие духовни лица пред државната власт.[51/] На првиот список со споменати

е потпишан Георги Нанчу, προεστώς и по тоа се редат други битолски прваци.

На списокот кој се однесува за свештениците во прилепска каза се потпишани исто та-ка прилепски прваци. Со υποβεβαιώ се потпишале Хаџи Христо /γογοδίτης*/, Хаџи Илија Јовче и потоа се редат потписи на уште 10 прваци. Ако се земи како точно дека во тоа време ви Битола имало веке општина и Георги Нанчу се потпишува како προεστώς, зошто не би се зело како точно да и прилепските прваци, кои во овој случај се појавуваат во истата улога како и битолските прваци /општинари/ не би претставувале едно претставителско тело без разлика дали тоа се споменува под името општина или не. Несомнено е дека тие прваци го претставувале народот во црковното управуване и дека како такви биле признати од митрополитот и од турските власти. Од друга страна ако го земеме документот од 15.V.1837 г. на кој се потпишани повеке души во врска со некоја купопродажба, а кој го споменува Хр.Шалдев (и проф.Лапе) во спомнатата книга како свидетел за постанокот на општината, тогаш зошто не би го зеле и овој документ од 1828 год. како исти доказ, дека општината е од постаро време. Уште повеке, γογοδίτης Χ. Χρήστος како епитроп и Димитар Николау, Димо Харизан, Мојсо Крапче, Мирче Далјаноглу и брака Маџар како свидетели, се потпишуваат на еден документ за собраните влогови за Великата црква во црквата "св.Димитрија" во Варош 1826 год. Зародишот на прилепската општина треба да се бара назад повеке години наназад пред 1826 год.

Прилепската општина потпомогната од силните еснафи, ке биде несовладива тврдина против грцизмот, а подоцна, и покрај промените, не лесно ке се помирува со туторството на Егзархијата.

Ние веке спомнавме како Прилеп во црковен поглед во својот развиток не заостанувал од Битола. Недолго време по изградбата на митрополитската катедрала во Битола и прилепчани решиле да соградат своја голема црква. Благодарение на Хаџи Ристета и неговиот голем углед кој го уживал кај митрополитот Григории /подоцнешен патријарх/Прилеп добил ферман од турските власти да согради црква.

Црквата била готова 1838 год.и посветена од Герасима[52] под името "Благовештение".Подоцна била соградена и училишна зграда.Но тек од сега започнуваат судирите меѓу митрополитите и прилепчани.Митрополитите,во овој случај Герасим,преку своите привржениции-Власите се обидува и во црквата и во училиштата да го воведе грчкиот јазик надевајки се на успех,иако знаел дека словенството тука имало фатено такви длабоки корени што секој обид да ја прошири и тука својата елинизаторска политика ќе биде многу тежок или неможен.Сепак,ползувајки ги привилегиите и поткрепата од турските власи,грчките митрополити успеале да предозвикат извесни судири во кои битката ја изгубиле,но никогаш не се откажале и не се повлекле потполно од Прилеп.Во една дописка на Јордан Х.Константинов во в."Ц.Вѣстник " од 1854 год.се вели како прилепчани соградиле големо и убаво училиште "но така си стои пусто,заштото славянитѣ искатъ славянски учитель,а цинцаритѣ се опинатъ и искатъ гречески учитель..." Во училиштето имало еден грчки даскал "за да ги слепи".Друг учител неможел да издржи повеќе од 3 месеци оти цинцарите го клеветеле "еретикъ,пиjaница е,сербинъ и болгаринъ е...."Во Прилеп имало нова и убава црква и "се служи внатре на славянски ...[53]

Економското издигнување на градот во тоа време и економското и бројно засилување на граѓанството отварале услови за ефикасна борба против елинизаторските стремежи на пелагониските митрополити.Кога Еничерев дошол во Прилеп /1866/ затекнал околу 620 ученици и 8 учители.Во тија училишта се предавало на народен јазик.[54] Во грчкото училиште имало 80 ученици.Едната половина од училишната општинска зграда ја држеле Власите,а владиците кога доаѓале во Прилеп се интересирале само за грчкото училиште.[55] Значи грчките митрополити претворувајки се во спроводници на великогрчката политика во Македонија престанале да бидат духовни водачи на целото христијанско население и христијанската религија ја претвориле

во чиста политика која имала за цел да ја штити и шири само грчката писменост и култура, т.е. грцизмот, и да се бори против секаква тенденција кон културна еманципација на македонското население. Таа политика го предизвикала и судирот во Прилеп. Една шепа гркомани-Власи сакале, штом неможеле повеќе, да ги имаат истите права и во црквата и во училиштето какви што ги имале огромното мнозинство на словенската маса. Спорот кој изникнал од барањето на Власите да имаат исти права во црквата и училиштето и барањето на прилепчани да ги истиснат од тие установи отишол на решавање во Битола и Цариград- при Високата Порта и Патријархиjата. Во истовреме со специјална жалба до надлежните власти прилепчани изјавуваат дека не ја признаваат повеќе Патријаршијата и на крајот успеале /1868/ да ја отфрлат грчката црковна зависност и да ги исфрлат гркоманите од црквата и училиштето. Идењето на митрополитот Бенедикт лично во Прилеп не успеало да го попречи то.[56/]

Како што на кратко видовме, во Прилеп, благодарение на фактот што христијанското население било, и во XIX век си останало во огромното мнозинство македонско. Грчкото влијание било безначајно и лесно можело да биде истиснато. Тука повеќе може да се зборува за појава грчката пропаганда да прави обиди да го прошири своето влијание во овој дел на епархијата и отпорот на прилепчани да го запазат своето, народното.

Во другиот дел на епархијата т.е. во Битола, положбата била поинаква. Тука каде христијанското население до едно време било словенско, со доаѓањето на голем број Власи, неговиот состав се изменува. Овие Власи, од кои во мнозинството фанатизирани христијани во исто време и фанатизирани гркомани, постепено ќе се претворат во гла-вна потпора на пелагониските митрополити во ширењето на грчката пропаганда. Тука, во градот, речиси се што било словенско било сохрането.[57/] И Тука, за разлика од Прилеп, требало да се направат

обиди,требало да се води жилава борба за словенска писменост,за народна црква.Сите цркви и училишта во градот кон средината на XIX век биле во рацете на грчкото духовенство.Се разбира грчката пропаганда не сакала да испушти ништо од тоа што стекнала.Но сепак Венедикт бил принуден по нешто и да попушта сметајки дека преку мали отстапки ќе може да ја залажи македонската маса и ќе ја одврати од поголеми барања,а од друга страна на тоа го терало и непријателскиот став на гркоманските водачи против него и потребата да добие поткрепа од д-р Мишајков,Д.Робев и други водачи во борбата за еманципација од Патријаршијата.Та-ка со одобрение на Венедикта во 1863 год.било отворено во една од собите на грчкото училиште и одделение на народен јазик со учител И.Жинзифов.Но во ова време македонските чорбаџии уште даваат големи суми за развитокот на грчкото учебно дело.Така напр.меѓу многуте лица кои требало да дадат свои прилози за развитокот и издржката на грчкото женско училиште во Битола за периодот 1861 до 1864 год.се споменуваат и имињата на Δήμιος Α Ρόβες кој за трите години требало да даде 2.250 гроша и Конст.Робев-1.500 гроша.Да напоменеме и тоа дека покрај митрополијата која требало да даде 7.500 гр.сумата на Радев била најголема 59/

Некако од ова време и започнуваат борбите на нашето граѓанство во Битола за свои училишта и цркви.Словенскиот јазик воведен е и во црквата,и тоа најпрво во "св.Недела" каде наизменично се служело на грчки и словенски.60/ Но од такви минимални и додумни отстапки македонското граѓанство во Битола не можело да биде задоволно.На него особено силно влијание вршел Прилеп во кој во тоа време цветала словенската писменост и култура.Затоа пред турските власти биле поставени следниве барања:

1. Митрополијата да дозволи и тие да ги вршат своите обреди во црквата "св.Димитрија" на словенски јазик наизменично,секоја

втора недела.

2.да им се одредат неколку простории во големото централно грчко училиште за да учат нивните деца на мајчин јазик.

3.Учителите да бидат плакани од општинската каса[61]. Поставените барања биле сосема едноставни и природни.Се тргнувало од фактот дека и црквата и училиштето се дело на сите битолски христијани,а и општинската каса се полнела од џепот на сите христијани во градот.И како што се гледа не се барало некое отцепување од православната црква,туку едноставно во рамките на таа црква,на таа општина,да се дозволи употребата на мајчиниот јазик.Но тоа кое од целиот цивилизован свет се сметало за најприродно,за грчката црква било антихристијанско и неморално.

Под притисок на властите и под директива на Патријархот за горните барања било предложено следно решение:

1.Наместо целата црковна служба да се врши на словенски јазик,да се чита само евангелието на словенски од како ке се прочита на грчки јазик.

2.Да им се одреди само една просторија за училиште.

3.Да се плака само еден учител од општинската каса.

Со други зборови да си остани речиси се по старо.Но тоа било неможно.Разбудените македонски занаетчии,трговци и други барале непречен народен црковно-просветен ра-звиток,а тоа,при крајно непријателскиот став на митрополијата,можело да се постигне само преку отцепување и формирање на посебна црковно-училишна општина. Тоа и станало 1869 год.И како оштета за долгогодишниот допринос во изградбата на градските црковно-просветни установи на новоформираната општина ѝ била отстапена малата црква "св.Недела",и то при услови:кои од гркоманите сакал да биде погребен во овие гробишта можел да биде опеан во оваа црква од грчки поп.И бил остапен и еден

општински магазин и еден плац за изградба на училиште.[61] Се друго останало под власта на грчката општина.

# Г Л А В А II

## Религиозно-општествената ДЕЈНОСТА НА ПЕЛАГОНИСКАТА МИТРОПОЛИЈА ПО БЕРЛИНСКИОТ КОНГРЕС ДО 1903 год.

### 1. ПРИВИЛЕГИИТЕ НА МИТРОПОЛИЈАТА ДОБИЕНИ ОД ТУРСКИТЕ ВЛАСТИ

За да можеме да ја следиме дејноста на Пелагониската митрополија во периодот кој го разгледуваме, нужно е да ги знаеме нејзините права, нејзините привилегии добиени од турските власти како верска институција врз основа на кои таа се јавува како важен фактор не само во религиозниот, културно-општествениот туку дури и во економскиот и политичкиот живот на христијанското население во овој значаен реон од нашата земја. Всушност треба да кажеме нешто за привилегиите на Цариградската патријаршија добиени од турските султани бидејќи Пелагониската епархија по 1767 год. влегува, како што знаеме, во составот на таа Патријаршија, а привилегиите на Патријаршијата всушност се и привилегии на митрополитите.

На турската војничка држава која покорила голем дел од православниот свет ѝ била потребна работна сила, производители, данакоплатци. Сето тоа таа можела да го најде во лицето на покореното христијанско население. Значи тоа население ѝ било неопходно како

--

такво.На турската држава ѝ било потребно и население за пополнување на војската,но големото мнозинство требало да остане христијанско, потчинето,за да со својот труд ја издржува таа војска.Требало значи да се уредат односите со христијанската црква кои во новите услови требало да бидат во интерес на двете страни.

Привилегиите дадени од Мохамед II на Патријаршијата не се мали;Еве ги поважните:на патријархот му се дава правото да управува со сите цркви и манастири,правото да поставува архиереи,а Високата Порта,на негов предлог да им ги издава потребните берати;тој е признат како врховен судија на целиот клер;обвинетите епископи од страна на Високата Порта не можат да бидат затворени без разбирањето со патријархот;правото да ги решава брачните прашања;правото да ги оданочува за потребите на црквата не само клерот туку и цивилните лица;правото христијанската црква да располага со своите имоти,а тие имоти да не бидат оданочувани;секој христијанин можел да даде на црквата дел од својот имот до 1/3 и др.62/1

Една од важните привилегии на Патријаршијата е и правото на грчките епископи да присуствуваат лично на седниците на административниот совет во местото на нивните катедри,а во казите да поставуваат свои наместници кои исто така ќе имаат право да учествуваат на седниците на месните административни совети.

Не правејќи разлика во однос на народностите,султановиот ферман даден на Патријархот ги обединил во еден народ-Рум милет сите христијани-православни во Империјата.И ова во извесна мера било диктирано од интересите на Турците бидејќи за да се олесни административната работа,поволно било за султанот да има на чело на покорените народи еден религиозен шеф одговорен пред владата.

Овие привилегии,кои понатаму,како резултат на економско-општествениот развој се усовршуваат,патријархот и неговите подчинети

архиереи ги истакнуваат како многу важни фактори во религиозно-културниот и општествениот живот на христијанското население во Турското царство. Стремежот на Патријаршијата овие привилегии да ги исползува во дејност која посериозно ги засегнувала интересите на владеачката нација, дејност чија основна насока била да и се служи на грчката нација и држава, предизвикал сериозен обид од страна на турските власти тие права да бидат ограничени. Тие обиди започнале 1883 год. а се засилиле од 1887 год. Таа година во Костур, бил запленет некој документ во кој се гледало дека грчката влада, преку друштвото за ширење на грчката писменост,[63] материјално ја помага својата пропаганда во Турција, бидејки да приходите на митрополитите биле намалени "како последица на разредувањето редовите на православното стадо",[64] а додека пак месните просветни комитети и здруженија, покрај грижата за работата на грчките училишта, требало да се борат и против засилените други пропаганди. Турската влада, покрај воведената контрола врз учебниците[65] и школските програми употребувани во грчките училишта, побарала да се исклучат од школските ефории грчките државјани, им го оспорила правото на школските ефории да назначуваат, преместуваат и отпуштат учители без согласност на одговорните турски власти идр.

Во духот на тоа и битолскиот валија побарал од пелагонискиот митрополит да се исполни наредбата за контрола. Но на сето тоа Патријаршијата реагирала многу остро. По одлука на Синодот битолскиот митрополит /а веројатно и другите/ требало да се држи кон одамна установеното правило, имено општинските органи имат задача и право да ги потврдуваат наставните програми, да ги оценуваат дипломите на учителите, да ги назначуваат и отстрануваат, под раководството и одговорноста на митрополитот. Ако независно од тоа турските власти сакат да добијат статистички сведенија околу воспитно-образовните

установи, митрополитот должен е да ги известува за бројот на училиштата, учителите, и учениците и за предметите кои се учат во тие училишта и дека овие сведенија да се даваат внимателно и без потпис.[66] Во знак на протест патријархот Дионис V поднел оставка, забранета била секаква служба во Цариград 1890 год., а и во другите делови на Империјата.[67]

Во 1890 год. било издадено тескере на турската влада со кое требало да се оконча спорот околу привилегиите.[68] Од ова тескере се гледа дека правата оставени и натамо на Патријаршијата се големи. Во тескерето се зборува за следниве прашања:

1. Женидбите, разводите и нафаката

2. Завештанијата

3. Училиштата

4. Клетвите на свештениците и начинот на нивната судење

Проблемите во врск со женидбите, разводите и нафаката, која се определувала на разведените сопрузи остават исклучиво под власта на духовните судови на Грчката патријаршија, односно највишите митрополити. Конечните пресуди ја имат истата важност како и пресудите од другите судови во државата. Во однос на нафаките само во случај ако страната која е судена да ја даде нафаката се пожали на митрополитското решение, власта го запазила правото да ја повика духовната власт повторно да го разгледа решението. Второто духовно решение се става во сила од граѓанските власти какво и да е.

Во однос на завештанијата прашањето се реши како и досега - завештанијата на христијаните, кои се редовно составени и потврдени од патријархот или митрополитот, државните судови ќе ги признаваат. Сите спорови меѓу наследниците ќе се решаваат од митрополитските смесени совети и пресудите ќе се турат во дејство од државните органи. Барањето на Патријаршијата завештателот да има право да располаг

завештателот да бидат потполно лишени од наследсрво не било прифатеноо.

Училишното прашање.Владата на Патријаршијата и дава полно право да управува со грчките училишта,но си запазила едно нормално право:владините инспектори да имат во вид што се работи во тие училишта,кој работи,што се предава и слично.

Во однос на четвртата точка тескерето предвидувало, свештениците кои би биле повикани како свидетели, да дават клетва пред патријархот или митрополитот наместо пред судот.Што се однесува до иследувањето и судењето на духовни лица судските власти имале право да ги повикуваат преку Патријаршијата или митрополитите а црковените власти биле должни да го предадат окривениот.Ако тоа не го направат, окривениот свештеник ке биде притворен до неговото судење,но не во општиот затвор туку во посебна просторија предвидена за повидни лица.Ако се осуди за некое полесно кривично дело свештеникот нема да биде лишен од духовно звање,а ке можел да го издржи затворот во Патријаршијата или Митрополијата.

Како што видевме турската влада се стремела не толку да ги ограничи привилегиите на Патријаршијата, туку да воведе ~~полна~~ извесна контрола врз нејзината дејност.Од друга страна пак Патријаршијата гледала да ги прошири тие права што ги имала.И тоа барала такви права кои ретко во некоја држава на цивилизована Европа да ги имала некоја духовна власт.Како напр.барањето директните наследници да можат потполно да бидат лишени од наследство за да евентуално тој имот биде поклонет на црквата;или барањето таа да биде полн господар на грчките училишта во Царството без да има право турската влада да има во вид какков персонал работи во тие училишта,што работи каква програма се реа-лизира,односно какви предмети се предават ид

Освен тоа,покрај духовната страна на прашањата,на Патријаршијата и се дават права и врз материјалната страна на повеќе прашања-права кои исто така ретко во други држави ги имале духовните власти.

Вообичаено било,при секое назначување на нов митрополит од страна на Патријаршијата во некоја епархија,да се издава од страна на султанот берат во кои се означувале правата на новоназначениот митрополит во дадената епархија.Во еден таков берат[68] издаден на митрополитот Герасим во 1833 год.по исплатениот износ од 16.500 аспри како "пешкеш" се редат во детали многу негови права и задолженија на неговите потчинети /духовни лица и рајата/ кон него.Највисоката турска власт ги задолжувала духовните лица "....во прашањето на послушноста /спрема митрополитот,б.м./грешка да нема";го потцртувала правото на митрополитот непречено да ги казнува духовните лица за нивните грешки а за кривични дела да ги апси.Тука се зборува и за правата на митрополитот во однос на брачните прашања,по прашања на завештанија на христијаните во интерес на патријархот,митрополитот или црквата;се одредуваат некои такси кои требало да му ги плаќаат на митрополитот неговите потчинети и др.

Во бератот,покрај реденето на митрополитските привилегии на повеќе места се повторуваат зборовите"да не се мешат" државните органи во митрополитските работи.Напротив,од надлежните државни органи се барало по полно прашања да му се излегува во пресрет на митрополитот,да биде заштитена неговата личност,црквите и манастирите од разни своеволија и т.н."...по одредбите на овој високо-словенмој берат,прилагајќи ги како основа неговите одредби,слободно да ја поседува и управува оваа концесија и од друга страна никој,по ниеден начин и по никаква причина,да не му се меша и не му додева"-завршува бератот издаден на гореспоменатиот митрополит Герасим

## 2.ПЕЛАГОНИСКАТА МИТРОПОЛИЈА ЗАКОН РЕЛИГИОЗЕН, ОПШТЕСТВЕН И ЕКОНОМСКИ ФАКТОР ВО ЕПАРХИЈАТА

Веќе знаејќи ги правата на пелагониските митрополити гарантирани од турските закони не е тешко да се констатира каква била нивната улога во животот на христијанското население.Речиси целиот личен,семеен и општествен живот на македонските луѓе во Епархијата во најголема мера се наоѓал во рацете на митрополитот кој до кон почетокот на XIX век во вршењето на своите функции бил речиси неприкосновен.

Устројството на Пелагониската митрополија како религиозно-православна институција било исто како што било и во другите митрополии кои се наоѓале под религиозната власт на Цариградската патријаршија.[10a] Имено,најниска територијално-црковна управа била парохијата на чело со свештеник кој можел да има и ѓакон.Во случаите кога во една парохија имало повеќе свештеници еден од нив бил парох или настојател кој ги вршел сите канцелариски должности и обично имал чин прота.Инаку протите биле реонски надзорници кои му помагале на митрополитот во управувањето како негови намесници и во нивниот реон седеле во меџлисот како претставители на христијаните.

Духовниците биле само стари свештеници кои имале свои реони и во време на пости оделе од место до место и го исповедувале народот за што добивале разни подароци.Парохиски свештеници имало доста од кои повеќето немале никакво образование,а го научиле богослужението така,како занает,од други свештеници.

Во парохиите имало и парохиска епитропија. Таа била одбор составен од 3-5 члена-епитропи кои биле бирани од целата парохија, обично меѓу поугледните парохијанци, на година дена, а ги потврдувал митрополитот.

Најблиски соработници на митрополитот, кои му помагале во управувањето со текуштите црковни работи биле протосингелот и архиѓаконот. При митрополитскиот престол имало и Духовен суд, кој под претседателството на митрополитот, ги решавал предметите од областа на брачните спорови. Така на пр. само од септември 1895 до крајот на 1896 год. Пелагонискиот духовен суд, кој бил составен /покрај митрополитот или неговиот заменик/ од 4 духовни лица, се занимавал и решавал за 132 такви спорови.* И за решавање на проблеми на христијанското население од световен карактер[82] при митрополитската катедра имало Епархиски совет составен од 1/3 духовни и 2/3 мирски лица.

Административната служба при Митрополијата ја вршел секретарот, а голем број ѓакони биле неразделна свита на митрополитот кој го следеле на секаде, па и при изведувањето на божјата служба.

Зголемувањето бројот на христијанското население по градовите, а во исто време економското и бројно засилување на граѓанската класа не само ќе предизвикат проширување и збогатување на општествениот живот туку ќе предизвикаат кај таа класа и желба и стремеж за учество во управувањето и развитокот на тој живот. Граѓанството станува живо заинтересирано за тоа, но неговиот стремеж да раководи и да го развива општествено-културниот живот можел да се реализира само во рамките на христијанската црква која во условите на турското ропство била единствено квалификувана за тоа. Значењето на црквата со тоа уште повеќе се зголемува, а улогата на митрополитот не се намалува иако неговата власт по некои прашања делумно ќе биде ограничена.

Значи во кругот на црковно-општествената автономија, во Битола ке се развие и месна самоуправа- κοινότης /општина/Според привилегиите раководител на грчките општини бил митрополитот. Основното барање на турската влада од тие општини било тие редовно да го плаќаат данокот и да бидат лојални кон државата, односно да бидат покорни, оставајки им големи слободи во организирањето на нивните религиозни прашања. Но имајки во предвид дека според муслиманските сваќања религијата е регулатор на основните животни норми и односите на личноста во општеството, во тие религиозни прашања, биле вклучени сите граѓански прашања на христијанското население како што е образованието и и здршката на образовните установи, болниците и ред друго.

Како за прилепската и за битолската општина се поставува прашањето кога е формирана. Од наследените документи може да се заклучи дека битолската општина како и прилепската е резултат на еден повекегодишен процес на развиток почнувајки од кон почетокот на XIX век. По се изгледа дека црковните власти не биле склони така лесно да дозволат соучество на граѓаните во управувањето со црковните работи. Црковната епитропија е, изгледа, најстара институција во која се избирале граѓани од самите христијани. Така напр. за црквата "св. Димитрија" во Битола 1808 год. биле поставени од христијаните три епитропа-еден да води сметководна книга/Христос Наум/, друг да стои на пангарот/Ник. Пирузис/ и третиот да ги собира парите/Трајко/ 719/81

Понатаму сретнуваме документи кои покрај духовни лица ги потпишуваат и мирски. Во најстариот документ од кодексот на митрополитот Григорий /9.VII.1826 год./ се зборува како полномошното било издадено при свидетелство на достоверни свидетели, покрај 4 ιερέων (свештеници) "έντιμοτάτων προκριτωτέρων /првенци/ της πολιτείας " /на градот/. 72/9/ И не само тоа, странките се јавувале пред митрополит-

скиот црковен суд/ἐπὶ τοῦ ἐκκλησιαστικοῦ ἡμῶν δικαστηρίου /73/ што значи граѓаните кои го потврдувале документот во исто време биле членови, односно учествувале во тој црковен суд, покрај митрополитот и други духовни лица.

1827 год. списокот во кој е внесен свештеничкиот данок потврден е и од Алексии προεστὼς и други граѓани /74/. Така меѓу градските прваци се одвојува еден кој ја носи горната титла, што би значела претседател. 1828 год. проестос бил Георги Канчу, а потоа други кои редовно се бирале. Покрај проестоси имало δημογέροντες, т.е. старешини, општинари. Димогеронтес како општествени фактори се појавуваат со доаѓањето на митрополитот Герасим 1833 год., додека во кодексот на Григории не се споменуваат.

Општината уште во ова време имала судбено-нотариусна компетенција по дела на битолските граѓани. Издавала уверенија за наследство, за покупки и продажби идр., а сите тие документи ги внесувала во свој кодекс. Таа си одржувала свои заседанија пред кои се јавувале странките. Тоа се потврдува и од реченицата која стоела во документите издадени од нeја: παρεστὼς ἐνώπιον ἡμῶν τῶν δημογερόντων τῆς πολιτείας /се представи пред нас старешините на градот./ На крајот на документот се потпишувале проестос-мартир /еден член/ и, конкретно 1838 год., по 2-3 димогеронтес-мартир /75/

Во исто време општини се формираат и во влашките села Трново и Магарево и во Добрушево. Во Добрушево 1833 год. проестос бил Хаџи Антон, а димогеронтес Јове Митре, Илија Атанаси и уште двајца. /76/

Да се пишува за дејноста на Пелагониската митрополија тоа значи во најголема мера да се зборува за дејноста на битолската општина бидејќи да таа била апарат преку кого митрополитите,

ја спроведувале речиси целокупаната своја политика во периодот кој ние го разгледуваме. Спрема тоа таа општина за нас претставува посебен интерес и ние посебно ке се задржиме.

Какви биле компетенциите, правата, структурата на битолската црковна општина ние најдобро можеме да дознаеме следејки ја нејзината дејност во втората половина од XIX век. Во зависност од економско-политичките и општествените промени кои се вршеле во турската држава и конкретно во овој дел на Македонија, се развивале и структурата, фукциите и правата на општината кои произлегувале од правата на митрополитот.

Како што видовме црковна епитропија, проестос и димогеронтија рано избрани меѓу се споменуваат најрано, а по тоа се споменуваат и ~~алма~~ школска eфорија и ефорија на болницата и собрание на граѓаните кое ги бирало тие управни тела. Посигурни податоци за функционирањето на општината имаме почнувајки од кон крајот на XIX век. Претседател на општината бил митрополитот кој го свикувал собранието на граѓаните/патријаршисти/ за избор на тие тела, а по тоа раководел со нивната раббта. На седницата закажана на 4-V-1896 год. на пр. митрополитот поканува Ἀντιπρόσωποι τῆς Ἑλλ. ὀρθοδόξου κοινότητος /претставители на грчката православна општина-Битола/ 26 на број. 77/5а/ Понатаму бројот на поканатите одборници изнесувал од 26-30 члена што значи општинскиот одбор изнесувал триестина души. На седниците се решавало за разни финансиски и имотни проблеми на ~~основните~~ општината, персонални, "сериозни" и други општински прашања.

Во 1902 год. митрополитот поканува на седница членови на Ἀνωτάτη Ἐπιτροπή /врховно претставничко тело/ од 11 члена посебно, или сите управни тела заедно/ διαφόρων κοινοτικῶν ἀρχῶν ———/кога се рабботи за заедничка седница. Но највеке се повикува првиот орган. 78/5б/ Исто е и 1903 год. Во 1904 год. општинскиот

одбор изнесувал 12 члена.

Покрај спомнатите тела при митрополијата функционирал и Мешовит духовен суд на кој исто така, пред-се-давал митрополитот, а од граѓаните присуствувале димогеронтите. Во 1888 год. димогеронтес кои учествувале во Духовниот суд биле Хр. Думас, К. Пили, Г. Гога, К. Нескос и Ѓани Налца. 16/3а/ Но во книгата протоколи од седниците на Црковниот суд од 1895 до 1911 год. 17/3г/ веќе не сретнуваме мирски лица, туку, освен претседателот, учествувале уште 4 члена духовни. Овој суд од мешовити изгледа се претвора во чисто црковен суд. Судот се занимавал со предмети од областа на брачните спорови на населението. Од септември 1895 год. до крајот 1896 год. тој се занимавал со 132 такви спорови. Во целата спомната книга / во која за 1900 до 1903 година заклучно нема ништо, а и за следните години до 1911 нема се/ заведени се 599 разгледувани спорови. Пелагонискиот духовен суд ги решавал брачните спорови/кои не биле така мали/ на сите оние во епархијата кои го признавале ведомството на грчкиот митрополит.

Апсолутно јасна слика за физиономијата на битолската општина ни дава досега единствено пронајдениот правилник од 1905 год. 79/18/4/ На основа овој правилник ние не можеме со сигурност да тврдиме дека битолската црковна општина и повеќе децении назад изгледала точно така, но со сигурност можеме да предпоставиме дека во колку имало разлика, таа во основа не е голема и дека пред крајот на XIX и првите години од XX в. општината функционирала речиси така или слично та-ка како што ќе ја видиме според правилникот.

Овој правилник бил составен од митрополитот Иоаким Форополус и уште 4 битолски прваци како комисија, и од како бил одобрен од општинскиот одбор, бил изгласан од општото собрание на битолските патријаршиски граѓани на 27.XI.1905 год. По потврдувањето од страна на митрополитот правилникот влегол во сила во траење од 2

години, со забелешка, дека потоа може да се измени, ако се покажале некои недостатоци.

Правилникот е поделен на повеке глави:

I. За општината

II. За имотите на општината

III. За управните тела и за нивниот избор

IV. За општото собрание

V. За списковите на избирачите и на избраните

VI. За свикуване на избирачите

VII. За организацијата/работата/ на општото собрание

VIII. За времето на свикувањето/и задачите/на општото собрание

IX. За општинскиот одбор и неговите права и задачи

X. За организацијата, правата и задачите на општинските тела. Вкупно 48 члена

Според чл. 1 "православната грчка општина" во Битола составена е од сите оние кои како свој верски водач го признаваат митрополитот поставен од Икуменскиот патријарх и своите деца ги праќаат во грчките училишта. Уште од првиот член може веднаш да се заклучи за карактерот на општината. Значи не е доволно ~~делумично~~ религиозно да се припаѓа кон грчката црква туку требало и образованието да биде во грчки дух како услов за припаѓање кон таа општина.

Глава III ги одредува управните тела на општината. Секој важен сектор од дејноста на општината имал свое управно тело, а именно: воспитните установи како најважен сектор од дејноста на митрополитот биле управувани од школната ефорија, болницата-од болничката ефорија, црквите од епитропијата на катедралната црква "св. Димитрија" а гробиштата и пансионите исто така од свои ефории. Првите први управни тела биле избирани директно од општото собрание на битолските граѓани, додека ефорите на гробиштата и пансионите биле поставувани

од општинскиот одбор.

Општото собрание /гл.IV/ било собранието на сите православни патријаршиски граѓани во Битола кои имале право да ја избираат општината,а било свикано од митрополитот.Право на глас имале сите православни патријаршиски граѓани кои исполниле 25 години и кои годишно вложиле за училиштата на општината барем пола турска лира. Избирачи биле и еснафите кои нормално функционирале,кои своите празници и панагури ги одржувале во патријаршиските цркви и манастири во епархијата,т.е.кои припагале кон грчката пропаганда./чл.7/Тие учествувале во општото собрание преку свои делегати одредени спрема бројот на членовите.

Избрани можеле да бидат тие лица кои имале право да избираат,кои завршиле 30 години и кои притежавале "национални" и морални квалитети./чл.9/

Општото собрание на гркоманските граѓани било предвидено редовно да се свикува секоја втора година,во декември за избор на трите тела,а вонредно можело да биде свикано кога митрополитот сметал за потребно или кога тоа би го побарале 3/4 од општинските одборници по писмен пат.

За секое од трите тела се избирале по 4 лица кои сите заедно /12/ го сочинувале општинскиот одбор кој се свикувал на седници и работел под председателството на митрополитот или архиерејскиот представник - нивни заменик

Компетенциите на одборот биле големи:ја представувал ~~општината~~ грчката заедница пред патријархот или политичките власти;учествувал во работата на епархиското изборно собрание за избор на духовниот суд, на епархиската управа за манастирите и управата на епархиските пансиони;учествувал при изборот на преставник на Пелагониската епархија за избор на Вселенски патријарх;одобрувал и потврдувал по финансис-

ски прашања и вршел ревизија врз буџетите на општонските установи и ги решавал сите приватно-правни проблеми на граѓаните.

Одборот се свикувал еднаш месечно редовно, а вонредно на барање на претседателот /митрополитот/ или по писмено барање од најмало 7 члена од одборот. /чл.29/

Мандатот на сите општински управни тела траел 2 години почнувајќи од јануари.

Читајќи го правилник-от човек на прв поглед стекнува убедување како тој обезбедува полна демократичност во учеството на битолските па-тријаршиски гра-ѓани во месната самоуправа. Но при подлабока анализа ќе се види дека не е сосема така. Прво што паѓа во очи е: право на глас има само оној граѓанин кој за училиштата годишно ќе вложи најмалку пола турска лира. Училишната ефорија била должна секоја втора година, пред изборите, да доставува до општинскиот одбор список на сите граѓани кои платиле членарина со нејзиниот износ за да врз основа на тој список одборот состави избирачки список за општо собрание. Со други зборови правото на глас било ограничено со имотен ценз. Ако во едно семејство имало 3-4 члена над 25 години, то значи требало тоа семејство да одвои најмалку две турски лири годишно за да стекне право на глас што за многу семејства не била едноставна работа. Не е тешко да се погоди дека тие општествени дејности биле привилегија на прво место на побогатите слоеви на битолското гркоманско општество, на оние на кои и економските интереси им диктирале да бидат спроводници на великогрчката политика во Македонија. Фактот што избирачите биле лично и писмено повикувани, што собранието се одржувало во затворена просторија-сала; фактот што требало тие да останат до крај и да ги потпишат записниците /чл.16 и натаму/ само по себе зборува дека бројот на избирачите бил многу мал иако тоа собрание се викало γενική τῶν πολιτῶν συνέλευσις /општо собрание на граѓаните/ Ние за тоа имаме и некои конкретни

податоци. На 11.I.1898 г од. од митрополитот било свикано собранието за да избере општински одбор / ἐκλέξωσιν Ἀντιπροσωπείαν σύμφωνα μὲ τοῦ κανονισμοῦ τῆς κοινότητος / согласно правилникот на општината и на овие из орих биле повикани равно 139 граѓани. 80 Δετ Значи толку изнесувало општото собрание на битолските патријаршиски граѓани.

Од кога започнал да се плака тој ценсус јас неможев да утврдам. По тврдењето на Кирјазовски дека плакањето на школарина е резултат на појавата на егзархиските и други е пропаганди во Пелагонис-ката епархија нити може да биде поткрепено со документи нити може да се смета за реално. Обратното, притисната од тие пропаганди грчката пропаганда, сод цел барем да ги задржи позициите што ги имале стекнато, се стремела давачките од христијанското население не да ги зголемува туку да ги намалува.

И со другото негово тврдење како "од тој момент" општината се претворува во орган на аспирациите на грчката буржоазија во Македонија немокеме да се сложиме. Патријаршиската општина во Битола изникнала од привилегиите на митрополитот, и тој е неоспорен раководител на истата и спрема тоа политиката на митрополијата во исто време била и политика на патријатшиската општина. Оваа не спроведувала некоја посебна политика од митрополитската и нити можела тоа да го прави. А бидејки грчката православна црква и нејзините митрополити веке од третата деценија на XIX век се претворуваат во спроводници на великогрцизмот во Македонија, то во истовреме и битолската патријаршиска општина ке ја врши истата улога од тогаш.

Колку фиктивна била таа демократичност во општината може да се види и од улогата која ја играл митрополитот во неја. Имено, во општото собрание имале право да земат учество само оние лица кои што добиле покана од митрополитот како претседател на општи-

ната.Со собранието раководел митрополитот и се работело по дневен ред составен од истиот.Митрополитот ги предлагал лицата кои требало да бидат избрани за управните тела.Митрополитот бил не само претседател на општинскиот одбор туку претседател и на секое општинско управно тело.Нивните решенија се сметале за полноважни само ако на седницата председавал митрополитот,односно неговиот претставник /чл.34 и натамо/

Каков е тој "демократски принцип" по кој била избрана општината во Битла по остранувањето на Венедикт 1869 год.за кој зборува Кирјазовски /стр.168/ јас исто така не можев да најдам податоци. Ако се постави прашањето од кога собранието започнува да игра некоја улога,баш од времето на Венедикта 1860 год.имаме податок по кој се гледа дека собранието /συνέλευσις/поставило епитропи. 81/131/

Но без разлика на сетое тоа битолската патријаршиска општина солидно функционирала и била заедно со митрополитот носител и крепител на грчката националистичка идеја во овој дел на македонија. Тоа не значи дека во нејзините редови секој пат имало слога и монолитност како што некои грчки пропагандисти сакат да ја прикажат. На 14.III.1893 год.напр.митрополитот Александар го свикал општото собра-ние на граѓаните од Битола за избор на управни тела.Биле избрани епитропи на црквата 3,ефори на училиштата 4;ефори на болницата 2, и δημογέροντες 3 члена /и од ова може да се види извесна разлика со правилник од 1905 год./ 82/161/ На 18.IV.1893 год.митрополитот морал да свикува ново собрание за избор на нови ефории за училиштето и болницата бидејќи пред тоа избраните си поднеле оставка.Ил-и 1898 год. еден по еден си поднеле оставка од црковната општина К.Мацалис,Спасе Иоанци,Г.Кирјаку,Димитри Трајану и уште еден. 83/173/

Општината со оглед на тоа што на нејзино чело стоел митрополитот своите компетенции ги проширувала и надвор од градот.Сите

наши села од епархијата кокка религиозен водач го признавале митрополитот директно или индиректно имале врска и со битолската општина.

Пред митрополитот и општината се склучувале договори, тестаменти, полномошни и други документи со кои се регулирале приватно-правните односи на граѓаните а кои документи биле правосилни пред надлежните државни органи.

Ако го разгледаме само кодексот од 1895-1917 год. 84/181
ќе видиме да тој содржи 228 документи највеќето до 1912 год. Тука има документи за посинување/30/, тестаменти/121/разни полномошна, пописи на имоти, договори за наем на куќи, договори за чеиз, документи за подароци идр. Функцијата нотариус обично ја вршел секретарот на митрополитот. Најважната работа на општината била да се грижи и раководи со црквите, училиштата, болницата и гробиштата и пансионите.

Да се раководи со митрополитската црква "св. Димитрија" не била едноставна работа. Ова црква и не претставувала само религиозна установа која им вливала страхопочитание на христијанското население, туку таа се јавува и како важен економски фактор во животот на тоа население. Таа, покрај другото се јавува и во улога на банка. Како христијанска црква та уживала длабоко почитување и не е за чудо што, при тие услови, добар дел од населението, т.е. тие што имале во неја гледале и верен чувар на своето богатство, а доброто плаќање на камата ја правело да биде уште повеќе привлечна.

И покрај тоа што по формирањето на Егзархијата/и пред тоа/, а особено по Берлинскиот конгрес, голем дел од македонското население се одкажувало од ведомството на грчката митрополија, улогата на "св. Димитрија" како чувар на слободните парични средства не се намалила. На 8.V.1867 год. 25 лица биле δανεισταί /заемодатели/ на црквата со 209.715 гроша. Некои својот капитал го внеле уште од

1854 год. лихви на заемодателите црквата им плакала од 7-12% годишно. На 10.III.1870 год. бројот на заемодателите изнесувал 34 а капиталот 252.153 гроша. 85/24 37

Пред Берлинскиот конгрес, т.е. на 30.IV.1878 год. на списокот фигурираат 53 заемодатели со 376.126 гроша капитал. 85/21 По конгресот и то 1888 год. кога поголемиот дел од христијанското население во епархијата веќе ја имале напуштено грчката митрополија бројот на заемодателите /на 1.I.1888 г./ пораснал на 102, капиталот на 388.506 со лихва од 5 до 8%. На 1.I.1888 год. истите лица имале капитал во црквата 411.277 гроша. 87/28/ Разликата доага од неизплатените камати.

Горните неколку цифри се доволни да не убедат за значението на оваа црква во овој материјален сектор на човешката дејност. Сумите кои таа ги примала не биле мали, а ползата на заемодавателите исто така не била мала. Црква-та, во овој случај како капиталистички паричен завод, прибирајќи ги слободните парични сретства, се јавува како важна материјална база во рацете на грчкиот митрополит, т.е. на грцизмот. Таа одвојувала значајни средства за пропагандна дејност, на прво место за грчките училишта. За да и ова ни биде јасно нека ги видиме нејзините приходи и расходи од некои периоди, изворите на тие приходи и ~~хихходихххххихххххихххх~~ намената на расходите.

Приходи од 1.III.1865 до 30.IV.1867 год. 88/27/ /за 2 години/

| | | |
|---|---|---|
| Од печалба од свеќи/за 26 месеци/ | | 126.108 гроша |
| Од разводи на бракови/3.909/и од потврдување на ~~дикументих~~ документи | | 4.545 |
| Од емпватика/ἐμπβατίκια /на 2 епории | | 18.302 |
| Од кирии од имоти | | 9.848 |
| Од прилози за училишта | | 14.428 |
| и.т.н. | Вкупно | 260.389 |

Расходи за истиот период

| | | |
|---|---|---|
| За плати на учители | 99.771 | гроша |
| За црквните службеници | 43.605 | |
| и т.н. Вкупно | 260.389 | |

Вонредни трошкови за истиот период

Внос во касата на црквата

| | | |
|---|---|---|
| од позајмен капитал од неколку лица | 136.332 | гроша |

Износ

| | | |
|---|---|---|
| За купување и изградба на женско училиште | 117.800 | гроша |
| За други простории за потребите на црквата | | |
| Вкупно | 136.332 | гроша |

Приходи од 1.V.1877 до 30.IV,1878 г. 89/28/ /за една година/

| | | |
|---|---|---|
| од печалба од свеки | 57.230 | гроша |
| од диск | 19.756 | |
| од венчавки | 445 | |
| од крштевања | 931 | |
| од емпватика на енории | 18.939 | |
| и т.н. | | |
| Вкупно | 140.651 | гроша |

Расходи

| | | |
|---|---|---|
| за учители | 68.953 | гроша |
| за црквени службеници | 22.024 | |
| и т.н. Вкупно | 140.651 | гроша |

Петнаесет години подоцна, 1893 90/29/

Приходи

| | |
|---|---|
| од печалба од свеки | 34.132 |
| од диск | 16.078 |
| од венчавки | 476 |
| од крштевања | 636 |
| од кирија на имоти | 3.634 |

и т.н. вкупно 83.427 гроша

Расходи

| | |
|---|---|
| за супсидии на митрополитот | 7.000 гроша |
| на школската ефорија за учители | 10.000 |
| за црковните службеници | 27.256 |
| и т.н. Вкупно | 83.427 |

Без сомнение "Св. Димитрија" била центар каде се собирале основните месни приходи на Пелагониска митрополија и од каде се вршела нивната распределба. Со други зборови таа била банка која во голема мера ја финансирала дејноста на митрополитот односно дејноста на грчката пропаганда. Но горните цифри не ги изнесовме да го докажеме само тоа, од низ нив можеме да заклучиме и нешто друго, значајно. Имено приходите од 1865-1867 и 1867-1868 се приближно исти-130.000 односно 140.000 годишно. Исти се и печлбите од свеки. Определената пак сума за учители била на прво место и најголема. Но веке 1893 год. забележуваме доста голема разлика. Приходите се смалуваат на 83.000 гроша, приходите од свеки се смалуваат за мало напола, а сумата определена за учители речиси останува симболична. 91Ф0/25/

Значи напуштањето на грчката митрополија од страна на македонското население природно многу лошо се одразило врз финансиите на Пелагониската митрополија. Месните материјални извори станале недоволни за функционирање на грчката пропаганда. 31/92/25/ Тие, како што ке видиме, ке ги надополнува, главно, грчката влада преку својот конзул во Битола или на други начини.

*

Улогата на митрополитот како верски, општествен и политички раководител, т.е. како легален раководител на целокупната грчка

пропаганда,не се ограничувала само во рамките на Пелагониската епархија.Наоѓајки се неговата катедра во центарот на вилаетската администрација наложувало тој често да се јавува како заштитник на грчката пропаганда во целиот Битолски вилает.Не случајно тој носел титула Ὁ Πελαγωνείας ὑπέρτιμος καὶ ἔξαρχος Ἄνω Μακεδονίας /пелагонискивсечестнејшии и егзарх на Горна Македонија/.Насекаде во вилаетот,каде според сфаќањето на патријархот,или воопшто на грчката црква,биле засегнати грчките интереси и требало да се бара помош од вилаетските централни власти,тоа го правел пелагонискиот митрополит по барање на патријархот или по барање на другите црковни фактори од другите епархии на вилаетот.Така на пр.од пелагонискиот митрополит се барало да интервенира кај вилаетските власти против романската и католичката пропаганда во Албанија,[93] против обидите на игуменот на "Св.Наум" манастирот да им се предаде на егзархистите 1883 год.[94],во врска со судирите во Кичево меѓу егзархистите и малубројните патријаршисти кои по секоја цена сакале да ја задржат црквата[95] и т.н.[96]

Географската положба на Пелагониската епархија и големото значење кое почнало да го игра Битола како економски и политички центар во овој дел на Турската империја,како и составот на самото население,ја одредиле и специфичноста на ова митрополија како грчка религиозно-пропагандна институција.Тоа било уочено од страна на Патријаршијата уште во I пол.на XIX век кога меѓу над 100 епархии,колку што би-ле под нејзина духовна власт,Пелагониската митрополија ја издигнала по ранг до највисок степен потенцирајки го и по таков начин нејзиното големо значење за православието,т.е.за грцизмот во турската држава.Нејзиното значење особено ќе порасне по формирањето на Егзархијата кога се отцепиле од Патријаршијата поголем број митрополии,и по 1878 год.кога се засилиле пропагандите во Европска Турција.Во Македонија Грчката пелагониска митрополија,како што ќе видиме ќе игра водечка улога како силно орудие за влијание врз нашиот народ од тој крај.

## 3.Пелагониската митрополија-експлоататор на христијанското население.Приходи на Митрополијата

Брзо по паѓањето на Цариград под турска власт околу поставувањето на патријарх била воведена една многу негативна практика-симонија.1472 год.разни фанариотски групи,натпреварувајќи се околу високото патријаршиско место,му понудиле на султанот богат дар-пешкеш за да им го потврди нивниот кандидат.Одтогаш Турците не само што му ја прекинале одредената плата на патријархот,туку барале при секое издавање на берат за нов патријарх да им се дава на султанот и на министрите богати дарови.Подоцна тие пари-пешкеш станале задолжителни,а плус тоа било одредено патријархот да плаќа постојан годишен данок на државната благајна.Во прво време таа сума изнесувала 4.000 дукати,а подоцна-10.000 франка.

Многу фанариоти сакајќи да го заземат патријаршискиот престол биле готови да дадат големи суми пари на султанот за нивното потврдување.Имало случаи кога за тоа место биле платени до 150.000 дукати.[97] Тоа е една од причините за честото менување на патријарсите.Патријархот кој по таков начин доаѓал на престолот настојувал дадените пари да ги исцеди од епископите кон кои го употребувал истото сретство при нивното ракополагање.Симонијата била основна причина за да на сите тие места,од патријарх до свештеник,доаѓаат најчесто луѓе не способни,туку побогати,кои се стремеле,ползувајќи ја заземената црковна функција,да се богатат.Таквата положба во Источноправославната црква траела до II половина од XIX век,односно до големата реформа на црковната управа извршена 1858

-1860 год.кога ситуацијата во тој поглед се изменила.

Сретствата потрошени околу цела таа "трговија",како и потребните сретства за функционирањето на патријаршиската администрација биле распределени врз владиците кои ги собирале од свештенството односно од народот,на разни начини.Така на пр.во Пелагониска епархија по црквите постоела специјална кутија на Великата црква во која се собирале пари за Патријаршијата.Религиозниот свет одејки во црква во недели и празници требало да даде и свој прилог за патријаршиската каса.Од мај 1825 до мај 1826 год.во битолската црква"Св.Димитрија" во спомнатата кутија биле собрани 699 гроша,а во црквата "Св.Димитрија" во Варош-220 гроша./98/ Ние веќе спомнавме како секоја енорија,односно секој свештеник и манастир биле должни за архиерејот,во вид на свештенички данок /пападикон/ да дават годишно одредена сума пари.

Освен тоа,теолошката школа во Халки била издржувана од одредените влогови на митрополитите.Пелагониската митрополија одредено било да плати на пр. 1878 год.6.000 гроша./99/

На соборот од 1858-1860 год.биле донесени одлуки кои ги одредувале принадлежностите на патријархот и архиереите и вонредните архиерејски приходи./100/ Според овие одлуки годишната награда на патријархот била одредена на 500.000 гроша /за него и трошкови за неговата најблиска околина и други трошкови сврзани со неговата функција/.Од таа сума 370.000 гроша годишно требало да плаќаат епархиите.

Платата на пелагониските митрополити била одредена на 80.000 гроша годишно,а за патријаршиската каса Пелагониската епархија требало да дава 6.000 гроша годишно.Платата на пелагониските митрополити спаѓала меѓу десетината највисоки плати од вкупно 117 епархии колку што биле под јурисдикцијата на

да се собират од населението на Епархијата.

Тие одлуки биле донесени со намера да турат ред во финансиите xx на црквата, да ги ограничат големите своеволија на архиереите при собирањето на нивните принадлежности од христијанското население чија висина не била одредена. Но треба да се напомени дека тие плати биле одредени во времето кога целото христијанско православно население во Македонија, па и надвор од нејa, се наоѓало под духовната власт на Цариградската патријаршија. Така да, подоцна, кога големи христијански маси ќе ја напуштат Патријаршијата тие одлуки не ќе можат во потполност да се реализират. Веќе во 1878 год. патријаршиската каса била задолжена со 80.000 лири турски и се наоѓала во тешка материја на положба. /101/386/

Како што спомнавме и xxxxxxxxxxxxxxxxxx вонредните приходи на архиереите биле фиксирани. На пр. за дозвола за брак било одредено да се плаќа 10 гроша; за грамота за развод најмалку 100 гроша /xxxx овој приход бил предвиден да се троши за благотворителни установи/; за награда на архиерејот кога ќе се повикува да служи литургија и слично-50 гроша; за секој документ составен во Митрополијата-10 гроша /награда за секретарот/ и т.н.

Сите спомнати и други црковни даночи, покрај постојаните феудални и државни, претставувале голем товар за нашето население во Пелагониската епархија кое требало да ги плаќа. Значи тоа требало да ги издржува своите енориски свештеници, да го издржува и му овозможува богат живот на архиерејот, да допринесува за издржката на

па тријархот и неговата околина,да допринесува за издршката на теолошката школа во Халки идр.Сите овие давачки биле така големи што христијанското население во епархијата не можело да ги исплати.Од тука и многу честите интервенции и барања од страна на Патријаршијата тие да бидат исплатени.[102/39/] Дури одредената сума од 6.000 гроша Синодот ја намалил на 4.000.[103/40/] Земајки го како оправдано тврдењето на пелагонискиот митрополит дека обврската не може да биде исполнета по причина што во неговата епархија голем дел од населението не ја признава грчката митрополија.[104/41/]

Со цел да ги реши големите финансиски тешкотии Патријаршијата решила во секоја епархија црквите во однос на плаќањето да се поделат на три категории спрема енориите-I категорија да дава годишен внос 1 турска лира,II-1/2 т.л. и III 1/4 т.л.[105/42/]

Потребите на Пелагониска митрополија во овој период се зголемуваат бидејќи да,за разлика од порано,нејзината основна задача не е да биде религиозен водач на населението,туку да биде легален раководител на една националистичка пропаганда за која биле потребни големи средства.

По барањето на патријархот 1883 год. министерството на правдата и вероисповеданието,укажувајќи дека грчките општини страдат од лишенија бидејќи не се во можност да ги соберат одредените давачки,бара од властите да укажат потребна помош при собирането на истите.[106/43/] 1889 год.патријархот пак бил принуден да бара и издејствувал од Високата Порта друга наредба за помош од страна на месните државни власти при собирањето на одредените давачки од населението.[107/44/]

Значи нашето население кое и натаму ја признавало грчката пелагониска митрополија било оптоварувано со разни давачки кои не можело или не сакало да ги дава доброволно. А Патријаршијата

сигурно имала многу сериозни причини што на помош ја викала омразената турска власт во моментот кога тоа население и без тоа ја напуштало и ја прифакало Егзархијата.

Глава III

## ПЕЛАГОНИСКАТА МИТРОПОЛИЈА ЕКСПОНЕНТ НА ВЕЛИКОГРЦИЗМОТ /1878-1903 год./

### а/. ПОЛОЖБАТА НА ГРЧКАТА ПРОПАГАНДА ПО БЕРЛИНСКИОТ КОНГРЕС-АКТИВИРАЊЕ НА ИСТАТА

Како што спомнавме, Берлинскиот конгрес претставувал гранична етапа во развитокот на пропагандите во Македонија. Национално оформените и ослободени држави на Балканот-Бугарија, Србија, Романија ја зеострувaат својата борба барајки црковна /во исто време и народносна/ еманципација за "своите" народности во Македонија од Грчката патријаршија, која пак од своја страна нема да бира сретства за да не го дозволи тоа, односно да ги задржи своите стари изживеани позиции. Патријаршијата веке се претворува во апсолутно орудие на великограчката буржоазија во Турција. Додуша патријархот Иоаким III се обидел да спроведе некоја политика која имала за цел да го престави како религиозен водач на сите христијани во Турција без разлика на народност. Тој на 15.I.1880 год. во врска со реформите кои требало да се подготвват испратил писмо до Великиот везир во кое меѓу другото барал равноправноста да биде во сè. Напр. што се однесу-

ва до јазикот,барал во секоја област јазикот што се зборувал од мнозинството население да се признае,покрај турскиот,за официјален во администрацијата,и др.[1] Таквите тенденции на патријархот предизвикале остра реакција кај голем дел од грчките национал-шовинисти. Тој бил обвинет како човек кој "се друго мисли само не како пријател на нацијата ....",дека мислел само како приврзеник на догмата, на πανορθοδοξίας ,на очевидна штета на нацијата;дека се "интересира само за православието без разлика дали православните се непријатели на грцизмот,словените"."Нацијата има второстепено значение, изјавил патријархот.Јас прво сум патријарх на православието воопшто и после на Грците.Православието за мене е цел и е моја мисија .... Јас,како преставник на православната догма должен сум да ја сакам /секоја нација,б.м./само за тоа што е православна без разлика дали е грчка или словенска...."[2] Без разлика кои интереси го диктирале таквиот став на Иоаким III,тој не бил во интерес на грчкиот национализам и спрема тоа однапред осуден на неуспех.

Грчката пропаганда решила до максимум да го исползува фактот што во крупните настани 1876-1878год.не се замерила посериозно на Турците.Не само тоа,грчката црква во тоа време зела пријателски став,повикувајки ги сите свои верници,во овие големи "политички тешкотии" на турската влада,да дадат први пример на "полна и искрена потчинетост и приврзаност" кон државата,и то не само со зборови, туку их на дело,не само морално,туку и материјално.[3]

Во тој тежок период за Турција големиот везир Мидат паша ја посетил лично Патријаршијата.Тоа се сметало за многу важен настан бидејки да прв пат по пагањето на Цариград еден највисок турски фактор го посетил патријархот.[4]

Веднаш по Берлинскиот конгрес грчката пропаганда ја фрлила паролата за "заедничките непријатели на Турција и Грција."[5]

Весникот на [illegible]ата пропаганда во Македонија „φάρος" помеѓу другото пишувал како "во антагонизмот на надворешните влијанија владите на Грција и Турција треба да соработуваат за сузбивањето на секој авантуристички елемент...."[6]

Без разлика како се развивале турско-грчките односи, тука, во Македонија, грчката пропаганда, на чело со архиереите се ставила потполно на страната на Турците сакајќи по таков начин да го искористи непријателскиот став на властите против егзархистите во свои интерес. Повеќе македонски општини во јуни 1880 год. испратиле протести до лорд Фицморис, англиски претставник во Комисијата за реформи, во кои се жалеле на грчките владици кои со помош на турските власти ги принудувале да даваат потписи за признавање на Патријаршијата. Солунските затвори биле полни со егз-архисти, жртви на интригите на грчките владици.[7] Но и без тоа, многу Македонци, за да се спасат од злосторничките прогонства на турските власти во време на војните, самих барале да ја признаат Патријаршијата. Меѓутоа патријархот констатирал дека тоа признавање на Патријаршијата било лице-мерно и барал од пелагонискиот митрополит[8] /веројатно и од другите/ да се обрне внимание на искреноста на тие луѓе. Инаку, митрополитот Матеос и неговиот потчинет клер, ползувајќи ја таа ситуација, успеале "на вешт начин" да придобијат многубројни егзархиски села во Епархијата[8a].

Во тоа време грчката пропаганда во Македонија, под раководството на митрополитите, организирала кампања за праќање на што повеќе молби до Комисијата за реформи со барања да се предвидат мерки во интерес на христијанското население, но и в интерес на грцизмот. Битолската патријаршиска општина на пр., меѓу другото барала:* да се воведе како втор официјален јазик грчкиот бидејќи, според неја, во Битола христијанското население од секогаш го употребувало грчкиот јазик во училиштата и др. иако се зборувало на други јазици; да се запазат старите привилегии на православната црква /се мисли на патријаршиската црква/, да не се отстапи по никаков начин од татковата земја на Бугарите и т.н.

Грчката пропаганда, исплашена од резултатите на војните 1877-1878 год. и натаму редовно ќе соработува со турските власти и ќе бара помош од нив во борбата против другите пропаганди и против револуционерното движење на македонскиот народ. Во таа соработка со Турците таа многу често нема да бира сретства само да ја постигне својата цел. Ево како сликовите пишува за тоа Галиб-Ефенди 1894 год.[9] Зборувајќи за бугарската пропаганда Галиб вели дека таа и коштала доста на турската влада бидејќи требало да држи повеќе полицајци. Но дури и тоа не и било потребно бидејќи "тука се браката" Грци кои

таа

должност ја вршеле "доброволно од хуманитарност и верност кон Царството" поверувајки им на надлежните "опасни работи кои ги виделе, насреле или чуле".

За соработката на грчката пропаганда со турските власти по Берлинскиот конгрес карактеристично е мнението на В.Берар, стар пријател на Грците. Во едно отворено писмо до Грците тој вели: "1895 год. претрпевте економски банкрот, во 1897-воjнишки. Внимавајте сега да не претрпите со вашата филотурска политика полош банкрот, морален! 10/

Грчката црква која по формирањето на Егзархијата изгубила голем дел од христијанското население, грци новостворените погодни услови за неја, ја засилува својата дејност. Кон крајот на 1878 год. Цариградскиот силогос со една екружница ги поканал сите македонски силогоси да ги изнесат своите предлози по прашањето: што треба да се направи за да се вратат во крилото на елинизмот "заблудените чеда" во Македонија и Тракија. На то солунскиот силогос предложил: 1/да не се пројавува омраза кон заблуденото население, кое ја признало Егзархијата и да се убедува дека целото население во Македонија не е ниту бугарско, ниту грчко, а македонско, поради што нема причина за омраза и разделба; 2/да се отвори во секој град со над 6.000 жители добар пансион каде без плата би се храниле и учеле девојчиња од околните села; 3/да се поканат Грците од разни страни редовно да помагат за идното зголемување на Грција до балканите. 11/

Особено многу ја засилува својата дејност едно од најважните здруженија "Силогосот за распространување на грчката писменост" Уште пред 1876 год. ова друштво материјално ги помагало грчките општини во Македонија кои не можеле сами да ги сносат сите трошкови околу издржката на училиштата. Таа потреба по Берлинскиот конгрес се повеќе ќе се зголемува бидејки да сé поголем ќе биде бројот на христијанското население, кое ќе ја напушта Патријаршијата, додека пак трошковите на пропагандата се повеќе ќе растат. Во 1882 год. бил обновен

правилникот кој ги регулирал односите меѓу силогосот и Министерството за надворешни работи. Со тоа бил створен единствен систем за назор и управување на грчките училишта во Македонија со учество на митрополитите, на месните фактори и конзулските власти.[12] Овој силогос одржувал врска и соработувал со другите силогоси кои ги имало во позначните центри на Турција под разни имиња-филообразовни силогоси или филолошки друштва/етерија/. Такви врски одржувале и Филантропскиот и филообразовниот силогос во Цариград.[13] По таков начин во дејноста и управувањето на грчката пропаганда се формирал еден систем што во крајна линија довело до тоа грчката влада која во голема мера ја финансирала таа пропаганда[14] во голема мера и да раководи со неја. Преку учеството на митрополитите кои официјално го имале правото да раководат со училиштата, се криела дејноста на силогосот за распространување на грчката писменост зад кој пак стоела грчката влада.

Кон кр. на XIX век во Грција се појавува една нова организација која својата дејност ке ја управи и кон Македонија. То било Ἐθνική Ἑταιρία чија парола била "во името на свемоќниот бог и големата татковина". Ова организација почнува да се шири од 1894 год. била тајна, а своите членови ги врбувала главно меѓу офицерството. 1896 год. таа имала 3.185 члена од армијата, свештенството и други професии со свои активи и надвор од Грција.[15] Таа ги испратила и четите во Македонија во јуни и јули 1896 год. кои брзо биле ликвидирани од Турците. Тоа послужило како повод во Грција да се дигне голема врева - говори, митинзи во Атина и во другите градови, а дел од атинскиот печат, пријателски расположен кон етеријата, објавувал статии за божем големи борби и херојства на спомнатите чети.[16] Сето тоа со единствена цел да го сврти што повеке вниманието на грчката јавност кон Македонија.

Грчката пропаганда какви не сретства почнала да измислува со единствена цел-по секоја цена да докаже дека македонското население е грчко и спрема тоа и Македонија е грчка. Некогашниот директор на Цариградскиот грчки лицеј Георгиос Хасиотис 1881 издал една книга[17] во која се трудел да"докаже" дека Македонија не била таа територија за која се знаело во Европа,туку таа е територија составена од трите вилаети-солунски,Битолски и Косовски но со исклучение на казите разлошка,Горно-Џумајска,Кавадарска,Дебарска,Прилепска,со други зборови северно од овие околии не била Македонија. Неговиот пример на "докажување" до каде е македонската територија го прифатила најсериозно грчката пропаганда бидејки од успехот на тоа "докажување" зависел и одговорот на другото многу важно прашање-какво е населението во Македонија. Грчката пропагандна литература по тоа,речиси по правило,ги разгледува само Солунскиот и Битолскиот вилает и тоа без нивните северни делови.[18] Косовскиот вилает, односно македонските краеви што биле во неговиот состав, во колку се споменува, то се прави без интерес,сек избегнува неговото население да се вклучи во општиот број на населението во Македонија итн.

И така,од како ке се исклучат тие територии во кои грчкото влијание не постоело или било беззначајно,како немакедонски, за останатиот дел се започнува една манипулација со цифри со чија помош требало да се докаже како Македонија е грчка. Целото население кое религиозно припагало кон Патријаршијата,без разлика дали тоа било македонско,албанско или друго,се третирело како грчко. При тоа, се разбира,албанскиот дел од битолскиот вилает каде имало христијанско население кое го признавало Патријаршијата не се одвојувал од Македонија.

Како доказ како се вршело тоа да наведеме само два примера-еден постар и еден понов.

Ќе земеме[19] зима две статистики од 1895 год.-грчка и бугарска. Според грчката во 1895 год. во Солунскиот и Битолскиот

вилает имало грчки училишта 907,учители1.245,ученици 53.633.Бројот на учениците одговарал на 648.000 Грци земајки просечно на 12 жители еден ученик како што било во Грција во тоа време.Според бугарската статистика на истата територија имало 429 "бугарски" училишта,644 учители и 20.092 ученици.По истата логика "Бугари" имало 240.000

На Николаидис[20] статистиката /1908/ е покомплицирана.Според неја во Битолскиот и Солунскиот вилает имало "миктоглоси" /кои зборувале измешан говор од грчки,бугарски идр./590.000 од кои православни Грци 230.000,егзархисти 348.000,србомани /сервизантес/ 12.000.Од бројот 348.000 требало да се одземат 105.000 од казите или реоните прилепски,кичевски /Битолски вилает/ и Тиквеш,Горна Џумаја и Разлог /Солунски вилает/каде немало Грци и не биле терен на грчката пропаганда,ке останат 245.000 егзархисти "миктоглоси" спрема 230.000"миктоглоси Грци" /108.000 во Битолски вилает и 122.000 во Солунскиот вилает/ и кога на овие 230.000 се додадат 356.000 "елиниглосни Грци" /138.000 во Битолски и 218.000 во Солунски вилает/, 70.000 "влахофони Грци" и 65.000 алванофони Грци" вкупниот број на Грците,според авторот,ке биде 720.000 Грци спрема 245.000 "Бугари".

Се пак и во оваа статистика има нешто кое не одело во инт-ерес на грчката пропаганда-се признава дека овие два вилаети, т.е.во Македонија,според неја,имало 590.000 "миктоглоси",т.е.Македонци и само 356.000 "елинофони Грци" т.е.многу помалку.Интересно е и тоа од каде авторот ги пронашол и тие 356.000 "елинофони Грци".

За грчката пропаганда едно од најделикатните и најтешките прашања било јазикот.Но и за ова е пронајдено "решение".Ево некои од тие "теории":Во време на долговековното турско ропство,кон посеверните делови на Македонија грчкиот јазик толку се измешал што не личел ниту на грчки,ниту на бугарски,ниту словенски,ниту турски, туку на мешавина од сите овие.Оваа јазична мешавина составена од

грчки, латински, словенски, турски и мало бугарски се вика "елинославофон дијалект"[21]. Значи тие кои го зборувале тој јазик, според авторот, биле Грци, кои, еве сега бугарската пропаганда сака да ги претвори во Бугари.

Словените, според друга "теорија", неможеле да го научат грчкиот јазик, додека Грците, кои се наогале во мегусобни врски со Словените биле принудени да го учат словенскиот јазик. Како се случувало грчки селани да го заборават во извесна мера мајчиниот јазик "но никогаш овие Грци, кои зборувале бугарско и српско наречие не сакале да ги примат чувствата и начинот на живеењето на Бугарите или Србите и останале секогаш верни следбеници на Патријаршијата.."[22]

"Вон разлика на јазикот што се зборува, верата е поважен знак на етнолошката положба, толку важна колку што е важно и националното самосознание,"[23] извикува еден друг протагонист на грчката пропаганда.

## б.2. ПЕЛАГОНИСКАТА МИТРОПОЛИЈА НОСИТЕЛ НА ВЕЛИКОГРЧКАТА ПРОПАГАНДА ВО ПЕЛАГОНИСКА ЕПАРХИЈА/1878-1897/

Како што видовме припадноста кон религијата се сметало од грч-ката пропаганда/и не само од неја/ и припадност кон грчката нација. Овој факт му давал првоp азредно значение на пелагонискиот митрополит како представник на грчката црква во овој дел на Македонија. Да се задржат, да се привлечат во рамките на патријаршиската црква стотина илјади христијани во епархијата, ќе биде основната работа на митрополитот во периодот по големите настани од 1878 год.

Таа работа ќе биде толку поинтензивна колку поинтензивна ќе биде и работата на другите пропаганди за привлекување на тоа население.

Македонскиот народ, ставен во ситуација да бира меѓу грчката црква и грчкиот јазик и бугарската црква и бугарскиот јазик во големо мнозинство ја претпочитало втората како словенска и поблиска. "Еманципацијата на Македонските Словени од грчката црква се извршува преку приклучувањето кон бугарската црква и кон носениот од неја бугарски национализам."[24/]

И во Пелагониска епархија населението масовно ја напуштале Патријаршијата и се приклучувале кон Егзархијата. Каков размер зел тој процес можеме да видиме и од една статистика направена од Пелагониската митрополија [25/] и според тоа, во колку има необјективности во изнесените цифри то може да биде само во полза на Митрополијата а во штета на Егзархијата. Но со оглед да овие податоци се прибрани по барање на патријархот и за негови потреби, не тера да мислиме дека оваа статистика во доволна мера ја одразува фактичката положба во епархијата брзо по Берлинскиот конгрес, т.е. во 1882 год. иако, како што изгледа не е потполна.

Во целата епархија ~~61032~~ 6.032 семејства ја признавале религиозната власт на пелагонискиот митрополит, и то: од градот Битола 2.156 семејства, од селата на Битолскиот реон-3.415 семејства, од Прилеп-60 семејства, од Прилепско-103, од Мориовско-298 семејства. Или: потполно или делумно влијанието на митрополитот се ширело во 71 село /со се Битола/ од Битолскиот реон, во 7 од Прилепскиот и во 6 села од Мориовскиот реон. Вкупно во 84 населби од епархија-та.

Егзархијата ја признавале 5.439 семејства и то- во Битола 529 семејства, во Битолскиот реон 684 семејства, во Прилеп 1.500 семејства, во Прилепскиот реон-1.899, во Мориовскиот-827. Или: потполно или делумно кон Егзархијата биле приклучени 22 села /сосе Битола/

во Битолскиот реон;84 во Прилепскиот и 13 во Мориовскиот реон.Вкупно 119 населби.

Како што видовме повеќе од половината од христијанското населениe натамо ја признавало Патријаршијата.Само не треба да заборавиме дека оваа статистика е правена во времето кога грчката пропаганда во целина,макар и формално,забележува успеси,кога нашето население,за да се спаси од турските прогонства,масовно се повратувало под ведомството на грчките митрополити.Инаку што се однесува до Прилепската каза,пелагонискиот митрополит фактички го изгубил речиси целото христијанско население.Негово најголемо упориште останувало Битола и Битолскиот реон.Ако се исклучи Битола,каде многу од патријаршистите биле Власи,и Магарево /345 семејства/,Трново /380/ и Никополе /188/,другите семејства биле наши селани чие останување во крилото на Велиската црква ќе биде најголем проблем и грижа на пелагонискиот митрополит.А нивниот број не бил мал-повеќе од половина од општиот /6.032/ број на патријаршисти.

Значи само за 5-6 релативно поволни години од формирањето на Егзархија-та и други толку тешки години,кои биле во интерес на грчката пропаганда,билансот бил многу неповолен за последната.

Да видиме каква била положбата во просветната пропаганда според оваа статистика.Бројот на грчките училишта во ова време бил уште мал.Највеќе грчки училишта имало во Битола-10 со се гимназијата.По тоа доаѓа Магарево со 4 грчки училишта,Трново со 2 и Никополе со 2 грчки училишта.Вкупно во градот и околните влашки села имало 18 грчки училишта.Во другите околни патријаршиски села имало по едно основно училиште /граматодидаскалион/ во Дихово,Брусник,Буково,Велушина,Драгош,св.Петка,Лафци,Буф,Логоварди,Трн,Старавина,и во Прилеп едно основно и едно забавиште.

До појавата на црковните борби,и особено до формирањето

на Егзархија-та,Пелагониската митрополија ни најмалку не била заинтересирана за просветното издигнување на нашето население,нити пак имала потреба за тоа.Дури кога тоа население почнало да ја напушта, таа сватила дека црквата не е доволно средство за држење под свое ведомство на тие луге и дека треба да се отворат грчки училишта по селата со основна намера не да бидат тие издигнати во културен поглед,туку да бидат младите генерации воспитувани во грчки дух, т.е.да бидат грцизирани.Од друга страна,ако бројот на христијанското население под нејзина контрола се намалувало,требало да расте бројот на училиштата за да во натпреварувањето со другите пропаганди во епархијата се докажува дако бројот на грчките училишта,учители и ученици е поголем од оној на другата страна и да служи како аргумент за убедувањето и на европската јавност за "грчкиот"карактер на градот и целата епархија.Затоа училиштата,покрај црквата,ке станат основно средство за "докажување"како тоа население,без разлика што мајчиниот јазик му е словенски или влашки,е грчко,бидејки да религиозно ја признава грчката црква,а своите деца ги школува исто така во грчки училишта.Од тие причини митрополитот ке се труди да отвори што повеке грчки училишта таму каде имало услови, и таму каде немало такви.,во зависност од тоа дали односното село е застрашено од другата пропаганда или не.

Другите пропаганди,особено егзархиската,почнувајки од 1881 година се повеке ги застрашувала грчките позиции во Пелагониската епархија.[26/] Митрополијата речиси редовно ке биде во дефанзива и со сите сили ке се бори да го спасува тоа што можело да се спаси.

Во периодот по Берлинскиот конгрес па пред крајот на XIX век грчката пропаганда квалитативно ја засилува својата дејност и то на прво место во Битола.Покрај полна гимназија,чии статут на средно училиште бил признат и од Атинскиот универзитет,се усовршу-

вало основното образование, се формирале пансиони-машки и женски за бедните деца, богословската школа давала свештенички кадар,[27/] а болницата давала лекарска помош. За развитокот на школството во Битола многу допринеле големите прилози на некои битолчани како што бил Мусикос кој богатството го стекнал во Романија,[28/] и особено Иоанис Димитриу. Овој богаташ, кој живеел во Александрија, чие богатство изнесува над 7.600.000 египетски гроша дал средства за изградбата на болница-та Евангелизмос /Благовештение/[29/], а 1896 година со тестамент оставил 10.000 англиски лири во Народната банка на Грција за од нивната лихва да се издржува болницата во чии состав влегувале Сиропиталиштето и Старскиот дом; 500 англиски лири оставил на митрополитската црква "св. Дими-трија"; по 50 англиски лири на манастирите во Буково, Кристофор и Барешани и др.[30/] Со средства на браката Димитриу /Иоанис, Теохарис и Елена/ биле соградени централното женско училиште, а на основните училишта во Генимале и Арнаутмале им била одредена годишна помош.[31/] Домника Данамбаси 1894 со тестамент оставила 260 турски лири на грчките училишта, црква и болница во Битола, и многу други.[32/] Овие средства со кои раководела општината на чело со митрополитот овозможиле да се изградат големи и убави згради, некои од кои и ден денес се употребуваат. Матеос кој долго бил пелагониски митрополит /1876-1887/ бил, според Цалис, "...неуморен водач на целото наше национално движење"[33/] и натамо "Но тука треба да признам дека во тоа време /1879-1889, б.м./ турските власти не гледаа со лошо око на таа наша национална дејност. Напротив, имајќи го на ум неодамнешниот Сан-Стефанскиот договор и панcловенските аспирации, осекаа потреба да го поткрепат грчкиот елемент како смртен непријател на Бугарите."[34/]

Една од формите на грчката пропагандна дејност во Епархијата биле и разните здруженија-силогоси. По Берлинскиот конгрес во

Битола изникнуваат и работат повеќето такви:"Σύλλογος της παιδείας "35/ /на просветата/,"филообразовното братство"Καρτερία " "Гимнастички силогос","филхармонска етерија",ученичкото здруже-ние "Пчела",Театарски силогос, и "Φιλόπτωχος Αδελφότης των κυριών "36 /женско братство пријателки на бедните/ идр.Насловот на секое од горните здруженија јасно ни зборува за секторот на неговата деј-ност.Пои својата важност,масовност и активност се разликувало фи-лообразовното братство "Картерија".Тоа во мај 1886 год.испратило едно писмо до Патријархот со кое моли да се отпуштат повеќе сред-ства за грчката пропаганда во Битола и околината и да се обрне поголемо внимание на "непријателската дејност" која имала за цел да го избрише "грчкиот карактер на нашата грчка земја"37/ Тоа и само то со свои прилози помагало бедни ученици во градот,а делумно по-магало и некои селски општини. 38/ То бивало братство Тоа имале отворено една читалница во која се читал и в. „Фарос", не... орган на грчката пропаганда 38

Благодарение на интензивната дејност и на поволните услови/добар дел од населението во Битола влашко,благонаклоност на турските власти/Пелагониската митрополија во првите десет години од Берлинскиот конгрес во Битола,па и во околијата побавно ги губе-ла стечените позиции. А тоа било време кога Егзархијата се опоравува ла и ја зголемувала својата активност во Македонија ползувајќи го стремежот на македонскиот народ за ослободување од власта на Патри-јаршијата чија соработка со Турците,покрај другото,се повеќе ги одбивала широките маси. Егзархијата поднела 1883 год.молба до тур-ската влада со која барала назначување на егзархиски архиереј во Македонија или барем претставители на општините,кои признати од Високата Порта,би имале право да ги заштитуваат своите права при месните власти.Инаку приклучувањето на македонските епархии кон Егзархијата било неопходно бидејки да населението кое се откажало од Патријаршијата привремено ја препуштило управата на црквите и училиштата на црковно-училишните општини.Но таквата положба неможе-

ла долго да продолжи бидејки таа не била озаконета од турските власти. И затоа требало присоединување кон една од признатите од државата цркви. А бидејки нашето население ја напуштало грчката како туѓа, дури и непријателска, а немајки своја автономна црква, нормално било како што веќе рековме, да ја прифати Егзархијата која била словенска примајќи го во исто време и бугарското национално име со кое се означувала разликата и припадноста кон антипатријаршискиот табор.

Молбата на Егзархијата била одбиена. Како изговор за одбивање на молбата, според грчкиот битолски конзул,[39] што се однесува од Битолско, било, покрај другото, и бесмилното принудно собирање на потписи од страна на органите на бугарската пропаганда, зашто битолскиот валија ја известил својата влада. Од ова произлегува како мнозинството од населението во Егзархијата веќе не ја признавало Митрополијата, но тоа мнозинство било прогласено како мнозинство создадено со сила.

Пелагонискиот митрополит не седел со скрстени раце. Тој добил писмо од патријархот со кое му се препорачува, се цел да ѝ сепарира на Егзархијата, и патријаршистите, без одлагане, да подават изјави за да се докажело мнозинството на патријаршистите во Епархијата. Тие изјави, по еден примерок, требало да се пракаат до месните власти и до патријархот.[40]

До 1889 год. Митрополијата направила значен чекор напред во просветната пропаганда. Грчки училишта во Битола сега има 11 во кои работале 36 учители. За нивните плати оваа година биле одвоени 215.495 гроша додека вкупните трошкови за училиштата изнесувале 237.811 гроша. Општината можела да покрие само 196.000 гроша од кои 105.000 биле добиени како помош испратена преку Атинскиот комитет за помош на грчката просвета. Дефицит имало 41.811 гроша. Бројот на учениците во истите училишта изнесувал 1.680 меѓу кои Евреи 51,

во Магарево имало 4 училишта со 9 учители, во Трново 2 училишта со 6 учители, во Нижеполе 3 училишта со 4 учители, Прилеп 2 училишта со 2 учители. Трошковите за прилепските училишта изнесувале 13.260 гроша; дефицит имало 2.332 гроша.[41]

Додека бројот на училиштата во Битола и околните влашки села останал ист, дотогаш бројот на грчките училишта во другите села на епархијата пораснал за два пати-од 12 во 1882 година, на 25 1889 година. Учителите на овие училишта ги плакал пелагонискиот митрополит од помошта која изнесувала 270 турски лири, а била пракана од "елинородници"[41] Овие грчки училишта во битолските села всушност "повеќето работат през зимата", И покрај тоа што тие не работеле редовно и бројот на учениците бил многу мал, грчкиот митрополит трошел големи суми пари за плакање на тие учители. Секако било важно за грчката пропаганда во тие села, покрај свештеници, да има и свои добро платени агенти-учители, кои заедно со попот претставувале столбови на таа пропаганда. Тие требало да работат не само со учениците, туку со целото население, кое требало да биде убедувано за неговиот "грчки произход, без разлика што не знаел ни збор грчки, а да развиваат омраза кон "варварите Бугари", без разлика што тие "Бугари" биле нивни комшии, дури и роднини на патријаршистите, а мајчиниот јазик им бил ист. Тоа стварно била многу тешка работа, но ете, патријаршиските свештеници и учители, кои во мнозинството биле Македонци за тоа биле платени и требало да работат за туѓи интереси.

Во таборот на грчката пропаганда не биле секојпат сé во ред. Пројавените тенденции на Патријаршијата за извесно попуштање кон барањата на "другојазичните" народи предизвикало остро реагирање кај грчката влада. Оваа и укажувала на Патријаршијата дека со слични отстапки би се формирале бугарски православни општини и свештениците и учителите би ги имале сите услови кај населението да развиваат

"бугарско национално чувство"[42/]

Меѓутоа Патријаршијата слабо ги земала во предвид овие предупредувања. До поотворено судрување меѓу грчката влада и Патријаршијата дошло кога ова го одбила барањето на првата да се сменат некои митрополити во Македонија и Тракија чија дејност, според неја, не била во склад со националните интереси на Грција. Патријархот, особено во периодот 1887-1890 год. кога турските власти ја засилиле својата будност против грчката пропаганда како резултат на спомнатите запленети документи во кои се установила соработката на митрополитите со грчките конзули и со здружението за ширењето на грчката писменост им забранил на месните архиереи секаква соработка со конзулите.[43/] Грчката влада одговорила со прекинување на својата помош на митрополитите за издршката на училиштата идр. Последиците од тоа биле доста тешки за грчката пропаганда. Тоа покажува и до каква мера грчките митрополити и пропаганда зависеле од грчката влада.

Тоа прекинување на грчката помош лошо се одразило и на грчката пропаганда во Пелагониската епархија. Битолскиот грчки конзул во еден извештај вели дека учителите ги напуштале училиштата и по улицата на градот се жалеле на неисплатените принадлежности.[44/]

Во тоа време од 1887 до 1891 год. пелагониски митрополит бил Неофит кој според Цалис митрополијата ја имал претворено во "право министерство, 200-300 влегувале и излегувале секој ден" од неговите канцеларии[45/] Но таквата неконтролирана дејност го довела до судрување со властите. Овие фатиле едно негово писмо испратено до грчкото министерство за надворешни работи чија содржина ја компромитирала неговата работа и било побарано неговото сменување.[46/] Затоа Неофит во времето на заострените турско-патријаршиски односи околу привилегиите се наоѓал во незавидна положба. Од оваа причина,

а и по причини што грчката пропаганда се осекала многу несигурна во епархијата, спомнатата наредба на патријархот Дионисие V за затварање на православните цркви не била примена во Пелагониската епархија.[47]

Грчката пропаганда во времето на митрополитот Александар /1891-1895/ била потресена од една афера која можела многу скапо да и кошта. Имено некојси Мавроѓанис, грчки државјанин, успеал да се вовлече во грчкиот конзулат и митрополијата каде дознавал полно тајни од дејноста на пропагандата, а во Атина стекнал поверение кај некое "македонско братство пријатели на бедните" и бил назначен за нивен претставник во Македонија. Братството го снабдело се некои формулари потпишани од претседателот и благајникот. Мавроѓанис два од тие формулари пополнал на име митрополитот и авторот на оваа брошура[48] кој известува за случајов, пропратени со позив на братството до сите "Македонци и сонародници" во кој се велело дека, покрај филантропска цел, братството имало и цел нив да ги подготви и во дадениот момент "ги дигне на востание против турската управа за присоединување на земјата /Македонија, б.м./ кон Грција". Овие документи биле испратени до турските власти во Цариград по чија наредба митрополитот бил испратен во Цариград да му се суди, додека Цалис и некои други луѓе на грчката пропаганда од Битола биле уапсени и испратени во Скопје каде им се судело и биле ослободени. Околу нивното ослободување се заангажирале не само грчките конзули во Битола, Цариград, Скопје, патријархот идр. туку и Министерството за надворешни работи на Грција. Според извештајот на српскиот конзулат во Битола, грчкиот конзул во Битола Бецос со своето држање стекнал повеќе непријатели во кругот на грчката пропаганда еден од кои бил и Мавроѓанис чија книжарница во градот била отворена со помош на конзулот. Држањето на Бецос "од Мавроѓанис, голем борец на елинизмот направило турски шпион". Маврога-

нис сакајки да се свети на грчкиот конзул се светел всушност на целата грчка пропаганда која му објавила војна.[48a]

Оваа и слична афера никогаш неможеле да бидат причина за намалување бројот на патријаршиските приврзеници. Тие можеле да допринесат само во тоа да турските власти, во такви моменти, по-ревносно ги штитат интересите на Патријаршијата и по таков начин христијанското население можело слободно да одлучува за својата црковна припадност.

Колку се ближел крајот на XIX век позициите на грчката пропаганда во целина слабееле. Но во исто време таа станувала се побучна во "докажувањето" на своите "права" во Македонија. Се разбира цифрите биле најпогодно средство за тоа. Кога зборуваме за статистики во тоа време треба да имаме на ум една важна работа. Тие главно произлегувале од фактори кои директно биле заинтересирани за завладување на Македонија. Спрема тоа една од главните цели на тие статистики била да ја докажат пред светската јавност бројната надмокност на "своето" население во Македонија. Турските статистики за христијанското население во Македонија во голема мера страдале од пристрасност-имено на нив вршеле големо влијание моменталните интереси на Вислоката Порта. Од друга страна пак рајата во Македонија избегавала колку што можела да дава точни сведенија на турските статистички органи поради неплакање на данок. И етнолошките карти и статистичките таблици имале за цел да докажат дека Македонија е "грчка" или "српска" или "бугарска", а тоа значи, нивна главна цел била да послужат на одредена политика, а не да ја докажат вистината.

Една таква статистика објавила грчката пропаганда во 1896 год.[49] Цел, се разбира, била да докаже како во Македонија, т.е. во Битолскиот и Солунскиот вилает, имало повеке грчки училишта и ученици од колку буга-рски и спрема тоа Македонија е "грчка". И додека

голем дел од Македонија кој влегувал во Косовскиот вилает не е внесен во статистиката,дотогаш Корча,иако е во Албанија,е впрсена. Ова статистика била испракана по разни европски редакции и личности.Податоците биле добиени од митрополитите што се гледа од првата графа на која,иако требало да се одговори на "кази" се одговара на пр."Пелагонија" или "Меглен" иако се знае дека каза под такви имиња немала.

Според оваа статистика во Пелагонија,т.е.во оној дел од Битолска каза кој ~~xxxxxx~~ влегувал во Пелагониска епархија,имало грчки училишта 38,учители 55 и 3.005 ученици.Годишната помош за издршка изнесувала 68.270 франка.Во Прилепска каза имало училишта 3,учители 6,ученици 165.Помош за издршка 3.190 франка.

При една паралела мегу овие бројки и тие од 1889 год. јасно можеме да забележиме една контрадикција.Имено се зборува за 38 училишта во битолскиот реон од епархијата и за 55 учители.Ние порано спомнавме дако во Битола /11/ и во другите влашки околни села имало вкупно 20 училишта и 55 учители плус предпоставувајки дека овие учители имало и најмало по еден во другите наши села.Но од ова се гледа дека вкуп-ниот број на учителите бил 55.Можеби од спомнатите 36 учители во Битола 25 биле селски?Во тоа тешко можеме да веруваме бидејки да тие 36 се споменуваат поимечично /список/, а и сигурно е, во Битола имало доста повеке професори и учители од 11,колку би останале ако се одземат 25.Од друга страна,според прaта статистика грчки училишта во битолскиот реон имало 45,а по оваа 38.Бидејки бројот на училиштата во Битола и спомнатите влашки села не се менувал или во колку се менувал тоа било минимално,останува да заклучиме дека бројот на училишта-та во македонските села за оваа време од 25 се намалил на 18.Што е вистина,тешко можеме да откриеме.Едино што пак можеме да заклучиме е:грчката пропаганда се крепела ~~речи~~

највеќе врз влашкото население во градот, Магарево, Трново и донекаде во Нижеполе, додека другото христијанско население која ја признавало Патријаршијата, иако релативно многубројно, било несигурно, нестабилно.

И бројот на учениците во големото мнозинство произлегува од градот и истите села.*/ Од тие 3.005 ученици над 1.600 биле од градот додека од останатите 1.400 ученици најверојатно 800-1.000 им припагаат на трите села а другите 400-500 на останатите 18-25 села.

Но цифрите, кои и без тоа се несигурни и тенденциозни, а многу важни за грчката и другите пропаганди, ја одразуваат само надворешната страна на тие пропаганди. Положбата била далеку поинаква од колку што тоа ни го прикажуваат бројките.

## 6. ПОЛОЖБАТА НА ГРЧКАТА ПРОПАГАНДА ВО ПЕЛАГОНИСКАТА ЕПАРХИЈА ПРИ КРАЈОТ НА XIX век /до 1903 год./

Веднаш да констатираме: резултатите од грчката пропаганда во Пелагониската епархија при крајот на XIX век биле во целина крајно незадоволителни за митрополијата.

Прво да видиме кои и какви биле луѓето кои биле во служба на митрополитот, т.е. со каков пропаганден кадар располагал тој после триесетина години неуморна и систематска работа. Да почнеме со положбата околу духовенството.

Духовенството во епархијата не секојпат било на висина во својот позив. Така например одамна пред појавата на другите про-

пагaнди во епархијата за-бележуваме како дисциплината на свештениците не била на потребната висина. Најверојатно по барање на митрополитот Герасим II група од 10 битолски свештеници во јули 1841 г. потпишале едно ветување од 13 точки[50/] со кое се задолжувале да бидат послушни на митрополитот, да се почитуваат меѓу себе, да не го изнесуваат во јавност тоа што би го забележиле во куќите на граѓаните идр. Штом такви работи имало во тоа време, кога власта на митрополитот врз нив била неоспорна, иакто во градот, тогаш лесно можеме да претпоставиме каква ќе биде дисциплината на свештенството со појавата на другите пропаганди, и особено со дејноста на ВМРО кога митрополитот морал да внимава да не се замери на некој од своите свештеници бидејќи овие лесно можеле да минат на "другата страна". Не случајно митрополитот изнесува тешки оптужби по адреса на свештениците "....клерот, било по причина на свои обични лични интереси, било за одмазда, постана извор на опасни идеи и бајрактар на секоја противнародна акција во секое село и град."[51/] Исплашен од другите пропаганди пелагониските митрополити во служба примале луѓе без никакви квалитети за свештеничка должност. Главно било во селото да има свештеник кој ќе се вика "грчки" свештеник. А требало по можност секое село да има "грчки" свештеник оти инаку, селото без свештеник, можело многу лесно да мине на страната на Егзархијата. И затоа се дошло до ситуација, да се произведат во свештенички чин "самарџија и крчмар, крпач, бак-алин, итн. без никакво испитување....."[52/]

Во однос на свештенички кадар Пелагониската митрополија се нашла во многу тешка ситуација. Пробл-емот не трпел одлагане. Покрај отворањето на пансионот во Барешани, за кој посебно ќе зборуваме, митрополитот се обидел и на друг начин да ја подобри положбата. Така тој формирал специјален свештенички фонд во кој со доброволни прилози требало да се соберат средства кои би допринеле за

обезбедување на поквалитетен кадар.Мегутоа во оваа акција учествувале само градските свештеници,додека пак селаните "поради немаштија" неможеле со ништо да допринесат,а од граганите приложиле помош само неколку богаташи,"додека другите не приложиле ништо."53/ Кривец за тоа била,според митрополитот,бугарската пропаганда.Митрополитот единствен спас гледал во помошта барана од грчкиот конзул,т.е.од грчката влада.

Целата финансиска положба на Митрополијата во овј период се наогала во сериозна криза.Патријаршиското население во градот како да не сакало да ги исполнува своите обврски кон својот религиозен водач.Според предсметката митрополитот требало да прими 85.000 гроша на име годишен архиерејски допринос.Но иако градот Битола бил дуплиран по бројот на христијанските семејства,наместо 19.635 гроша давал само 7.000,а општините Магарево наместо 25 турски лири за 18 месеци дала само 15;а Трново наместо 25 турски лири за истиот период дала само 1.300 гроша со категорична изјава дека во иднина не е во состојба да плаќа.54/ Што се однесува до другите села не дале нити една пара на име архиерејски допринос од кои и не се барало "за да се затворат устите на непријателите кои сестрано разнесуваат дека архиереите испратени од Фенер се пракаат за да го пљачкат христијанското население."55/

На што се должела таквата индиферентност на гркоманското битолско население кон исполнувањето на своите обврски спрема митрополитот, а заедно со тоа и намалениот интерес кон црквата, не ни е познато.Најверојатно е да тешката материјална положба на тие луге била една од причините.Додека по селата,покрај материјалните причини,сигурно имала влијание и дејноста на Револуционерната организација во чии цели селаните почнале да веруваат повеќе одколку во било што друго,па било тоа и црквата

Дека постои намален интерес кон црквата потврдува и една окружница на кПатријархот во која се констатира како во последните години интересот кон црквата се намалува и бара да се засили дејноста на црковните луге и посебно внимание да се обрне на младината, да се засили верското учење и др.[56]

Резултатите од просветната пропаганда, без разлика на број на училиштата, биле уште лоши. Уште 1885 год. Иоани Меркули надзорник на училиштата на теренот на битолскиот грчки конзул констатира во еден извештај[57] дека во основните училишта имало учители кои "одвај можеа да читат, а камо ли да зборуваат на грч-ки јазик". Истото го потврдуваат и извештаите на битолскиот и солунскиот грчки конзул.

Тешката положба на грчката просветна пропаганда со течение на времето, наместо да се поправи, се повеке се влошувала. До сличен заклучок дошол и пелагонискиот митрополит после "грижливо" проучување на просветните прилики."[58] Митрополитот дошол до уверување дека резултатите од парите потрошени за последните три децении не се такви какви што би требало да бидат. А од друга страна пак тие пари "не малку допринеле и во искривувањето на карактерот на селаните кои се пож природа итри, лукави". /τῶν πονηρῶν ἀγροτῶν [59]

Грчката пропаганда работејки мегу едно население потполно туго, а најважно туго по најосновното, по јазикот, се наогала во таква ситуација што неможела да најде решение за својата тешка положба која произлегувала од тоа. Што се однесува до квалитетот на егзархискиот просветен кадар не бил подобар од грчкиот, Но со една огромна разлика-егзархиските учители ма колку и да биле стручно неподготвени имале огромна предност пред грчките-тие го зборувале јазикот на месното население, или пак во колку го зборувале бугарскиот јазик, тој не се разликувал многу од јазикот на Македонците како што била случај со грчкиот. Да бидеме јасни, тој тежок и нерешив

проблемк на грчката пропаганда бил јазикот, тоа основно национално обележие на еден човек. Грчките учители пои македонските села на епархијата, со исклучок на влашките, не го знаеле или многу малку го знаеле грчкиот јазик. Грчката пропаганда во битолскиот реон во својата конкуренција со другите пропаганди, особено со егзархиската, одела до таму да створила училишта и тамо кадеш имало и тамо каде немало услови т.е. речиси во сите села под нејзино ведомство и така "сек претворени во училишта дупки без светлост и без основните елементи за да се викаат училишта"[60/] И за тие училишта Митрополијата не само што не била во состојба да пронајде луѓе со некои минимални стручни квалитети, туку не била во состојба да пронајде луѓе кои би ѓо знаеле грчкиот јазик. Биле поставувани за учители "многу пати и 13 годишни деца кои не знаат да си го потпишат своето име, а повеќе од нив не знаат ни еден грчки збор......"[61/] Обично тие биле деца на селските прваци или нивни заштитници, кои ниту самите, ниту нивните деца со кои ја делеле годишната учителска плата не го знаеле грчкиот јазик.[62/] Овие "учители", базирајќи се на заштитата "на селските шпекуланти"[63/] од март до декември, како што веќе споменавме, се занимавале со нивните полски работи, или со тие на нивните заштитници, а времето декември-март го врвеле главно во безделство.[64/]

Сето тоа како да се толерирало од митрополијата, а имало и зашто. За неја во крајна линија најважно било дотичното село да остане под нејзина јурисдикција, т.е. да се третира како грчко. Тоа најлесно можелох да се постигне ако, покрај свештеникот и учителот, и селските прваци бидат на некој начин приврзани кон неја. Митрополијата била свесна дека тие луѓе, освен донекаде религијата, никакво друго сознание, а ни најмало национално, ги држело под нејзино ведомство. Материјалната награда спрема тоа, требаше да игра важна улога, без разлика под каква форма таа се давала и на кого се давала,

самото таа да одела во рацете на селските фактори,да овие имаат материјална корист од останувањето на селото под ведомство на митрополитот. Додуша митрополитот Амвросиос се обидел да ја прекине на некој начин таа практика остранувајќи некои најкарактеристични "учители" од некои македонски села. Така напр. бил одстранет учителот од Барешани кој ги учел и децата од Слевени, Канино и Лажани; белушинскиот учител Димитар Христу, зет од керка на еден од најбогатите селани кој примал годишно 12 турски лири "без ништо да работи 10 години"; драгошкиот учител Васил Трајану, внук на тамошниот архимандрид Јован кој примал без никаков успех во работата 10 турски лири и учителот од Клабучишта Христос Констандину, 15 годишно дете, роднина на селскиот свештеник, "наполно неспособен" кој примал 8 турски лири годишно идр.[65/] Остранувањето на такви учители требало да допринесе според митрополитот, да се стави крај на слични барања за назначување на неспособни учители, опсиранскиот мухтар напр. да се одкаже "од барањето син му, воденичар, да биде назначен за учител...." и слични други.[66/]

Митрополитот ~~кој првите години од XX век се наогал на чело на Пелагониската катедра~~ Амвросиос тешко се мирел со положбата - "Грците" во неговата епархија да не знаат грчки јазик и покрај до 150 годишната работа на неговите претходници. Значи и покрај до 150 годишната работа ниту црквата ниту грчките училишта во повеќето села не успеале да научат барем по неколку селани да зборуваат грчки јазик. Тоа зборува и за жилавоста и "тврдоглавоста" на нашиот селанец кој тешко го напуштал своето и тешко го примал туѓото. Амвросиос решил да превземи разни мерки кои би имале за цел многу деца да го научат грчкиот јазик и по таков начин, во срок од 5 години "во секое село ќе имаме 10 или 12 деца кои би разбирале грчки,.....Принудени сме да научиме бугарски за да се разбереме со селаните, кои не признаваат

како духовна власт, туку и со поповите и учителите, како напр. во селата Бериканци, Српци, Ноштал, Добромир, Новак Суводол, Паралово итн. а особено во Мариовскиот реон, каде освен Градешница, чии поп Димитрија знаел нешто грчки, нема никој друг кој би знаел еден грчки збор" 67/ Митрополитот предлагал за учениците да се отворат интернати во централните села преку кои требало воопшто да се засили грчката пропаганда. Имено во тие центри требало да има по 1-2 поспособни учители кои требало да имаат и улога на агенти-шпиони на митрополитот, а во исто време би биле и пропагаори на грцизмот меѓу населението -да "им го објаснуваат нивното потекло ...." 68/ Исто така се предлага да се измени во начинот на назначување на учителите за да се избегнело поставувањето на учители "лениванци, неопитни, лажливци, опасни" 69/ Се барало дотации за просветната пропаганда и учителите да се наградуваат спрема верноста и оданоста, а не спрема местото, односно положајот. Тоа требало да овозможи добро платени, способни учители да се пракаат во места каде пропагандата имала највеке потреба.

Незавидната положба на организационата на грчката пропаганда во овоа време ја терала Митрополијата да измислува разновидни па и невообичаени форми и сретства за задржување на нашите села под својата власт. Ке наведеме само некои карактеристични примери: "Со ова потпишаните жители на с. Лисолај декларираме дека секогаш ке бидеме вистински чеда на Големата христова црква ...." Но ако евентуално се отцепеле од неја изјавуваат дека ке бидат готови да ѝ платат на Пелагониската митрополија како казна 100 лири. На чело со поп Григории гарантираат дека нема да постанат егзархисти. Оваа декларација е направена во Битола на 30.I.1897 година од името на околу 30 селани чии имиња се потпишачи од исто лиц, кое најверојатно е агент на пропагандата. Да спомениме само неколку од тие селани за да од нивните имиња ја видиме нивната "грчка" припадност: Νέδελ Βάσης, Ίβαν Όγνεν, Πέτε Μηγιέννκο, Γρόσδαν Γράκτσε, Τάζε Γόγελ, Γρόσδαν Κότε, κ.τ.λ. 70/

Поткупувањето било сретство применувано од сите пропаганди. Вож тоа не заостанувала и грчката. Само за нешто повеке од година дена пелагонискиот митрополит потрошил 80 лири турски, за поткупување.[71] На некој си свештеник Марко, за да се откаже од Егзархијата, му биле дадени 20 лири турски; за повратуване на селаните од с. Бистрица под ведомството на Митрополијата-10 лири турски; на Атанасијај и Сотир од с. Буф за да ја олеснат грчката пропаганда 10 лири турски итн.

Митрополитот сметал дека од голема полза за грчката национална идеја ке биде ангажирањето на 3-4 лица под плата чија задача би била да се движати по ановите во градот и селските панагури и празници и "ги убедуваат селаните", се разбира дека се "Грци"[72]

Грчката просветна пропаганда во Пелагониската епархија во ова време материјално, речиси потполно зависела од грчкиот конзул во Битола. Митрополитот за секоја учебна година доставувал до конзулот список на училиштата и учителите и нивните принадлежности со молба да ги одобри истите. Ние ке приведиме само еден таков список за да видиме во кои села Митрополијата имала и предвидувала свои училишта и колку изнесувале платите на учителите и на некои други нејзини платеници кои требало да ги даде грчкиот конзул за 1901-1902 учебна година.[73]

| Ред. бр. | Село-град | учители | | |
|---|---|---|---|---|
| | | учител | свештеник | |
| | | л.т. | л.т. | |
| 1. | Агларци | 12 | | |
| 2. | Граешница | 10 | | |
| 3. | Дихово | 12 | | |
| 4. | Егри | 12 | | |
| 5. | Крклино | | 6 | |
| 6. | Маково | 9 | | |
| 7. | Гени-мале-забавиште /Битола/ | 36 | | |

| Ред. бр. | Село-град | учители | | |
|---|---|---|---|---|
| | | учител | свештеник | |
| | | л.т. | л.т. | |
| 8. | Беранци | 9 | | |
| 9. | ~~хххххххх~~Будимирци | 9 | | |
| 10. | Брусник | 24 | | |
| 11. | Нижеполе/забавиште/ | 20 | | |
| 12. | ~~ххххх~~ Оптичари | 12 | | |
| 13. | Прилеп/забавиште/ | 18 | | |
| 14. | Суводол | 12 | | |
| 15. | Св.Петка | 12 | | |
| 16. | Лисолај/~~интернат~~/ пансион | 50 | | |
| 17. | Station Власерејца | / | 5 | |
| 18. | Градешница/Мор./ | 12 | | |
| 19. | Добромир | 15 | | |
| 20. | Егри | - | 6 | |
| 21. | Лазец | 9 | | |
| 22. | Битола/гимн./ | 500 | | |
| 23. | Трговско оделение /Битола/ | 150 | | |
| 24. | Билјаник | 9 | | |
| 25. | Буково | 22 | | |
| 26. | Вирник | 9 | | |
| 27. | Новаци | 12 | | |
| 28. | Орехово | 8 | | |
| 29. | Раково | 24 | | |
| 30. | Српци | 12 | | |
| 31. | Трн | 9 | | |
| 32. | Паралово/~~интернат~~/ пансион | 60 | | |
| 33. | Велушина | 12 | | |
| 34. | Цер(в)ебалци | - | 3 | |
| 35. | Драгош | 10 | | |
| 36. | Клабучишта | 9 | | |
| 37. | Лахци | 12 | | |
| 38. | Горен Баир /забавиште/ | 36 | | |

| Ред. бр. | Село-град | Учители | |
|---|---|---|---|
| | | учител | свештеник |
| | | л.т. | л.т. |
| 39. | ~~Интернат~~ пансион - Битола, за ученици | 60 | |
| 40. | Битуша | 9 | |
| 41. | Буково /забавиште/ | 15 | |
| 42. | Негочани | 12 | |
| 43. | Ношпал | 9 | |
| 44. | Паралово | - | 6 |
| 45. | Рибарци | - | 3 |
| 46. | Српци | - | 6 |
| 47. | Трн | - | 6 |
| 48. | Чебрен /~~интернат~~ пансион/ | 48 | |
| 49. | Врбјани | 9 | |
| 50. | Дихово | - | 8 |
| 51. | Зовик | 9 | |
| 52. | Крклино | 9 | |
| 53. | Маково | - | 3 |
| 54. | Долен Баир /забавиште/ | 30 | |
| 55. | Барешани /~~интернат~~ пансион/ | 90 | |
| 56. | Битуша | - | 6 |
| 57. | Брусник /забавиште/ | 15 | |
| 58. | Нижополе | 25 | |
| 59. | Олевени | 14 | |
| 60. | Прилеп | 24 | |
| 61. | Ракотино | 9 | |
| 62. | Старавина | 12 | |
| 63. | Чаниште | 9 | |
| 64. | Магарево-Трнново | 50 | |
| 65. | Надзорник на школи | 48 | |

Се ~~17.51~~ 1751 лири турски

Во овој список, како што се гледа, од битолските грчки училишта влегуваат само гимназијата, неколку новоотворени забавишта и трговското училиште, т.е. тие училишта за кои конзулот требало да

одобри средства,додека другите,кои битолската општина можела сама да ги издржува не се внесени. Иако во Битола во ова време имало: едно централно полно /со пет одделенија/ основно училиште со 5 учители и со околу 300 ученици;едно основно со 4 одделенија,3 учители и околу 100 ученици;едно основно /гениалско/ со 3 одделенија,2 учители и околу 60 ученици;арнаутмалското училиште со 2 одделенија и подготвително одделение,1 учител и околу 30 ученици;баирското со 2 одделенија,еден учител и околу 30 ученици-вкупно 5 основни училишта,12 учители и над 500,или меѓу 500-600 ученици годишно. Женското училиште имало околу 330ученички. Забавишта имало:едно централно со околу 300 ученици;едно во квартот на болницата со 120 ученици;во Бела чешма едно и Арнаут-мало едно. На сето изнесено погоре треба да се додаде и гимназијата во која биле запишани 184 ученици од кои 155 во прогимназијата/третокласна/ и 69 во гимназијата.[74/]

Спрема тоа во првите години од XX век,пред Илинденеското востание.во Пелагониската епархија имало грчки училишта покрај Битола и трите влашки села и во околу 45 други села со вкупно 1.500-1.600 ученици во Битола и 1.530-1.670 во другите делови на епархијата или вкупно околу 3.200 ученици и над 100 учители.[75/] Една третина од вкупниот број на грчките ученици во Битола биле забавачи. На забавиштата грчката митрополија им давала се поголемо значење. Покрај постојните биле отворени уште три нови-2 во Баир и 1 во Гениале,а за учители во сите забавишта се поставуваат дуге поспособни Забавиштата требало да ги научат децата да зборуваат грчки јазик бидејќи да на целото патријаршиско население во градот мајчин јазик не му бил грчкиот туку влашкиот и македонскиот. Се пак во овој случајтие повеќе биле наменети за македонските деца бидејќи да митрополитот и одборот биле "свесни......за големата важност" од постоењето на забавишта во ова "туѓојазично подрачје" какви што биле кварто-

вите каде требало да се отворат спомнатите забавишта. Пак од пропагандни побуди одборот на грчката општина решил да ги укине тешките такси за упис во основните училишта и за свидетелствата за да им парира на противниците кои тоа го ползувале, според митрополитот, за придобивање на бедните деца.[76]

Грчката пелагониска митрополија не зависела само материјално од грчкиот конзул, туку и наставно-воспитниот процес бил диригиран од конзулот или преку него. Во септември 1900 год. грчкиот битолски конзул му испратил на митрополитот единствена програма за основните училишта и забавиштата изработена "од надлежни лица" а која требало да се применува во грчките училишта во епархијата.[77]

За бројниот однос егзархисти-патријаршисти најдобро ни зборува веке спомнатата бугарска статистика од почетокот на XX век.[78] Според неја од "бугарското" население во епархијата 8.566 куки ја признавале егзархијата и 3.717 куки патријаршијата, а 472 куки биле србомански, но црковно припагале кон Патријаршијата. По кази нашето население религиозно било поделено вака:

Битолска каза

| | | |
|---|---|---|
| Егзархисти | 2.974 | куки |
| Патријаршисти | 3.254 | " |
| Протестанти | 6 | " |
| Србомани | 51 | |

На горниве бројки треба да се дадат и 2.010 влашки куки, 20 грчки и други 40 куки кои биле патријаршисти и ќе го зголемиле вкупниот број на патријаршистите на 5.324 куки.

Прилепска каза

| | | |
|---|---|---|
| Егзархисти | 5.592 | куки |
| Патријаршисти | 463 | |
| Србомани | 390 | |

Или вкупно во Епархијата имало околу 8.500 куки егзархисти.

ски и околу ~~6.300~~ 5.800 патријаршиски.

Во Пелагониската епархија, според истата статистика, имало 149 енории со толку свештеници. Од нив 76 енории со толку свештеници биле под ведомството на егзархискиот митрополит и 73 со толку свештеници под ведомството на грчкиот митрополит. Во Епархијата имало 156 цркви, 1 параклис и 14 манастири и то во битолската каза 81 цркви и 5 манастири и во прилепската 75 цркви, 1 параклис и 9 манастири. Од нив под ведомството на егзархискиот митрополит во битолска каза биле 31 црква и 1 манастир, во прилепска 68 цркви, 1 параклис и 8 манастири. Под ведомството на грчката митрополија биле 50 цркви и 4 манастири во битолската каза и 7 цркви во прилепската каза.

Од изнесените податоци се гледа дека Пелагониската епархија си ја имале поделено двете цркви-пропаганди така да во однос на населението Егзархијата имала предимство, но во однос на енориите и свештениците нивните сили биле изедначени.

Значи, судејќи по бројот на населението, на свештениците, на училиштата и учениците и средствата кои се трошеле за нив, требало би да се заклучи дека грчката пропаганда во овој дел од Македонија успеала цврсто да задржи добри позиции при новонастанетите услови пои Берлинскиот конгрес и по доаѓањето на бугарскиот владика во Битола 1897 год., а на полето на просветната пропаганда да забележи дури и успеси. Меѓу тоа фактичката положба била инаква.

Ево како самиот грчки митрополит ја опишува положбата на грчката пропаганда во тоа време: "Треба да бидеме уверени дека теренот на кој стоиме не е толку сигурен колку што мислиме. Однадвор денес изгледаме сјајни, но всушност нашата положба личи на гробови за кои Исус Христос рече: однадвор накитени, а внатре полни со голи коски и нечистотија."[79]

Тоа било точно така. Дејноста на новата "пропаганда" олицетворена во програмата на ВМРО за ослободување на македонскиот народ од турското ропство и за своја автономна управа, не знаела за верските граници кои го делеле еден исти народ, роднини, брака, туку таа ги обединувала, им давала срекна перспектива, а во исто време страшно ги загрозувала интересите на грчката пропаганда која многу јасно знаела дека над населението над кое има религиозна власт, нема веке политичка, а оваа за неја била најважна. Од тука може да се објасни и алармантниот повик на митрополитот Амвросиос до грчкиот конзулат[80], а преку него и до одговорните фактори во Атина, и до Цариградското братство "Ἀρχιπελαγήγους" употребувајки тешки зборови за да ги убеди во огромната важност на неговата епархија за грцизмот и спрема тоа за потребата од нејзиното "спасуване". Според жалосната констатација на митрополитот, освен од спомнатото братство, никој не сакал точно да свати дека "Пелагониската епархија е окото на Македонија, предстража на православието, придобивка која треба да ја чуваме не жалејки жртви, и дека нити бугаризираниот Лерин, нити преполнетиот со схизматици Воден, нити микроскопски Костур и Сисанион, нити евреизираниот Солун за ништо не вредат без градот Битола и Пелагониска епархија".[81]

Грчката пропаганда, и тогаш, и подоцна,[82] сакајки да му даде што поголемо значење на грчката образованост во овој дел на Македонија, да го истакне неговото значение за грцизмот во Македонија, често го истакнувала високиот квалитет на наставата во грчките училишта, квалитетниот кадар, високите морални особини на архиереите па и на целиот пропаганден апарат во Епархијата. Ние нешто спомнавме за кадарот на грчката пропаганда во Епархијата, а сега ке се задржи-

ме малo поопширно на тоа пра-шање и на се што е поврзано со него и на резултатите од просветната дејност на патријаршиските воспитно образовни установи.

Правејќи паралела мегу грчките и егзархиските гимназии Берард констатира да додека во вторите учителот давал епруветки за опити по хемија во рацете на ученикот, грчкиот учител го давал Демостена и "се колни во паднатите на Маратон".[83] И Битолската грчка гимназија, која грчката пропагандна литература толку многу ја фали, не правела исклучение во тоа. "Имаме училишта без живот, гимназии и тоа класични, во кои се предава 3-4 часа математика, 4-5 латинска филологија, 12 часа грчка филологија....." кои исфрлувале матуранти кои на своите работни места се истакнувале со својата "совршена неписмено-ст неспособни......" и за учителски и за секоја друга работа. Опишани се како "преполни со надменост, егоизам и самофалбарство" и дека "сите преставуваат слика од национална несвесност"[84]. Најглавна работа на грчките учил-ишта била да создаваат луге "национално свесни" и тие не воделе доволно сметка за живлото оспособување за практичниот живот. Завидувајќи им на другите пропаганди кои одржувалет гимназии и други повисоки школи од интерни ученици, грчкиот митрополит предлага во Битола да се отвори и отвара интернат за да нема потреба учениците да изнајмуваат станови во "влахофони и славофони" семејства и пагаат под нивно влијание.[85] Значи интернат се отвара не толку од побуди да им се помогне на учениците, колку од страв тие да не пагаат под влијание на другите пропаганди. Од тие причини митрополитот забранил во грчката гимназија да се дискутира по национални прашања, а интернатот, во кој воспитната работа требало да му се повери на лица со "полн национален елан" и со чисто верско чувство се јавувал, според митрополитот, како апсолутно потребна институција во која можело ефикасно да се контролира правилниот национален раз-

виток на учениците.[86] Големиот страв ~~ид~~ на митрополитот од другите пропаганди и превземањето на ефикасни мерки за заштитувањето на учениците од туѓото влијание јасно ни зборува дека грчката пропаганда не била сигурна во националната оформеност на тие ученици кои најверојатно биле од влашко потекло. Сигурно е дека ако тоа население било грчко митрополитот не би имал никаква причина да се плаши од туѓи влијанија.

Дека и на влашкото население немала поверение грчката пропаганда ни сведочи и еден друг факт. Грчките учители во повисоките грчки училишта во Македонија во мнозинството биле питомци на некоја си Велику задужбина. Но оваа задужбина немајќи поверение во питомците од Македонија поставила услов според кој секој "македонец", питомец на задужбината се задолжувал после завршувањето на образованието да учителствува 10 години, или најмалко 5 години на Егејските острови, во Мала Азија или на друго место, и дури потоа во Македонија, т.е. од како ќе се "одучи од македонските навики, или барем штом се навикне да се однесува и мисли како слободен граѓанин"[87] И овие учители ако биле ~~навистина~~ Грци, па биле тие од Македонија, сигурно, не ќе имало потреба толку долго "дотерување" во разни делови надвор од Македонија.

Освен спомнатата задужбина учителски кадар спремало и друштвото за ширење на грчкото писменост во Атина.[88] 1902 г-од. грчкиот битолски конзул барал од митрополитот 10 ученици од вилаетот кои би биле испратени во Солун за спремање за учители.[89] Значи и во Солун се припремал таков кадар.

Свештенички кадар се припремал и во Пелагониска епархија. Како што веќе видовме, митрополитот барал средства од грчкиот конзул за отварање пансиони во манастирите "св. Ѓорги", Паралово, во Лисолај и Чебрен-Мориовско. Во проект-буџетот за 1903-1904 година

доставен до конзулот се бара за пансионот во Паралово да се зголемат средствата од 30 на 50 л.т.со цел да се зголеми бројот на учениците кои изнесувал 33.[90] А уште пред тоа,во 1902 год.митрополит-от барал зголемување на платите за учител и свештеник во Паралово со цел да се најдат способни луѓе,кои добро го знаат грчкиот јазик,и така потполно да престанела употребата на словенскиот јазик во тој манастир и во околните села.[91]

Досегашниот реален тотален неуспех на грчката пропаганда во својот стремеж да го прошири грчкиот јазик за сметка на словенскиот го правело митрополитот во својата идна политика за искоренување на македонскиот јазик да биде се побрутален.Тој е полн со планови, бара пари на сите страни,формира интернати,бара способни луѓе кои добро го знаат грчкиот јазик,а пред се се грижи да ~~отвори~~ изгради такви луѓе на лице место.Со таква цел во барешкиот било отворено училиштето со пансион ~~во Барешани~~ за подготвување на школување на селски свештеници.

Било поставено прашањето дали со средствата /120 л.т. годишно/ кои ги понудило братство "Сакајте се меѓу себе" ке се отвори училиште со пансион во Паралово или во Барешани.Барешани било избрано од повеке причини:неговата околина имало добар број патријаршисти;манастирот е близу до Битола и пансионот би бил изложен на посфикасна контрола на митрополитот;манастирот се наоѓал под управата на битолската грчка болница и нејзин материјален извор и немало никаква опасност на противење од страна на селаните,додека ако би се отворил во друг манастир митрополитот сметал дека ке предизвика противење на селаните кои ги обработувале манастирските имоти,нешто кое би го искористила другата пропаганда во штета на грчката,па би се дошло и до растурање на пансионот.[92] Од тие причини пансионот бил отворен во барешанскиот манастир.Трошковите за издршката на овај пансион изнесувале 230-240 л.т.и биле покривани 120 л.т.од спомнато-

то братството,30-40 л.т.од манастирската каса,а останатите од митрополијата.Некоовме која била целта на тој пансион:формиране селски свештеници и мухтари,писмени и "национално свесни",се разбира кои би го знаеле добро грчкиот јазик,бидејки да,како што веке спомнавме,положбата на грчката пропаганда во тој поглед во Епархијата била многу тешка,ако е тоа доволен израз за да се тоа опише,а патријаршистите,било тоа обични наши луге, или свештеници,или учители, кои не го знаеле грчкиот јазик,биле предмет на исмеавање од страна на своите комшии,соселани или блиски села,нешто кое многу штетно се одразувало врз грчките интереси.Ова школа требало всушност да овозможи да се прекине досегашната практика на тие должности да се поставуваат повидни гркомани без разлика дали тие го знаат грчкиот јазик или не.Од друга страна,митрополитот,на кого многу му се брзало,планирал учениците од таа школа,преку мали награди,през летото да им дават извесни знаења по грчки јазик на гркоманските фактори по нашите села додека постепено не бидат заменети.

Бројот на учениците достигнал до 30 во сите три одделенија колку ги имало до 1903 год.Овие ученици биле регрутирани од целиот Битолски вилает:од Смрдеш,Д'нбени-Костурско,од Герман, Сребрено идр.[93/] Во училиштето се предавале следните предмети,[94/] мегу кои пага во очи бројот на часовите одредени за грчки јазик

| предмети | I оддел. часови | II оддел. часови | III оддел. часови | IV оддел. часови |
|---|---|---|---|---|
| Веронаука | 4 | 4 | 6 | |

| предмети | I оддел. | II оддел. | III оддел. | IV оддел. | |
|---|---|---|---|---|---|
| | часови | часови | часови | часови | |
| Веронаука | 4 | 4 | 6 | 6 | 20 |
| Грчки јазик | 12 | 12 | 15 | 15 | 54 |
| Математика | 3 | 3 | 3 | 3 | 12 |
| Историја | 2 | 3 | 4 | 4 | 13 |
| Географија | 2 | 2 | 3 | 3 | 10 |
| Земјоделие | - | 2 | 3 | 5 | 10 |
| Црковна музика | 2 поврзани | 2 | 3 поврзани | 3 | |
| | | | | | 124 |

Иако училиштето и пансионот се наогале во село,неговата управа не била дадена во рацете на гркоманските првенци од селото.Причината за тоа била јасна-тие луге биле со "нестабилно /национално/ чувство ".По желбата на митрополијата ефоријата требало да биде составена /и била составена/ од "граѓани со позната чесност и карактер,со проверени,цврсти /национални/убедувања и со предана ревност во работата".95/ Таа била назначена од битолскиот грчки општински одбор и,се разбира,одговорна пред митрополитот.

Грчката митрополија му давала големо значение на оваа школа.Крајот на секоја учебна година бил посебно означуван.Така на прославата на завршетакот на првата учебна година 1901 год.присуствувале сисанскиот митрополит Серафим,Охридско-преспанскиот Антимос,битолски-от грчки конзул Стамат Пезас,видни личности од битолскиот гркомански свет и родители на некои од учениците.96/

Дејноста на Амвросиос требало би да го истакне како еден од најголемите носители на великогрцизмот во Пелагониската епархија. Но тоа не било така, т.е. грчката пропаганда не сакала да го признае како таков. Неговото држање, ~~и~~ тоа службеното, и личното, не им се допаѓало ~~предизвикувало незадоволство кај~~ на битолските ~~гркомани и тоа брзо по неговото доаѓање.~~ грекофонски првци 97/ Тие ~~Битолските патријаршиски прваци~~ потргнале цела кампанија против него барајки од патријархот да го смени.[98] Но и покрај т-оа митрополитот останал до 1903 год. работајки неуморно за делото на великогрцизмот во Македонија.

Овој амбициозен владика брзо по доаѓањето се судрил со грчкиот конзул Пезас. Много од грчките конзули, тргнувајки од фактот што грчката влада давала на грчките општини во Македонија големи средства, сметале дека тие имаат право и да раководат со грчката пропаганда по своја волја. Најверојатно ова била една од основните причини за судрувањето конзул-митрополит. Тие односи толку се изостриле што митрополитот го нарекувал „ὁ γνωστόδοξος κ. Πέζας" 99/ а овај пак му одвратувал на сличен начин.[100] И штом претставникот на грчката нација бил против митрополитот, лесно може да се разбере зошто и гркоманските првци биле против него. Уште со доаѓањето во Битола од грчкиот конзул Вецос, предходник на Пезас, Амвросиос добил додаток од 60 л.т. покрај 140 л.т. кои ги добивале и неговите предходници. Покрај тоа, му било ветено дека во иднина ќе се зголемеле грижите за неговото материјално издржување со цел да му се зголемела "оданоста кон државата...." и да работи за интересот на "црквата и нацијата."[101] Со други зборови грчката влада ги плаќала, што добро ги плаќала грчките митрополити во Македонија. Но за Амвросиос не било доволно тоа; тој се продавал за пари и на други зошто ќе стане збор на друго место. Значи доста од грчките митрополити не ги имале тие морални квалитети кои им ги препишувале грчката пропаганда, особено во поново време, претставувајки ги како пример на чесност, патриотизам и слично.

ГЛАВА IV

## ОДНОСИТЕ НА ПЕЛАГОНИСКАТА МИТРОПОЛИЈА СО ДРУГИТЕ ПРОПАГАНДИ

### 1. ОДНОСИТЕ НА ПЕЛАГОНИСКАТА МИТРОПОЛИЈА СО БУГАРСКАТА ПРОПАГАНДА

И бугарската буржоазија и српската и романската кои биле заинтересирани за заграбувањето на Македонија биле согласни во сваќањето дека Цариградската грчка патријаршија, злоупотребувајки ги и експлоатирајќи ги привилегиите добиени од Отоманската влада да ги претставува христијаните во Турското царство, без разлика на народност, успеала да соедини верско-црковната дејност со националната идеја, со националната политика на грчката буржоазија. Патријархот и неговите органи на теренот служејќи му на грчката национална идеја ги употребувале сите сретства со кои располагале за грцизирање на македонското население, за спречување на неговиот национален развиток-"бугарски" според сфаќањето на бугарската буржоазија, "срп-ски", според сфаќањето на српската буржоазија и романски /за влашкото население/ според сфаќањето на романската буржоазија. Тука не се работело за некое обично стопување на една етничка група во друга, значи не се работело за "случајно" грцизирање како обично се врши таа асимилација на територии со многонационално население кога помногубројната националност ја " проголтува" помалобројната, туку се работело за едно систематско, планско погрчување на македонското население при специфични историски услови и на специфичен начин.

И бидејки политиката на грчката црква потполно се совпагала со таа на великогрчката буржоазија во однос на Македонија, а бидејки пак таа политика најсериозно ги застрашувала аспирациите на другите балкански буржоазии кон Македонија, односите мегу Пелагониската митрополија, т.е. мегу грчката пропаганда од една страна и бугарската, односно српската и ромнската од друга страна биле непријателски.

Непријателствата во периодот по Берлинскиот конгрес до 1903 год. имале главно црковно-просветен карактер. Се развила една борба чија основна цел била да се добијат што повеќе села и селани, да се отворат што повеќе училишта и се придобијат што повеќе ученици, т.е. за придобивање душата на нашите луге. Во тоа често се барало помош од турските власти, а се употребувало непосредно и сила.

Во времето на руско-турските војни и непосредно по Берлинскиот конгрес бугарската пропаганда во Македонија се наогала во криза. Таа, како што е познато, била раководена од Егзархијата чија дејност, како и на Патријаршијата, не била само обична црковна туку имала и национално-политички карактер. Од 1881 год. Бугарската егзархија се засилувала и ползувајќи ја се потешката материјална положба на македонските црковно-школски општини се стремела кон потчинување на училишното дело под своја власт отпуштајќи големи средства за плаќање на учителите, а преку назначувањето учители од бугарско потекло се поинтензивно го наложува бугарскиот јазик мегу младите македонски генерации. Покрај постојните се отварат и други училишта во Битола, Прилеп и по селата на Епархијата.

За да можеме подобро да го сфатиме крајно непријателскиот став на Пелагониската митрополија кон егзархиската пропаганда нужно е да изнесеме некои податоци за успехот на последнава во Епархијата особено по 1885 год. Зборувајќи за грчката пропаганда изнесовме

некои податоци и за егзархиската пропаганда. Сега како пример ке ја земиме 1897 и 1902 г. од. од кога се и грчките статистики[1]. Според егзархиската статистиката од 1902 год. во градот Битола имало 1.458 егзархиски куки и 2.352 патријаршиски, а во Прилеп 2.550 егзархиски и 60 патријаршиски куки. Во Битола имало: една машка класична гимназија со запишани во 1901/02 год. 251 ученик, со пансион во кој живееле 129 ученика; четирокласно женско училиште со 80 ученички и пансион; 8 основни училишта во кои биле запишани 956 ученици од кои 411 забавачи, учители 21. Во битолскиот реон на епархијата имало 18 училишта со 21 учител.

Во Прилеп 1902 год. имало класно училиште /I-III клас/ со 108 машки ученици и женско училиште со 54 женски ученици; основни имало 5 училишта со запишани 1,131 ученика и 21 учител. Во Прилепската каза имало основни училишта во 23 села со 25 учители. На горниве цифри треба да се додадат уште дваесет и пет мина професори-учители во битолските и прилепските класни училишта.

Прави посебен впечаток фактот што во 1897/98 учебна година[2] бројот на учениците во егзархиските училишта во Битола и Прилеп бил ~~или исти или~~ поголем во споредба со горескомнатата статистика. Во Битола во гимназијата која уште не била полна биле запишани 169 ученика, а во женското класно 88 ученички. Во 8 основни училишта во градот биле запишани 1.035 ученика во кои работеле 23 учители. Во Прилеп во класните училишта биле запишани 156 машки и 92 женски, а во 4 основни училишта биле запишани 1.614 ученици, а учители 22.

Во 15 села на битолскиот реон биле запишани 324 машки и 14 женски ученици во кои работеле 16 учители; а во 23 села на Прилепската каза запишани биле 635 машки и 57 женски/само во Варош 45 женски/ и 27 учители. На крајот на учебната година бројот на учениците во сите училишта бил помал.

Се во учебната 1897/98 год. имало во Битола

класни училишта 2, учители 16, ученици 257

основни училишта 8, учители 23, -"- 1035

---

Вкупно училишта 10 -"- 39 -"- 1.292

Во Битолскиот реон од Пелагониската епархија /не казата/ имало основни училишта 15, учители 16, ученици 338

---

Вкупно во Битола и околијата

училишта 25, учители 55, ученици 1.630

---

Истата учебна година во Прилеп

класни училишта 2, учители 11, ученици 248

основни -"- 4, учители 22, ученици 1.614

---

Вкупно училишта 6 -"- 33 -"- 1.862

Во Прилепска каза

основни училишта 23, учители 27, ученици 692

---

Вкупно во Прилеп и казата

училишта 29, учители 60, ученици 2.554

Вкупно во Пелагонисската епархија егзархиски училишта 54, учители 115, ученици 4.184[3/]

Споредбено големиот број на забавачи и во Битола и во Прилеп ни зборува дека и Егзархијата по примерот на Патријаршијата обрнувала посебно внимание на забавиштата. "Бугарчињата" во Македонија, како и "грчињата", зборувале јазик кој го научиле од своите мајки и баби и кој не може да се спореди со грчкиот, но кој се разликувал ~~нд~~ и од бугарскиот. Забавиштата, покрај другото, основна задача имале да ги научат македонските деца да зборуваат бугарски јазик ~~на место "с кам" - "искам", наместо "керка" - "дъщерја" итн.~~ Сепак тоа не била лесна работа кога се знае дека огромниот број од учителите во Македонија и кон-

кретно во Пелагониската епархија произлегувале од средината на месното население,особено селските,и немале некое повисоко бугарско образованиек кое евентуално битно би го изменило нивниот мајчин јазик.[4/] Во Пелагониската епархија има полно случаи селаните да молат за учител во нивното село ,да биде поставен соселанец.[5/]

Споредувајќи ги изнесените цифри за успесите на Егзархијата со неке спомнатите кои ги поважуваат резултатите на грчката пропаганда лесно можеме да ја уочиме предноста на првата.Грчките кои Пелагониската митрополијах била во состојба да ги прави за да го спречува ширењето на другите пропаганди,во овај случај на бугарската,биле големи.Се разбира една од основните сретства со кое грчките митрополити се служеле против Егзархијата била схизматта.Проклетството фрлено врз секој христијанин кој би преминал под ведомството на Егзархијата од ~~дедовата~~ страната на која припагале дедо и прадедо било мошне застрашително сретство за македонскиот религиозен ч-овек. Но последиците се-п-ак не биле такви какви што,најверојатно,очекувала грчката Патријаршија.Све,покрај другото,зошто.Во много места еден дел од селаните ја признавале Патријаршијата,другиот дел Егзархијата. ~~И покрај жестокиот отпор од страната~~ обидите на патријаршиските органи црквите да ги задржат за себе дури и во ситуација кога 95% од населението не ја признавало повеќе Патријаршијата,не секој пат успевале.Во такви мешани села една иста црква се употребувала и од патријаршистите и од схизматиците.Тоа имало негативни последици по интересите на грчката пропаганда,бидејки да вршењето на црковните обреди во иста црква,со истите свети предмети и сл.давало повод на населението да мисли дека схизмата ништо не представува,дека се е исто и дека мегу„схизматици" и „православни" нема никаква разлика.Од друга страна пак мегу патријаршиските и егзархиските свештеници во однос на свештеничката носија немало никаква разлика,а обидите на

Патријаршијата од турските власти да издејствува наредба за промена на носиите на егзархиските свештеници не успеале.

Прашањето околу поделбата на црквите, манастирите, гробиштата и училиштата биле проблеми кои често предизвикувале и физички судири меѓу егзархисти и патријаршисти. Од многуте такви судири како илустрација ние ќе наведеме само неколку покарактеристични. Селото Зарешани ја призна-ло Егзархијата и спрема тоа и манастирот требало да мине под нејзина власт. Такво одобрение дал и Валијата 1896 год. но митрополитот одбил да ги предаде клучовите. Овој спор отишол на решавање во надлежното министерство во Цариград, а таму било решено на празникот на манастирот да служат први грчкиот митрополит потоа егзархистите. Но битолските патријаршисти на чело со митрополитот решиле да не дозволат егзархистите да служат во манастирот. Се дошло до физичко судрување во кое победители излегле битолските гркомани.[6] Овој настан грчката пропаганда масовно го експлоатирала величајќи ја "храброста" на битолските "Грци".

Долги биле борбите на егзархистите во с. Брусник против своите со селани-патријаршисти за добивање на селската црква. По интервенција на патријархот надлежното турско министерство 1898 год. донело решение во негов интерес. По тоа се јавил спор околу училишната зграда која со решение на властите била отстапена на патријаршистите. Но брзо зградата била запалена, а црквата била затворена, од митрополитот.[7] На 3.VII.1901 год. во Брусник отишла група од околу 200 егзархисти од Битола и се судрила со група битолски патријаршисти затекнати та-мо. Требало да отиде полиција од Битола за да тури ред. Српскиот конзул Ристиќ изразува задоволство од исходот на таа борба еден патријаршист бил ра-нет.[8]

Во Битола и патријаршистите и егзархистите ги сохрану

вале своите покојници во сите христијански гробишта.По патријаршистите 1897 год.им забраниле на егзархистите да ги сохрануваат своите во буковските гробушта.Од тие причини овие им забраниле на првит да ги употребуваат гробиштата во св.Недела.Во врска со тоа се дошло до сукоб на 20.X.1897 год.во кој бил ранет патријаршискиот свештеник.[9]

Давањето берат за бугарски владика во Битола 1897 год. предизвикало посебно остро реагирање од страна на грчката митрополија.Митрополитот поднел оставка изјавувајки како тој неможе да седи во валиските заседанија покрај схизматички владика.Битолските патријаршисти телеграфски се жалеле до султанот,патријархот и великиот везир против доаѓањето на егзархиски митрополит.Во тие тешки моменти,грчката митрополија союзник нашла во лицето на великосрпска дипломатија чело со битолскиот српски конзул.[10] Но сите тие реагирања останале без последици.Бугарскиот митрополит Григорий дошол во Битола и тоа предизвикало само "посилен" отпор од гркоманска страна на чело со митрополитот.[11] Од друга страна оставката на Козма која имала за цел што повеке да го драматизира отпорот против бератите не била освоена од патријархот.Доаѓањето на егзархиски митрополит во Битола требало да претставува крупен момент во натамошниот развиток на религиозно-просветната дејност на сите пропаганди во епархијата.Овој настан требало и се очекувало доста лошо да се одрази на прво место по интересите на грчката страна.Но Грчката митрополијах како да немала осетна штета од тоа,а плановите на бугарската пропаганда не се оствариле.Од 1896 до 1900 год.само 55 куки во Битола ја напуштиле Патријаршија-та,и ја признале Егзархијата,а од селата само 6.[12] А колку ја напуштиле Егзархијата немаме податоци. Патријархот во едно писмо до митрополитот 1901 год.[13] изразува задоволсвто за враќањето на поп Марко и на селани од Варешани,Кравари

и Христофор под ведомството на "православната" црква.

Кој бил тој долгоочекуван митрополит? Ево што читаме за негоа во еден весник 1889 год.[14] "Но од сите тие ненадарени, мрзеливи, неморални кариеристи, кои го носат името архиереј-пастори на ~~кирш~~ стра-дното македонско население, има еден мегу нив, кој ги надминува во се, а највеке во необјаснимата омраза против сопственото си паство..... Тој е бившиот охридско-преспански митрополит, сегашниот пелагониски, прочуениот Григорий, наречен делибарија од неговите епархисти". Понатаму Григорий се окарактеризира како човек пијаница, как кратко човек со најниски морални квалитети. Од градот била направена молба со 20 еснафски печати со која се барало од Егзархот да ја ослободи Епархијата од тој човек.[15] Но без успех.

Дали еден таков архиереј, неговата ~~~~ политика, неговата дејност можела нашето население да го отргне од грцизмот и го привлече кон себе, кон една црква која, како туга, сепак со оглед на словенскиот карактер тоа население можело да ја смета за своја? Сигурно не. Григорий бил тугинец и се покажал како таков. Како најдобар пример за тоа нека ни послужи Прилеп, градот кој имал најголеми заслуги за ослободување на Фенерска духовна власт од мнозинството христијанско население во Епархијата и кој, природно, со радост очекувал архиереј, кој би требало да биде, за разлика од грчкиот, нивни. Доагањето на "родниот" архиереј брзо ги разочара прилепчани. Во еден извештај[16] од Прилеп испратен до Григорија дадена е интересна слика за душевната положба на прилепчани и за нивниот став кон "родниот архиереј" ".....настапува реакција. Постепено ~~кај~~ кај прилепчани започнува да се губи сето она, со кое тие до тогаш можеле да се гордеат пред светот. За тие рабо-ти сега останало само едно пријатно сеќавање. Блажени времиња беа, кажуваат сега прилепчани, тоа беше ~~~~ нашиот златен век. А сега..... Сега местото на поранешната енергија е

завземено од една одвратна апатија......"Прилепчанецот е опишан како човек кој важел за "длабоко мислјашт филозоф,итар дипломата, или остар критик".И натамо "режат синковците прилепчани на лево, десно,не се церемонат многу тие од својот архиереј"Та ако е владика,не е господ ја!"Оданна тие почнале да ги барат кусурите на својот архиереј".Незадоволството на прилепчани било такво што,како стои во извештајот,тие извикувале "долу црнокапците владици зошто тие гледат за нив да им е широко околу вратот,а неми се и се смеат пред народните свети жртви;тие само го грабат и оголуваат народот, само го стрижат,а се одкажуваат да го пасат....."Авторот на извештајот [redacted] вика дека не можел да изброи се.Исти бил ставот на прилепчани и кон архиерејскиот намесник назначуван од егзархискиот митрополит.

Ете,еден таков егзархиски архиереј кого населението уште во почетокот го сметал за туг,неможело посериозно да ги загрози интересите на грчката митрополија,која ако не водела чисто нацисналистичка грчка политика и ако дозволувала употреба на словенски јазик во црквите и народен во училиштата,положбата во Епархијата веројатно,би била поинаква од колку што била.

Како што веке спомнавме Грчката пелагониска митрополија никој инат не се одкажала да ја помага малобројната грчка општина во Прилеп која броела 60 влашки семејства,според извори од истата општина.[17] Но митрополитските агенти со сите сили се труделе да го прошират своето влијание и во некои села преку отварање на грчки училишта.Тоа особено сакале да го постигнат во с.Врбјани бидејки според нивно сваќање штом се отворело училиште во Врбјани много села како Кривогаштани,Крушјани,Зоѓани и др.ке минеле кон "православието".[18] Иако во ова село имало и извесен број патријаршисти и долго време се карале и судрувале,особено околу црквата.

Патријаршистите дури собрале 15 л.т. да ги потkупат турските власти но не успеале.[19] 1895 дошло до физичко судирање, а гркоманскиот поп Никола бил затворен.[20] ~~Тоа~~ Судирот во Прилеп од 1896 год. се смета еден од најголемите судири во Прилепско, па и во целата Епархија ~~се дошло 1896 год. во Прилеп~~ до 1903. Според извештајот на битолскиот српски конзулат грчкиот митрополит Козма на 23.IX 1896 год. дошол во Прилеп да го превземи манастирот во Слепче бидејки слепчани се повратиле кон Патријаршијата. Тогаш прилепчани ја затвориле чаршијата, ги распуштиле учениците и извршиле "нечуен масакар" над владиката и неговата придружба. За воведување на ред требало да интервенира војската и при тоа имало многу ранети.[21]

Дејноста на овие две пропаганди, нивните крајно непријателски одно-си, многу негативно се одразиле врз единството на македонското население во Епархијата во времето кога тоа единство било неопходно потребно за успешниот тек на национално-ослободителното движење на македонскиот народ за кое ние посебно ке зборуваме

## 2. ОДНОСИТЕ НА ПЕЛАГОНИСКАТА МИТРОПОЛИЈА СО РОМАНСКАТА ПРОПАГАНДА

Зборувајки за односите Митрополија-романска пропаганда потребно е на кратко да се осврнеме и на романската пропаганда во Македонија во целина.

Да се пишува за романска пропаганда во Македонија значи да се пишува за влашкото населенеи кај нас. Ова население распрснато по разни делови на Македонија се споменува под многубројни

имиња: Куцовласи, Цара-власи, Власи, Каракачани, Качауни, Цинцари, Аромани идр. Кај нас во Македонија повеќе се употребува името Власи.

За потеклото на Власите постојат воглавно две теории. Според едната тие се преселени римски колонисти од Италија на Балканот во II век пр.н.е., теорија која најмногу ја застапувале романските историчари. Според втората теорија Власите се романизирани Илири, Тракани и стари Македонци на Балканскиот Полуостров, полатинчени под влијанието на римската култура и администрација.

За бројот на Власите во Македонија исто така постојат многубројни статистики повеќето со многу контрадикторни бројки. Професорот на Романското трговско училиште во Солун В.Дијаманди голем број од тие статистики ги собрал и ги издал во една брошура[22]. Како поблиска до вистината може да се смета статистиката на германскиот професор Вајганд кој кон кр.на XIX век лично ги посетил сите влашки населби во Македонија и податоците ги прибрал на лице место. Според неговата статистика во Македонија во 1889 год. заедно со мегленските Власи имало 76.405 души.[23]

Многу блиска до Вајгандовата статистика е и статистиката на Васил К'нчов од последните години на XIX век според која во Македонија имало 77.267 Власи,[24] и на Хубер, според која во Битолскиот вилает имало 63.306 или 8,04% од вкупниот број на населението и во Солунскиот 17.309 Власи или 1,53% од вкупн от број на населението. Вкупно 80.625.[25]

Романската статистика редовно го зголемувала бројот на Власите. Така напр. В.Дијаманди пишува дека во Битолскиот вилает имало 196.370, во Солунскиот 146,370 и во Косовскиот вилает 19.800 Власи, вкупно 362.540 души.[26] Грчките пак статистики од разбирливи причини тој број редовно го намалувале до најмала мера.

Бројот на Власите низ векови /особено во XIX век/ редовно се намалувал и тоа главно поради две причини: 1. голем број од нив одејќи на печалба во Романија, Грција и други држави не се вра-

Кале, и 2. голем број Власи биле погрчувани и го ~~изгубило~~ поизгубиле својот мајчин јазик. Користејќи се со привилегиите добиени од Портата, Цариградската патријаршија успеала да ја слее својата просветно-црковна политика со националната политика на грчката буржоазија, трудејќи се насекаде систематски да му всади грчка национална свест на негрчкото население. Со помошта на своите цркви, училишта, со помошта на целокупната пропагандна работа ~~на Власите~~ и ги, успеала покрај многу Словени, да погрчи и голем број Власи. И многу, до средината на XIX век уште непогрчени Власи кои уште го зборувале својот мајчин јазик, биле на пат кон погрчување. Со таа своја работа Патријаршијата до 60-те години на XIX век не била пречена од никого.

Во почетокот на XIX век се направиле некои обиди да се докаже потеклото на Власите и да се докаже дека тие се нешто одделно од Грците. Ѓорги Константин Роза, Влав, роден во Битола, студент по медицина во Пешта, во 1806 год. издал една книшка напишана паралелно на германски и грчки јазик под наслов "Испитувања за Романите или таканаречените Власи што живеат оданде Дунав" во која расправа за името, потеклото, за минатото на Власите и др. и тврди дека тие се дел од романскиот народ и дека нивното место е помеѓу Романите[27/]

Малу покасно /1813 год./ Михајло Бојаџи издал една граматика на македоно-влашки јазик. Сите тие обиди биле изолирани, осамени, скоро без резултат. За Роза може да се рече дека е протагониста на романската ориентација и еден дел од влашкото население во Македонија.

Во втората половина на XIX век македонскиот народ води борба против фанариотското духовно ропство која имала влијание и на влашкото население. Под тоа влијание и под влијанието на Власите печалбари во Романија, помеѓу Власите во Македонија се појавило едно движење, од многу историчари наречено национално, кое почнало да води борба за отргнувањето на Власите од влијанието на грцизмот, за

свои училишта и цркви. /Под свои треба да се разбира романски, бидеј-ки да другото кои се бореле за тоа се сметале себеси за Романци/. За тоа допринел и фактот што во тоа време се создала и Романската држава /1859-1861/ и пред очите на иницијаторите на тоа движење се појавила надежта во својата работа да бидат помогнати од Романците преку Дунав.

Во 1860 год. во Букурешт, по иницијатива на писателот Болинтинеану е основан Македонски комитет со цел да работи за отцепување на Власите во Македонија и другите делови од Европска Турција од грцизмот. За да се постигне таа цел било потребно тие да добијат свои училишта и цркви. Но тоа не било лесна работа. Македонските Власи со стотици години во секој поглед биле обединети со елинизмот и немале никаква духовна врска со Романија. Оноа што го примиле грчките цркви и училишта со векови, неможело така лесно да се отстрани. Скоро осумдесетте илјади Власи во Македонија иако не биле погрчени, поголемиот број биле окорели гркомани.[28]

Првото романско училиште во Македонија /и воопшто во Европска Турција/ се отворило во с. Трново-Битолско 1864 год. во кое учеле 20 ученици. Идната 1865 год. се отворило и во с. Гопеш-Битолско во кое 1890 год. учеле 117 ученика, а во женското отворено 1879 год. имало 50 ученика. До 1882 год. романски училишта биле отворени во следните места на Македонија /тука влегуваат и села од Епир/[29]

| Град-село | у ч и л и ш т а | | | |
|---|---|---|---|---|
| | м а ш к и | | ж е н с к и | |
| | отвор. год. | учен. 1890 | отвор. год. | учен. 1890 |
| Авдела | 1867 | 77 | - | - |
| Клисура | 1868 | 67 | 1881 | 60 |
| Охрид | 1868 | 55 | 1879 | 20 |
| Бер | 1870 | 154 | - | - |

| Град-село | училишта | | | |
|---|---|---|---|---|
| | машки | | женски | |
| | отвор.год. | учен.1890 | отвор.год. | учен.1890 |
| Крушово | 1868 | 133 | 1879 | 87 |
| Негуш | 1875 | 45 | - | - |
| Периволи | 1877 | 50 | - | - |
| Прилеп | 1878 | 54 | - | - |
| Битола | 1878 | 40 | 1881 | 65 |
| Маловиште | 1880 | 93 | 1881 | 65 |
| Гопешта | 1880 | 26 | - | - |
| Магарево | 1880 | 47 | 1882 | 21 |
| Самарина | 1880 | 110 | - | - |
| Гребена | 1880 | 60 | - | - |
| Никополе | 1881 | 70 | - | - |
| Фурка | 1880 | 110 | - | - |
| Водурса/Алб./ | 1880 | 42 | - | 8 |
| Лашита/Еп./ | 1883 | ? | - | - |
| Ресен | 1887 | ? | - | - |
| Пљаса/Епир/ | 1881 | 73 | - | - |
| Битола/гимн./ | 1880 | 100 | - | - |
| Јанина/гимн./ | 1886 | | | |

На чело на влашкото движење во Европска Турција застана енергичниот учител Апостол Маргарит кој како учител во Клисура уште 1862 год.го употребил романскиот јазик во грчкото училиште и со својата неуморна работа има најголеми заслуги за ширењето на романската пропаганда во Македонија.[30/] Центар на тоа движење бил Битола.

Иако во споредба со бројот на влашкото население постигнатите успеси не биле големи,се пакх биле доволни за да предизвикат жестока реакција од страна на грчката буржоазија и нејзиниот експонент Цариградската патријаршија. Во периодот кога големи маси негрчко христијанско население ги напуштало грчките цркви и училишта,а заедно со тоа и грцизмот,влашкото население,според сфаќањето на

грчката пропаганда, било "грчко" и ништо друго. Тоа немало што друго да бара освен грчки училишта и грчки цркви. Ко кога и тоа население почнало да ја напушта, се појавила опасност да бидат изгубени центри три довчера сметани од неја за најцврсти упоришта на грцизмот. Тоа поконкретно би значело да грчката буржоазија го изгуби правото да претендира на Битола, Клисура, Крушово, Невеска и повеќе други населби во кои немало грчко население туку имало само Власи-гркомани, а и и расфрлени низ цела Македонија и служеле како пропагандни, покасно/после 1903 год./ и војни бази за ширење на своето влијание и помеѓу македонското население. Од тука произлегува и фактот што Патријаршијата била неверојатно осетлива во однос на влашкото население. Од тука на обидите да се одделат од неј им објавила немилосрдна војна користејќи ги сите сретства кои и стоеле на расположение.

Но и покрај големиот отпор на кој сретнувало, влашкото движење постепено но сигурно освојувало терен и се ширело. Уште повеќе што решена да го искористи за свои цели романскат буржоазија почнала најактивно да го помага материјално и дипломатски. Од 1870 год. во романскиот буџет скоро редовно се одвојувала по една сума за пропагандата во Македонија.

Таа пропаганда зела особено замав после Берлинскиот конгрес 1878 год. 1879 год. Во Букурешт е основано "Македоно-романско културно друштво" кое имало за цел да заинтересира што повеќе луѓе во Романија за движењето во Македонија и за прибирање на што поголема помош. За таа цел почнале да се издаваат весници како напр. "Fratilia întrudreptate", списанието "Macedonia, revista Românilor din peninsula Balcanică, -"/Букурешт 1881/ идр.[31]

Од 1879 год. нагло се зголемува и помошта од страна на романската влада која од сега започнува активно да се интересува за настаните во Македонија. Додека отпуштената помош за пропаганда-

та во Македонија 1870 год.изнесувала 14.000 франка,1879 год.таа се зголемува на 40.000 франка.

Движењето во Македонија се шири и некаде повеке некаде помалку ја истиснува грчката пропаганда.Во влашките села на пл.Каракамен до Негушко,додека до 1880 год.имало мал број фамилии "романизирани", како што ги викале грчките историчари,1895 год.тие порасчале на 600 фамилии."Романската пропаганда забележа вреден да се спомене напредок во годините 1878-1895.Бројот на романските училишта во влахофоните општини прогресивно растел"-признава грчкиот историчар Влаху.[32/]

Тоа го потврдува и предната статистика /стр.100/Додека напр.за 14 години /1864-1878/ во Турција биле отворени само 9 училишта,од 1878-1881 год.т.е.само за 4 години се отвориле 18 училишта.[33/] Бројот на учениците 1889 год.според статистиката на Вајганд изнесувал 1590,[33/] а според напред изложената статистика изнесувал 1911

Успехот на влашкото движење,односно на романската пропаганда бил поголем кај номадското население и во помалите влашки центри,во селата и главно во тие места чие население одело на печалба во Романија,Бугарија,Србија и други држави,но не во Грција. Такви биле посеверните влашки населби како Охрид,Маловишта,Гопеш идр.За село Гопеш Вајганд пишува "И тука,како и во другите влашки села се води жестока борба помеѓу Власи,Гркомани и оние кои се за својата народност.Гопеш припага помеѓу малкуте села каде народната партија зела врв и тоа се должи на фактот.....дека жителите од тоа село одат повеке во Бугарија и Романија /на печалба б.м./ и како резултат на тоа немаат врска со Грција".[34/] Во поголемите центри,таму каде грцизмот имал фатено длабоки корени,каде влашкото население било и економски тесно поврзано со Грција,влашкото движење тешко се пробивало.

Најголема пречка за влашкото движење престанувал нагативниот и непријателскиот став на Патријаршијата кон романските училишта и цркви. Сите Власи духовно биле потчинети под Патријаршијата. За да се постигне успех во ширењето на просветата и воопшто за пропагандата во турските услови, потребно било да се има извесна црковна самостојност. Училишта најлесно се отварале од признатите од Портата верски институции. Но Власите во Македонија немале такви, немале своја независна црква.

Турските власти пак под притисок на Патријаршијата често интервенирале во нејзин интерес. Напр. по барање на патријархот великиот везир 1877 год. издал специјална наредба до битолскиот валија за заштита на грчките интереси.35/ Тоа се случува и 1881 год.36/ Но и покрај тоа како што видовме, романската пропаганда забележува успеси, а тие предизвикуваат револт кај Патријаршијата. Таа бара од пелагонискиот митрополит да поведе одлучна борба за да се попречи ширењето на романската пропаганда.37/ Митрополитот пак дејноста на Власите будно ја следи и во детали го известува патријархот. Во врска со изградбата на романско училиште во Мешеполе се развила читава кореспонденција митрополит-патријарх. Патријатхот не бирал зборови да ја убеди Портата да го затвори училиштето.38/

Апостол Маргарит бил проколнат од грчката црква, а и сите родители кои своите деца ги пракале во такви "проклети" училишта. Но овоа сретство не допринело многу за саканиот резултат. И покрај големите пречки "од 1878 па до 1890 год. Влашката пропаганда многу напредовала. Нејзините напори неможат додуша да се споредат со гиганските полети на грцизмот, но релативно тие не заслужуваат помало восхитување. Со смешни средства, Апостол Маргарит го изгонил Гркот од 5 града и од 30 села."39/

Не само во однос на школството туку особено во однос

на свештенството романската пропаганда,покрај српската,се наогала во најтешка поло-жба.Тие просто требало да се "купуваат" од средината на грчкиот клер.А ххх тоа било многу тешка работа.Само што некој патријаршиски свештеник би минал на влашката страна против него се фрлало проклетство,се прогласувал за неморален,односно се дигала таква хајка од страна на грчката пропаганда што често од тие свештеници морале да молат да им се прости за "гревот" барајки да се повратат назад под власта на грчката митрополија.Таков е случајот со поп Виси и Михајло од Нижеполе[40/], поп Наум од Трново[41/], поп Наум од Битола[42/] и др.Но дури и кога Власите имале свештеници немало каде да ги вршат своите религиозни обреди,немале цркви.Во месните цркви немо-жело да се употребува друг јазик освен грчкиот-Па-тријаршијата не дозволувала да се упоотребува романскиот јазик.Во Прилеп Власите кои се отцепиле од Патријаршијата одлучно го поставиле барањето да им се дозволи во патријаршиската црква да го употребуваат романскиот јазик во врска со што патријаршистите му јавуваат на пелагонискиот митрополит:"претпоставуваме смрт одколку да слушаме да се пее во црквата на романски јазик."[43/] Такво барање поставиле и Власите од другите влашки населби во Битолско-Трново,Магарево,Нижеполе,Гопеш, Маловиште,Круш-ово.[44/] И тука патријаршиската политика предизвикувала судрувања,често и физич-ки,меѓу влашкото население.Сепак таа била принудена во некои влашки места во патријаршиските цркви да дозволи читање на романски јазик,а некаде евангелието да се чита наизменично,на грчки и романски.

Потребата за нормалниот развиток на романската пропаганда го родила и црковното прашање.Иницијативата за автономна влашка црква била превземена од самите Власи,но за нејзиното остварување се хххххххххххх заангажирала романската дипломатија.Патријархот побарал од пелагонискиот митрополит да направи се што може за да се

спречи собирањето на потписи од страна на Власите со кои се барало назначуване на "влахоромански" архиереј.[45/] Митрополитот неможел да ја спречи таа акција. Тој отишол дотаму што телефонски побарал од властите во Градско да задржат еден свештеник, член на делегацијата која тргнала за Цариград, но без успех.[46/]

Една влашка делегација од шест души со едно полномошно потпишано од 5.000 души од името на "Аромански от народ" во Турција 1892 год. побарала од Портата да им назначи црковен поглавар-митрополит. Делегацијата била упатена кај патријархот, но овој го одбил нивното барање. Патријаршијата била склона кон мали отстапки кои не ги задоволувале Маргарита и неговите соработници. Така напр. 1889 г. таа /ставена пред свршен чин/ изјавила дека не се супроставува на романските училишта, но оваа дозвола ја потврдила ду-ри 1899 год.

1896 год. Власите одлучиле сами да го решат црковното прашање. Шесте делегати го избрале за свои духовен поглавар Антим, бивш Месевријски епископ, сметајки дека по таков начин ке ја стават пред свршени ~~фак~~ факт и Патријаршијата и Портата. Но и во тоа не успеале.[46а/]

Целата таа борба завршила со установувањето на влашко преставништво при Портата со граѓанско лице. На тоа Патријаршијата неможела да протестира. Им се дозволило на сите Власи~~ких~~ кои се сметале за ~~ово~~ такви да се запишуваат како "Улах" /Влав/ а не како "Урум" /Грк/ како што било дотогаш. Тоа значело дека Власите се признале како одделна народност во Турската империја. Тие имале веке можност да формират свои месни општини кои во почетокот на 1905 г. броеле околу 30. Сите тие крупни придобивки биле крунисани со султанско ираде од мај 1905 год. со кое им се давало право да влашките општини "да си избират муфтари....да им се укажуват олеснения од страна на имперските власти на назначените учители од казаните

влашки општини како за инспектирањето на нивните училишта така и за исполнување барањите од империските закони формалности при стварањето на нови училишта".[47]

Исто така им се признало на Власите да имаат свои цркви и свои свештеници-нешто кое и дотогаш го имале.

Сите тие права дадени од страна на турската власт, Цариградската патријаршија не само што нем ги одобрила, туку со сите средства се борела против нивното реализирање.

Додека во Цариград се водела борба за црковни и училишни права на Власите главно помегу романската дипломатија, Патријаршијата и Портата, во Македонија борбата помегу грчката пропаганда и романската земала се појестоки форми. Власитеползувајќи се и со големата парична помош што ја давала романската влада[48], успевале се повеќе да го шират своето влијание и отварат нови училишта. 1895 г. во Солун се отворило Трговско училиште; основни училишта се отвориле во Куманово, во Кочани, во Велес, во Кратово, во Скопје. Вкупниот број на романските училишта 1900 год. во Битолскиот вилает /епархиите Битолска, Охридска, Костурска и во околината на Гребена и Сервија/ според статистиката на И. Иваник изнесувал 48 со 3.260 ученика и 117 учители.[49] Овде треба да се додадат и 5 училишта од Косовскиот вилает и 3 од Солунскиот.

Уплашена од тие успеси, грчката пропаганда почнала дури да применува и сила. Така напр. во Битола бил извршен атентат на Апостол Маргарит, а покасно и на неговиот наследник Дума. Физичките судири станале редовна појава. Односите не се заостриле само помегу двете пропаганди во Македонија, туку почнале сериозно да се изострукат и помегу Романија и Грција, и покрај тоа што 1901 год. се одржал состанок на двата крала /романскиот Карол и грчкиот Георги/ на кој двата монарха ветиле некаква си заедничка соработка. Што се однесува

до Македонија тие не заsзеле одреден став, освен тоа што грчкиот крал ветил дека ке допринесе да му се дадат олеснениja на влашкото население во Македонија од страна Вселенската Патријаршија. Но сето тоа било само на зборови. Наместо тоа, Патријархот со едно писмо од март 1904 год., подбуцнат од грчката буржоазија, забранил да се употребува романскиот јазик во црквата. Акциите на патријархот биле најактивно подржани и од грчкиот печат кој не бирал сретства во нападането на Власите и Романците, наречувајки ги напр. "безбојна смеса од Словени, Готи, Хуни, Турци, Скити, Бугари, Цигани и безброј други варварски племиња која го узурпирала националното име на Римјаните".[50/]

Но и покрај анатемите и забраните на Патријаршијата, Власите не се нокориле. Наместо тоа стотици фамилии се отцепиле од грцизмот прифакајки ги романските училишта и цркви. По сведенијата на грчкиот конзул во Скопје, во јули 1905 год. во Косовскиот вилает, во Скопје, Кочани, Велес, Приштина и Штип имало 4.042 Власи од кои 1.083 биле "романизирани" а другите се наогале во опасност да бидат голтнати од првите.[51/] Слично било и во другите вилаети особено во влашките села на пл. Каракамен, во Караџова и во гевгелиските и битолските села. Гребенската област каде Власите соработувале со Албанците кои се бореле за автономна Албанија, по зборовите на грчкиот митрополит била "опустошена од систематското дејствување на романската пропаганда.[52/]

Зборувајки за крајно непријателскиот став на пелагонискиите митрополити кон романската пропаганда нужно е да го споменеме и следниов карактеристичен случај од кој може јасно да се види до кој степен на омраза стигнале односите на едно и исто население како резултат на пропагандите. На 10 јуни 1903 год. во Битола умрел Власот Христо Димитри. Домашните повикале влашки поп за погреб. Грчкиот митрополит се обидел да ги принуди да земат грчки поп но не ус-

пеал. Се собрале неколку стотици Власи и го принудиле митрополитот да бега преку прозорец. По попладне се собрале Власи-гркомани, ја опколиле куката и не давале да се изнесе мртовецот. Месниот градски совет решил да им се дозволи на домашните да одлучат со каков поп да го погребат. Но гркоманите не се потчиниле на таа наредба и окуражени од полицијата не пуштале никого да се доближи до куќата, а неколку противници биле нападнати и рането. По заповед од Цариград мртовецот бил погребан со војници без поп. Другиот ден, фанатизираните гркомани го отскопале мртовецот, го опеале со свој поп и пак го закопале.[53]

Интересно е да се спомени и ставот на Митрополијата во врска со погребот на Апостол Маргарит. Како што веке спомнавме Маргарит бил " ана-темисан" од грчката црква и спрема тоа не би требала да биде"достоен" да биде сохранен од грчки православен свештеник. Но не било така. По смрта на Маргарита /6.X.1903 год./митрополитот Амвросие не само што предложил покојникот да се опева во грчката црква туку готов бил и тој да присуствува. Се разбира тој обред би се извршил на грчки јазик, а и натписот на гробот можело да биде напишан само на грчки јазик.[54] Во исто време патријаршистите ги презеле сите мерки така да никој од сопствениците на земја околу не сакал да им продаде на Власите земја за гробишта буковските грчки гробишта. Се пак терен бил купен за 75 л.т. малу подолу од грчките гробишта, Егзархискиот митрополит ја ставил на располагане мртвачката кола, а од влашките села биле доведени свештеници и Маргарит бил сохранен со влашки попови и на влашки гробишта.[55] Со тоа завршила и една фаза од влашкото движење, од романската пропаганда во Македонија..

## 3. ОДНОСИТЕ НА ПЕЛАГОНИСКАТА МИТРОПОЛИЈА СО СРПСКАТА ПРОПАГАНДА

И за развитокот на српската национална пропаганда во Македонија војните и Берлинскиот конгрес претставуваат гранична етапа. Војните од 1876 год. ја прекинале нејзината повеќегодишна дејност и ги уништиле постигнатите резултати. Српскиот пропаганден апарат морал да се повлече од Македонија. Престанал да постои дури и " Просветниот одбор" за српските училишта надвор од Србија формиран 1868 год. Но уште во текот на тие големи настани српската влада со помошта на новоформираниот одбор на емигрантите од Стара Србија и Македонија организира жива политичка дејност барајќи од големите сили Стара Србија и Македонија да се присоединат кон кнежевството Србија. Резултаттите од Берлинскиот конгрес не ја задоволиле српската буржоазија; таа од сега енергично ги управува своите погледи кон југ, кон Македонија па и Солун. Се разбира за сето тоа требало да се припреми терен на лице место, требало во Македонија, по примерот на грчката и бугарската, па и романска-та буржоазија да се засили работата околу "пронаоѓањето" на Срби, односно во создавањето на такви. Тоа можело, според нејзините [illegible], да се постигне само преку отварањето на училишта во Македонија и преку црквата. Но подготвителните работи за засилување на српската национална пропаганда во Македонија не врвеле така брзо. Дури од 1885 година по неуспешната војна со Бугарија српската влада превзеда поенергични мерки за организирање и обновување на пропагандната дејност. Сепак целокупната работа на српската пропага

да до 1890 год.имала главно привремен карактер и испитување на теренот во Македонија.[56] Таа од полно причини била многу заостаната зад грчката и бугарската пропаганда и поради тоа нејзиното навлегување на македонски терен било тешко и сложено.Од тие причини таа била принудена едно време да соработува и со македонистите иако нивната политика била еднакво опасна и за неја како што била опасна за грчките и буга-рските интереси.[57]

Во 1889 год.при Министерството за надворешни работи на Србија формирано е политичко-просветно одделение /ППО/ во чија надлежност е пренесено раководењето со српската пропаганда во Турција,додека од страна на српската влада пак истата година била ограничена дејноста на друштвото "Свети Сава" /формирано 1886 год./ во Македонија, ~~од страна на српската влада~~.Од 1890 год.веке српкста пропаганда во Македонија се систематирира,а главни нејзини раководители на теренот се српските конзули во Солун,Скопје и Битола.

Успехот на српската пропаганда во Македонија не зависел само од волјата на султанот туку и од Цариградската патријаршија.За тоа била свесна српската влада и се трудела да ја придобие грчката црква употребувајки при тоа разни средства.Уште во 1885 год таа побарала од патријархот Јоаким IV да ракоположи српски митрополити во Призрен,Скопје,Велес,Дебар,Битола и Охрид ветувајки му приходи од 1.000 лири од секоја епархија.[58] 1891 год.Ст.Новаковиќ лично го посетил Цариград.Патријархот на кого му"подарил" 4.000 дин.и во исто време му предложил во Призренска,Скопска и Охридска епархија да се постави архиереј од српска народност.[59] Настојувањето на српската дипломација и пропаганда за добивање на српски архиереј во Македонија продолжувало низ целиот период и по 1891 год.

Српската пропаганда во Македонија, како и романската, се наогала во многу деликатна положба.Имено,нејзиниот успех во нај-

голема мера зависел од волјата на една друга пропаганда која Македонија ја сметала за своја, грчка, и секое интересирање на друг за неја го сметала едноставно како атака врз своите интереси. Додека односите на грчката со бугарската и романската можат да се окарактеризираат како крајно непријателски, односите на грчката пропаганда cо српската во Македонија формално изгледале пријателски, но фактички, во суштина тие не биле такви. Еве зошто: српската пропаганда во Македонија ги засегнувала интересите и на бугарската, но и на грчката пропаганда. Таа како прва задача си имала поставено да ги придобива на своја страна егзархистите и со тоа највеке ги засегала интересите на бугарската буржоазија, а го зголемувала бројот на "православието" бидејки да припадниците на српската "партија" во духовен поглед ја признавала грчката патријаршија. По српската пропаганда работела и на тоа, Македонските Словени, кои жедни за словенска писменост ја прифакале Егзархијата, и постанувале "схизматици", да грчката црква дозволи тие да минават под закрилата на српската пропаганда како словенска за да во исто време тие меси бидат задржани во крилото на "православието". Христијанската црква како црква со тоа не губела ништо, но христијанската црква како грчка, како носител на великогрцизмот во Македонија имала иста таква штета како што би имала од нивното минување кон "схизмата" оти со примањето на српски учители и свештеници, со воведувањето на словенски јазик во училиштата и црквите Македонците веке се губеле за грчката национална идеја, иако, рековме, останувале под ведомството на Патријаршијата. И бидејки српската пропаганда како цел на својата пропагандна дејност ја имала цела Македонија, а не само северна која грчката пропаганда не ја сметала за своја сфера на влијание, то за грчката пропаганда се јавил нов непријател, иако не многу опасен, против кого требало да се бори. Кога го знаеме се то тоа полесно ке можеме да

ги сфатиме и односите на Пелагониската митрополија со српската пропаганда во овој дел на Македонија.

Како што веќе рековме Пелагониската епархија се наогала во сферата на грчките национални интереси и секој обид на која била пропаганда да го прошири своето влијание на оваа територија срѕтнувала сериозен и апсолутен отпор од страна на пелагониските митрополити. Тоа се однесува и за српската пропаганда.

Српската пропаганда во Пелагониската епархија требало да направи многу напори, да потроши многу пари додека не постигне некои, во споредба со другите пропаганди, безначајни резултати. "До доаѓањето на конзулот овде, особено во Битола, многу мало се слушаше нашиот дијалект, т.е. нашиот јазик тука не се ни зборувал. Сé се зборувало на македонски дијалект, во кој, со долгогодишната работа на бугарската пропаганда, се внесени многу чисти зборови од бугарскиот јазик, па и по народот овој јазик-македонски од дијалект не се вика поинаку освен "бугарски"......Јас неуморно работам да го истиснам називот "бугарски" и се го внесам изразот "македонски", како посебен израз на словенско-српскиот јазик....." 60/ пишува српскиот битолски конзул до својата влада.

Прва задача на српската пропаганда била да формираат општини, кои признати од патријаршиските и турските власи, ќе се борат за отворање на српски училишта идр. Во Битола таква општина била формирана на чело со Атанасије Јунгиќ, Никола Кики и други, но Јунгиќ не му бил по волја на Боди бидејќи тој бил босанец кој дошол во Македонија и научил македонски да зборува и имал намера да отвори "те српско те македонско училиште". 61/ Оваа општина која се викала "српско-македонскаа општина", била самозвана, не призната од никого, пак и од самиот Боди. По иницијатива на Боди во декември 1890 год. бил извршен избор за формирање на нова општина во Битола со прет-

седател Јоаки Калуѓеровиќ,бивши егзархиски свештеник.Оваа "црковно православна словенска и школска општина" напишала молба до цариградскиот патријарх барајки овој да ја признае како таква,ја земи под своја заштита и да и́ одобри да ја земи црквата "св.Недела" која ја имале егзархистите.[62/]

Барањата кои ги поставувала српската пропаганда во Битола раководена од конзулот Михајло Боди неможеле да бидат задоволени,особено во прво време.Тија неостварливи барања пак од друга страна ни зборуваат дека раководството на српската национална пропаганда и по 1890 год.слабо го познавала теренот,самото население кое во мнозинството сите тие пропаганди,кои повеќе кои помалу,ги сметало зах туги иж тие што се нафакале активно да им служат,во мнозинството тоа го правеле на прво место раководејки се од материјални интереси,а не од некои национални пабуди,и уште послабо ја познавале политиката на Грчката патријаршија и таа на турските власти. Инако може да се објасни напр.констатацијата на Иван Павловиќ според која во Македонија "овој словенски свет е близок до нас и е одушевен за нас,готов е да се ангажира.....ако Турците дозволат да се отсрат школи,за две години нема да постои нити едно бугарско училиште до Серез и грчката граница,на другата страна;"[63/] или барањето на Боди 1895 год.да се искористува судрувањето мегу митрополитот и грчкиот конзул и при евентуалното сменување на првиот да биде поставен за пелагониски митрополит човек од српска народнос или и тоа ако неможело,да се назначат што повеќе конзули и вицеконзули и то на прво место во Прилеп и Охрид под изговор како божем тие биле трговски точки на Србија[64/]. Се разбира Боди, на и српската влада, постепено ќе стекнуваат искуство и ќе се прилагодуваат осебено што се однесува до начинот на придобивањето на македонското население[65/],но ставот на турските власти,особено на Патријаршијата,

често ке ја збунува и разочарува српската пропаганда.

Нека конкретно видиме како изгледале односите Митрополија-српска пропаганда во Пелагониската епархија. Основни сретства на српската пропаганда во Македонија биле црквата и училиштата. Но таа немала ниту свештеници, ниту имала свој орган во Турција кој би можел да посвети свештеници и цркви, да отвори училишта. Тие права ги имале Патријаршијата и Егзархијата. Да се бара помош од Егзархијата било исклучено, останувало единствено Патријаршијата. Но оваа тешко се решавала да го прави тоа во Пелагониската епархија. Српската пропаганда успеала да придобие извесен број егзархиски свештеници, и баш преку проблемот кој воскреснал околу овие свештеници и воопшто околу прашањето на свештенството ке можеме во најголема мера да ги проследиме и односите меѓу Митрополијата и српска пропаганда. Патријаршијата не ги признавала егзархиските свештеници за православни свештеници. Таа го застапувала мислењето дека егзархиските владици се обични мирски лица и спрема тоа нивно-то ракополагање на лица за свештеници немало никаква важност за православната црква.[66/] И по овој случај Патријаршијата сакала да ја истакне "нелегалноста" на егзархиската црква. За да ги признае за православни егзархиските свештеници Патријаршијата барала тие пак да бидат ракополокени од нејзините митрополити. Но речиси сите егзархиски свештеници не сакале да чујат за повторно ракополагање.[67/] Тоа многу ја комплицирало работата на српската пропаганда. Околу ова прашање Боди побарал стручен совет од српскиот митрополит Михајло од Белград. Од одговорот на митрополитот можеме да видиме дека таквиот став на Патријаршијата кон егзархиските свештеници не бил диктиран од некои црковни к принципи, туку од чисто грчко-националистички интереси. Имено на територии кои биле под ведомство на Егзархијата и по Берлинскиот конгрес биле отстапени на Србија биле затекнати свештеници и владици

ракоположени од егзархот.Во врска со тоа се барало совет од патријархот кој одговорил дека тоа прашање го остава да го реши српската црква.Ова пак никого повторно не ракоположила.Митрополитот Михајло натамо вели како имало канон според кој се забранувало да се тајната на свештенството повтори на едно лице.Освен тоа схизматиците не биле еретици за да не се признавало крштение и други тајни кои се вршат од нив.Затоа ,продолжува Михајло," сметам дека патријархотж греши""кога бара од егзархиските свештеници повторно ракополагање.[68] Генерал Грујиќ српски посланик во Цариград по барање на својата влада ја посетил Патријаршијата и разговарал околу овој проблемж,но патријархот не сакал никако да отстапи.Околу ова решавал и Светиот Синод и донел решение:за свештениците ракоположени од грцки митрополити кои минале на страна на Егзархијата и потоа пак се повратија доволно е покајание;тие кои се ракоположени од Егзархијата требаж пак да се ракоположат.[69] Патријархот му одговорил на српскиот посланик во Цариград дека бугарските свештеници биле полоши и од еретиците,оти тој се сомнева дека тие се повракаат во православието од убедување;дека тие биле шпекуланти и за пример го спомнал поп Јанаки од Битола.[70]

Значи тамо каде не се простирале територијалните аспирации на великогрцизмот можело лица ракоположени од егзархот да се сметат за православни свештеници,во Македонија неможело.Со други зборови црковните норми се претвориле во чисто политички кои се менувале,се прилаго-дувале, спрема интересите на грчката пропаганда.

Во духот на решението на Светиот синод Министерството за надворешните работи на Србија испратило окружница до сите конзули во Турција за раководење.За веке преминатите егзархиски свештеници кон српската пропаганда се препорачува скромна пензија-привремено.[71] Од сега требало да се работи за придобивање свештеници

/егзархиски/кои биле ракоположени од грчкиот митрополит и за ракополагане на нови. Но и тука пелагонискиот митрополит покажувал не само неразбиране туку и непријателство кон барањата на српската пропаганда. Една мала групам прилепчани /80 потписи/кои решиле да ја прифатат српската пропаганда, а со тоа во исто време ја признавале Патријаршијата ,го мол-еле митрополитот да ги прими под својa закрила и да им дозволи употреба на мајчин јазик /српски/ и словенска служба во црквата.72/ Една делегација од Варош упорно барала митрополитот да им ракоположи свештеник и повеке не сакала да се врати назад со празни раце да не й се смеела "бугарската партија"73/ Митрополитот сите такви барања ги одбивал под изговор дека требало да се праша патријархот. Не само тоа, тој му наредил на својот намесник поп Зисик во Прилеп да не ги зима под заштита неколкуте србомански свештеници во Прилепско бидејки тие иако биле православни се пак не биле грчки туку српски.

Погрешно е да се смета дека таквиот став на грчката црква кон српската пропаганда е лично нејзин став. Тоа било став на грчката влада која преку своите конзули во Македонија ја насочувала и дејноста на грчките митрополити. "Тукашниот грчки конзул кој нимало пријателски не се однесува кон нас"- пишува Боди до цариградскиот српски посланик, речиси секој ден одел кај митрополитот и го наговорувал ништо да не им попушта на Словените бидејки тоа е на штета на грчките интереси. Кога еден пат станало збор во Митрополијата како во Варош имало "чисто стари Срби", грчкиот конзул иронично се насмевнал "да је чуо, да у Македонији има Срба"75/

Особено непријателски став кон српската пропаганда во Епархијата зел митрополитот Козма. Тој почнал "отворено да прогонува се што носи српско име". Го укинал читањето на евангелието на словенски јазик во црквата "св. Димитрие" во Битола; тој отворено изјавил

"кој сака да е Грк,добро,а на кој му е мила словенската.а не грчката служба,нека оди кај схизматиците...."[76] Козма дури им забранил на грчките попови да ги сохрануваат србоманите.Тоа,изгледа,било одговор на грчката пропаганда на српските успеси во Призрен против грчкиот митрополит,[77] успеството еден реон кој бил српски и надвор од грчките свери на влијание.

Но доаѓањето на егзархискиот митрополит во Битола ги зближил органите на грчката и српската пропаганда во Епархијата.Козма на српскиот вицеконзул во Битола му предложил,со дозвола на Патријаршијата,да се отворат српски параклиси во сите важни места на Битолскиот вилает со српски архимандрити.Не треба да се истакне дека овој предлог на Козма не бил искрен и имал за цел да ја придобие српската страна во моментот кога неговите интереси биле многу застрашени.И српската пропаганда била загрозена од доаѓањето на егзархиски митрополит,а во исто време сакала да го исползува случајот и звлече што поголема корист.Српската влада барала од својот конзул во Битола да се придобие Козма да назначи за помошник Србин и заеднички да ги здружат силите против Егзархијата.Со цел да се придобијат и Власите во Битолско во протестите против доаѓањето на егзархискиот владика,српската влада превзела чекори преку владата на Стурза во Букурешт[78].Се разбира било илузорно да се надева некој дека Власите ке се борат против бугарската пропаганда која ги загрозувала интересите на грчката.Како што е познато заедничките протести на патријаршистите /гркомани и србомани/ не успеале да го спречат доаѓањето на егзархискиот владика во Битола..

После повеке години упорна работа на српската дипломатија,после трошењето на многу пари,[79] конечно 1897 год.турските власти дозволиле да се отворат српски училишта во Македонија.Цариградскиот патријарх завзел негативен став кон настојувањата да се отворат

српски училишта. Тој сметал дека дозволи за отворање на православни училишта надлежен бил за издавање само патријархот, т.е. неговите митрополити. Затоа му наредил на Пелагонискиот митрополит најенергично да се завземе пред месните власти за да го попречи издавањето дозволи за српски училишта.[80]

Односите на грчката црква кон великосрпската пропаганда во Пелагониската епархија до Илинденското востание си останале исти-формално пријателски, фактички непријателски. Митрополитот Амвросиос кој бил последен грчки владика во Епархијата во, така да ја наречеме, мирната фаза на странските пропаганди во Македонија, во тој поглед не се разликувал многу од своите претходници. Ево што за него пишува Михаило Ристиќ, српски конзул во Битола, еден од поспособните српски дипломати во тоа време: за него/митрополитот/ само Грците се православни, Бугарите се схизматици, Србите и Романците се "кривославни"; не трпи словенска служба, туку ги тера и српските попови да служат грчки; отворено зборува против изборот на Фирмилијан; не дава параклис во Прилеп; Србите ги наречува волци кои го растројуваат православието идр.[81] Инаку Амвросије пред тоа бил две и пол години српски платеник и примал 500 дин. месечно за своите "услуги".[82] Од како Ристиќ му ветил 3.000 дин. "годишна плата", Амвросиос веднаш постанал голем "пријател" на српската пропаганда, ветувајќи дека ќе ја помага во Прилепско за превземањето на Зрзе и Слепче идр[83]

Неразграничените сфери на влијание во Македонија меѓу српската и грчката влада се сметале за основна причина за негативното држање на Цариградската патријаршија и нејзините митрополити кон српската пропаганда во Македонија.[84] На границата меѓу XIX и XX век се дошло до контакти меѓу овие влади за одредување границите на нивните аспирации во Македонија, но без успех. Грчката влада, како што спомнавме, за своја сфера на влијание ја сметала на север линијата Неврокоп-Мелник, Прилеп, Крушово-Струга, додека српската линија на

југ би дошла до Радовиш-Велес-Дебар. При една таква спогодба грчката влада би го употребила своето влијание кај патријархот за назначување на српски митрополити во Скопје, Призрен и Велес, а како одговор на тоа српската влада би се задолжила да ги укине своите конзули во Сер, Солун и Битола. Српската влада била незадоволна и се откажала од натамошните преговори.[85] Тоа не значи дека двете влади ги прекинале своите напори за спогодување околу одредувањето на сфери на влијание во Македонија. Српскиот посланик во Атина бил доста упорен во настојувањата да се реши тоа прашање. Тој често при срекавањето со грчките одговорни фактори го покренувал тоа прашање како актуелно. Стојан Бошковиќ, посланик во Атина ја известува својата влада во Белград во мај 1902 год. како при срекавањето со претседателот на грчката влада Зајмис разговарал "за потребата за спогодување мегу Србија и Грција и во тој смисол сферите на влијание на едната и другата држава во црковните и просветните прашања на нивните соплененици во Македонија поблизу да се означат...."[85a]
Неколку години упорно, за истата цел, особено министерот Владан Ѓорѓевиќ кој е поранешен посланик во Атина 85б/
Но грчката влада не била склона да се откажува од територии во Македонија кои ги сметала за свои во интерес на Србија и затоа и не се одушевувала од такви преговори.

За тоа што двете влади не можеле да се спогодат, 1901 год. се спогодиле грчкиот и српскиот конзул во Битола. Ево како тие /Пезас и Ристиќ/ си ги одредиле сферите на влијание во овој дел на Македонија:

1. Северно од Прилеп и Крушово Грците не смеат да се појавуваат со своја пропаганда и должни се да ги помагаат Србите против Бугарите.

2. Зоната мегу Прилеп, Крушово и Битола се огласува за мешовите. Во неја има да остане сегашната положба во однос на Грци-Срби. Едните не смеат да удират на другите, а должни се да си помагаат

во борба против Бугарите.

3.Јужно од Битола Србите не смеат да се појавуваат со својата пропаганда,а должни се да им помагаат на Грците против Бугарите.[86/]

И ете така Македонија која била "чисто грчка" односно "чисто српска" земја,станала предмет на делење не само мегу балканските влади туку и мегу нивните дипломатски претставници на теренот.

За резултатите од дејноста на српската пропаганда до почетокот на XX век ке приведиме неколку податоци од кои ~~нека читателот~~ ке се извлече зачлучок дали тоа може да се смета за успех или неуспех на српската национална идеја во овој дел на Македонија.

Во првата учебна година по добивањето на дозвола за отварање на училишта,т.е.во 1897/98 год.во реонот на битолскиот конзулат,односно во Битолскиот вилает имало 24 училишта со запишани 1.286 ученика од кои до крајот на годината останале 838 ученика.[87/] Од овој број само еден мал дел му припагал на Пелагониска епархија. Во 1901/1902 год.кога бројот на српските училишта бил најголем, во битолскиот вилает имало 34 училишта,67 учители и 1.686 ученика од вкупниот број во цела Македонија и Стара Србија кој изнесувал 217 училишта,409 учители и 9.179 ученика.[88/] Во 1898 год.во битолскиот вилает биле потрошени за плати на"учители,платеници" идр.над 121.000 дин., во 1899 год.над 160.000 дин.,а во проект буџетот за 1902 год.биле предвидени 181.000 дин.[89/]

## 4. ОДНОСИТЕ НА ПЕЛАГОНИСКАТА МИТРОПОЛИЈА СО КАТОЛИЧКАТА ПРОПАГАНДА

Лазаристичка мисија во Битола доага кон средината на XIX век кога условите за ширење на унијатското влијание не биле погодни. Во тоа време грчката пропаганда е господар на ситуацијата, а преродбенското движење кое евентуално би можело да се исползува било уште слабо. Но тоа лазаристите не ги обесхрабрило. Тие отварат 1855 год. основно училиште во кое се предавало француски, латински и грчки ~~ниекиу~~ јазик посетувано во прво време од македонски и влашки деца.[90] Другите предмети биле предавани на словенски јазик од некој си Иван Вукадиновиќ од Далмација. Пелагонискиот митрополит остро реагирал на тоа и успеал турските власти да го протерат. Така грчката црква уште во почетокот започнува непомирлива борба против унијатската пропаганда и таа борба ќе ја води до ~~број~~. крај

Лазаристите, со цел да ја засилат својата пропаганда се трудат да добијат што поспособни учители. /Покрај бугаринот Васил Манчев кој брзо бил отпуштен/ Така напр. шефот на мисијата Le Paven побарал од Штросмајер да му го испрати за учител Константин Миладинов, кој во моментот се наоѓал во Ѓаково кај него.[91] Исто така лазаристите се обиделе за учител да го придобијат 1861 год. Димитар Миладинов.[92] Но ако во тоа не успеа-ле, тие успеале да го придобијат 1864 год. за учител, Јордан Константинов-Џинот, кој ја примил и унијата.[93]

На крајот десетина битолски семејства преминале во унија и создале унијатско црковно-училишна општина во градот.[94] Кога

унијатството се проширило во Тиквешко и Велешко од каде доагале поголем број ученици, унијатското училиште било претворено во двокласно, а под раководството на лазаристичките калугерки било отворено и женско училиште.[95/]

Лазаристичката мисија во Битола била центар кој раководел со унијатската пропаганда во голем дел од западна и централна Македонија. Таа на селаните кои страдале и гладувале им давала разновидна материјална помош и успеала да придобие дел од нив во Кавадарско и Велешко. Но тие минимални успеси не биле трајни. Под притисок на турските власти, Патријаршијата и руската дипломатија речиси сите села ~~речиси~~ ја напуштаат унијата 1865 год.[96/] Таа натамо забележува пак некои успеси но пак краткотрајни и тоа главно надвор од битолско-прилепскиот реон. Така во иднина дејноста на битолската лазаристичка мисија се сведува врз училиштето и врз некои хуманитарни акции. Но иако дејноста на лазаристите била толку ограничена, сепак тие, со самиот факт што во течение на времето успевале да го зголемуваат во извесна мера бројот на учениците од кои еден мал дел произлегувал од редовите на гркоманските семејства во градот, се повеќе ја предизвикувале ~~повлекувале~~ и омразата на грчкиот пелагониски митрополит и воопшто на грчката пропаганда во Битола .....

Стремежот на католичката пропаганда да го искористи сепаратистичкото движење во Македонија во свој интерес, а во исто време давајќи му поткрепа на тоа движење, ја предизвикувала против себе не само бугарската, туку и грчката пропаганда во Пелагониската епархија. Како што Прилеп на времето водел во борбата против фанариотското ропство, така и сега водел во борбата против туторството на Егзархијата. И покрај тоа што ~~во голема мера~~ раководството на прилепската општина се наоѓала во рацете на луѓе кои припадноста

под ведомството на Егзархијата го гледале единствена можна и нормална работа,се наогале сили кои на разни начини се обидувале да се борат за нешто свое,чисто македонско,и покрај тоа што условите во Македонијаи не биле погодни за тоа и неможело да се очекува некој успех.Најкарактеристичен настан е отцепувувањето 1887 го-д. на неколку стотици прилепски семејства од Егзархијата на чело со поп Спасо Игуменов и неуспешниот обид со помошта на српската пропаганда,која решила да го исползува за свои цели,да создадат "македонско-православно општество".[97] Ова движење,за кое само со неколку редови ке споменам, било поврзано и со исто такво движење во Скопје и претставува посебен интересен проблем за обработување/ 1890 год.пак ги заинтересирало пропагандите во Македонија,посебно во Епархијата.Српскиот конзул во Битола ја известува својата влада во врска со тоа,а ова Ст.Новаковиќ во Цариград,како,со оглед на тоа што грчката Патријаршија не би дозволила употреба на словенскиот јазик "хтели су да образују автокефалну цркву".И бидејки морале да побарат од некого заштита,а бидејки католичката пропаганда веке од порано "фрлила на нив око",зато се ставиле под нејзина заштита, сметајки ја како европски гарант пред турските власти.[98] Води бил известен од поп Спасе како народот не сакал католичанство,но,но сакат да се отцепат од бугарската схизматичка црква.1.200 семејства Поп Спасе, според Води и Ст.Новаковиќ, бил доста превртлив,но имал големо влијание мегу населението и требало да се поткупи со оглед на тешката материјална положба во која се наогал и да се исползува за отворањето на српска општина во Прилеп.Егзархијата му давала 120 лири турски годишно под услов да оди во Енце-Вардар и го напушти Прилеп.[99]

Сепаратистичко-македонистичкото движење во Македонија имајки против себе многубројни и силни непријатели, неможело да пре-

расне во некое пошироко и помасовно движење. Но сепак таа природна историска тенденција и форма на национална афирмација на нашиот народ не можела да биде искоренета и од време на време им давала големо главоболие и на Егзархијата и на Патријаршијата.

Во 1891 год. лазаристите во Битола имале основно училиште на француски јазик со 80 ученици од кои 62 православни и 18 католици. Кон почетокот на XX век било формирано едно сиропиталиште за деца, и еден диспанзер за болни со бесплатно лекување и женско училиште.[100] Таквата дејност на западната пропаганда го натерала патријархот со една окружница[101] да им обрне внимание на митрополитите како родителите-православни ги даваат своите деца во католички и протестански училишта за да "божем научат туѓ јазик и да примат европска култура", без да мислеле дека со тоа тие ученици се одалечувале од верата и татковиот јазик што имало штетни последици по црквата и татковината итн. и бара да не се пракат децата во тие училишта, а тие што веќе ги имале испратено да ги повлечат. Уште пред оваа наредба на Патријаршијата пелагонискиот митрополит, гледајќи ги штетните последици од лазаристичката пропаганда по интересите на грчката, решил да преземе некои конкретни мерки. "Познато е на Вашата чесност дека овде повеќето од дипломираните на гимназија-та или на граѓанската школа со намера да се одадат на животворна професија, принудени се да ги посетуваат училиштата на браќа лазаристи плаќајќи школарина за изучување на француски јазик- се вели во извештајот на митрополитот до грчкиот конзул во Битола. Секако Ви е познато и тоа дека..... Defensores следејќи го примерот на својот претходник, познатиот Fauriel и неговите другари не престануваат, заедно со другите штетни продавања, да се трудат да ја внесуваат во срцата на учениците идејата оти не се Грци, дека во Македонија, нарочно северна, има само Власи и Словени". Важно ме-

сто во ваквата дејност зимал "фанатикот папист.....Ипер".[102] Со цел да се сузбие таквото влијание,со цел да се попречат младите луѓе даж ги посетуваат училиштата на лазаристите,митрополитот предложил да се отвори двокл-асно трговско училиште,во кое меѓу другото,би се учело француски,сметководство.Бидејќи безплатната здравна помош давана од милосрдните сестри на лазаристите привлекла голем број луѓе,а при тоа примале и совети кои не биле лишени "од национално убиствените проповеди на Ипер",митрополитот предлага да се прошири грчката здравна служба при болницата "Евангелизмос".[103]

Католичката пропаганда во Битола, ~~по мое мислење,~~ била ~~единствена пропаганда која помогнала да му нанесе штета на нашиот народ. Не само то~~, во најтешките моменти кои ги преживувал народот, ~~здравната служба на лазаристите~~ му дала несебична помош и то не само во градот, туку и по селата на вилаетот.Преку нивниот диспанзер минале 25.000-30.000 болни.[104] Задграничните претставители на В.О. Христо Татарчев и Хр.Матов испратиле благодарно писмо до архиепископот Менини во Пловдив во кое се искажуваат најтопли чувства на благодарно-ст за самопрегорот и големите услуги направени од срана на милосрдните сестри во Битола за олеснување болните на настраданото населенне.[105] во илинденското востание

## 5.ОДНОСОТ НА ПЕЛАГОНИСКАТА МИТРОПОЛИЈА КОН ВМРО И ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ

Стремежот на балканските монархии кон завладување на Македонија всушност бил стремеж кон поделбата на Македонија.Бидејќи за секого било очевидно дека изгонувањето на Турците и присоединува

нето на Македонија неможела да го изврши напр.Бугарија сама туку ке треба да бара помош од другите соседни држави.Аж тие држави имале слични претензии кон Македонија како и Бугарија.Не,никој од соседните држави не работеле и не им стало до ослободувањето на Македонија;Ослободувањето на Македонија можело да стане само преку внатрешно востание,со сопствени сили.Тоа добро го знаеле нашите првоборци-Гоце,Ѓорче,Сандански.Затоа на националноослободителното движење требало да му се даде/их му се дало/самостоен карактер и да му се постават чисто македонски цели и задачи на борбата,бидејки таа борба била условена од внатрешниот,македонскиот економско-општествен развиток,а не од оној во соседните држави.

Стремежот на македонските револуционери и народ бил насочен кон создавање на своја македонска држава,на слободна македонска република.Револуционерните водачи Гоце и други биле луге со прогресивни сваќања;тие биле по душа републиканци,а не монархисти. Значи и од која страна кда се разгледува дејноста и целите на тие револуционери,тие биле во длабока спротивност со интересите на оние кои не бирале средства да го убедуват македонецот дека треба да биде присоединат кон грчкото,бугарското или српското кралство.Затоа со создавањето на ВМРО започнува нов период од македонската историја,се внесуваат нови,многу важни елементи во националниот развиток на македонскиот народ и неговата слобода.И не случајно соседните пропаганди ја засилуваат својата дејност во Македонија,трудејки се со сите сили не само да привлечат на своја страна што повеке луге, да отворат што повеке училишта и цркви,туку по секоја цена и со сите сили да го компромитир ат македонското револуционерно движење, да го одвојат од масите,да му преписват цели туги на Организацијата, идр. Со конкретните акции против Внатрешната организација,како што е познато,највеке се истакнала бугарската пропаганда,која најрано

од сите други почнала да употребува и оржжие и вооружени чети со цел да ја постигне својата цел.

Балканските владеачки кругови сватиле дека тука не се работи за некоја маневра, за обични з'орови, туку за еден длабоко обмислен акт, за една обмислена политика, создадена од внатрешните потреби за ослободување на македонскиот народ за чие остварување предпоставувашеш: противставување на секое мешање во внатрешните работи на Македонија и нејзината ослободителна борба од страна на надворешни фактори; ослободувањето на Македонија нема да биде дело на Бугарија или друга балканска држава, туку на самиот македонски народ; македонското револуционерно движење да носи чисто македонски карактер; резултатот на борбата да биде автономна Македонија.

Македонските револуционери ја познавале добро положбата во Македонија. Тие знаеле дека македонскиот народ е поделен на егзархисти и патријаршисти, дека во Македонија живеат и други народности ~~[illegible]~~. Затоа и борбата била насочена така да не испадне да е управена против никој од тие групации.

Дали ке се оствареле целите на ВМРО или тие на врховизмот за грчката влада и буржоазија било се исто-и во едниот и во другиот случај, нејзините интереси во Македонија биле најсериозно загрозени. И затоа таа не правела разлика мегу централисти и врховисти, туку се што се случувало во Македонија, секоја акција на Револуционерната организација во Македонија ја претставувала како акција на "бугарските комитети", со други зборови како акција на бугарската влада. И штом е така, штом некоја организација во Македонија се бори за интересите на бугарската држава, природно тоа би било против интересите на грчката држава и спрема тоа природно е нејзе да и се објави немилосрдна борба.

Ево напр. според Николаидис какви би биле последиците од една автономна Македонија по грчките интереси. Во автономна Македо-

нија, вели авторот, би влегол и Скопскиот вилает со своите околу 600.000 Словени, плус 350.000 од другите два вилаета би создале едно мнозинство словенско, кое, по неговата предсметка, би изнесувало 300.000 повеќе од Грците во Македонија, а тоа мнозинство во текот на времето би се зголемувало.[106] Штом се признава дека тоа мнозинството би се зголемувало, индиректно се признава дека тоа другото население сепак не било грчко штом при одредени услови би допринело да се зголеми бројот на Словените. По грчката пропаганда како најсилен аргумент за оправдувањето на својата борба против автономна Македонија го земала примерот со Источна Румелија која прво била прогласена за автономна област, а потоа 1885 год. била присоединета кон Кнежевството Бугарија.

При тие услови додека бугарската буржоазија правела се што можела преку своите агенти-врховисти да навлезе во Внатрешната организација да го превземе раководството и да ја насочува нејзината дејност, според нејзините потреби и интереси, грчката буржоазија спасувањето на своите позиции го гледала во продолжувањето векот на турското господство во Македонија, со други зборови таа се обидела на разни начини да му даде помош на турската власт во нејзината борба против оние сили кои го загрозувале нејзиниот опстанок т.е. против Внатрешната организација. Еве што и предлага на својата влада грчкиот конзул во Солун Евгенијадис во еден свој извештај од 1902 год.[107]

1. Соработката на грцизмот во Македонија со Бугарите за ослободувањето на Македонија од Турците треба да се исклучи по секој начин бидејки Бугарите немаат само за цел уништување на турското господство, туку и проголтување или уништување на гркото население.

2. Опасноста за грцизмот во Македонија од Бугарите го на-

лажува одржувањето на турското господство, додека успее грцизмот да ја земе управата во цела Македонија во свои раце.

3. Најдобриот и најсигурниот начин за да се уништат акциите на Бугарите против Грците во Македонија е соработката и на дипломатските претставници на Грција и на македонските Грци со Турците.

100. Annales ... Tome LXVI ______ стр.221 и Гласник на институтот за национална историја, Скопје, год.VII, бр.1, стр.242. "Нашите [illegible] бројно станаа два пати поголеми; младите девојки Грчинки, без оглед на заканувањата од нивниот митрополит, дојдоа кај нас во можно голем број..." - се вели во едно писмо на [illegible] школата во Битола од 17.VII.1903 год.

101. ДАМ, ГП, Дописки за 1902, ф.с.82

102. Исто, кн.40, стр.26

103. Исто,

104. Цитираниот погоре Гласник, стр.242-246

105. Исто, стр.240

106. Николаидис, ц.д., стр.8 9

107. Βασ. Λαούρδας, Το Ελληνικόν προξενείον Θεσσαλονίκης 1903-1908, Θεσσαλονίκη, 1961, σελ. 8-9

108. Македони, цитираниот Летопис /превод/

Х. Херој од времето на грчкото востание против турското ропство

109. Аспреја, ц.д., стр.12

110. Исто,

111. [illegible]азазис, ц.д., стр.184-210

112. Исто, стр.218. Види и [illegible] Μακεδόνου, Μακεδονική κρίσις, Α, Κομιτάτα και Βούλγαροι, 1901-1903, Αθήναι, 1903, σελ. 13

113. одис, ц.д., 24-37

114. Влахус, ц.д., стр. 168

115. Никола Петров-Русински, Спомени, ракопис, /Институт за национална историја, Скопје/

116. Л. Лозанчев, Спомнини, ракопис, стр. 17 /Институт за национална историја, Скопје/

117. Дипломатски архив, Белград, ППО, ред 66-1901, пнбр. 149, 16.III.1901, Битола

118. сто, пнбр. 173, 24.III.1901, Битола

119. АМ, ГПМ, Преписка за 1901.а.е.9

120. Θεοχ. Γεωργιάννης, Ἡ Μακεδονία προδιδομένη... (ζ.δ.) σελ. 13-14

121. Исто, стр. 16

122. сто, стр. 17

123. Μακεδονικὸν Ἡμερολόγιον, ζ. κн., σελ. 241-242

124. Којда, ц.д., стр. 244-154

Д Е Л II

# ПЕЛАГОНИСКАТА МИТРОПОЛИЈА ПО ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ ДО Балканските војни ~~МЛАДОТУРСКАТА РЕВОЛУЦИЈА 1908 год.~~

## ГЛАВА I

### .ВООРУЖЕНИ ПРОПАГАНДИ

#### 1.КРАТОК ОСВРТ ВРЗ ПОЛОЖБАТА ВО МАКЕДОНИЈА И КОНКРЕТНО ВО ПЕЛАГОНИСКАТА ЕПАРХИЈА ПО ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ

Слично на Берлинскиот конгрес и Илинденското востание представува гранична етапа во развитокот на пропагандите на балканските монархии во Македонија.Крајната цел на нивната дејност си останува иста-припремање терен за завладувањето на што поголем дел од Македонија во дадениот момент.Но сега условите биле изменети и спрема ттоа се измениле и средствата на пропагандите.

Илинденското востание,иако очекувано,многумина изненади и загрижи со својата динамичност,опфат и масовност."Востанието е тука речиси општо,го опфака речиси целиот словенски дел на вилаетот ......Тоа не ке само дело на одделни агитатори и престапници,како што тврдат многу весници;тое е излив на незадоволството на цел еден народ.Не стана од желба за авантура од страна на неколку безработни лица,туку е повик за помош на едно длабо-ко угнетено население што

се бори за слобода и средени ~~и~~прилики"-се вели во извештајот од 27.VIII.1903 год.на Аугуст Крал,австриски конзул во Битола,до австриискиот ~~княжух~~ министер за надворешни раббти гроф Голуховски[1].
Обидот да ја оствари таа најприродна желба нашиот народ требаше многу с-капо да го плати.Знаејки го ставот на заинтересираните големи сили кои биле против секакви промени на Балканот и запазување на status quo во Македонија и спрема тоа заинтересирани за мирот и редот во оваа турска провинција,султанот решил во крв да го задуши востанието.При тоа турските власти вршеле такви жестокости, и тоа на прво место врз мирното население,што предизвикувале згрозуване и кај претставителите на земјите кои директно биле заангажирани околу "смирувањето" во Македонија."Турците.....премногу слабо и премногу кукавички да стапат во борба со востаниците по планините,но исто така п-онекогаш и бесни поради претрпениот неуспех, се нафрлуваат на местата и после плачкосувањето на нивните куки,убивањето на многу жители,обесчестувањето на жени и девојки,ги срамнуваат со земјата."[2]

За турските зулуми,пљачкања,убиства и слично опширно пишувале и српксите конзули во Македонија во своите извештаи до српската влада."Упропастувањето на словенските села,уништувањето на словенското население и секакви зулуми над оној дел што останал уште жив,продолжува постојано од страна на турската редовна војска ....." се вели во извештајот од 5.IX.1903 год.на Дуб.Михајловиќ,писар на битолското српско конзулство.[3]

За зверствата на турските "умирувачки" органи вршени врз нашето население во и непосредно по Востанието,за кои пред објавувањето на документите од проф.Л.Лапе[4] и проф.Д.Зографски[5], како поважен извор ни служеше познатиот "мемоар" на Главниот штаб на востаниците испратен до претставителите на Големите сили[6],ние нема да

пишуваме.Сите се сложуваат дека тие зверства биле грозни,страшни. Спрема тоа и последиците биле страшни-многу семејства без кров на главата,без основни сретства за живот,без свои работоспособни членови,разочарани,многу деморалисани.

Како што е познато биле превземени извесни акции од меѓународен карактер со цел да му се ублажи тешката положба на настраданото население,особено во Битолскиот вилает,преку делењето на материјална помош.Помош за обновување на уништените куки и др.делела и турската влада,но сето тоа било премалку за да ги задоволи најминималните и најнеопходните потреби на фрленото во ужас население во зимата 1903/1904 год.[7/] Помош отпуштиле и владите на балканските држави кои ги делеле нивните конзуларни и други пропагандни органи во Македонија.Грчката пропаганда формирала специјална комисија во Битола за делење на помош на чело со грчкиот преспано-охридски митрополит/чие седиште било во Крушево/ Антим.Колкава била таа помош ние не знаеме,но од сведенијата кои ги имаме[8/] се гледа дека таа била симболична,беззначајна,а при делењето важна улога играле политичките мотиви.Највеке била делена помош во патријаршиското село Раково и во Крушево."Грчкиот конзул однесол во Крушево многу пари а по тоа тамо заминал романскиот вицеконзул со 10.000 динари."[9/] Грчката пропаганда која се припремала за голема пропаганда и војна офанзива во Македонија тешката ситуација веднаш почнала да ја ползува за реализирање на свои планови.Така припремајки некој меморандум,за да добие што повеке потписи и селски печати,таа со собраните пари за помош ги плакала мухтарите и селаните,односно ги плакала нивните печати и потписи.[10/]

Ево едно интересно искажување на Љуб.Михајловиќ за улогата која би ја изиграла помошта делена на нашето население во тие трагични моменти од страна на Грција,Бугарија и Србија."Во овие

тешки дни,кога на народот му грози неволја со смрт,материјалната помош ке му биде спасение и кој ке му го даде тоа спасение ке биде негов"[11/] Значи политичкиот а не хуманитарниот момент играл примарна улога при одредувањето и делењето на помошта од претендентите на Македонија.

Бугарската помош делена во Битолскиот вилает се вршела главно преку Кнежевското трговско агенство и митрополитот.И таа помош со оглед на потребите имала симболичен карактер.Според еден список за делење на помош во октомври 1903 год.203 лица,испратени на заточение од турските власти,добиле по 4,30 лева златни помош од Бугарското трговско агенство во Битола.[12/]

Тешката положба создадена од свирепото задушување на Востанието станувала уште потешка од принудувањата на селаните,и кој имал и кој немал,да им предаде пушки и друго оружје на турските власти."Власта и понатаму врши претреси по селата,барајки секогаш оружје,а на нејзините органи и ова им е добра згода да го соберат од куките она што вреди,да го уценат селото,да ги задоволат своите животински сакања и добро да ги измачат селаните"-јавува писарот на битолскиот српски конзул Љуб.Михаиловиќ во својот извештај од 15.Х.1903 год.[13/]

Објавувањето на амнестија од страна на султанот повеке имала за цел да предизвика ефект надвор од Турција одколку да допринесе за смирувањето на положбата.Депортирањата,многубројните самоволни осудувања,апсењата и пресудите на многу веке "амнестирани", бедната состојба и преполнетоста на затворите,"прекумерната смртност во болниците,апсаните и на прогонетите во Дијар-Бекир наложуваат да се мисли сериозно"-[14/] вели Крал.

Кога веке станало јасно дека со помошта на оружието нашиот народ не успеал да се ослободи,нити да си ја поправи сво-

јата положба,туку обратното,како што видовме,неговата положба се влошила,тогаш многу луѓе почнале да се надеваат и да очекуваат помош од иницијативата на Европа иако искуството ги учело дека не треба да се надеват на таква помош.Но "ова состојба мора да се промени,нејзе мора да и се најде излез;движењето тоа не можеше да го изврши,останува надежта дека со реформите/Мирцштегските,б.м./ќе може нешто да се постигне.Ако не тоа,тогаш ќе дојде нешто трето или четврто,само на ова не може да се стои,тоа го секаваат сите христијани и Турци.Таа е причината за големото интересирање за реформите"[15] Со таквата констатација се сложувал и австрискиот конзул Крал,кој вели како цивилните агенти се очекувале во Битолскиот вилает со голем копнеж,"но многу рано настапило разочарување....."[16]

Познато е дека Мирцштегските реформи биле безуспешни и наместо полза македонскиот народ од нив имал штета.Таа крајно тешка положба во која се нашол нашиот народ,туѓите пропаганди ќе се трудат да ја исползуват до максимум за задоволување на своите територијални аспирации кон Македонија.

## 2.ВООРУЖЕНАТА ПРОПАГАНДА НА ГРЦИЈА ВО МАКЕДОНИЈА

### а. ГЕНЕЗА НА АНДАРСКОТО ДВИЖЕЊЕ

Илинденското востание со својата динамичност и масовност во Битолскиот вилает сериозно ја вознемирило грчката пропаганда односно грчката буржоазија.Грчката влада,нејзината дипломација,духовенството,печатот и др.ги вложиле сите сили да ја омаловажат борбата на македонскиот селанец за слобода,да ја искриват вистинската цел на таа борба и да ја компромитират пред светската јавност припишувајки им на борците свирепости и жестокости спрема "грчкото" население кои не ги направиле.Дека држењето на македонските воста-

ници главно било на онаа висина на која треба да биде држањето на еден народ кој се дига за слобода сигурно му било познато и на грчките конзули и на другите грчки пропагандни органи како што им било познато и на други-те конзули во Македонија. Ево што пишува во врс-ка со тоа Крал до својата влада на 27.VIII.1903 год.[17/] "За одвивањето на востанието во Битолскиот вилает се шират во светот најлажни вести. Љубовта кон вистината, а не пристрасноста во прилог на христијаните или кон некоја народност-инаку јас сигурно веке чес сто сум ја докажувал својата особена симпатија кон мухамеданите-ме принудува да констатирам, дека сосем спротивно на погледите што печатот ги застапува со такво задоволство-постапката на во-станиците бе-ше хумана и лојална, а постапката на Турците варварска, свирепа, азијатска..... Таканаречените зверски дела на комитите, поради кои се дига толку многу врева, во сегашниот момент се приказна...."

Грчката влада и Патријаршија ја исползувале посебно трагедијата на Крушево како повод за остар напад врз Илинденското востание и за психилошко подготвување на грчката јавност /па и но-европската/ за престојната вооружена интервенција во Македонија.[18/] Тие испратиле протест до турската влада и Големите сили за божемното "систематско прогонување" на "грчкиот"елемент во Македонија.[19/]

Вистина е дека во Крушево највеке пострадал од Турците грком анскиот дел од градот. Тоа им направило посебен впечаток и на конзулите во Битола кои се обиделе на некој начин да го објаснат Според Крал[20/] Турците се плашелее да навлезат во "бугарскиот" дел плашејки се од отпор, а и не биле заинтересирани за тој дел бидејки населението било победно и немало што да се плачка. Истите причини ги изнесува и српскиот конзул Мих. Ристиќ[21/], но додава уште една причина за која чул и за која вели дека "апсолутно не верувам", а имено: востаниците нашле начин при повлекувањето да го поткупат Вахти-

јар-паша со 1.200 лири кои биле собрани од востаниците во самиот град.

По мое мислење последната верзија е апсолутно неприемлива, и му одговарала единствено на грчката пропаганда, а највероjатна е првата, т.е. Турците најзаинтересирани биле за плачкање и спрема тоа ги напагале и ги уништувале на прво место патријаршиските куки како побогати не само во Крушово туку и во други места. Така напр. под изговор дека ке вршат претрес, турски војници за сомнителни прогласиле повеке гркомански куки во Лерин, /на 7 и 14 август 1903 год./, 12 од нив потполно ги оплачкале, а во исто време вршеле и други недела.[22/]

Сите извори зборуваат дека Револуционерната организација не извршила никакво убиство, ниту мегу егзархисти ниту мегу патријаршисти, до задушувањето на Востанието, од други побуди освен што казнувала за шпионажа и той без да прави разлика мегу егзархисти и патријаршисти.

Казнувањето со смрт на луге шпиони и издајници било потполно оправдано од гледиштето на Револуционерната организација. Но од гледиштето на грчката пропаганда тие луге /гркомани/ биле убиени затоа што работале против интересите на Организацијата, т.е. против интересите на спротивната и непријателска пропаганда, во чии интерес, според нејзиното сваќање, божем работела Организацијата. Во Македонија за грчката страна постоеле неколку сили, и то непријателски, кои се бореле за интересите на Бугарија, Грција, Србија и Романија. Штом така стоеле работите значи и казните вршени над шпионите-патријаршисти, односно над активните противници на Револуционерната организација, се сметале како атака врз интересите на грцизмот и спрема тоа не требало да се остане рамнодушен. Што казнетите биле во служба на вековниот тиранин, во суштина не било важно за грчката

пропаганда бидејќи е општо познато да таа во целина, речиси секогаш, соработувала со владеачката класа во Турција и потпирајќи се врз неја се стремела да го шири или задржи своето влијание врз христијанското население во Македонија. Од тука убиствата вршени врз турските шпиони, кои во мнозинството произлегувале од редовите на патријаршистите, грчката црква, односно пропаганда, ги сметала како убиства на свои видни луѓе кој својот живот го дале за идеалите на великогрцизмот. Сепак тие убиства извршени до Илинденското востание како да не биле доволен повод за грчката буржоазија да преземе поенергични мерки. Требало да се прогласи целото Востание од 2 август 1903 год. како антигрчко, како а-кција која божем имала за цел да ги уништи "Грците" во Македонија во интерес на Бугарија, за да најинтензивно го заангажира грчкото јавно мнение за исполнување на своите завојувачки планови во Македонија.

Пред Илинденското востание од некои, главно врховистички настроени елементи, вовлечени во Организацијата, биле правени обиди неја да ја заангажираат во претворувањето на патријаршистите во егзархисти, под изго-вор дека по таков начин селаните ќе бидат отргнати од влијанието на грчката црква која била огорчен непријател на револ уционерното движење и полесно ќе можат да бидат вклучени во Организацијата. Но брзо по Востанието ситуацијата се изменила. Во раководството на битолскиот револуционерен округ започнуваат да преовладуваат врховистички сфаќања и елементи чија политика ќе биде главно во спротивност со интересите на македонскиот народ. Брзо по крајот на Илинденското востание неколку познати дејатели се прогласиле за окружен битолски комитет. "Прв пат тамо решаваат окружниот комитет во името на Организацијата да им стави во долг на битолските војводи да ги превртат гркоманските села во бугарски како отпор на појавените тенденции на грчките владици и конзули да ја

исползуваат катастрофата во полза на грчката пропаганда-вели Ѓорче Петров во своите спомени.Мотивот на окружното беше да се превземе контра-дејствие за да се божем парализира,всушност тоа беше веке упадок на револуционерната дејност и наклоност....Едно од писмата во овој смисол попадна во рацете на властите,стана познато на конзулите и општо познато,та служеше како силно оружје на Грците против "лицемерството" на Организацијата.Почнаа Грците уште посистематски противудејствија,а тоа го роди засилениот грчки четнички курс, послужи како оправдание на четничката пропаганда."23/

Така односите мегу еден ист народ поделен на егзархисти и патријаршисти навлегуваат во една нова фаза.Тие односи, благодаарение на мешањето на надворешните фактори,пак ке постанат непријателски."Мегу словенските припадници на Егзархијата и Патријаршијата во конфесионално измешаните околии пак се води борба на нож,"-соопштува Крал на 12.II.1904 год.24/

Уште еднаш да напомeнеме дека некои терористички акции на Револуционерната организација пред Востанието и акциите на востаниците во време на Илинденското востание, не биле причина за грчката вооружена акција во Македонија.До Илинденското востание грчката црква и нејзината просветна пропаганда се одвивале без пречки од страна на Внатрешната организ ација.Ако ја земиме за пример Пелагониската епархија ние веке видовме како бројот на грчките училишта и други просветни установи бил најголем.Баш непосредно пред Илинденското востание кога Организацијата била најсилна, во обемната документација на грчката Пелагониска митрополија нема ни траг за некој притисок од страна на ВМРО врз религиозното убедување и припадноста на нашето население кон Патријаршијата или Егзархијата.И токму во ова време се започнува со подготовките и организирањето на првите вооружени грчки чети за борба против Револуционерната органи

зација.

Борбата на Внатрешната организација имала за цел создавање на слободна, автономна Македонија. Тоа, како што видовме, ги засегнувало интересите на бугарската буржоазија која преку врховисичките чети и објавила војна на Внатрешната организација, т.е. на самостојна борба на македонскиот народ за слобода. Од слични, ако не и исти причини и грчката буржоазија ке ги организира своите чети кои ке се борат против Организацијата, бидејки за неја, дали Македонија ке биде прогласена за автономна или ке победи "обединителната" политика на врховизмот, би било речиси исто-и во едниот и во другиот случај таа не би имала изгледи да заграби дел од Македонија. Значи по секоја цена требало да се осуетат плановите и на едните и на другите. Затоа требало во Македонија да се испратат вооружени чети да ги "штитат Грците" од "sверствата на Бугарите" да го попречат нивното претворување во "Бугари", да ги повратат "заблудените" или "насилствено" одвлечените Македонци под ведомството на Великата црква, т.е. под закрилата на грцизмот, а заедно со тоа да му "докажат" на цел свет дека, штом на една територија Грците веке водат и вооружена борба, се лее грчка крв, тамо населението мора да е "грчко". Спомнатата одлука на битолскиот окружен комитет како да добро дошла како прилог за оправдување на грчкиот вооружен курс во Македонија, а применувањето на сила во претворувањето на патријаршистите во егзархисти исто така добро дошло како прилог за психолошкото подготвување на грчките четници за предстојната злосторничка акција во Македонија. Грчката пропаганда веке немала потреба да измислува "комитациски злосторства" против "невините" патријаршисти во Македонија бидејки Организацијата сама и давала материјал за тоа. Австрискиот конзул Крал, кој како што видовме, бил доста објективен, во врска со тоа пишува "Под водството на вилаетскиот комитет, респективно на казата,

некои чети преминаа во оние села кои останаа верни на Патријаршијата, особено во Прилепска, Битолска, Леринска и Костурска каза, со тоа што општинските одбори, свештениците, учителите, под страв на смртна казна, беа присилувани во тек на еден утврден рок да потпишат две молби, кои во најверке случаи ги носеа со себе, една на турски јазик, во која селото пред локалната управа изјавува дека преминува од Патријаршијата кон Егзархијата, и една друга до бугарскиот митрополит во Битола или до Егзархијата, во која се бара примање во крилото на бугарската национална црква."[25] И покрај тоа Организацијата во Битолско во оваа време нити била подготвена нити имала сили да примени некои подрастични сретства за реализирање на тој план. Се пак таквата политика не само што била спротивна на ~~линијата на Гоцевата~~ на ВМРО, туку дури не било во интерес и на самата Егзархија, бидејки таа, не само ке им послужи како сретство на Грците да ги оправдуваат своите злосторства во Македонија, туку со тоа ке се ползуваат и Турците и против Егзархијата и против Организацијата која сега, во овој случај, во Битолско, се појавува како заштитник на нејзините интереси. Турските власти одвај чекале нешто да се случи за да и по Илинденското востание им послужи како оправдување на прогонствата против револуционерното население, кое во мнозинството било егзархиско. Со едно турско тескере од 28.II.1904 год. бр.40 Министерството на правосудието и вероисповеданието го известува егзархот за неточните вести кои се шират за припремането на терористички акции против "Бугарите" од "Грците" во Битола,[26] но по мислењето на Владата штом "продолжуваат да се убиваат по најѕверски начин од страна на бугарските разбојници грчките прваци кои давале отпор на репресалиите на спомнатите разбојници кои работат на сила да го побугарчат грчкото население од селата, многу природно и неопходно изгледа, и Грците да организираат и го им одговорат на

Бугарите со истите мерки."Понатамо за иницијатор на сите акции за "побугарчување на Грците" се прогласува егзархискиот митрополит во Битола Григории и се бара неговото отстранување од егзархиската митрополитска катедра во Битола[27/]. Значи турското министерство веке однапред ги смета за оправдани грчките насилствени акции и кривицата за тоа ја фрла на бугарската страна.

Интересен е одговорот на Григории испратен до Егзархот во врска со горните обвинувања:"Тука Грци нема.Тоа добро го знае и Вали беј кој кога треба да се објаснува со населението принуден е да вика преводач на бугарски а не на грчки";тоа го знаеле сите па и грчкиот митрополит и конзул кој зел учител да "го учи на бугарски Значи нема потреба јас да ги правам Грците Бугари туку грчкиот митрополит ги погрчува Бугарите" и дека тој употребувал сила и други сретства.Григории признава дека неколку села минале на страната на Егзархијата но тоа било доброволно,без сила.И самиот Валија многу пати признал дека тие убиства се вршеле од страна на комитетот против шпионите."Тука не се чуло за убиство од друг карактер, освен гореспоменатите причини"-вели митрополитот и се праша каква врска можело да има една духовна установа,митрополитот со "делата на ....разбојници?"[28/]

Турските власти на основа пронајдените писма кај убиениот војвода Дедо Коле,ги обвиниле и уапсиле Панче Дорев и секретарот на митрополијата Мирчев како соработници со комитите во акциите за претворувањето на патријаршистите во егзархисти,но по се изгледа немале доволно докази за тоа.[29/]

Значи пропагандите во Македонија во борбата за придобивање душата на македонскиот народ,покрај познатите средства употребувани до 1903 год.по неуспехот на Илинденското востание ке употребуваат и оружие за постигнување на својата цел.Во тоа особено ке се

истакне грчката пропаганда.

Идејата да се поткрепи грчката црковно-просветна пропаганда во Македонија со оружена сила се родила неколку години пред Илинденското востание. Организатор на првите грчки вооружени чети во Македонија бил грчкиот митрополит во Костур Гер. Каравангелис. 1900 год. умрел грчкиот костурски митрополит и катедрата останала празна. Тогаш лично отишол во келијата на Каравангелис грчкиот посланик Николас Маврокордатос и му рекол дека ке постане костурски митрополит. Тој одговорил дека е млад на што Маврокордатос му рекол оти баш тоа и е потребно бидејки да "бугарскиот комитет го опустошува крајот и треба да оди свештеник вреден на својата мисија. Инако тоа е барање на владата."[30] Работата на Каравангелис во Костурската епархија/и не само во неја/ повеке се состоела во организирањето на шпионажа и вооружени дружини за борба против македонското револуционерно движење од колку да биде верски глава на својот реон. Тој брзо по доаѓањето на новата должност отишол во Битола на состанок со грчкиот конзул Пезас пред кого ја изнел положбата во Костурско која ни најмало не била поволна за грцизмот. Преку конзулот испратил извештај до грчката влада во кој се изнесувало мислењето дека не можело да се води борба без помошта на грчки чети. При повторното доаѓање во Битола Каравангелис не нашол одговор од грчката влада. "Комитетот се засилува. Ке останиме значи со врзани раце? Тогаш Македонија е изгубена,"[31] заклучил костурскиот владика. И тој почнал сам да се снаога. Се поврзал со Коте од Рула, познат отпадник од Револуционерната организација и слични на него и успеал за добро злато да ги поткупи и го создаде вооружена група и свои шпио-

ни.На Коте напр.веднаш откако го придобил му одредил 10 лири месечна плата,на неговите луге по 2 лири,а Гелев војвода /од Трсје/ бил потхупен за 3 лири месечна плата,додека неговите луге по 1,5 лира.[32]

Каравангелис пишал и на Делиѓанис и на Зајми во Атина од кои барал да му испратат 50 маки за да ги обединел со неговите платеници и по таков начин би создал 20 чети кои би ги пуштил од Бистрица до Мариово,Битола и др.Овие 50 луге планирал да ги предаде на Коте,Гелев,Зангел /патријаршисти од с.Стребрено,соработник на Турците/ идр.со цел во секое село да убијат по 1-2 бугарски водачи и така "целата територија ќе постане наша."[33] Каравангелис во своите спомени се претставува себе како многу смел,храбар,кој одел по костурските села и со пиштол и пушка во раце ги кршел и отварал вратите на егзархиските цркви и влегувал во нив да врши "божија" служба.Само барањето 50 луге да му дојдат на помош е индиректно признание и многу лошо зборува за грчката пропаганда во тоа време која ,освен неколку платеници,не можела да најде луге на теренот за вооружени акции та била принудена да ги бара од Грција.

Паралелно со Каравангелис и други лица во Грција го поткренувале прашањето за вооружена борба во Македонија.Такви биле напр.грчкиот политичар Карталис и неговиот пријател Каланотакис,главен уредник на в."Емброс" преку кој го изнесувале тоа прашање.[34] Еден од огнените пропагатори на вооружени акции во Македонија била и Мелпомени Авгерину.Оваа дама,почнувајќи од 1902 год.и то главно од Солун,испратила повеќе писма до грчкиот крал Георги I и до други грчки политички личности,новинари и др.во кои главно се провлекува мислата за организирање на борба за"спасување" на Македонија од "Бугарите"[35]

Во едно писмо од 25.VII.1903год.испратено до претседателот на грчката влада му пренесува еден разговор со некоја повисока и видна турска личност во Солун.На прашањето "Зошто Високата Порта не им дозволува на нашите да дојдат на помош"/се мисли против

револуционерното движење/Турчинот й одговорил "Затоа што Вашата влада што прави сака официјално тоа да биде и ја праша нашата влада дали се сложува ....Нека испрати тајно андарти,нека ги наоружа вашите тука без дозвола,не гледате како другите работат?...."36/

Грчката влада во почетокот се однесувала доста резервисано кон тоа прашање.И покрај то некои видни членови на грчкито капиталистичко општество и војската како банкарот Сароглус Ион Драгумис,познатиот Калапотакис,офицерите П.Мелас,Мазаракис идр. продолжуваат засилено сок припремите за вооружена борба во Македонија.Ион Драгумис кон кр.на 1902 год.бил испратен како секретар на грчкиот конзулат во Битола каде,по примерот на Каравангелис, веднаш се зафатил за работа.Тука,во Битола формирал тајно здружение "Άμυνα" /Одбрана/ а оди и во повеќе места на Битолскиот вилает и формира слични здруженија,комитети-тајни тројки.Првата тројка во Битола била составена од Теодорос Модис,Аргириос Захос и Филипос Капетанопулос37/. "Одбраната" имала за цел "одбрана на грчките општини од кој било непријател"38/

Од друга страна П.Мелас во Атина служел како врска меѓу ова здружение и разни грчки тела и личности во Грција кои се интересирале за Македонија.Мелас и Драгумис биле во редовна кореспонденција.Во едно од тие писма Ион од Битола му дава на знаение на Мелас дека за успехот на грчкото дело потребно било:а/работа тука,на теренот која ја "вршиме ние" и б/работа во Грција.И за двете работи потребни биле пари.И натаму му поставува задача да се потруди да се организира пропагандна акција во Европа во прилог на грчките интереси:"Значи да имате пари за да поткупите туѓи весници и луге за дах пишуваат во тој смисол."Ион посочува и личности кои би се заангажирале со таква работа,а и самиот тој пишал на некои и им испратил некои идеи "грчки за Македонија" со молба да бидат објаве-

ни.Но за да тоа објавување биде сигурно,потребно е да "поткупиме весници" и то во согласност со владата.Инаку,според Драгумис,можело да се пишува што било,само да било во духот на "македонските идеи";сведенија тој ќе испракал.39/ Драгумис во Битола дошол до констатација дека од никоја држава на Европа не можеле да очекуваат никаква помош и дека "сме потполно сами.Сите се против нас." Пишувајќи на Мелас за револуционерното движење Драгумис вели "Четите и комитетите се навлезени на секаде.....Потребна е заштита на православните /се мисли на патријаршиските,б.м./села и просветување на сите зошто многу се привлекуваат бидејќи Бугарите им ветуваат слобода.....,и како тие не барат Македонија да ја направат бугарска туку да ја направат автономна држава /"Македонија на Македонците"/40/

По барање на Каравангелис,Мелас,по своја иницијатива, му испратил во јуни 1903 год.една чета од 10 души Критјани која била присоединета кон месните платеници на костурскиот владика41/ со цел заеднички да ги започнат вооружените акции против македонскиот селанец кој интензивно се готвел да го отфрли турскиот долговековен јарем.Спрема тоа грчките вооружени чети,створени на месна база од декласирани елементи или дојдени од Грција, се јавуваат како најприроден сојузник на турската власт и затоа оваа ќе почне великодушно ~~на разни начини~~, да ги помага нивните акции,директно или индиректно.Уште еднаш да потцртаме,грчките вооружени акции во Македонија започнале пред Илинденското востание и тие биле предизвикани не од некоја "грижа" или "спасување" на "грчкото" население во Македонија, од уништување,туку од стравот и можноста Македонија да биде изгубена за грчката буржоазија.

Најблагопријатни услови за развитокот на андартското движење настануваат по неуспешното Илинденско востание.За раководе-

не со тоа движење било формирано во Атина централно раководство- Македонски комитет со свој устав кој бил потврден и од владата.Од сега грчката влада ке го превземе раководството на вооружените акции во Македонија.Ние ке ги наведеме поважните делови од тој устав за да ја видиме,покрај целта на комитетот која ни е позната,и организационата структура,начинот на делување идр.Чл.2.Целта на Комитетот е одбраната на грцизмот во Македонија,Тракија,Епир и Албанија и повракање во своите редови на селата или поединци кои биле принудени да ја прифатат Егзархијата;чл.3.Комитетот е составен од совет кој има 12 редовни и 10 почесни члена.Комитетот се раководи од тричлена комисија избрана од редовните и почесни членови /чл.8/ Член 13 предвидува формиране на секции:битолска секција,Солунска секција,секција за обука/подготвување на членството за борба држање пред Турците ако бидат фатени идр/;секција за организирање /посевештување во тајна/ и пропаганда во Македонија;секција за мобилизација/врбување/ идр.Овие секции се раководат од офицери кои работале во Македонија.Задача на битолската и солунската секција е да се грижат за вооружувањето,да пронаогат погодни личности /свештеници,лекари,учители идр./потребни за помош на вооружената борба или за пропагандата кои ке треба да ги помогнат и збијат грчките редови во македонските градови /чл.21/.Секој кој би се вратил од Македонија кад остана над 4 месеци има право на помош од 50 драхми /чл.23/,а на поголема награда има право оној кој ке се истакне со нешто посебно/чл.24/.Секој кој оди во Македонија се заколнува дека тамо ке остане најмалк 4 месеци.Времето се признава од денот кога ја минава границата.Оној што ке се врати пред определениот срок,без оправдани причини,се смета за дезертер и не добива никаква награда/чл.25/Времето одредено по чл.25 не важи за офицерите кои одат во Македонија /чл.26/.Службата за врска со андартските чети

во Македонија се врши преку пограничните градови на Тесалија и битолскиот и солунскиот конзул/чл.32/.Во овие градови и конзулати се поставуваат офицери или други личности кои ја вршат оваа служба согласно наредбите од Атина....[42]

Како што видовме Битола и Солун биле одредени за центри од каде Македонскиот комитет,односно грчката влада требаше да раководи со вооружената борба.Затоа за конзули тука биле испратени луге кои се сметале за способни да раководат со една таква акција-во Битола Д.Калергис,а во Солун Ламброс Коромилас со штаб од 8 офицери запослени како службеници во конзулатот.Офицери под псевдоними се запослувале и во други места на Македонија како трговци,игумени на манастири,со еден збор како агенти во разни центри на Македонија под разни професии.Во Битола меѓу првите офицери бил испратен потпоручникот Ник.Контогурис.[43] Посебни заслуги за организиране на "македонската борба" имал Коромилас."За да фатиме длабоки корени во целата земја,треба да им ги отвориме на Македонците редовите на војската,морнарицата....на училиштата...."[44] пишува Коромилас до својата влада од како ја запознал ситуацијата во Македонија и констатирал дека со помошта на оружието луѓето сепак не ќе можат да се "направат" Грци.Коромилас раководел со андартската борба во Солунско,Серско,Кавалско,т.е.во Солунскиот вилает,додека Битолскиот вилает се наогал под врховното раководство на Македонскиот комитет во Атина.[45]

Македонскиот комитет,на чие чело стоел Калапотакис,со согласие на владата на Теотокис во март 1904 год.ја испратил првата обавештајна официјална андартска мисија во Македонија составена од четри офицери,меѓу кои важна личност бил Мелас.Во извештајот на офицерската мисија испратен до грчката влада се изнесувало мислењето,и дека,при одредени услови,вооружената борба во Македонија била можна

Овој извештај бил усвоен од владата и покрај тоа што двајца од членовите подоцна изразиле спротивно мислење.

Павлос Мелас зкупно три пати дошол во Македонија, обиколил повеке места во Битолскиот вилает и за се ја известувал својата жена во Грција.[46] Така да тие негови писма претставуваат значаен извор за проучување на андартското движење во неговиот почетен период. Последниот момент пред да тргне за трети пат во Македонија, Мелас бил назначен од Атинскиот комитет за општ раководител на сите андартски чети во битолскиот и костурскиот реон. Ние ке посочиме само некои моменти од неговиот пат и дејност во Македонија за да го видиме и самиот Мелас како личност/грчката пропаганда го издигнала до степенот на полубог/, лугето со кои соработувал итн. Ние досега повеке пати истакнавме дека напуштањето на Патријаршијата од страна на нашето население се сметало секој пат од страна на грчката пропаганда за злочин, бидејки тоа значело во исто време и напуштањето на грцизмот и намалува-не бројот на "Грците" во Македонија, а заедно со тоа намалување и на шансите за завладување на Македонија. Поради то тоа не било религиозно прашање, туку пред се политичко. Затоа и андартите ја започна-ле својата крвава борба во името на бога и за религијата "Како база на борбата која ја започнавме ке ни биде религијата, бидејки да особено против неја се борат Бугарите...." вели Мелас /стр.399/ (од неговата биографија). Мелас сам е претставен како човек длабоко религиозен, хуман, на кого убиствата и теророт му се сосема туги и кога на тоа мисли плачи /стр.409/ Од друга страна, еве тој истиот, во името на религијата и татковинатах трча од село во село на Македонија, убива и тероризира луге затоа што некои од овие учествувале во борбата против турската тиранија како раководители, или затоа што не сакале да бидат "Грци", затоа што стоеле на чело на антипатријаршиското движење за воведување на словенс-ки јазик во црквата, училиштата,

просто за освета.Мелас не се судрува со противнички организирани чети,туку едноставно одел по селата и од куките или горите ги лови своите жртви.Една од основните негови задачи била да го фати попот,учителот или други видни личности во селото и под страв на смрт да ги принуди да се одкажат од Егзархијата и постанат "Грци". Во с.Сребрено напр.Мелас осудил на смрт тројца селани како освета за убиениот соработник на Турците и Грците познатиот Вангел.Но се покажало дека двајцата фатени не биле "виновни" и Мелас "великодушно" им го поштедил живото.Тој се обратил кон селаните уверувајки ги дека ако тие сакат да бидат егзархисти и Бугари можеле слободно да бидат,но ако продолжеле како порано /тројцата осудени биле истакнати селски учесници во револуционерното движење/ ке биле без жал убиени.Лугето исплашени изја-виле дека не биле "Бугари" туку биле "Грци".Мелас им наредил во срок од 10 дена една комисија од 10 члена да оди во Костур и поднесе декларација за вракање под ведомството на Патријаршијата и побара грчки поп и отварање на грчко училиште.Во исто време ги заколнал во верност кон "православието" /стр.418/ Во с.Прекопана од како наредил да се убијат попот и учителот,ги принудил селаните да се вратат во "православието" и во срок од 10 дена да ја декларираат таа "желба" пред митрополитот. На 18.IX.1904 год.во "чисто грчкото" село Белкамен принудил 7 родители да ги повлечат децата од романското училиште,а на романскиот учител му наредил во срок од една недела да бега "ако сака да живи"/стр.429/ Мелас е задоволен од својата мисија "бидејки јас тука кај минавам постанав страв и трепер за Бугарите...."/стр.441/

Мелас речиси насекаде по македонските села со месните "Грци" можел да се разбере само со помошта на преводач.Пред група селани во с.Габреш-Костурско,тој,преку преводач,одржал говор за "љубовта и патриотизмот" кој го донел од Атина и на крајот завршил "Нашата политика во оваа година е:да ги спречиме Бугарите да вршат

злосорства и да го повторат ланското псевдовостание, зошто целиот свет е на пат да признае дека тука има само Бугари. Тоа треба да стане оваа година, а до година ке можеме да поработиме и за слободата"/стр.224-255/. Јазикот на Македонците и за Мелас се јавува како многу важен проблем. Кога заедно со своите друге го посетил училиштето во с.Рула, родно место на Коте, просто не можеле да разберат на кој јазик децата пееле "на македонски или грчки. Сите деца /23/ знаат да читат и пишуваат, но никое или гречиси никое не знае да зборува" грчки /стр.247/. Прави особен впечаток кај Мелас употребувањето и на изразот "македонски" за јазикот кој го зборуваат македонските селани. "Научив и неколку македонски зборови кои ги зборувам на жените, а особено на мајките......" и пишува од место на 21.III.1904 год на својата жена Наталија, ~~од с.Желево на 21.III.1904 год~~./стр.258/ За него поедноставно било македонските патријаршисти да ги нарече Грци. Но јазикот кој го зборувале тие "Грци" неможел да го крсти грчки, тој за Мелас бил "македонски". Мегуто истиот тој јазик кој го зборувал комшијата или роднината на патријаршистот, но кој ја признавал Егзархијата, за Мелас бил "бугарски".

П.Мелас бил убиен во с.Статица во октомври 1904 год. при едно судрување со Турците. За убиството на Мелас грчката пропаганда за кривец го прогласила Митре Влаот. Тоа како да била уште една згодна прилика уште повеке да се разгори омразата на грчкиот народ против "комитациите" во Македонија. Докажано е мегутоа дека Митре Влаот нема врска со тоа убиство /а и да имал било сосема нормално при тие услови/ туку турските власти биле известени за престојот на четата на Мелас во Статица од самите селани кои се плашеле дека можело да ги снајде истото тоа што ги снашло селаните во Прекопана. Селаните знаејки дека Турците им биле наклонети на андар

тите и дека ако им се јави оти во селото дошла андартска чета можеби нема да ја прогонуват, известиле како во селото божем се наоѓа Митре Влаот. Така Турците, заблудени од селаните, го обиколиле селото и во стражението кое настанало Мелас бил убиен. Таквата верзија за убиството на Мелас Силјанов ја чул лично од селаните на Статица 1912 год. но за тоа се знаело и ведмаш по настанот 1904 год. Австрискиот вицеконзул во Битола Прохаска окарактеризирајќи ја акцијата на турските власти против грчките четници како "крајно лабава", судирот во Статица го смета како "единствена борба" со трупите до која се "дошло само поради тоа што властите во Костур, заведени од бугарските селани, мислеле дека ќе наидат на страшниот четнички шеф Митрета Влаот".[47/] Мелас скоро пред да биде убиен се припремал да изврши освета за уништувањето на Крушево, но каква не пишува. Исто така се готвел со 30 души да оди во околината на Магарево, веројатно и тука да изврши некој злочин.[47а/]

Мелас има посебни заслуги за туране темелите на андартското движење во Македонија и посебно за Битолскиот вилает. Немајќи поткрепа нити поверение во македонските села тој како база на андартските чети ги одредувал главно некои влашки, односно албански патријаршиски села. Такви биле Негован. Лехово идр. а како раководен центар била одредена Невеска каде формирал петточлена комисија. Овој центар бил поврзан со другите центри одредени од Драгумис и така ја овозможувале заедничката општа дејност на грчките чети во Битолскиот вилает. Главен центар во вилаетот како што спомнавме бил Битола, а потоа Лерин, Костур, ~~Охрид~~. Задача на овие центри била да се грижат за формирањето на комитети во околните села чија пак задача би била: 1/ ~~одреду~~ вање, осигурување и хранење на грчките чети, 2/грижа за обезбедување на селото и 3/просветна работа во селото

и околината.

Дејноста на грчката "внатрешна организација" била регулирана со правилник. За тој правилник Мелас вели дека бил дополнет, каде било потребно, од правилникот на внатрешната служба на "разбојничкиот комитет". Тој правилник требало да биде потврден во Битола од тамошниот "управен совет". Во секој поважен центар Мелас назначил по еден или два курири/известувачи/ кои биле плакани од атинскиот комитет.48/

Во почетните свои акции грчката вооружена пропаганда ги ползувала услугите на луге од типот на Коте, луге кои за пари биле готови да му служат за секого. Точно затоа митрополитот Каравангелис се обратил кај нив за "помош" и успеал. Апостолите на грчката вооружена пропаганда го знаеле и не го криеле нивното разбојничко минато. Но и покрај тоа за нив тие луге биле "најголеми грчки патриоти, со вонредна доброта и човеколубие". И таквото мислење за нив им го препишувале и на месното население. Мелас во едно писмо до својата жена испратено од Габреш за Коте вели "Го обожават сите овие села, бидејки фактички само со своето присуство ги попречи бугарите да ги дигнат на лажевостанието и ги спаси од турското уништување".49/ Познато е мегутоа дека Коте ниту мислел на тоа ниту имал сили да ги "спасува" селата во една околија каде револуционерното движење било многу силно. Мелас се сретнал и со "разбојникот Караливанос" и неговиот другар Визвикис. Караливанос ".....е голем патриот и многу сака да дојде со мене....." вели Мелас. Но неможеле да се спогодат бидејки да, покрај другото, Караливанос за услугите му барал 100 лири.50/ Толку тој го продавал својот "патриотизам". На крајот се пак Мелас ќе ги ползува неговите услуги.

Општо земено андартската организација се базирала

врз наемни принципи. Речиси се што било ве нејзина служба било плакано.

На кратко да видиме каков бил односот на турските власти кон грчките вооружени чети во почетниот период. Интересот на турските власти им диктирал да завземат благонаклон, па дури и пријателски став кон андартското движење во Македонија. Внатрешната организација со својата програма за уништување на турскиот чифлигарски систем и ослободување на Македонија ги загрозувало сериозно интересите на турската владеачка класа во целина. И спрема тоа кој би се решил да се бори против таа Организација всушност тој би се борел за интересите на турските чифлик-сајбии, тој природно би се појавил како нивни сојузник. Од тие причини Грците не биле потполно сами, како што тврдел Драгумис, туку за свои сојузник ги имале турските власти, а тоа било најважно, поважно одколку за свои сојузник да ја имале цела Европа.

Грчката вооружена пропаганда ја уживала поткрепата на турс-ките власти уште во самиот почеток. Ке посочиме само еден пример. Кога во јуни 1903 год. Каравангелис излегол од Костур со цел да ги обиколи некои села и да се сретне со Критјаните во с. Лехово, кајмакаминот му дал за лична заштита една чета од 25 војници. Во Лехово тој јавно се сретнал со Критјаните кои биле вооружени. Тука дошол и капетан Вангел со неговата чета. Каравангелис во моментот имал своја вооружена сила од 50 души - 25 Турци, 10 Критјани и 15 на Вангел.[51] Инаку началникот на костурската полиција, како и командантот на грчко-турската граница Хусни-паша му биле добри пријатели на Каравангелис.[52] Хусни паша го посетил Каравангелис и во митрополијата пред кого митрополитот отворено се фалел како неговите луге го изгорелe војводата Константов со целата негова чета во с. Либишево, нешто кое "досега не успеала твојата војска"-му рекол митрополитот.[53]

И самиот Мелас во едно писмо до леринскиот кајмакамин го изрази своето "уважение кон турската влада и војска".[54]

Турците и Грците не соработувале само во Македонија, туку тиек се труделе да ги поправат односите и меѓу двете држави. Од тоа имала интерес и едната и другата влада. Грчката влада превземала дипломатски чекори со цел да ја убеди и ѝ укаже на турската влада дека нејзините интер-еси ја упатуват кон сојуз со Грција. На султанот му било објаснето дека грчките чети немале апсолутно никаква цел да го поткопат турското господсзво и авторитетот на султанот во Македонија, туку единствена цел ѝм била да го ликвидират "бугарскиот терор" нешто кое било во интерес и на Турците.[55] Турската влада /летото 1905 год./стремејќи се кон спогодување со Грција, на грчкиот дипломатски претставник во Цариград му изјавила како таа, покрај другото, не го заборавила "досегашното и сегашно законито држање на грчкиот елемент во Македонија" и натаму "султанот ми вети дека ќе ги даде потребните упатства за снизходителни мерки спрема припадниците на грчките чети, но побара од мене да му ветам дека неговото решение ќе остане тајно"[56] - соопштува до својата влада грчкиот посланик во Цариград.

Ние немаме за цел да го докажуваме благонаклониот став на турските власти кон грчката вооружена пропаганда во Македонија бидејќи да тоа е општопознато, а ќе бидиме принудени и понатамо да го засегнуваме тоа прашање. Во колку од време на време Турците ги нападале грчките чети, на тоа биле принудувани, бидејќи да андартите правеле такви грозни злостерства против мирното население во Македонија што го предизвикувале европското јавно мнение да протестира и да ја обвинува и турската влада за тоа. И грчкиот конзул во Битола приз-нава дека "настани како тој во Зеленич, ги принудува Турците, и покрај повеќепати засведочената благонаклоност кон нас и кон нашите вооружени чети, да отстапуваат од нивната толерантна политика спрема нас за да не се изложуваат пред погледите на странците".[57]

## 5. ВООРУЖЕНАТА ПРОПАГАНДА НА ГРЦИЈА ВО ПЕЛАГОНИСКАТА ЕПАРХИЈА

Како што видовме Ион Драгумис ги турил основите на грчкиот "Внатрешен комитет" во Битола кој подоцна се пополнал со други личности и се конституирал вака: Ставрос Налис, претседател, Спирос Думас, секретар, Димитријадис /лекар/ касиер, Констан. Монахос, Дим. Марку, Аргири Заху, Вас. Ноти и Аристоклис Матлис-советници.[58] Битолскиот комитет имал и свои секции: извршна, економска, судска, за внатрешноста и друго. Најважна била извршната секција која била составена од платеници-убици. Водачите на тие групи биле плакани и по две лири месечно, а за секоја успешно извршена задача, т.е. за секое убиство им се плакала посебна награда.[59] "Судот" својата работа ја вршел во грчката општинска болница, а решавал по разни дела. Така напр. затоа што некој си Парзитас, кој не сакал да плати половина лира казна поради тоа што бил на свадба кај некој си Влав, /не грккоман/ бил осуден на смрт и убиен.[60]

Грчката "внатрешна организација" во Битола се снабдувала со потребното оружие од Грција. Пушките манлихер, гра, револвери, рачни бомби и др. доагале во Кожани, од тамо до Сорович и од тука со воз до Битола.[61] Од Битола оружие се праќало во разни места на вилаетот по потреба. Мелас еден пат напр. барал од Битола да му се испратат 20-25 револвери.[62]

Големи заслуги за ширењето на "внатрешната организација" во Битолско имал Т. Модис. Тој бил трговец со дрвен градежен материјал и самата работа му овозможувала слободно да се движи по разни места и по таков начин служел како најпогодна врска меѓу

централното раководство во Битола,околиите и андартските чети.Тој се грижел за пренесување на оружие,храна идр.И Налис,лекар,поради професијата лесно можел да се движи по селата и да допринесува за андартското движење.Особено бил активен во мориовските села.После труд и трошење на големи парични сретства и агитација,гркоманите во Битола успеале летото 1904 год.да организират прва терористичка чета во која главна личност бил капетан Стефо.63/ Каква личност бил Стефо доволно јасно ни зборува фа-ктот што тој нашол за згодно да се вклучи во четата на Коте која во тоа време добро била платена од митрополитот Каравангелис.Потоа,исто така добро платени од "внатрешната организација" во Битола,тој ревносно ќе ги исполнува нејзините наредби како егзекутор-убиец во Битола,Лерин и други места.

Поголемиот број на терористи грчката "внатрешна организација" ги врбувала меѓу бедната младина во Битола.Суровата експло-атација на која биле изложени тие бедни деца од своите мајстори и склоноста кон лесен живот и авантури,својствени на таа возраст биле вешто исползувани од грчкиот комитет кој се јавува како нивни заштитник,патрон.Една од првите задачи на комитетот била преку казни и застрашувања да ги принуди мајсторите да не водат многу сметка за редовноста и работата на своите чираци,а и натаму да ги плакаат како редовни.Од друга страна и самиот комитет им давал по една сума која била наменета за "уживање".Така под "влијанието на алкохолот,на жените,на јунаштвото...." тие деца биле готови да постанат "за битолските Грци ненадминати херои и за цел друг свет страшни разбојници".63а/ Прво им се поверувале "поситни"акции и дури после убиства,За секое убиство грчкиот комитет,како што веќе рековме, давал посебна награда која изнесувала обично 5 лири.Еднаш така компромитиран "херојот" постанувал апсолутно орудие во рацете на наредбодавците.Штом се јавела опасност терористот во градот да биде от-

криен и фатен се пракал во андарстките чети. Тоа беше еден начин за пополнување на андартските редови со месни "Грци".

Некои од тие млади деца во почетокот и не биле свесни што ги очекувало со влегувањето во "внатрешната организација" па после се каеле. "Не го ставам /алкохолот, б.м./повеќе во уста, вели еден терорист по извршеното прво убиство. Со ово пиење ме труеја 6 месеци. Со две чаши десетарот ме играше на прсти како некоја кукла....Сé разбрав сега, сé, но многу доцна".63а/

Ние понатаму ќе видиме како грчката организација во Битола ќе ја ползува и "услугата" и на Циганите кои добро платени вршеле, покрај другото, и убиства по наредба на господарот.

Малку биле тие луѓе патријаршисти во Битола кои би биле готови свесно, од некој си патриотизам, да се зафатат со таква опасна работа, да бидат терористи. "Внатрешната организација" раководела со тие акции, таа била добар платец, додека извршители биле луѓе кои повеќето идејно немале никаква врска со делото кое го вршеле.

Рековме дека грчката пропаганда, во својата борба против Револуционерната организација, /до Илинденското востание/најповеќе ги ползувала како повод за напади смртните пресуди и даночната политика на Организацијата. Сега, по Илинденското востание, кога и грчката пропаганда формирала своја "конспиративна" организација, нашла за потребно и таа, на разни начини, да ги оданочува луѓето и да изрекнува смртни пресуди. Но разликата меѓу едната и другата била голема. Додека Внатрешната македонска организација ги оданочувала луѓето со цел да се добијат сретства за наоружување на народот во борбата против турското ропство под кое се наоѓало целото христијанско население во Македонија, грчката "внатрешна организација" ги оданочувала луѓето со цел да се добијат сретства, не за борба против турската тиранија, туку да се платат и наоружат убиците на христијанското население, во крајна линија да му се помогне на турскиот феудален систем да го продолжи својот живот во Македонија. Додека Револуционерната организација осудувала на смрт луѓе кои ---

биле во активна служба на омразениот режим, шпиони, дотогаш грчката "внатрешна организација", во спомнатиот случај, осудила на смрт човек затоа што отишол на свадба кај човек чија единствена "кривица" била што не припагая кон грчката туку кон романската пропаганда.

Грчката "внатрешна организација" не би постигнала никакви резултати ~~каko~~ за реализирањето на грчките планови во Македонија по 1903 год. не се зафакале грчката влада, офицерите од грчката национална армија, односно четите наоружани, опремени во самата ~~xxxxx~~ Грција, и испратени во Македонија, со благослов на турските власти. Тие чети од есента 1904 год. започнале систематски да навлегуваат во Македонија ~~xx~~ и со нож и пушка ја започнале реализацијата на програмата на Атинскиот комитет т.е. на грчката влада. Андарстките чети имале добиено и специјални упатства по кои требало да се придржуваат при своите акции во Македонија. Како најважни точки од тие упатства биле: Да се растурат, преку какви и да било средства, сите бугарски ~~настојателства~~ розчоkоресtво на комитетите во разни села, и да се основат грчки со задача: да ги прикриват грчките чети и да се грижат за безбедноста на селото; да се работи за создавање на групи во сите реони на Битолскиот вилает; да се установи ~~ж~~поштенска служба да се држат патриотски проповеди итн. Четите треба да го заштитуват специјално турскиот елементи во Македонија, не само за да го спечелат покровителството на турските власти, туку за да биде тој елемент расположен кон нас и да ги предпоставува Грците, во случај на каква и да било промена во судбината на Македонија; прва и најважна задача на грчко-македонските чети треба да биде казнувањето на бугарските убици.....и гонене на бугарските чети; таа ќе биде главната

секојдневна, така да се каже, задача на грчкомакедонските чети.[64]

Грчката пропаганда, Атинскиот комитет, многу често истакнувале како грчките чети немале за цел да се борат против турскиот режим во Македонија "....грчките чети не се формираат за да го нарушат поредокот во Турција. Строгите наредби добиени од македонскиот комитет, дури и да бидат нападнати од турскиот аскер, да не одговараат, се спроведуваат дисциплинирано...." пишувал в. "Емброс", орган на комитетот.[65] За грчкиот комитет не било важно негативниот ефект кој би бил /и бил/ предизвикан кај европската јавност од акциите на андартските чети и од турскофилската политика на целокупната грчка пропаганда. За грчката влада и комитетите најважно било нивните акции во Македонија да бидат во интерес и на режимот бидејки само по таков начин можела да се добие неговата благонаклоност без која андартската акција била неможна.

Првото најголемо "херојско" дело извршено од андартите било злосторството извршено во с. Зеленич во ноември 1904 год. Од една андартска чета биле убиени 13 невини мажи, жени и деца кои се веселеле на една свадба. Леринскиот кајмакам ги употребил сите средства ова грозно злосторство да не им се припише на оние кои го направиле-на грчките андарти, но без успех.[66] Инаку близу до Зеленич, во Невеска, се наоѓала турска војна посада, но таа не интервенирала. Рускиот конзул во Битола Кол сметал дека тоа намерно било направено зошто што се работело за грчка чета.[67] Оваа крвава андартска акција /покрај други слични/ на дело и официјално ги прокламирала средствата кои грчката вооружена пропаганда мислела да ги применува во Македонија против своите противници. Таа акција ке изврши значајно влијание врз настаните кои ке следат, а кои не ке бидат помалку крвави од неја. Македонското егзархиско население се најдело очи во очи со непријател уште пожесток од оној против кого пред малко се

дигна-л со оружие. Пред него се поставил најсериозно проблемот на самозаштита. Тој страв од андартските жестокости, тој природен стремеж кон самоодбрана, големата омраза која се развила против грцизмот ќе бидат искористувани од врховистраните македонски војводи во Битолскиот вилает ~~за да~~ добар број селаните ги заангажираат во акции кои често пати добивала осветнички карактер против соселани, свои сонародници. Уште пред "зелениќската крвава свадба" за убиствата извршени од Велас во Преспана и за убиството на бившиот четник Пандо од Ресен, но настанот во с. Брод била извршена освета во истото село/Битолско/против Македонци-патријаршисти. Една чета помогнаата од голем број селани од околните села навлегле во Брод и во црквата извршиле неколку убиства меѓу кои бил убиен и попот и жена му. Рускиот конзул Кол, на грчкиот митрополит кој го сретнал при битолскиот валија/каде бил да интервенира во врска со убиствата во Брод/ му се обратил со зборовите: "Има зошто да сожалуваме за она што се случило во Брод, бидејќи православни христијани се колат во олтарот"[68]

Настанот во Зеленич и другите убиства уште повеќе ја разгореле нетрпеливоста меѓу егзархисти и патријаршисти во Битолскиот вилает и особено во центарот, во Битола. Тука веќе организираните и вооружени грекомански групи биле готови за акција, чекале и барале само повод. На 2.IX.1904 год. во Битола смртно бил ранет Тодор Тодис, а само неколку часа подоцна грчките платеници одговориле со безуспешен обид за убиство врз егзархистот Јовче, бакалин, а нејој ден по тоа и врз професорот во егзархиската гимназија Лазар Дулев.[69] Така, паралелно со провинцијата, и во Битола започнуваат крвави осветнички судрувања кои животот во градот ќе го претворат во крајно несигурен и неколен.

Центар од каде се раководела и помагала целата грчка

вооружана акција во Битола и во околината, бил, покрај грчкиот конзулат и грчката Пелагониска митрополија. Турските власти во Битола, навикнати на лојалното и пријателско држење на грчката митрополија во почетокот изгледа не можеле да се помират со нејзината противзаконска дејност. Тоа доаѓало од таму што 1904 год. т.е. во периодот кога грчката вооружена пропаганда ги превземала првите сериозни акции, турските власти во целина уште не го имале дефинитивно определе својот став кон андартските акции, за нив тоа претставувало уште нешто ново чии последици не можеле да ги согледат. Затоа тие 1904 год. некаде се однесувале благонаклоно, некаде биле и построги кон органите на грчката вооружена дејност. Од тука може да се објасни и реагирањето на Турците против дејноста на грчкиот конзул во Битола ~~xxxxxxx~~ Калергис и против митрополитот кога тие разбрале за нивните врски со андартските чети. Имено при судрувањето со четата на Мелас во октомври 1904 год. во с. Сјерет со турскиот аскер бил убиен споменатиот Филип Капетанопулос, член на првата тајна тројка /Димина/ во Битола формирана од Драгумис. Кај него било најдено писмо со кое Калергис го препорачувал и го молел Мелас да го прими во своите редови како верен и испробан.[70] Ова, како и другите фатени писма, ја направиле јавна улогата на конзулатот и митрополијата во раководењето на оружените акции и "валијата изрази жестоки зборови против грчкиот митрополит Јоаким и господин Калергис кои биле причина во земјата да се доведат грчки чети. На моето прашање тој жукаше на писма што теретат" - вели Крохаска во извештајот до својата ~~вх~~ влада од 2.XII.1904 год.[71] По барање на турските власти Калергис бил повлечен во Атина додека митрополитот Јоаким останал како митрополит и натамо и благодарение на својата функција поглавен религиозен и општествен водач на "православното" население, со седиште во битолскиот и поширок центар, бил најмоќен раководен фактор ~~можел многу да допринесе за натамошниот развиток~~ на грчката вооружена пропаган-

да во свој дел на Македонија. Ние немаме директни извори, нити негови спомени какви што имаме од Каравангелис, преку кои би можеле поопсежно и посебно да ја проследиме улогата на Митрополијата во раководството на вооружената пропаганда во Пелагониската епархија. И покрај тоа, ние понатаму ќе се обидиме тоа да го направиме на основа оскудните извори и литературата која ни стои на располагање. Едно е сигурно-андартските чети се јавиле како помошно и најефикасно сретство на Пелагониската митрополија за постигнување на нејзината цел. Спрема тоа да се зборува за дејноста на таа Митрополија во периодот 1904-1908 год. значи на прво место да се зборува за грчката вооружена пропаганда, и обратно, да се зборува за акциите на последнава во Битолскиот вилает, значи да се зборува за дејноста на Битолската грчка митрополија.

Од пролетта 1905 год. андартските чети масовно навлегуваат во Македонија и ги продолжуваат жестоките убиства на невиното македонско население. Нивното навлегување во Битолско се вршело главно по линијата грчка граница-Костурско и натаму преку андартските бази Желево, Бсодери/влашко село/ и албанските патријаршиски села Белкамен, Лехово, Негован. Како најважна андартска база во Пелагониската епархија биле неколку гркомански села во Битолско и Мориовско. Инаку врските на андартите меѓу двата вилаети-Солунски и Битолски биле многу тешки, бидејќи да територијата која од Вич планина и мориовските планини се простира кон исток до Ексису и Петерското Езеро "беше недостапна за грчките андартски чети, а селата Пакита, Ајтос, Ексису, Баница и Горничево претставуваа страшна и непреодна преграда меѓу двата вилаети".[72/]

Андартските акции најинтензивни биле во Битолскиот вилает до мориовските села и тоа највеќе во Костурско како најблиска околија до грчката граница. Костурската околија и поради посебното истакнување во времето на револуционерното движење и Илинденското востание ќе биде највеќе изложена на освета од страна на грчките вооружени чети. Секако врвно место во тој смисол завзема злосторството извршено во с. Загоричани во март 1905 г. кога една голема грчка чета на чело со грчкиот поручник Георгиос Цонтос/Вардас, Критјанин

команда-нт на сите андартски чети во Битолскиот вилает,навлегла во селото и убила вкупно 60 души меѓу кои и жени и деца и изгорела повеќе куќи.[73/]

Ние нема да ги редиме ид другите злосторства извршени во текот на 1905 год.во вилаетот и посебно во Пелагониската епархија.Нека го примиме како точ-но тврдењето на грчката пропаганда дека противничките чети биле насекаде победени,така да грчките чети немало потреба да се борат "против бугарските бандити."[74/] Штом така стоеле работите се поставува прашањето против кого грчките чети потоа се бореле?Тоа е познато-како и досега,против мирното население.~~Ххххххх~~,Веќе знаеме,основна нивна задача била со помошта на оружјето да го претворуваат нашето население во патријаршиско.Спрема тоа ако "бугарските бандити" биле победени,то не значело дека била постигната и целта.Инаку вистина е дека еден подолг период во 1905 год.па и 1906 год.четите на Организацијата не давале речиси никаков отпор против андартските акции,нити употребувале сила со цел да ги задржат селата под ведомството на Егзархијата,нити пак да ги п-ретворат патријаршиските села во егзархиски.Тие чети во Битолскиот вилает,од како во почетокот на Востанието,како што спомнавме,почнале со недозволени сретства да го зголемуваат бројот на егзархистите,едно време го оставиле населението на милост и немилост на грчките чети и по таков начин во голема мера го овозможиле "успехот" на андартите.А како што се покажа,недејствувањето на четите на Организацијата со ништо не допринело да се намалат злосторствата на грчките чети.Населението во најголема мера било принудено,колку што можело,само да се брани.Зборувајќи за пасивноста на четите српскиот битолски конзул меѓу другото вели:".....од таа пасивност не е во состојба да ги раздвижи ни фактот што егзархиските села во голем број и секој ден минаваат на патријаршиска страна.Нема ден,нависти-

на, претставители на некое егзархиско село од Битолската каза, не дојдат во Битола при грчкиот митрополит со изјава дека минават на патријаршиска страна барајки свештеник и учител."[75]

Не му е местото тука да објаснуваме на што се должела таа пасивност. Познато е дека расцепот кој настанал во Внатрешната организација, а како резултат на тоа и судрувањата во неја, била основна причина за таквата ситуација. Од друга страна енергичното прогонување од страна на турскиот аскер му нанесувало сериозен удар на четите на Организацијата. Организацијата во Битолскоот вилает иако во голема мера врховизирана, сепак за основна задача имала борба п-ротив турското ропство за разлика од грчката која задача имала да се бори единствено против "комитаџиите".

По крвавиот настан во Загоричани протестите на цариградските посланици и други ја принудиле турската влада да превземе некои чекори во Атина и во Македонија со цел, не толку да ги оневозможи акциите на андартите, колку да ги залаже "реформаторите" во Македонија и јавното мнение. Дека тоа би-ло така ни зборуваат многобројните крвави и жестоки акции на грчките чети и во 1906 год. така да оваа година од грчката страна е с-метана, покрај 1905, за "најуспешна". Ние ке спомениме само некои од андартските акции во Пелагониската епархија за да видиме во што се состоел тој "успех", кој во исто време бил "успех" и на Грчката Пелагониска митрополија која сес-рдно, со сите сили ги помагала андартските акции.

Една грчка чета во с. Лисолај пролетта 1906 год. заклала 2 свештеника, 2 сина на убиениот поп Димитрија и 4 селани. Во селото и во близината имало турски аскер.[76] Во с. Кристофор грчка чета убила

Во Битолскиот реон речиси сите најголеми злосторства биле извршени од андартите под раководството на Георгиос Макрис, Критјанин. Макрис во Македонија дошол седум пати. Првиот пат во мај 1903 год. а потоа бил во првата чета испратена како помош на Каравангелис, за која спомнавме порано. Овој човек се истакнал како многу "способен" во убивањето на невино македонско население и за неговите "заслуги" по препорака на атинските одговорни фактори 1905 год. "Центарот на македонскиот комитет" со седиште во Битола го назначил за раководител на реонот кој ги опфакал селата Кристофор, Буково, Брехово, Бистрица, Лабјани, Канино, Словени, Барешани, Велушани и ндр. но радиусот на неговата активност бил доста поголем. Со наредбата за назначувањето Макрис бил одговорен пред "Кентрон" /Центар/ во Битола и пред грчката нација, а од неговите андарти и селските "национални фактори" се барала слепа покорност кон неговите наредби под страв на смртна казна.[75а/]

Макрис убиствата ги вршел по барање од "Центарот", а и по своја желба. Во неговите спомени со големо задоволство пишува за повеќе убиства извршени над обични македонски селани. Да ги спомнеме само помасовните: "Центарот" /во кој главна личност бил Ник. Контогурис, грчки офицер, "службеник" во грчкиот конзулат/ му наредил на Макрис во едно село да убие 5 "Бугари", бидејќи ги помагале комитите. Но од тие 5 андартите нашле само 2 а убиле се 17 од кои 15 биле "обични селани", но биле "Бугари" /стр. 12-13/

Голем број од патријаршиските свештеници по примерот на нивниот архиереј, активно ги помагале грчките вооружени акции. Еден од нив, поп Илија од Велушани, побарал од Макрис да одат во с. Опцирани и убијат "Бугари". На чело со попот отишле во селото /попот по пат се исплашил и не сакал да оди до крај/ "грабнав на брза рака Бугари, колку што најдовме, и се вративме. Беа 8" /стр. 55/ Тие клетници без никаква вина, само за-тоа што не биле патријаршисти и затоа што сакал гркоманскиот поп, биле заклани по наредба на Макрис.

"Центарот" од Битола на Макрис му наредил да оди во с. Лисолај и убие повеќе луге. Тој со задоволство ја извршил таа задача. Пролетта 1906 год. отишол во селото во кое имало и турски аскер, и заклал, како што сам пишува /стр. 48/ 13 селани, меѓу кои два свештеника и два учители. Според српскиот конзул во Лисолај биле убиени вкупно 8 луге.[76/]

*Во с. Кристофор грчка чета убила —*

2 селани.[77/] На 1.III.1906 год.грчка чета влегла во морововското село Рапеш,фатила 4 селани и на двата почнала да им ги крши нозете под колена,а другите два гледајќи го тоа почнале да бегаат од кој едниот бил убиен,другиот се спасил. Двајцата со скршени нозе умреле во страшни маки.[78/] На 18.V.1906 год.грчка чета до с.Буф фатила 15 селани кои стрижеле овци,убила 5 а другите ги пуштила со цел да побрат од селаните и да минат кон Грчката митрополија. На 30.V.1906 год.грчка чета одвела во планина 5 селани од Брусник,тројцата кои биле патријаршисти ги ослободила,а двајца-та егзархисти ги убила.[79] На 7.IX.1906 год.андарти влегле во с.Барешани и заклале цело семејство-4 мажи и 1 жена.[80/] Мегу 24 и 25-IX-1906 год.во с.Живово-Мориовско грчка чета убила 18 луге и запалила 11 куќи.Без уште да знаат за настанотх,на 25 септември рускиот и австрискиот конзул официјално му обрнале внимание на валијата за неактивноста на властите спрема грчите чети во Мориовско.[81/]

Изненадување пре станувало појавата на една чета на чело со Гудис во Смилево/кое не припагало кон Пелагониската епархија/ на 27.VIII.1906 год. Андартите влегувајќи во селото,според српскиот битолски конзул,стрелале на кого им се појавувал пред очите,без да ги одбират жртвите.Биле убиени 10 мажи и 2 жени,раниле 8 и запалиле 8 куки.[82/]

Изродивме само некоии покарактеристични акции на андартите во Пелагониска епархија во 1906 год.а сега да видиме каква била положбата во Битола.Затегнатата положба во градот создадена веке кон крајот на 1904 год.речиси целото време на "македонската борба" не попуштата.Обратното,секое злосторство извршено во околните села или во вилаетот се одразувало крајно негативно и во Битола.Средство на пресметнување мегу двете страни биле взаимните убиства.Таквите убиства продолжиле 1905 год.и особено се засилиле

1906 год."И едните и другите се натпреваруваат кој ќе се покаже голем јунак со што повеќе злочини над својот противник."[83] пишува српскиот конзул во еден од своите редовни, исцрпни и објективни /што се однесува до судрувањето меѓу грчката вооружена пропаганда и "Бугарите"/извештаи до својата влада од 20.II.1906 год; на 12 февруари 4 Цигани, грчки платеници-терористи ги нападнале егзархискиот поп Михаило и калугерот Агатанѓел и лесно ги раниле. Калугерот успеал да го фати едниот, го избодил со нож и го однел во полицијата. Со тој обид за убиство започнала серија на убиства. Потоа се светиле "Бугарите" кои го убиле гркоманот Тале Ѓорка.[84] Еден гркомански терорист испукал 6 патрони на слаткарскиот момок Јован "едино од ќеф да убие "Бугараш",[85] бидејќи да Јован не само што не бил политичка личност туку бил физички сакат човек. Натамо бил убиен гркоманинот Лазар берберинот, а по него егзархистот Јован Мирчев. На тоа одговорено било со убиството, и то другиот ден, на 18 март, на полицаецот гркоман Наум.[86] На 20 мај биле убиени три егзархисти [87] итн. итн.

При една таква страшна ситуација и анархија турските власти како да не можеле, а повеќе како да не сакале, да створат мир и ред во Битола. Иако сите улици биле полни со до заби наоружани војници, заптии и др. убиците ретко биле фаќани. Тоа уште повеќе ја зголемувало несигурноста и ја влошувала положбата на граѓаните. "На овој народ не му е ни најмало лесно. Гледа дека ова што се случува е зло и стрепи да и последиците не бидат уште полоши"-вели српскиот битолски конзул Св. Станојевиќ.[88] Во Битола немало повиден трговец или лице кое за својата лична сигурност не водел со себе гавазин. Гавазите по правило биле Арнаути и тоа во извесна мера допринесувало убиствата во градот да се намалат. Нападанието на лице кое било чувано од гавазин-Арнаутин значело нападање на самиот

гавазин, и во тој случај гавазинот сам се светел, но таа освета била работа и на неговите блиски. И затоа организаторите на терористичките убиства не лесно се решавале да издават наредби за убиства на луге кои ги чувале овие гавази. Терористите се сметале како нечии орудија и на нив не се вршела освета туку на највидните лица на односната партија кон која терористот прилагал.

Во 1907 год. и првата половина од 1 908 год. продолжиле вооружените акции на грчката пропаганда употребувајки ги истите сретства како и досега. И сега, како и досега, грчките чети ретко се судрувале со тие на Организацијата во Битолскиот вилает. Нивните акции се состоеле и натамо во онеа најлошото убиство на невини луге од противната страна и напади врз села. Ние не можеме да ги изредиме крвавите акции на андартите во 1907 и 1908 год. но не кеж може и да не спомeнеме барем една од нив бидејки да таа по својата жестокост како да ги надминала сите досегашни. На 22.XII.1907 год. една организациона чета од 14 души влегла во селото Драгош кое било патријаршиско но имало и неколку егзархиски куки и на 23 истиот месец, кога селаните биле во црквата, четниците ја обиколиле црквата убиле 2 видни гркомани и со тоа ги застрашиле селаните барајки од нив да минат кон Егзархијата. По тоа дошло најужасното-освета. На 26 декември, вториот ден од Божик, една грчка чета влегла во селото и во пет групи ги обиколила егзархиските куки и ги запалила чувајки ги вратите и прозорите, така да никој не можел да излезе. Отом некој се појавел, бил дочекал со куршуми. Така биле уништени сите луге кои живееле во тие куки-10 деца, 8 жени и 7 мажи. Три жени кои се обиделе да избегат биле фатени, заклани и пак во пожарот фрлени.

Сите вооружени акции на грчката пропаганда, целата таа пропаганда тешко би можела да се замисли без учеството и содејството на легалната грчката пропагандна установа во Македонија, без митрополијата. Пелагонискиот митрополит по самата должност претседател на битолската патријаршиска општина бил, покрај грчкиот конзул главен раководител на целокупната вооружана борба во Епархијата, па и надвор од неја. Познато е дека тие битолски чорбации кои заедно со митрополитот раководеле со грчката религиозно-просветна пропаганда, раководеле и со вооружената. Тие дуге директно или индиректно биле стално во врска со Митрополијата која била легален центар на гркоманската општествена дејност во Епархијата. Митрополијата која имала статут на еден вид државна установа, но во исто време уживала и извесен имунитет, била најпогодно место каде можеле да се состануваат гркоманските водачи и непречено решават и раководат со вооружената пропаганда. Митрополитот имал право и должен бил, по правилникот на грчката православна општина, да ги повикува гркоманските водачи на состанок барем еднаш месечно. ~~Тоа~~ Тоа тој и го правел. Обично тие состаноци на општинскиот одбор ги свикувал до 15 пати годишно. Напр. во 1897 год. биле свикани 14 седници на Кинотики антипросопија, а во 1898-13 пати.[90] Значи толку седници биле доволни за решавање на сите текушти прашања на грчката битолска општина до 1903 год. По Илинденското востание, т.е. кога грчката религиозно-просветна пропаганда дошле да ја помогнат грчките офицери и оружие, ситуацијата се изменила. 1905 год. Пелагониската митрополија го свикала општинскиот одбор по седница 32 пати ~~на седница~~, во 1906 год.-47 пати, 1907-42 пати. Покрај одборот, многу пати биле свикани на седници и управните тела на општината, како од време на време и првомајсторите на гркоманските еснафи во градот/во август 1907 год. биле поканети 30 првомајстори што најверојатно одговара на триесетина еснафи/[91]

Значи немало речиси ден митрополитот или неговиот заменик да не го поканувал во Митрополијата општинскиот одбор или некои од управнит тела на општината. Тој како да немал друга работа освен ~~преку цел~~ речиси секој ден да држи состаноци, ~~и то не по еден туку и по повеќе на ден.~~ со договорните фактори на грчките вооружени одреди. Од тие состаноци не се сочувани записници, а ние се сомневаме дека воопшто и се воделе тамо записници. Со сигурност претпоставуваме дека тука, во Митрополијата, се решавале работи за кои не било згодно да се оставаат писмени документи. Најсигурно е дека тука највеќе се решавало за убиства, за убиства на противници во градот или во околијата или за други проблеми кои произлегувале од вооружената пропаганда. Кога драгоманот на српскиот конзулат Стерик бил испратен еден ден во мај 1906 год. во Митрополијата по работа, во канцеларијата на митрополитскиот секретар затекнал 4 млади луѓе кои добро ги познавал како ~~грчки~~ грчки терористи. Пред тоа бил убиен еден грком од "Бугарите".[92] Заклучокот на српскиот конзул бил правилен-овие терористи дошле во Митрополијата да добијат директива за освета, односно за убивање на некој "Бугарам".

Сите крвави акции на андартите во исто време биле "благословени" од пелагонискиот митрополит и како духовно лице и од неговите свештеници. Кога пролетта 1906 год. тој го посетил селото Србиново, се сретнал со андартска чета од педесетина души "ги бакнаж сите, ги благослови и ги ослободи од гревовите за сите стари и престојни гревови и злосторства."[93] Турските власти кои сигурно знаеле се за улогата на битолскиот митрополит/како и за некои други/ во 1906 год. биле принудени не само да го исклучат од учеството во вилаетскиот совет, туку и го побарале неговото отстранување. Јоаким отишол од Битола 1906 год. но Митрополијата и натаму останала раководниот центар на грчката вооружена борба во овој крај. Неговото дело го продолжил заменикот на митрополитот Петрас Емилијанос. Јоаким формално останал митрополит пелагониски до 1909 год. Неговото отстранување било наменето да направи ефект кај „реформаторите"

Патријаршискиот свештеник Папаангелис ги заколнувал членовите на терористичките платенички групи со следниве зборови: "се заколнувате дека нема да ви се тресе раката и срцето, кога ке го држите револверот или ножот;се заколнувате дека ке убиете непоколебливо секого за кој ке ви биде наредено;дека ке предпочитате да се самоубиете одколку да ги издадете вашите другари."93а/

Сите крвави дела во Македонија вршени од Грците биле вршени во името на "бога и татковината". И сите тие жестокости биле вршени од "претставителите" на бога и татковината.

"Ис и против романизираните Власи на Македонија се свртија грчките андартски чети со суровост и пизма...."93б/ Еве напр со какви средства се служеле тие за постигнувањето на својата цел. Андартскиот капетан Акритас пролетта 1905 год.со едно писмо до претседателот на влашката општина во Вер Хаџи Гогу,одкако го убедува дека тој,неговиот татко и дедо биле "Грци" и како на раководител на "една група пропагатори кои ги разбиваат чувствата на елинизмот",му наредува:

а/"да ги затвориш до утре романските училишта во Вер, Довани и Паливи зашто тамо нема Романци",

б/"да го изјавиш официјално и отворено твоето грчко потекло....." и

в/"дах ги запалиш во присуство на твоите жртви романските книги,црковни и училишни...."итн.

За изврдувањето на сето тоа Акритас великодушно му дава срок од пет дена,а во спротивно,не одговара за последиците. Во друг те писма му прети дека од корен ке ја уништи неговата фами-

ли-ја и имот и дека единствен начин за неговото спасение е "да ги натераш романските учители и свештеници кои служат на романски јазик да дадат клетва за верност на преставниците на татковината .Елада.....,во спротивен случај ти нема да ни побегнеш".И понатаму го праша "има ли значење тоа што Вашиот јазик личи на нивниот /романскиот,б.м./? Вашата крв е чиста,грчка."94/

Но андартите не се задржале само на заплашување и плачкање на влашките овци и кози.Во февруари 1905 год.тие по најзверски начин убиле шест души Власи од с.Негован мегу кои и попот и син му.Нивниот терор особено се засилил после султановото ираде од мај 1905 год.Покрај повеќето убиства на Власи,тие во октомври истата година го изгореле и го срвниле со земја Авдела,родно село на Апостол Маргарит.На 15.VI.1906 год.го убиле во с.Трново Михајло Дидо,влашки првак,на 25 во с.Магарево го убиле старецот Горги Лазар,Влав,чии син бил влашки учител95/ итн.

Како протест на андартските антивлашки крвави акции во Македонија,во Романија се одржани големи и бурни антигрчки демонстрации придружувани со напади против грчките училишта,грчкиот имот и самите Грци.Биле превземени и други репресивни мерки против се што било грчко во Романија.Романија претејки дека ке ги прекине дипломатските односи со Турција барала од неја да ги заштити Власите во Македонија од зверствата на андартите.Односите со Грција толку многу се изостриле да романскиот министер за надворешни работи изјавил дека "ако географската положба на Грција го дозволуваше тоа,веке ке беume во војна."96/Во јуни 1906 год.дипломатските односи п мегу двете земји биле прекинати.

Загрозените Власи во Македонија,по примерот на многу македонски села,почнале и самите да се организират за одбрана.Некои стапувале во македонските чети,а биле формирани и чисто влашки чети.

Така напр.позната е четата на војводата Алексо од Гопеш која дошла во судир со турската војска.Особено бил силен отпорот на Власите во Караџова каде по зборовите на солунскиот конзул грчката вооружена пропаганда "немало место каде да се допре".97/

Тесно националистичките интереси на балканските монархии не дозволувале некое потесно поврзување и дејствување на нивните вооружени чети и другите пропагандни органи во Македонија.Но сепак,као и досега,и покрај нивните спротивности самата политичка ситуација наложувала и природно ги терала кон некои мегусобни спогодувања.Но кој со кого можел да се спогоди? Бугарија и Грција биле претенденти за заграбување на цела Македонија и по врховизирањето на голем дел од ВМРО, основни антагонистички сили.Ваш тие нивни националистички аспирации не дозволувале нити на едната нити на другата страна да се спогодат со Србија.Ако имало некои минимални услови за некој компромис,тоа можело да биде само со Грција која се пак била "повеликодушна" од Бугарија и ѝ признавала на Србија некои северни делови од Македонија.Нивните чети би можеле да соработуваат во некои делови на Битолскиот вилает.Но та претпоставувала спогодување мегу двете влади околу одредување сфери на влијание во овој вилает,а тоа тешко одело,иако се правеле некои обиди за извесна соработка.Во декември 1904 год.српскиот посланик во Атина бил посетен од познатиот Калергис кој по повлекувањето од Битола работел во Министерството за надворешни работи на Грција. Во интерес на грчката влада било,во тоа време,кога грчката вооружана акција ги правела првите сериозни чекори,во лицето на Србија да има свој сојузник."За нашите чети и четоводи г.Калергис зборуваше со полн возхит.Не бев мало изненаден,кога од неговата

уста чув полно детали за нашите чети-би помислил човек дека бил во непосреден допир со нив.....Да се напуштат овие чети /грчкиx и срп-ски б.м./би бил неопростив грев;тоа би била права пропаст за сите нас....."[98] вели во својот извештај до својата влада српскиот ~~кмхжх~~ посланик во Атина.Според истиот посланик,а и така било, причините што српските чети во Битолскиот вилает биле "симпатично поздравени" од Грците биле ".....што тие ќе им олеснат на нивните чети /во борбата,б.м./против Бугарите кои ке се најдат во унакрстен огин.Како што на обичните Грци кои не се занесени со мегаломанија не им стало до северните краеви од Битолскиот вилает,до Порече,Кичево,Дебар итн.така исто и ние не можеме сериозно да претендираме на јужниот крај од оваа област,на Лерин,Костур итн.И како што Грците сметат дека полесно ке го сочуват јужниот дел од Бугарите ако против нив српксите чети се борат во северниот дел,така исто и ние треба да бидеме уверени,дека полесно ке го сочуваме северниот дел, ако во него се браниме против Бугарите во истиот момент кога грчките чети ке ги напаѓаат во јужниот крај.....Тие во овој вилает можат да сеx потиснат само со едновр менатa акција на српските и грчките чети".Инаку Калергис му рекол на српскиот посланик како нивните интереси во Битолскиот вилает не се коселе."Вие сте на север, ние сме на југ...." и ја истакнал неопходноста и апсолутната потреба од грчките и српските четиx во Македонија.[99]

Така со самиот факт што грчките и српските чети во вилаетот се бореле против еден ист непријател тие всушност си помагале меѓу себе,без разлика што нивните акции не биле координирани и што се воделе на различни места.Организацијата во Битолскиот вилает ставајки си пред себе цели во голема мера штетни на македонскиот народ,а и под влијание на новонастанетите услови,ја изгубила довербата особено кај гркоманското и србоманското население кое

престанало во неја да гледа ослободителка од турското ропство. Таа сега била ставена во ситуација да се бори против Турците и против грчката и српската вооружана пропаганда, без да ја има поткрепата на целото македонско на-селение бидејки и таа се појавувала како заштитник на туги интереси во Битолскиот вилает. И кога таа истапувала како чиста македонска организација тешко можела да го поврати старото поверение. Карактеристичен пример за тоа е случајот со патријаршиското но србоманско село Тополчани-Пелагониска епархија. П. Наумов, реонски војвода, во едно писмо од 28.I.1907 год. до тополчани мегу другото им пишува "многу добро знаете браќа дека во Тополчани нема Срби, нема Грци, нити пак Бугари. Ние сме Македонци. Србија за Србија, Грчка за Грчку и Бугарска за Бугарску. Значи тоа што некој ке заработи со својот пот тоа му е и слатко, како што е нашата ствар. Ако барате друга држава да со нас заповедува, тогаш добра ни е и Турција. Знајте браќа дека под друга држава нам ке ни биде многу полошо.......Не треба да се викате Срби, а сете те се како зборувате дома со своите деца, бидејки сум уверен да не изговорувате нити еден српски збор. И незаборавете што биле нашите татковци и дедовци, тоа сме и денес, а спрема тоа не сме нити Срби, ни Бугари, ни Грци...." 100/

Интересен е одговорот на тополчанските прваци: "Господине Павле...како што велите у писмото оти нема Грци, Бугари и Срби овде у Македонија истина је и као што пишвате оти Грците си работат за Грција, Србите за Србија и Бугарите за Бугарија, право је истина, а и цела Јевропа знај многу арно оти е така т.ј. оти сме није Македонци, кога се размати народо у Македонији и није целио народ се деле у много народности. Све тоа што се стори да се није делиме у много народности ни го сторија оближните држави и сега нити није нити није можиме да се делиме од својата народност". На 15.II.1907 год.

Павле Наумов одговорил со писмо со слична содржина во кое се барало да бидат примени во селото;да уредат селаните селско началство како што и порано имале,да наплатуваат членски внос и да ги прекинат односите со српскиот конзул.Покрај другото и во ова писмо се вели дека "не треба сега да се делиме на Грци,Бугари или Срби.Треба заеднички да работиме....не треба мегусобно да се мрзиме и биеме.." Подоцна Иван Димов-паша испратил дуге во селото да се спогодат,но биле пречекани со огин.

Вои едно друго писмо,од почетокот на 1908 год.како одоговор на испратеното писмо од војводата Славе Мирчев,тополчани мегу другото пишуваат " Вие пишувате како во Македонија нема ни Срби ни Грци ни Бугари,туку да сме сите ние чисти Македонци.Вистина е така.Но што да правиме ние кога во Македонијаа нема македонски школи во кои би се учело на макед онски јазик....А ако би знаеле да мај во која од тие школи /кои постоеле во Македонија,б.м./ се предава на македонски јазик,тоа ние сите радо би го примиле.Вие бидејќи така пишувате дека сите ние кои живееме во Македонија сме чисти Македонци,спрема тоа треба и да пишувате на македонски јазик,а не на бугарски како што вие пишувате."Одбиват да минат кон Организацијата бидејќи и "ние не сме самовласних..."[101/] Но се изгледа, тополчани,особено во врска со ова последноцо писмо,се консултирале со српскиот конзул во Битола,зошто на едно место и самиот признава

Ниту имаме намера,ниту му е емстото овде да навлегуваме во суштината на ова кореспонденција.Сакавме само да истакнеме дека на површина,излегувале такви сфакања на некои револуционери и покрај силното врховистичко влијание во окружната Организација и дека карактеристично е неколку самото сфакање на тие кои ги пишувале тие писма /по мислењето на српскиот конзул тие писма биле пишувани во Прилеп/колку што причините кои ги натерале да напишат

писма со таква содржина.

Што се однесува до официјалниот став на Внатрешната организација по однос на вооружените пропаганди и воопшто по однос на религиозната припадност на нашето население, најјасно тој е истакнат во Уставот донесен на Рилскиот конгрес 1905 год. Според тој устав Организацијата и натамо имала за цел да ги сплоти во едно цело без разлика на народност сите незадоволни елементи за извојуване на политичка автономија; дека Организацијата се спротиставува на стремежите за делене и завојуване на Македонија и Одринско од која и да било држава а за да се постигне тоа Организацијата "се бори за сузбивање на шовинистичките пропаганди...." И натамо му ја "запазува на секој човек....слободата на вера, убедување и национално самосознание."[102/]

Познато е дека овој устав не бил применуван во Битолскиот револуционерен округ затоа што: 1. Раководството, како што веке рековме, во голема мера паднало под влијанието на врховистички настроените елементи кои биле поразени на Рилскиот конгрес и 2. условите за дејствување биле сосема изменети за разлика до Илинденското востание. Сега вооружените пропаганди, особено грчката, биле нови и важни фактори, кои во најголема мера ги диктирале и сретствата за борба. Меѓутоа прифаќането на истите сретства во борба какви што ги применувала грчката вооружена пропаганда во Македонија, значело спуштане на истото ниво на кое биле спуштени андартите. Борбата против андартските чети била нужна, но убивањето на патријаршистите Македонци и паленето на села затоа што тоа го направиле грчките чети во македонски-егзархиски села не само што не му носело полза на нашето население, туку обратното, му носело голема штета. Однапред

на секого му било јасно дека за убиството на еден патријаршист, андартите,кои и без тоа колеле и палеле,ке убијат,и тоа на најѕверски начин,повеке егзархисти,без да може некој да ги спречи.Тие,андартите,не мислеле многу колку Македонци ке убијат и како ке ги убијат,бидејки тоа население било сосема туго за нив,толку туго, колку што била далеко Македонија од Крит.Еден грчки офоцер кој се вратил од Македонија во разговор со српскиот конзул во Атина му рекол:"За-горичани мораше така да мине.Но она другото не.Што можете, мегу четниците има најмногу Критјани,кои се храбри,но крволочни. Штом сретнат Бугарин или Влав не можат да издржат,им пага некој мрак пред очите....колат,бодат,сечат,како да не сечат луге туку некоја билка."103/

Каков бил ставот на големото мнозинство од нашиот народ во Битолскиот вилает /спрема тоа и во Пелагониска епархија/ кон грчките андарти најреално може да се види во почетниот период, т.е.во времето кога по Илинденското востание стварно имало место за оладување кон Внатрешната организација,кога таа била во голема мера растроена и кога грчката "Внатрешна организација" се јавила како "спасител" од таа тешка ситуација,но уште не била силна за да со сила го одредува ставот на населението кон неја.Ние веке спомнавме како за бази на грчките чети им послужиле села патријаршиски и не словенски,села кои заедно со еден мал број патријаршиски словенски села /во Костурско Желево како поважно,во Прилепско неколку мориовски села и некои други во близината на Битола/останале до крај како единствено посолидни помагачи на грчката вооружена борба. "Територијата веке била толку бугаризирана,така да со големи жртви и чети и команданти успеаа андартите да се зацврснат на земјата на бугарскиот комитет...."104/ пишува протагонистот на андартската борба митрополитот Каравангелис.Грчката пропаганда знаела дека огром-

ното мнозинство од ма-кедонското населени и покрај неуспехот на Востанието и тешката положба во која се нашло и натамо си останало туго за неја, и од него, па било тоа патријаршиско, не ке може да очекува некоја посериозна поткрепа за посериозна акција. Затоа таа единствено спасот го барала во доагањето на чети и команданти од Грција. "Времето минава и не спечеливме ниту едно село. Причината лежи во тоа што Критјаните доагаат и бегаат.... треба да ги претпочитаме месните и особено бугарофоните"[105] пишува пак Каравангелис во писмо од 16.VII.1905 год. до грчкиот офицер Пихион. И натамо "... не знам дали стигнаа нови чети или не, вистина е дека се блики зимата и не успеавме да се наложиме на теренот нити да спечелиме некое село; ако поминат уште два месеци без резултати, во зимата работата е неможна". Каравангелис е многу разочаран што андартите од Грција закаснилек и не дошле на време. И имал право. Македонските села грчката пропаганда можела да ги добие со помошта на ножот и пушката, со помошта на теророт. Но бидејки тој терор се увозувал од Грција не можел да биде редовен и постојан, барем во прво време, и резултатите неможеле да бидат задоволувачки за грчката страна. А од домашните разбојници и окорели гркомани, макар колку добро да биле платени, не мож-ело да се органиэ-ира нека-кво значајно вооружено движење кое бидало некои резултати во интерес на великогрцизмот. Дури и самата "Амина" формирана од Драгумис, со неговото преместување од Битола, веке ослабнала. "Требаше да биде много вкоренета грчката идеја кај македонските маси за да се создаде за неколку месеци, за неколку години. тоа што Бугарите го создале со долгогодишна системна работа.."[106] пишува Драгумис.

Веројатно и самиот Драгумис добро знаел дека Грците работа-ле системно многу порано одколку што работале Бугарите, но сепак не успеале да ја постигнат бараната цел. Тој што така добро

знаел дека постигнатото ед-инство на македонскиот народ не било постигнато од Бугарите, од Бугарската егзархија, туку од Револуционерната организација чија политика не одела во прилог нити на грчката нити на бугарската буржоазија. И тоа единство кое можело да биде гаранција за понатамошна успешна револуционерна борба на македонскиот народ решено било од сите три балкански буржоазии да го раскинат за да можат полено да ја раскинат и Македонија.

И другиот протагонист на андарската борба П.Мелас ни да-ва дос-та податоци за негативниот однос на големото мнозинство од нашиот народ во битолскиот крај кон грчката вооружена борба. Мелас пред да дојде во Македонија се наогал во заблуда дека сите негови планови дали ке се исполнат ке зависи од него лично бидејки населението, така мислел, било готово да го следи и даху му помага Но се разочарал."Јас, бедниот, си направив план, тргнувам во дожд, студ, гладен и кога ке дојде моментот за акција, или не доаѓаат /селаните, б.м./ или ме лажат по разни начини, или им јавуваат на Бугарите да се скријат..." 107/ - и пишува на својата жена Ната на 2.X. 1904 год. од с.Белкамен. Тоа било така, се теши Мелас, затоа што лугето се плашеле многу од комитетот.

Инако, како што веке спомнавме, андартите ретко се судрувале со четите на Организацијата. Нивните судири биле всушност судири со македонските селани кои ги земале привремено скриените пушки за да ги попречат андартите да влезат во нивното село, 108/ да убијат, да го запалат. Четите на Организацијата обично вршеле "покрупни" акции. Тие од време на време оделе во некое патријаршиско село, убивале некого или палеле куки за освета, потоа го напуштале селото, а потоа се случувало тоа, или слично на тоа, што се случило во с.Драгош.

Населението добро знаело дека од сите вооружени пропаган-

ди можело да има ~~ням~~ само штета и ништо друго." тоа не само од пропагандите.

b. Големите сили и грчката вооружена пропаганда во Македонија

Грчката пропаганда се жалела како речиси сите големи сили не покажале ~~жиииии~~ разбирање кон андартската борба или не толку колку што покажале божем кон "бугарите".Една од причините за ~~ж~~ тоа, според Влаху,109/ биле "насилствата вршени од грчките андартски чети како во Зеленич есента 1904 год.и Загоричани пролетта 1905 год.и изолираните злосторства и плачкањето на имотите на егзархистите,неоспорно предизвикувaa ужас и гнасење."Ние нема да навлегуваме во причините за неодобрувањето и осудувањето на вооружените акции во Македонија пос 1903 год.од страна на големите сили. Ние веке рековме,тие биле за status quo ,и спрема тоа и против ~~к~~ секоја акција која имала за цел да ја измени таа положба.

Точно е дека големите сили имале причини и највеке протестирале и ги осудувале акциите на грчката вооружена пропаганда.И тоа го правеле не само земјите на кои им било поверено да го надгледуваат спроведувањето на реформите,туку и другите.Така напр.во Англискиот парламент често било поткренувано прашањето околу положбата во Македонија и често англиската влада била принудена да интервенира и во Цариград и во Атина.Интересно е мислењето на лордот Ньутон изнесено во Горниот Дом на Британија на 6.VII.1906 год. Од како упатил до владата прашање дали таа направила претставки до грчката влада во врска со испракањето на чети во Македонија,Ньутон

истакнал дека постоела разлика мегу грчките и српските и бугарските чети во Македонија. На овие последните, според лордот, и покрај тоа што се занимавале со убиства, палежи и друго морало да им се признае во извесна мера, "патриотска цел" бидејки биле главно регрутирани на теренот, а нивната работа била управена главно против турските власти. Но грчките чети немале право на тоа признание бидејки да нивната цел била да ги тероризираат другите христијански народности и овие да ги принудат да минат во својот табор, како да е цела Македонија грчка, а составени се главно од Наемници. Одговорено му било дека англискиот посланик во Атина во последните три месеци често правел претставки при грчката влада. Грчката влада како одговор на протестите од европските влади ги известила овие дека превзела мерки да го спречи преминот на "сомнителни" елементи преку своите граници.* Но бидејки било потребно да се превземат енергични мерки за да се тури крај на таа ситуација во Македонија, на 3.VII.1906 год. силите направиле заеднички претставки пред грчкиот министер за надворешни работи во врска со активноста на грчките чети и за помошта која тие чети ја добиваат од грчката влада. Ако положбата и натамо така продолжи, не само што би се спречил успехот на реформацијата, туку без сомневање ке биде противно на грчките интереси на други места. Затоа англиската влада сериозно се надева дека и грчката влада ке ги управи сите напори на тоа, да се тури крај на оваа опасна положба. 110/ Протестите против четничката политика на Грција и другите балкански држави биле чести през целото време на траењето на вооружените акции. Протестирале австроунгарската, руската, англиската германската, француската влада, посебно или заедно, само во Атина или и во Белград или Софија, во Цариград. 111/ После една направена претставка од големите сили турскиот посланик во Атина лично отишол

до грчкиот крал. Во врска со таа посета српскиот посланик во Атина дословно пишува: "Позитивно знам дека тоа го правел /турскиот посланик, б.м./ во најблага форма, поправо молел да се прекрати за извесно време со четите....поради пресијата која ја вршат големите сили....Јасно е како ден дека Турција ја одобрува работата на грчките чети; разговорите кои во врска со тоа ги имав со најнадлежните не остават повеќе кај мене никакво сомневање."[112]

Бидејќи барањата на големите сили атинската влада слабо ги земала во предвид, тие од летото 1907 год. своите интервенции ги насочиле главно кај турската влада барајќи енергично од неја да тури крај на четничките акции во Македонија. Турската влада праќа веќе енергична нота до грчката влада барајќи да го спречи упатувањето на чети во Македонија[113], а и самата превзела извесни акции на теренот за прогонување на тие чети.

Ситуацијата во Македонија будно ја следел и Балканскиот комитет во Лондон. Кон крајот на 1906 год. претседателот и секретарот на Комитетот Поел и Бур му предале еден меморандум на Едвард Греј во кој ги изнеле своите впечатоци од Македонија која пред тоа, летото, лично ја посетиле. Според нив положбата во Македонија била полоша од минатата година, а без сомневање било дека Турците го помагале формирањето на грчки чети.[114]

Претседателот на Атинската општина после враќањето од посетата на повеќе европски градови отворено изјавил: "Грците немаат пријатели во Европа, пријателите се изгубени...."[114a]

## г. На што се должела силата на андартското движење

Иако на прашањето: на што се должела силата на андартското движење! правилно и сжето одговара стремежот на настаните Анастас Митрев[115],

сепак потребно е и ние да се задржиме на кратко.

Три се основни причини кои ги овозможиле "успесите" на грчката вооружена пропаганда:

1. Тоа била дело на грчката влада, на грчката држава
2. Ставот на турските власти и турското население
3. Растројството и расцепот на ВМРО

Ние и до сега ги истакнавме овие моменти како важни фактори кои ја овозможувале дејноста на вооружената грчка пропаганда. Сега само ке дополниме со нешто. Во периодот на андартската борба во Македонија, целата грчка држава, на разни начини, како да живеела со неја, како да немала поважна работа од неја. Во врска со тоа српскиот пратеник во Атина ги напишал во извештајот[116/] до својата влада и овие редови: "Сите овде се за четничката политика. И тоа се толку за неја што нема денес во Грција човек политичар кој би имал смелост да се спротивстави на таа политика. Ако некој би направил такво нешто, тој би го изгубил веднаш своето место во партијата, во општеството, својата популарност, ако не му се случи нешто друго."

Материјалната помош дадена од страна на грчката влада и другите фактори за војните операции во Македонија била речиси неограничена. На пример, покрај 800.000 драхми од доброволни приходи /тоа биле на прво место од богатата грчка буржоазија/ било барано уште 500.000 драхми вонредни за Министерството за надворешни работи[117/] за 1907 год, а од минатата година имало остаток од 400.000 драхми.

Значи сретства имало толку многу, што дури и не можеле да се потрошат во одредениот срок и покрај тоа што во грчката вооружена пропаганда од најниското до највисокото место било платено.

Што се однесува до ставот на турските власти кон грчката вооружена акција во Македонија исто така зборувавме. Таа подр-

шка на грчката четничка акција се гледала дури и во самото претседтсво на државата. Андартите биле инако третирани од турските судови за разлика од комитите. Тие биле судени од обичните судови каде процедурата била долга, а казните благи. Битолскиот валија повеке пати барал од Великото везирство да како "бугарските", и грчките четници се судат од вонредните судови. Инако "природно е да се помисли дека грчките чети се фаворизираат" од турските власти. Дури и цивилните агенти се нашле побудени да протестираат против таа разлика. На крајот и Хилми паша дошол до констатација дека судењето на грчките четници од обичните судови правел лош впечаток во странство и според тоа се сложил со решението на Великото везирство од 1905 год. според кое андартите кои употребуват оружје против редовната војска да се судат од вонредните судови.[118/]

Во поткрепата на андартските акции во Македонија се јавува и еден друг, доста важен фактор-турското население. Илинденското востание кое имало за цел да го уништи турското господство во Македонија силно го заплашило турскиот елемент кој сега, сфакајќи ја важноста на грчката борба против разбунтуваниот народ, често отворено сеe ставал на нејзина страна, особено богатиот слој. Поедини Турци на андартите им ги покажувале "бугарските" чети или ги помагале со храна или друго. "....вредно е да се напомене за моралнат поткрепа и охрабрувањето од страна на заможните Турци, кои поради големата омраза кон Бугарите покажуваат готовност за помагање на нашите"- пишувал битолскиот грчки конзул.[119/] Битолчанецот Модис во врска со тоа пишува: "Ни даваа многу корисна поткрепа селани Турци, како и офицери и чиновници, или затоа што ги плакавме или затоа што имаа жртви од комитациите и сакаа да ги осветат."[120/]

Кога ке се земат во предвид сите тие фактори, и кога на сето тоа му се даде и целокупната религиозно-просветна пропаган-

да која со целиот свој свештенички-учителски и друг персонал,[8] начело со митрополитите,/особено со пелагонискиот и костурскиот/ се ставила подполно во служба на грчката вооружена борба,плус многубројноста на андартите пра́ка́ни од Грција,ќе ни стане јасно на што се должеше силата на грчката "македонска борба."

9. Последици од вооружените пропаганди

Вооружените пропаганди во голема мера створиле хаос во секој домен на човешкиот живот:гаранцијата за животот и имотот која и пред тоа не била голема,сега речиси не постоела,а во Пелагониската епархија,односно во Битолскиот вилает воопшто не постоела;населението економски во голема мера било уништено,трговијата замрела,земјоделството опаднало,затворите се наполнале,а населението особено од ресенот кој ние го разгледуваме,масовно емигрирало. На кратко,Македонија како последица на вооружените пропаганди се нашла во една таква тешка ситуација како ретко кога во долговековниот период на турското ропство.

Економските тешкотии не доагале само како последица на вооружените судрувања на пропагандите,теророт,застрашувањата,убиствата и слично,туку по налог на пропагандите се водела безпоштедна економска борба меѓу самите занаетчии и трговци припадници на пропагандите од што страдале и широките слоеви.Таа економска борба особено била остра во Битола.Грчката пропаганда имала предвидено и казни-парични,застрашувања и биење-за сите оние кои би ја прекршиле забраната да купуваат или имаат било какви стопански врски со спротивната страна.Освен тоа таа отварала анови,дукани,фурни и друго со цел да ги придобие луѓето,а ги спречи да одат

кај "бугарските" такви.[121/]

Несносната положба предизвикана од вооружените акции на четите станувала уште потешка од теророт и зулумите вршени од турскиот аскер.Позна-то е дека властите жестоко ги прогонувале четите на Организацијата.Но особено од втората половина на 1907 год. под притисок на големите сили,особено на Англија,и од како дошле до заклучок дека услугите на грчките чети не им се веке потребни во тоа мера ккако досега,Турците почна-ле ревносно да ги прогонуваат и андартите.[122/] Прогонува-њето на четите од страна на аскерот значело во исто време дополнување на делото на вооружените пропаганди-пустошење,пљачкање,горење,терор,убиства.Изговорот бил:се барaат скриени четници,скриено оружје.

Преживувајки такви,досега поретко познати ужаси,[*/] без да има или очекува апсолутно никаква полза,населението како да не можело повеке да издржи,без разлика кон која од пропагандите да припагало.И затоа не било за чудо што се појавувале и поединци кои минувалеж на турска страна и со тоа му нанесувале големо зло на христијанското население.Особено тоа зло бивало големо ако тие луге му припагале на четничкото движење и знаеле многу работи за него Свие четници одале со аскерот од село во село во кое доскоро и сами тие биле,се криеле и добивале по он,и ги издавале своите допчерашни другари,скривалиштата на оружје исл.Да споменеме само по еден таков пример.Во март 1908 год.некој си Митре од Герман-Преспанско,долгого дишен комита се предал на турските власти и тргнал сож војската по селата каде комитувал и издавал се.Истата работа ја вршел еден андартин кој при едно судрување на една грчка чета со аскерот во с.Брусник бил заробен.Како последица на тоа Турците вршеле апсења, мачења,страшен терор.Некои од селаните неможејки да ги издржат маките и самите поткажувале што знаеле.Во Цапари напр.еден младинец

бил закован за ѕид затоа што неможел да каже каде се криело оружје идр.[123]

Овие два четника им нанеле многу големо зло на сите места каде порано се движеле и криеле. Ниту едно од тие села не остананало непретресено и нетероризирано. Особено настрадало селото Буково и други битолски села. Уште пред тоа, т.е. кон крајот на февруари 1908 год. после еден судир со грчка чета, аскерот се распрснал по селата Буково, Орехово, Велушина, Лаково и вршел нечуени ѕверства, многу избегале во шумата, а некои дошле во Битола да бараат помош од австрискиот конзул.[124]

Ете и на таков начин вооружените пропаганди, особено грчката, им ги зголемувале и без тоа големите страдања на нашиот народ. Многу луѓе спасот почнале да го гледаат во емигрирањето во Америка и други држави "....речиси опустошува прилепскиот реон, костурскиот, леринскиот...."[125] Во Битола имало 8 агенти кои само во 1907 год./извештајот е од 9.XI.1907 год./[126] испратиле во Америка 3.630 лица од целиот вилает. Али до горната дата од како емиграцијата се засилила од пред 7 години, околу 25.000 Македонци емигрирале во Америка. Пари за одење агентите им давале на заем, но затоа тие иселеници биле принудени да ги враќаат за кратко време со голема ка[illegible].

Да се опишат поопширно тешките последици по нашиот народ од вооружените пропаганди/и самите пропаганди/потребен е простор. Покрај тоа ~~ние~~ сметаме дека не е потребно тоа тукаj да се направи.

# ГЛАВА II

## РЕЛИГИОЗНО-ПРОСВЕТНАТА ДЕЈНОСТ НА ПЕЛАГОНИСКАТА МИТРОПОЛИЈА 1904-1908 год.

Ние веќе рековме дека основната задача на грчките вооружени чети била преку терор и убиства да го принудат македонското население да се откаже од Егзархијата и ја признае Патријаршијата, т.е. грцизмот. Обично грчките војводи се обидувале прво да ги убедат нашите селани "доброволно" да постанат "православни", т.е. "Грци" и ако по таков начин не успевале тогаш убивале луѓе и ги палеле и плачкале селата. За да ни биде јасно како изгледало тоа "убедуваье", со какви аргументи и речник се служеле грчките капетани при тоа "убедуваье" ке цитираме прво две писма до кои австроунгарскиот конзул во Солун успеал да дојде и сметал дека претставува интерес да ги испрати до својата влада во оригинал.1/

ГРЧКО-МАКЕДОНСКА ОДБРАНА

Во името на Семоќниот Господ и на Татковината

x

x x

До народните старешини и останатите жители на селото

Арапли

Пред неколку дена бев ви пишал друго писмо, и од ден на ден очекував одговор. Меѓутоа денес сигурно разбрав дека моето писмо

не сте го примиле,поради што сум принуден повторно да ви пишам,за да разберете дека единствениот ваш спас е да станете Грци.

Треба да разберете,исто така,дека Бугари-Македонци не постојат.Спрема тоа,ако во некое село постојат луге кои не се убедени дека се од грчко потекло,тоа,по потребаќе ги поучиме ние,прво со советување а потоа и со меч.Треба да знаете дека ваквата грчка одлука ќе се оствари,и тоа Македонија наскоро ќе ја прегрне саканата си мајка-Грција.Не мислете дека Грчко-Македонската Одбрана не би можела да ве казни.Корените ги извадивме,и сега останавте вие,гранките,кои сами ке се исушат,одн.ќе се изложат /на опасности/ и ќе си наштетат сами на себе.Ако и натаму сметате дека сте Бугари значи /признавате/ дека сте од татарско потекло.А ако ова ми го потврдите да си одите,и за да ми ја исполните волјата,да одите во Татарија.Таму да ја засновате својата држава,зошто тоа вам ви следува.Не само што Македонија не ќе ве соберектуку ни Софија не ќе може да ве спаси.

Од една страна сметате дека сте Бугари,а од друга-/тврдите/ дека сте чисти Македонци,па спрема тоа и потомци на Александар Велики.Престанете барем да го загадувате македонското име,велејки,од една страна дека сте Македонци,а од друга-дека сте Бугари.Кога човек се отклонува /од правиот пат/ барем се покајува,а на оној што ке се кпокае му се проштава.Но,кога не се покајува и настојува да ја одржи својата настрана идеја,тогаш треба да разбере дека постои и еден друг начин кој ке го вразуми.Ги има господ ангелите-но ги има и демоните;го има рајот-но го има и пеколот го дал доброто-мегутоа,го дал и лошото.

Спрема тоа,и јас,како ваш брат и од иста крв,имам задача прво да ве посоветувам,и ако сакате наострете го слувот за

за да чуете. А ако не сакате помислете се малку подлабоко, и правете што сакате. Разберете добро дека од најстари времиња па до пропаста /крајот/ на светот Македонија била, и ке биде грчка. Треба да сватите дека грчкото знаме ке се забие врз бугарските лешеви и дека не ке ве собере не само Македонија, туку ни Бугарија. Грците не бараат харач, ни јачмен, нити пшеница за да ја ослободат Македонија, туку подаруваат милиони за да докажат уште еднаш дека Бугарите, во поглед на култ-урата, само со Кинезите можат да се споредат. Грците зборат последни /на крајот/ но, своите одлуки ги извршуваат. Бугарите ги ослободија други, а Грците се ослободија со сопствената храброст, со својата машкост и оданост кон татковината. Бугарите не се почуствуваа способни уште себе самите да се ослободат и да создадат царство, ами и ден денес се под султански суверенитет, а вие чекате да ја земат Македонија. Штом значи, го примите моево писмо треба да станете Грци, инаку овие денови чекајте не за да дојдам да ве научам дека Бугарите не се Македонци, туку тие да одат во Татарија!

Ке ве изгорам и вас и вашите деца, со се́ мачките ви! Не ќе оставам ни еден од вас, барем да посведочи за станатото. Повеке не чекаме! Или сега веднаш ке се вратите /назад под јурисдикција на Патријаршијата, б.м./ или некој ден ке осамне само живината ви жива! Ке ви покажам дека Грците можат да чекат, но дека и трпението ке има граници.

Значи, или едното, или другото. И чекам побрз одговор.

20.III.1908

Грчко-Македонска Одбрана

/Тркалезен печат со натпис наоколо/

"капетан Апостолис"

Второто писмо било испратено до првацте на с.Нихор-берско

/

Во Нихоруда, 19 април 1908

Господо......

денес пак ви пишувам. Треба да се вратите /под Патријаршијата, б.м./ зошто ова е последен пат што ви пишувам, тоа што ви го велам треба да стане.

Сите вие бре несретници сте Грци-Македонци, и вие тоа многу добро го знаете. Знаете дека во Македонија, па дури и надвор од Солун Бугари не постојат. Ако сте Бугари што барате овде во Македонија? Вратете се што побргу и постанете /пак/ Грци, зошто во иднина вака не ке може да се живее. Во спротивно, она што ке ми падне на ум тоа ке ви го сторам; ќе ви направам такво нешто, што оние кои ќе се спасат ќе го запаметат.

Немајте надеж Македонија да стане бугарска; Македонија и порано беше грчка, и сега п-ак е грчка и ќе се зачува со името МАКЕДОНИЈА..А..А..А.. и пишав првиот пат и чекав до денес да декларирате /пред властите, б.м./ дека сте Грци. Значи, надевајќи се дека ке станете Грци веќе оставив до денес без да ве казнам. Но, разберете добро, ако и по десет дена од денес не станете Грци православни, тешко на вас; ќе ви се случи она што не му се случило никого. Сите ќе ве пронижам низ пушка, ќе ве уништам и вас и вашите фамилии. Ако по десет дена не станете Грци, повеќе не се надевајте да живеете, зошто знаете колкумина сме, колку ~~~~ ~~~~ што можете да си помислите, ~~сме,~~ и сите ќе дојдиме некоја моќ и ќе ве изгориме како глувци; ве познаваме сите поединечно; ќе можете да се спасите само ако, случајно, избегате во Бугарија.

Значи, во срок што ви го означувам треба да станете Грци и да живеете слободни, инаку, знајте дека не ќе живеете потаму

ни една минута.Ви го велам ова отсечно;за последен пат.

Капетан Јанис Равналис

и вашиот сонародник Танасис Трајанис

Таква или слична била содржината на сите застрашителни писма испраќани од андартите до прваците на македонските села и во битолскиот реон.Едно такво писмо /бр.113/ добиле и селаните од с.Лопатица.[2]

"Елиномакедонска организација.Внатрешна организација,Врховен национален центар со седиште во Македонија

До селаните во Лопатица

Браќа,со божие име ви наредуваме да дојдите пак во правиот пат.Не сакаме да направиме лошо на вашето село.Бугарскиот комитет се расипа.Станите сите селани од сите села и помогнете му на грчкиот комитет штом тој дојде да го истреби Бугарскиот комитет заради вашата среќа и спокојство.Ви даваме десет дена срок.Размислите добро.Сите книги на светот пишуваат дека вие сте Грци.Што бараат Бугарите во Македонија? Сега стравот мина.Во името на бога и на света троица ви велиме да се вратите пак во старата вера и народност зошто настана време на спасението од нечесните убијци. Ако нè не послушате,голема несреќа ќе го снајде вашето село.Бог да ве просвети.Амин! "

Покрај праќањето на писма андартите употребувале и други начини за пренесување на нивната наредба до македонското население за признавање на Патријаршијата.На 21.VI.1906 год.најдена е на црквената врата во битолското село Беранци писмена наредба со која на селаните им се давало тридневен срок за минавање кон Грчката митрополија.Во спротивно,се застрашувало,со селаните ке се

постапило како и со лисолајци. Покрај ова, во наредбата биле наведени 15 мина селани кои требало да бидат погубени ако селото не ја послуша наредбата на андартите.[3] Андартите со цел да го претворат селото во патријаршиско зимале заложници[4] и употребувале и разни други сретства, но најшироко применетото сретство и најефикасно било жестоките убиства. Македонските луге ставени во ситуација да избират меѓу терор, палежи, смрт и минавањето кон Патријаршијата, природно го претпочитале последново. По таков начин растел бројот на патријаршистите, на "Грците". "Општини православни, славофони или влахофони, кои од години доброволно или насилствено ја прифатиле бугарската и романската национална идеја се вракаат под ведомството на православната црква и декларираат грчка националност или српска, под заштитниот покрив, или теророт што го предизвикува грчките и српските чети со својата појава."[5]

Ете по таков начин се зголемувал и бројот на "стадото" на грчкиот пелагониски митрополит. Селата кои биле изложени на ударот на андартите, како што било во Мориовско и други, особено јужно од Битола, биле принудени да го признаат грчкиот митрополит и да бараат грчки свештеници и учители. Организацијата се обидела да примени една тактика која, по мое мнение, најверојатно имала основна цел да ги заштити селата да минат под ведомството на грчкиот митрополит. Војводата Данило од Могила-Битолско испратил до сите турски чифлик-сајбии по селата во Битолско поле писма со кои барал известни суми пари, во спротивно, застрашувал дека ќе им ги изгори имотите.[6] Се барало пари иако однапред се знаело дека тешко ќе се добијат. Затоа застрашувањето почнало да се применува во дело. Поради тоа турските власти требало да праќаат војска за чување на чифлик-сајбиските имоти од комитите, но во исто време тешко би се решиле и андартите да влегуваат во тие села по својата "мисија". Така селото

би било заштитено од андартите и би останало егзархиско,иако било изложено на своеволијата на аскерот.

Ние немаме општи податоци од кои можеме да видиме колку села и семејства биле принудени да го признаат грчкиот митрополит и колку останале под ведомството на егзархијата.Според Влаху 30 села во Мориовско биле принудени да се вратат под ведомството на Пелагониската митрополија.[7/]

Според една статистика[8/] на Митрополијата,во Битола 1905 год.имало "православни Грци":

| куќи | жители | говорен јазик |
|---|---|---|
| 298 | 1.496 | грчки |
| 243 | 1.372 | албански |
| 929 | 4.711 | куцовлашки |
| 870 | 5.155 | бугарски |
| 2.340 | 12.734 | |

Природно во Битола неможело да дојде до некоја поголема промена во односот на силите[9/] бидејки да грчката вооружена пропаганда,иако доста активна,неможела преку застрашување да го зголемува бројот на патријаршистите во градот.

За Пелагонискатах митрополија во периодот на андартската борба најважно било да се зголемува бројот на патријаршистите и кон тоа била управена главно нејзината целокупна дејноста која се состоела во сесрдното помагање на грчките вооружени акции.Тоа не значи дека таа го намалила интересот за религиозно-просветната пропаганда,И натамо Грчката митрополија се грижи за функционирањето на веке отворените училишта во Битола и по нашите села за кои напред зборувавме.На просветното поле особено голема активност Митрополијата пројавува во Битола ,каде,и покрај експлозивната ситуаци-

ја во која ~~xxxxxxxxx xx~~ се наоѓал градот,се пак условите за работа биле поповолни за разлика од селата.Митрополијата била свесна дека тоа кое го постигнува со помошта на грчкото оружје е механичко,и спрема тоа неможело да биде трајно.Затоа училиштето си останува и натаму главен фактор во грцизирањето на битолското население /5.155+4.711+1.372 според цитираната статистика/ кое ја признавало Грчката митрополија но не било грчко.Тоа население во големото мнозинство не го знаело грчкиот јазик и додека било така неможело да станува ~~ниx~~ збор за успешно грцизирање на истото.Од тука и приоритетот на забавиштата и натамо се зголемува.Од вкупниот број 2.270 учениции запишани во грчките училишта во 1905 год.во Битола 918 му припаѓале на забавиштата.Во с.Лафци напр.во основното училиште имало 30 ученици,а во забавиштето 45;во с.Брусник 22 спрема 50 забавачи итн.[10/]

Бројот на учениците во грчките училишта во селата на Епархијата и натамо си останувал многу мал во споредба со самото население,а во доста села кои фигурирале како патријаршиски немало училишта.Да се претвори селото во патријаршиско при тие услови било "лесна" работа.Тоа можело да стане за ден-два.Меѓутоа да се организира училиште во таквото село не била лесна работа.Животот на учителите и свештениците на пропагандите по селата бил многу несигурен Ос-обено тоа важело за селата кои биле принудени да ~~не~~станат патријаршиски или егзархиски.Затоа иако растел бројот на патријаршистите по селата на Пелагониската епархија во истовреме не растел и бројот на грчките училишта.Просветната дејност на Пелагониската митрополија во овој период се ограничувала во Битола и главно во селата кои од порано биле патријаршиски.

Целокупната религиозно-просветна дејност на Ми-

трополијата 1904-1908 год.се одвивала во сенката на андартската борба.

Грчката пелагониска митрополија имала причини да биде задоволна не само затоа што нејзиното влијание "растело", туку и затоа што главниот нејзин ривал-Егзархијата се наогала во многу тешка положба.Во борбата против Егзархијата во помош на грчкиот митрополит му дошле не само андартите туку и стариот нејзин заштитник-турската власт.Сметајки дека засилувањето на "Бугарите" во Македонија е од голема штета на државата,турските власти по Востанието се ставиле подполно на страната на послабиот.Во врска со тоа,а како одговор на една жалба на Патријархот,Хилми-паша му пишува на Великиот везир:наводите на жалбата се делумно верни;се принудуваат патријаршистите "кои зборуваат словенски јазик" да минат под ведомство на Егзархијата.Стално доаѓаат изјави за признавањето на Егзархијата,но,"бидејќи тоа станува со сила,и по други причини,не е во интерес на државата да се зголемува бројот на Бугарите."Поради тоа тие изјави не се уважуваат,а во исто време се даваат"поверителни совети" на грчките митрополити како да постапуваат во такви случаеви. На туѓите офицери кои се застапуваат за Егзархијата им се зборува дека изјавите ќе се земат во разгледување само кога ќе престане дејноста на бугарските чети.Натамо Хилми-паша вели дека за да се попречи на патријаршистите да минуваат кон Егзархијата,црквите и училиштата во такви села не се даваат на Бугарите,ниту им се дозволува да ги вршат обредите по ред.[11/]

Како одговор на една друга жалба на Патријаршијата како божем властите не ги штителе нејзините интереси,Хилми-паша

ја известува својата влада како тоа не одговара на вистината. Тој не дозволува на "христијаните-Бугари" кои сакат да минат кон Егзархијата тоа да го направат, бидејќи засилувањето на "Бугарите не е ниту засега ниту во иднина во интерес на државата"; не дозволува во тие села кои изјавиле желба да ја признаат Егзархијата да одат егзархиски учители и попови идр. Според тоа интересите на Патријаршијата се запазени и нејзината жалба не е оправдана зошто владата одлучно ги заштитува интересите на патријархот и пред цивилните агенти, и пред конзулите и пред Егзархијата.[12/]

Политиката на [illegible] по црковното прашање прокламирано од Хилми-паша всушност била управена против интересите на Егзархијата бидејќи да тоа не важело за грчката страна. Според таа политика бројот на егзархистите не можел да се зголемува, но можел да се намалува, додека бројот на патријаршистите не можел да се намалува, но можел и требало да се зголемува.

Како последица на комбинираните владини и андартско-митрополитски акции во Пелагониската епархија егзархиската пропаганда се нашла во многу тешка ситуација. Многу свештеници не можеле да ја вршат својата работа. Многу егзархиски учители не можеле да се вратат на своите работни места. Бројот на селата во Епархијата во кои егзархиските училишта можеле да работат, макар и под ненормални услови, бил доста намален.[13/]

Од истите причини била сериозно отежната егзархиската дејност и во градот Битола. "Сите мирски членови во него /Битола, б.м./ обземени од стравот поради исклучителните услови во кои се наоѓа нашиот народ и црковно-училишното дело во Вилаетот, се повлекле во оставка - се вели во еден извештај на митрополитот Григориј од 9.XI.1905 год. до егзархот[14/]. Систематското прогонување на сѐ бугарско, ужасните насилија вршени од вековните непријатели на наши-

ит народ /се мисли на Грците,б.м./ сега ползувајќи се од моќната протекција на властите ја прави положбата многу тешка.Најгрозни убиства и обиди,извршени посред бел ден во битолските улици се оставаат неказнети.Сето тоа ги охладува нашите дуге во однос на општествените должности.Ограничено е дури и движењето по улиците,особено за поважните граѓани,кои макар и окружени од гавази гледат да го поминат повеќе од времето по своите домови.По истите причини и ние сме принудени да го ограничиме до последна можност излегувањето на улица.

Тие услови пречат за едно редовно спроведување на нови избори /за мешан совет,чии срок одамна минал,б.м./.Дури и да би станале такви повеќе од сигурно е дека и новоизбраните мирски лица веднаш ќе го следат примерот на старите такви,штом веќе сите колку годе погодни за таков избор граѓани во разни случаи побрзале да изјават,дека во денешно време по никаков начин не би се согласиле да примаат изборна општествена должност...."

И по 1903 год.Битола останува центар на романската пропаганда,а Пелагониската митрополија главен носител и организатор на борбата против неја.Смрта на Маргарит,и во врска со тоа успехот на Власите да добијат свои гробишта,дало нов подтик на романската пропаганда.Со неја од сега ќе раководат романскиот конзул во Битола и Лазар Дума .Минималните барања на Власите нанесени 1904 г биле

1.Власите да имаат право да се конституираат во независни и од Патријаршијата признаени влашко-православни општини по углед на грчко-православната општина во Скопје.

2.Тие општини да и-маат право да подигнуваат свои

цркви, а Патријаршијата да го одобрува тоа.

3. Независните влашко-православни општини да можат самостојно да ангажираат свештеници, а соодветните митрополити да ги ракополагаат тие духовни лица.

4. Божјата служба да се врши на романски јазик итн. 15/

Битолските Власи решиле тајно, по примерот на христијаните во времето на Нерона, да соградат свои параклис. Тие имале уредна дозвола за градење на гимнастичка сала, но по завршувањето, набрзина таа сала требало да биде благословена од папа Тодор /придобиен од Власите, грчки свештеник/ и претворена во влашки параклис.

Упорноста со која романската пропаганда ја продолжила борбата и по 1903 год. посебно ја загрижувало грчката пропаганда. Од свои лични интереси, а и под притисок особено на Централните сили кои имале свои сметки околу Романија, Портата заземала благонаклон став кон влашките барања, а тоа значело засилување на романската пропаганда на штета на грчката. Затоа и отпорот на грчката црква ќе биде уште по жесток, затоа и грчката влада не попуштата претпочитајќи дури и прекинување на дипломатските односи со Романија. "Грците се заплашени, бидејќи консолидирањето на куцовлашката националност руши еден столб од зградата на нивните барања во Македонија-оттаде доага и нивното очајно спротивставување" - пишува Крал од Битола. 16/

Како што е познато Патријаршијата не попуштала пред никакви барања на Власите за извесна црковна автономија, ниту го признала познатото ираде од 1905 год. Таа води и натамо тотална борба против секаква тенденција на Власите за одделување од неја. Во таа борба почесно место припага на Пелагониската митрополија. Митрополитот Јоаким ја застапувал тезата според која додека Власите официјално не го прогласат своето отцепување од Патријаршијата, дол-

жни биле сите религиозни обреди да ги вршат со грчки свештеници. Таквото сваќање предизвикало и пролетта 1904 год. едно жестоко судрување меѓу христијаните-грккомани и Власи, во врска со погребувањето на еден Влав. Иако покојникот при крајот на својот живот изрично барал да биде погребен од влашки свештеник, а во прилог на тоа донел решение и генералниот инспектор, група гркомани поттикнати од митрополитот преку жолчни демонстрации, на сила го попречиле загробот, ги искинале венците од мртвачката кола и раниле[17] повеќе Власи. До тоа се дошло главно поради неодлучното однесување на месните власти кои немале штета од судирите меѓу христијанското население.

Јоаким отишол дотаму што му изјавил на Хилми-паша, кој лично дошол да ги "среди" приликите во Битола по судирот, дека тој, митрополитот, ќе го сохрани и самиот романски конзул ако умрел во Битола. Но се покажало дека нема сили тоа да го направи. Кога за сохранувањето на сестрата на директорот на романската гимназија во Битола побарал помош од валијата па дури и од цивилните агенти и Хилми-паша, да ја сохрани со грчки свештеници, бил одбиен.[18] Една старица била принудена пред турски полицаец да изјави дека сака да биде сохранета со влашки поп и во влашки гробишта. Разочаран митрополитот својот протест го изразил преку поднесување на оставка, која, се разбира, била формална и неприфатена.[19]

Овие примери доволно јасно го илустрираат крајно непријателскиот став на пелагонискиот митрополит кон сосема едноставните и оправдани барања на Власите, и по 1903 год. Но, како веќе истакнавме, религиозното прашање во Македонија било во исто време и политичко, во овој случај тоа било грчко, националистичко прашање.

Засилувањето на андартското движење, особено по 1905 год. нанело и на романската пропаганда големи штети. Бројот на влашките ученици во сферата на андартското влијание се намалува, а

многу Власи, за да го спасат животот постанувале "Грци"."Теророт е таков да и по-знати Романци, кои се како такви одамна обележени и познати, примаат грчки свештеник за да по таков начин си го обезбедат својот опстанок."[20/]

При една таква ситуација, а сo цел да елиминира секаква интервенција на други фактори и го оневозможи решавањето на влашкото црковно прашање, патријархот тоа прашање го прогласил за внатрешно кое треба да го реши Синодот и Мешовитиот совет по барање на самите Власи. Овој став го прифатила и турската влада која преку валиите ги повикала влашкото население да поднесува молби до патријархот со кои да бара да му се одобри да може да се организира во посебни црковни општини. Веројатно никој не се сомневал дека прашањето нема да биде решено. И самиот патријарх дал на знаење што мисли изјавувајќи дека во разгледување ќе бидат земени молбите дури откако ќе се установи дека се автентични.[21/]

Ставот на Пелагониската митрополија кон великосрпската пропаганда во овој период си останал исти како до 1903 год.- формално пријателски. Сваа пропаганда како досега и одсега не преставувала во епархијата посериозна опасност за соперничките пропаганди."Воопшто, улогата на Србите овде е незначителна како и порано и нивната дејност се сведува на ситници, поткупување на овај или онај селски првенец итн. кои во крајна линија скоро секогаш завршуваат неповолно"-пишува Кронска до грофот Голуховски.[22/]

Но и покрај тоа Грчката митрополија не била склона кон попуштање дури и кога се работело и за ситници.

Учителите од српската гимназија во Битола го молеле

митрополитот Јоаким да дозволи понекогаш за српските училишта служба во црквата на словенски јазик. Меѓутоа митрополитот одбил секаква отстапка.[23/] Српските училишта само на св.Сава имале право да ја посетуваат грчката црква и да ја слушат божјата служба на словенски јазик.

За грчката пропаганда Словените биле непријатели број еден. И Србите се Словени.

Ставот на турските власти кон српската пропаганда во Битолско произлегувал од политиката "помогни му на послабиот против посилниот." Во тој дух била и наредбата на Цариград до Хилми паша:да ги помага Власите против Грците,а Србите против Бугарите.[24/]

~~ДЕЛ III~~

~~ПЕЛАГОНИСКАТА МИТРОПОЛИЈА ПО МЛАДОТУРСКАТА РЕВОЛУЦИЈА од 1908 година~~

# ГЛАВА III

## Дејноста на Пелагониската митрополија~~,~~ ~~т.е. на грчката пропаганда~~ по Младотурската револуција 1908 година

Со Младотурската револуција од јули 1908 год. и воведувањето на уставот ~~слобода~~ биле воведени во турската држава првите елементарните услови за легална политичка акција. Кај нашиот народ кој настан предизвикал надеж за подобрен, човешки живот и бил пречекан со бурно одушевување. Сите затвореници од битолските апсани биле ослободени. Тој датум претставувал и крај на омразените четнички акции, а тоа значело неопишано олеснување за нашето население. Четите биле омразени без разлика чии биле.* Народот започнал слободно да "диши" и во извесна мера да се покажува во својата права "боја". "Сега барем излегува јасно на видело дека македонското словенско население, уште е далеко од тоа, да се индентифицира со Бугарија-и досега гонето од турската влада и од неја изложено на тероризмот на грчката пропаганда-само во отчаеноста би можело без тешкотии да биде опфатено од странски влијанија"[1] пишува австрискиот конзул

од Битола.

Битола бил главен центар на Младотурската револуција. Брзо по нејзината победа од цел вилает истрчале во градот делегации носејќи им честитки на младотурците и пок таков начин искажувајќи го големото задоволство и поткрепа на новиот режим. Само за три дена во Битола дошле околу 2.000 делегати кои од младотурските водачиж биле примени со особено внимание, без разлика дали биле муслимани /кои дошле доста од Албанија/ и христијани.[2/]

При новосоздадените услови место за продолжување на четничките акции немало. Затоа четите биле легализирани, а при тоа свечано дочекаи во Битола. Грчките андарти, после извесно колебање, биле принудени и тие да се легализираат. Тоа станало на 25. јули 1908 год. од како предварително биле собрани во влашкото село Магарево. Тие биле пречекани од видни патријаршисти во Битола на чело со митрополитскиот заменик Емилијанос кој ги поздравил со зборовите: "Да живеат нашите палижарја;"[3/] За разлика од сите други, Грците се разликувале со своето недобро држање во градот. "Овие луге, пишува српскиот битолски конзул, по предавањето брзо не отишле по кн своите куки, туку останале тука неколку дена, а некои од нив уште и денес се гледаат по градот. Со својот однос оставија лош впечаток к кај озбилните луге а особено кај Турците. Покрај тоа што во градот влегоа повеќе разметливо и конечно одколку скромно и озбилно, останале разметливи и неозбилни за целото време додека биле овде. Од улица во улица, од кафана до кафана, изреле неколку денови онака наоружани и се веселеле на начин кој им најмалко не им доликувал..."[4/]

Младотурската ах револуција формално била поздравена од балканските и големите сили, но фактички тие почнале брзо да работат зак поткопување на нејзините темели. ~~Особено голема опасност~~

Особено голема опасност во прокламираните од неја принципи гледале балканските држави. Остварувањето на тие принципи могло да значи крај на претензиите врз македонското население, врз Македонија. "Јасно се покажува незнатната зависност на овдешниот бугарски комитет/на ВМРО,б.м./од официјална Бугарија, односно од овдешната бугарска /трговска/б.м./ агенција, а уште повеке големата штета што самиот овој комитет ја претрпел кај населението-се вели во извештајот на австрискиот конзул во Битола. Последното здивна од притисокот на бандите /четите,б.м./ и комитетите и радосно се обрна кон Младотурците ослободители. Прокламирањето на уставот и на равноправноста помеѓу муслимани и христијани му дозволува радосно и благодарно да им ја стисне подадената заштитничка рака на Младотурците, во која полага повеке доверба, одошто во неуспешните реформи на Европа и во егоистичниот интерес на Бугарија."

Грчката пропаганда се нашла во најтешка ситуација. Легализирањето на андартите било голема загуба за неја. Таа, како што видовме, се одржувала најмногу со помошта на теророт и убиствата. Сега нив ги снема, а заедно со нив исчезнувале и постигнатите резултати. Тоа го констатирал и австрискиот конзул во Битола кој вели дека за успешното дејствување на Грците им недостасувало сега најделотворното средство-тероризмот и четите.6/ Така со исчезнувањето на четите од Македонија населението добило можност послободно да се определува во црковен поглед. Се јавило едно големо ~~масовно~~ напуштање на Патријаршијата и минавање на страната на Егзархијата. Ова движење австрискиот конзул во Битола го објаснува како движење во чија основа лежела повеке желбата за потесно приклучување кон Младотурците.7/ Во ваквото толкување има доста вистина. Ставот на големото мнозинство од нашиот народ кон Младотурците е познат. И најверојатно нашите луѓе, особено во почетокот, сметале дека под ведомството на Егзар-

хијата полесно ќе можат да ја продолжат својата борба за подобар живот одделку под водството на Патријаршијата. Но не треба да се заборави и еден друг факт. Многу голем број од тие села биле принудени од андартите да ја признаат Патријаршијата и сега масовно се откажуваат од неја. А и самиот конзул признава дека грчката пропаганда во најголемиот дел од Битолскиот вилает "вештачки се одржува...!"

Македонските маси за овие свои акции нашле потпора во Уставот во кој бил прокламиран принципот за слобода на совеста и вероисповеста. Тоа значело дека поврзаноста на македонското население со грцизмот преку црквата, како, речиси, единствена алка, дошло во сериозно прашање. Квалитативните промени од 1908 год. со други обсеги многу неповолно се одразиле и сериозно ги расклатиле грчките позиции во Македонија. Дошле во прашање и привилегиите на самата Патријаршија. Младотурците се ориентирале кон отворање на училишта и факултети со државна издршка а тоа застрашувало да ја отргне младината од патријаршиските училишта и од нивното националистичко воспитување. Воведувањето на нови установи /уставност, парламент, политички партии и претставници/ сериозно ги засегнувало привилегиите на Патријаршијајата и ко единствен легален религиозен, на замис со тоа, и општествено-политички претставник на христијанското население, односно на оние кои ја признавале нејзината власт. Таквата ситуација во која се нашла Патријаршијата ја диктирала и нејзината политика кон Младотурците, која, се разбира, не можела да биде пријателска.

Брзо по урнувањето на стариот режим, Грците групирани околу патријархот и грчките дипломатски претставници во Цариград, го создале грчкиот политички центар со седиштето во Цариград со задача да ја прошири својата мрежа од грчките клубови и во Македони-

ја кои ке раководат со грчката пропагандна дејност. Таков клуб бил формиран и во Битола и с. Магарево. Покрај овие клубови и натамо си останале да дејствуваат разните силогоси кои најважните /во Битола/ ги спомнавме.

Во програмата на грчките клубови се барало главно да се задржат старите привилегии на Патријаршијата околу воспитувањето на младината и друго, како што било порано; се барало административна децентрализација; од земените регрути да се формираат единици според верската припадност, кои би биле воспитувани од соодветни свештеници со цел да се обезбедело, божем, слобода на вероисповеста и некои други економски барања.[8]

Борбата за запазување на патријаршиските привилегии, значело всушност борба за запазување на грчкото влијание во Македонија. Грчките политички клубови, сами по себе, со својата програма и дејност немможеле да го привлечат словенското население кое било жедно за слобода, за земја. И во времето кога грчкиот вооружен фактор исчезнал од политичката сцена, исчезнувањето, односно намалувањето на патријаршиските привилегии како резултат на Новата политичка ситуација, претставувало таква голема загуба за грчката пропаганда што ова решила, речиси, од корен да ја промени својата политика кон Турската држава. Привилегиите на Патријаршијата биле уништувани не толку како резултат на некои декрети, туку тие биле уништувани од револуционерните промени во државата и спрема тоа да се бара запазуване на тие привилегии, значело да се мечтае зак старите времиња, значело изјаснување против новонастанатата положба.

Грчката пропаганда, свесна дека надвор од црквата многу слабо ке може да го задржи македонското население со себе, и натамо жилаво се држи за црквата. Сите свои клубови и силогоси и натамо ги групира околу своите митрополити и конзули како и досега.

Координацијата во пропагандната дејност мегу митрополити-конзули-водачи на клубовите/во Битола Ничота/ била неопходна. Тие требало да настапуваат со здружени сили повеќе од кога и да било досега.

Својот став, своите барања грчката пропаганда/како и другите/ ги изнесувала и пред турскиот парламент. Во тој парламент во голема мера послужил и како трибина за мегусобни напади на христијанските посланици при што особено се истакнувал гркоманскиот посланик од Битола Трајанос Налис кој борбата на македонскиот народ за слобода во минатото ја претставувал како дело на бугарски и руски агенти итн, сé по стариот грчки стил.[9]

Резултат од работата на парламентот бил донесувањето на повеќе закони до средината на 1910 год. со реакционерен карактер и закон за спорните цркви и училишта во Македонија изгласан во јули 1910 год.

Спорниот и вештачки усложнуван проблем околу владеењето на низа цркви, манастири и училишта, при новите услови бил актуелизиран и бил поставен пред парламентот на решавање. Младотурците кои се повеќе отстапувале од прокламираните во почетокот револуционерни принципи, решени да го градат својот опстанок и врз старата испробана разединувачка политика кон христијанското население не сакале тоа прашање брзо да го решат и го држеле отворено и во парламентот и на теренот и по таков начин ги разгорувале мегусобните борби на патријаршисти и егзархисти. Но при постојниот антагонизам мегу пропагандите во Македонија какво и да било и кога и да било донесено решение не би можело да ги задоволи амбициите на заинтересираните. И Патријаршијата и Егзархијата тврделе дека спорните објекти се нивни. Мегутоа тие биле на народот. "Црквите не се нити на Егзархијата, нити на Патријаршијата, а на селаните со чии труд и средства се направени"-изјавил битолскиот посланик Панчо Дорев во

турскиот парламент.[10/]

Законот кој го решавал овој политички проблем предвидувал:

а/Црквите и училиштата кои во целина припагаат кон Патријаршијата или Егзархијата ке останат и натамо во нивни раце.

б/Кога во селото,чифликот или градот еден дел од населението припага кон Патријаршијата,а друг кон Егзархијата,црквата или училиштето ке припадне на онаа страна на чие име се подигнати,а ке се предаде на другата страна ако првата представува помалло од 1/3 од населението.На овој дел од населението кое ке останe без црква и училиште владата ке му помогне да си согради такви.[11/]

Така од сега во многу македонски села се створиле услови да изникнат по два цркви-"грчка" и "бугарска"

Ова во голема мера справедливо решение,не ја задоволило Патријаршијата која сметала дека сите тие институции,за чија изградба издејствувала таа дозвола,и припагаат нејзе и во случај кога населението кое ги соградило,во огромното мнозинство повеке не ја признава за свои религиозен водач.Тоа незадоволство грк оманите во Битола го изразиле преку еден митинг кој се претворил во демонстрација.На овај протест биле доведени и многу селани од околните села.Демонстрациите биле со сила растурени од властите. Незадоволството на грчката пропаганда во градот уште повеке порасnало,и то не само од исходот на демонстрациите,туку и од фактот што селаните,кои со сила биле доведени на митинг,отворено го признавале тоа по градот.[12/]

Грчката пропаганда протестирала затоа што овај закон уште повеке ги слабел нејзините позиции. Многу цркви,а заедно со тоа и дел од населението,не можеле да постанат егзархисти бидеј-

ки да биле спречувани од турските власти кои речиси по правило ги подржувале патријаршистите. Од околу 245 спорни цркви, околу 150 се очекувало да и припаднат на Егзархијата.[13] Освен тоа во многу места со мешано население, при применувањето на законот, патријаршиското малцинство, се очекувало, лесно да мине кон егзархиското мнозинство. Со други зборови и овој закон допринесувал да се намали бројот на "Грците" во Македонија и со тоа сериозно ги загрозувал претензиите на великогрчката буржоазија во Македонија и го утврдувало уште повеќе нејзиното сфаќање за Младотурската револуција како штетна по грчките интереси.

Победата на Младотурската револуција, со други зборови за балканските монархии значело губење на Македонија. Затоа тие правеле се што можеле да го предизвикат македонскиот народ против Младотурците, а овие против него, да го спречат демократизирањето на турската држава. Провокациите, особено преку праќањето на чети во Македонија, биле најсериозно средство за постигнувањето на целта. Грчката пропаганда уште од почетокот на 1909 год. се стремела да го обнови андартскиот институт во Битолскиот вилает. Грчкиот конзулат од Битола во јули 1909 год. барал од Атина обновување на андартските акции бидејќи во спротивно "се пропаднало". Овој извештај бил фатен од властите, станал познат, а службеникот на конзулатот Александар бил притворен во Солун.[15] По истиот пат на чети и терор тргнале и агентите на великобугарската буржоазија неоврховистите. Тие и по јули 1908 год. ја имале превласта во Организацијата на Битолскиот округ и сојузени со егзархиските митрополитски органи правеле се што можеле да ја убијат верата на народот во победата на Младотурската револуција. За да го постигнат тоа тие, покрај другото, биле принудени да се борат со сите средства за да го спречат влијанието на Серчани, на левицата, да се прошири во овој крај. Од тие при-

чини тие го убиле кон крајот на 1909 год.и Јово Јовановиќ,Црногорец сандanист,кој во Битола дошол како државен чиновник,помошник на инспекторот на немуслиманските училишта во Вилаетот.Егзархиската пропаганда во Битола направила се што може на убоството да му даде неполитички карактер,но без успех.Министерството на внатрешни работи било убедено дека Јовановиќ бил убиен како сандanист и Војниот суд,кој им судел по делото на 27 души,22 ослободил,а пет осудил, неколку и на смрт.[16] Од тие причини тие на најподол начин го убиле и легендарниот лерински Золе војвода[17] итн.

Како резултат на акциите на пропагандите во битолскиот реон и контраакциите на властите,положбата на населението многу се влошувала.Многубројни се поплаките испратени до Егзархиската митрополија[18],а кои требало да ѝ послужат на бугарската пропаганда како аргумент за нападите против режимот.

Грчки митрополит во 1908 год.уште бил Јоаким кој по барање на Високата Порта бил повлечен 1906 год.во Цариград.Брзо по промените од јули 1908 год.Јоаким решил да ѝ направи една времена посета на својата Епархија.Во врска со таа посета австроунгарскиот конзул во Битола пишува:"Неговиот познат ~~хххххххх~~ агресивен фанатизам не остава место да се претпоставува дека целта на неговото појавување во никој случај не може да биде некаква миролубива дејност. Нему му бил приреден импозантен пречек во Битола на кој учествувале,покрај другите,и шефовите на андартите..."Нив ги поздрави и прегрна митрополитот,а со нив се беа појавиле и нивните банди украсени по градите со грчкиот орден на Спасителот,иако тие беа до пред кусо време извршители на најжестоки sверства."[19]

Грчката митрополија и натамо си останува најважен фактор на грчката пропаганда во Епархијата и покрај изменетите политички услови.Улогата на митрополитот,односно неговиот заменик, во раководењето со целокупната пропаганда,и со вооружената посебно,

била многу голема.Така напр.на седниците на тајниот комитет во Битола редовно присуствувал и митрополитот;зимал учество во раководењето со легалниот политички клуб итн.Легалните грчки клубови се служеле со субверзивна и непријателска дејност против младотурскиот режим,прибирале прилози за четите и соработувале со нив*идр.

Младотурскиот клуб во Битола со цел да се дојде до некое разбирање и согласност на сите клубови на 1.VII.1909 год. организирал еден заеднички митинг но не се постигнале бараните ефекти.И во овој случај држањето на грркоманските водачи било остро нападнато од Младотурците и гркоманите биле обвинети за субверзивна дејност во интерес на Грција.Тие дури не се обиделе да го демантират тоа[20]. Во времето на контрареволуцијата во април 1909 год.грчката пропаганда во Турција зелаж неутралистички став како што направиле и спроводниците на бугарската националистичка политика во Македонија-неоврховистите.И,се разбира,на непријателското држање,Младотурците ќе одговорат на исти начин.На обновените четнички и терористички акции во Македонија од страна на балканските монархии,властите одговараат со страшни репресалии врз нашиот народ барајќи оружје и слично.

Во Битола Младотурците вклучиле во општествената и државната служба и повеќе претставители на христијанското население Во вилаетскиот и казааliскиот меџлис идаре,во Трговскиот и Апелациониот суд,во Окружниот суд,полјаци,стражари и други чиновници имало според еден непотполн список[21]:"Бугари"-17 члена;"Грци"-32 члена;"Срби"- 1;Власи-3;Албанци-2.

Властите одвојувале извесна сума од буџетот како помош за немуслиманските училишта.За 1909 год..таа помош била распределена на следниов начин по пропаганди:[22]

на грчката, плата за 15 учители /по 2 л.т. месечно/ и 14.000 гроша;

на бугарската, плата за 14 учители и 10.000 гроша;

на влашката, плата за 2 учители и 3.000 гроша;

на српската, плата за 2 учители и 2.000 гроша;

на еврејската заедница плата за 2 учители и 1.000 гроша.

Патријаршистите и тука истапиле провокативно одбивајќи да ја примаат платата за 15 учители примајќи ја само одредената помош. Тие и во оваа помош гледале опасност по своите интереси. Тенденцијата на Младотурците да ги плаќаат тие учители, иако во почетокот тој број бил симболичен, криела во себе опасност од поголемо мешање, дури и насочување на наставната дејност од страна на државата. Нешто кое грчката пропаганда по секоја цена сакала да го избегне. Патријаршијата огорчено се борела помошта субсидии за грчките училишта да се раздаваат на митрополитите а не во рака на учителите

Според поднесениот список од властите од секоја „народност" требало да има во вилаетот училишта:[23]

| | |
|---|---|
| а/муслимански | 746 |
| б/грчки | 411 |
| в/бугарски | 369 |
| г/српски * | 70 |
| д/влашки | 18 |

Во буџетот била предвидена сума од 904.800 гроша за просветата, што значи просечно по нешто повеке од 500 гроша годишно по училиште. Ова е еден мал факт кој ни сведочи дека, и покрај преовладувањето на реакционерни елементи меѓу Младотурците и во управата на земјата, старото неможело да се врати, а победата на новото, за кое било потребно време и жртви, не требало да се дозволи, бидејќи тоа најсериозно ги загрозувало интересите на балканските монар-

кии на прво место во Македонија.

Кај балканските владеачки кругови почнало да созрева мислењето дека дошло времето кога треба да се дејствува одлучно, па ако е потребно и преку војна за остварување на вековните нивни аспирации. Но на сите им било јасно дека тоа може да се постигне само со здружени сили, а тоа претпоставувало и заедничка поделба на пленот.

Стремежот за зближување мегу балканските буржоаски влади за заеднички акции против Турција го гледаме и на теренот, кај во Македонија, нивните пропагандни органи. Тие за прв пат во Битола заеднички истапуваат во протес от против законот за забрана на политичките клубови.[24] Тоа зближување особено е карактеристично за грчката и бугарската пропаганда. Довчерашните крвави непријатели постепено се помируваат и тоа пак во штета на македонскиот народ.

Зближувањето мегу патријаршиските и егзархиските пропагандни фактори во епархијата започнало со постепеното попуштање во мегусебната затегнатост, преку прогласувањето на извесно status quo во однос на религијата, до заеднички акции на нивните вооружени чети против младотурците. Така напр. кога некои села од Битолско биле готови да се отцепат од Грчката митрополија и минат кон Егзархијата, двете страни се спогодиле работите да си останат како што биле.[25] Во исто време грчки и врховистички чети се здружуваат и заеднички крстосуваат по македонски села. Тие односи најдобро можеле да се видат во Битола: "...во Битола мегу Грците и Бугарите постојат многу добри односи"-вели во едно свое писмо монахот Василије.[26]

Додека односите мегу грчката и бугарската пропаганда се подобрувале, дотогаш, во исто време, односите мегу грчката и романската и бугарската и српската се заостурвале, а односите на грчка

та кои српската останувале се поладни. Се забележува дури и заедничко истапување на првите две против другите. Во личниот состав на битолскиот вилаетски совет влегувале и три христијани, по два патријаршисти и еден егзархист. Во едно време Турците одредиле наместо вториот патријаршист да се избира еден Влав. Грчкиот митрополит со цел да го оневозможи изборот на Влав за член на Советот во 1910 год. му предложил на егзархискиот митрополитски намесник иеромонахот Горазд да овој го поткрепи противобидот да се кандидира Влав, а тој, грчкиот митрополит, ќе го поткрепи Горазда противобидот да се кандидира човек на српската пропаганда. Така и станало-грчката и бугарската пропаганда во Советот истапиле како сојузници против српската и романската.[27]

Зближувањето на двете пропаганди, нивните координирани акции против Младотурците, ги натерало и властите да превземат контраакции. Тие удари биле еднакво управени и против грчката и против бугарската пропаганда во Епархијата. Во Битола била прогласена опсадна положба, а на 14.IX.1910 год. градот бил блокиран и потоа уапсени околу 200 поважни привржници на двете пропаганди меѓу кои и грчкиот митрополит Стефан[28] како водач на грчката пропаганда. Извесен број од уапсените биле осудени како антидржавни елементи.

Битн овие акции на властите биле ползувани од односните пропаганди и во Бугарија и во Грција и на теренот[29] за остри напади против Младотурците при што целата кривица за тешката положба се фрлала врз нив. Тоа е период кога се барало повод и психолошки се припремале балканските народи за една војна за "ослободување" на "браќата" од тешкотото ропство.

~~Каков бил ставот на големиот дел од нашиот народ~~

Односите на двете пропаганди веднаш по јули 1908 год., пак и подоцна, продолжиле да бидат крајно непријателски.* Тие односи дури од 1910 год. започнаа да се поправуваат и двете страни-бугарската и грчката-да се зближуваат. До кулминација на тоа зближување во Македонија дошло по распишувањето на избори за турскиот парламент во почетокот на 1912 год. Тоа "збратимување" било диктирано на прво место од желбата со заеднички сили да биде победен непријателот, да биде симнат од власта, а и за посериозни акции.

На 18.I.1912 год. бил потпишан протокол според кој патријаршистите требало да го подржуват изборот на 8 екзархиски кандидати во Европска Турција, а екзархистите се заложиле да го помагат каде можат изборот на 17 грчки пратеници. Платформата на овај блок се состоела во острото критикување на младотурскиот режим, кој многу ветил но ништо не дал, преставувајќи го тој режим како најголем непријател на христијанското население во државата. Девиза на грчко-бугарската коалиција била, според пишувањето на австро-унгарскиот конзул во Битола, "борба на нож против Комитетот за единство и напредок".30/

Платформата на П. Дорев кој на изборите одел во сојуз со младотурците била: зближување меѓу разни народности, а особено меѓу "Бугари" и Турци; работа за запазување целоста на Турската империја; зацврстување на конституциониот режим; амнестија на политичките кривци; национална рамноправност и т.н.31/ Таа всушност била програма на засилената млада македонска буржоазија која својот просперитет почнала да го гледа во една преродена и демократска Турција.32

Зближувањето меѓу двете пропаганди на теренот било спроведувано на прво место од нивните најважни орудија-Патријаршијата и Егзархијата. Нивниот апарат потполно се вклучил во предизборната борба повикувајќи ги своите привврженици да гласат против младотур-

ците. П. Дорев бил свесен за важноста, односно одлучната улога која можела да ја из-игра Егзархијата во тие услови врз расположението на избирачите и затоа преку својот весник остро ја нападнал егзархиската политика на мешање во политичката борба и нејзината директива за поврзување со Грците. "Не Егзархијата, туку народот треба да го реши прашањето дали да прави компромиси во време на изборите и со која партија или нација" [33] се вели меѓу другото во спомна~~тата~~ [40] ~~статија~~ весник.

Согласно постигната спогодба за заедничко истапување на изборите, во Битола од определените комисии на двете страни-патријаршиска и егзархиска- во февруари 1912 год. била создадена една мешовита комисија која требало да работи и ги решава сите прашања во врска со престојните парламентарни избори. Базата на спогодбата била како и во Цариград и Солун. Именно, двете пропаганди се обврзале да не влегуваат поделно во компромис со друга политичка групација, а со партијата "Итихат ве текери" било решено да не се влегува во никакви преговори, бидејќи таа партија, во четригодишната управа во земјата, ѝ донела само зло на целата Отоманска империја, а посебно на националностите. Натаму тие се согласиле дека "на драго срце" ќе влезат во преговори со сите други политички и национални групи кои биле против "итихатчиите". [34] Таква била политичката линија диктирана "одозгора" и задача на послушните орудија на двете пропаганди во Епархијата била да се согласат со неја и да ја спроведат во дело. Затоа немало посебни тешкотии при нивното спогодување. Што се однесува до бројот на кандидатите за пратеници во Битолскиот изборен реон /санџак/ чие одредување евентуално би можело да претставува проблем, како што спомнавме, бил одреден од надлежните фактори "горе". Таа опозициона кандидатска листа била составена од 4 члена: Кенан Зија-беј, Анастас Христов, Емануил Лапчев и Георги Теохаридис

На владината листа во истиот санџак биле кандидирани како христијани: П. Дорев, Грајан Налисх и д-р Димитријевиќ.

Предизборната кампања била доста бурна, дури и жестока. Зад ~~ки~~ владината листа стоел целокупниот државен апарат, а зад опозиционата листа моќниот пропаганден апарат на бугарската и грчката буржоазија-Патријаршијата и егзархиско-врховистичката организација. Егзархијата и Патријаршијата истапувале како важни политички фактори мешајќи се отворено во политичката предизборна борба и по таков начин прогласувајќи се и отворено како политички претставители на своите верници. По нивниот пример оделе и нивните потчинети митрополити. Да наведиме само еден пример во Битола. Патријаршиската и егзархиската митрополија на 8.III.1912 год. ~~xxxxxx~~ предале идентични протести до валијата за извршените неправедливости и прекршувањето на изборниот закон.[35]

Изборите, како што е познато, завршиле со победа на владината листа, што значи од христијанските посланици биле избрани во Битолскиот санџак само тие кои биле на таа листа. Листата на патријаршиско-егзархискиот блок не добила ниту едно посланичко место. Но во името на вистината должни сме да констатираме дека владината листа добила на изборите во Битолскиот ~~хх~~ санџак, затоа што тие биле фалсификувани. Со други зборови Дорев, ~~xxxxxxx~~ Налис и Димитријевиќ биле избрани главно ќе од гласовите на нашиот народ од тој крај. Затоа со полно право можеме да заклучиме дека тие всушност биле речиси тотално поразени. Прво да видиме како "победиле", па потоа ќе објасниме зошто биле поразени.

Според изборниот закон еден народен претставител се избирал на 50.000 души машко население. Но изборите биле посредни, се вршеле преку гласници избирани просечно на 500 души машко население по еден. Што значи, ако во некоја секција имало барем 250 души

машко население со право на глас,тоа веќе добивало право на еден гласник,а од друга страна пак,секција која имала повеке од 500 души но не над 750 имала право пак само на еден гласник.Токму ова им давала можност на властите да ги фалсификуваат изборите.На пр. при распределбата на секциите младотурците се труделе во секциите за кои однапред знаеле дека ќе гласат за нив бројот на избирачите да биде испод 500 души и со тоа нивниот број да биде што поголем, и обратното,опозиционите секции да се преку 500 души и нивниот број да биде што помал.

Ево како всушност биле резултатите од една таква комбинација во Прилепско.[36] Општиот број на сите избирачи во овај реон изнесувал 17.499 души од кои 9.762 "Бугари",4.323 муслимани,2.182 "Срби";1.232 "Грци".Со цел да го намалат бројот на опозицијата властите исфрлиле 1.593 избирачи од кои 1.172 "Бугари" и 540 "Грци".И покрај тоа егзархиско-патријаршискиот блок пак имал мнозинство избирачи и би требал да добие и мнозинство гласници.Прво целата околија била поделена на 31 секција со 42 гласници-21 "Бугарин",15 муслимани.4 "Срби" и 2 "Грци".Но таквото распределение не било во интерес на младотурците и поради тоа го измениле.Според новото распределение целата околија /со се град/ била поделена на 34 секции со 38 гласници од кои 16 муслимани,13 "Бугари",7 "Срби" и 2 "Грци".Средно на еден муслиман-гласник се паѓало 287 избирачи,на еден "Србин"-308,на еде "Грк"-346,а на еден "Бугарин"-660.Освен тоа повеке македонски села биле вписани во секции во кои преовладувале муслимани или "Срби" поради што тие гласови всушност биле изгубени.

Колку и да ги примаме со резерва изнесените цифри,неоспорен факт е,дека тие избори биле фалсификувани.Со таков начин младотурците си е обезбедиле победата уште при првото гласање.Тие, што се однесува до Битолскиот санџак,изгледа од однапред знаеле дека христијанското население,со исклучок на приврзаниците на

романската и српската пропаганда кои биле малцинство,ќе гласаат против нивната листа иако во нејах биле вклучени Дорев и Калис. Поради тоа се потрудиле неговите гласници да бидат помалубројни и да не претставуваат некоја посериозна опасност за нивната листа. Резултатите од гласањето на гласниците ни покажуваат дека младотурците не се излагале во нивните сомневања.Во Леринска каза христијанските гласници,на број 9,сите гласале за опозиционата листа. Во Прилепска каза од 11 гласници,колку што учествувале на гласањето а му припаѓале на патријаршиско-егзархискиот блок,сите гласале за опозицијата.За владината листа гласале само муслиманските и србоманските гласници.Од муслиманските гласници,наспроти очекувањето од страна турската опозиција дека ќе добие 8-10 гласови,не гласал ниту еден за неја.Во целиот санџак,од нешто над 100 гласници колку што гласале за владината листа,за Дорев гласал само еден "бугарски" гласник од Битола.[37/] Со други зборови П.Дорев претрпел речиси тотален неуспех.

Изборната платформа на Дорев при тие услови била најправилна и највеќе одговарала на интересите на нашиот народ. Повикот за демократизација на државата и запазување на нејзината целост биле главни пароли на Дорева кои во тој момент биле најактуелни и од нивното реализирање зависела,покрај другото,и опстанокот на Македонија како целина.Но баш таквата политика на Дорев предизвикала гнасење и револт кај оние сили на Балканот кои баш во тоа време најинтензивно се готвеле за поделба и заграбување на Македонија.Затоа кандидирањето на Дорева на листата на младотурците и неговата политика предизвиле жестока реакција кај егзархиско-врховистичкиот табор кој се трудел со сите сретства,особено преку печатот,да го компромитира пред масите прогласувајќи го за издајник,слуга на режимот и сл.

На прашањето зошто и како патријаршиско-егзархискиот блок успеал да го собери околу себе мнозинството од нашиот народ во Битолскиот изборен реон не е тешко да се одговори. Младотурците чие доаѓање на власт во 1908 год., како што веќе истакнавме било бурно поздравено, не успеале приврзаноста на нашите луѓе кон нив долго да ја задржат. Без да навлегуваме од кои причини, тие не направиле ништо посериозно да го подобрат економскиот живот на угнетените маси, да влеат надеж за подобра перспектива. Напротив, општо земено, со својата политика по животните прашања на рајата, младотурците се покажале како наследници на стариот режим против кого нашите селани пред кратко време се дигнале со оружје во рака. Од друга страна, наседнувајќи на жестоките провокации вршени од слугите на бугарската и грчката буржоазија во Македонија, младотурците спроведувале голем терор врз масите и по таков начин, и во тој поглед се покажале пред обичниот човек како негови непријатели. Тоа всушност и сакале да го постигнат Егзархијата и Патријаршијата. Мнозинството од вековно угнетената раја во тие услови неможело да сфати дека една револуција може да претставува подолготраен процес и дека и од него, од неговата борба можело во извесна мера да зависи по кои насоки ќе се движи таа. Таа раја изгледа неможела правилно да ја оцени непријателската и провокативна политика на Грција и Бугарија и нивните слуги во Македонија кон Младотурската револуција, политика која имала за цел да го пречи нејзиниот развиток и да ги одвои христијанските маси од неја. На крајот Македонците незнаеле дека тие кои ги повикувале да гласат за нив во исто време се готвеле за делење и заграбување на нивната татковина.

И патријаршиската и егзархиската пропаганда се грижеле населението да го ориентира така да тоа не ги смета за злосторници оние кои во Битола и во други места во Македонија вршеле провока-

тивни и свирепи атентати,туку за такви да ги сметаат младотурските власти,кои не сфаќајки ги доволно причините и целите на атентатите, вршеле репресалии главно врз невиното население.

При една таквах ситуација не било тешко македонската маса да биде привлечена од оној кој така отворено и одлучно му објавил војна на Турчинот.Тоа било до толку полесно што во борба за рушење на режимот таа маса ја поканувала христијанската црква потткрепена од врховизираната внатрешна организација во Битолскиот округ.Освен тоа,противниците на Дорева го имале тоа што Дорев го немал-имале добро организиран пропаганден апарат.Гласањето не било непосредно и не овозможувало луѓето директно да ја изразат својата волја.А при избирањето на гласниците егзархиско-патријаршиските органи сигурно воделе сметка кој луѓе биле погодни за такви.

Внимание обрнувах и фактот што на владината листа се кандидирал и Налис,гркомански пратеник во претходниот турски парламент.И тој бил прогласен за издајник од патријаршиските фактори во Битола.Каква била програмата на Налис,што било тоа што го натерало да не се вклучи во патријаршиско-егзархискиот блок,не ни е познато.Но со сигурност можеме да претпоставиме дека побудите за такво нешто не биле исти како тие на Дорев.Имено,познавајќи ја целокупната политика на грчката пропаганда во Македонија чии важен носител бил и Налис,можеме сосема сигурно да заклучиме дека на Налис не му стало до запазување на единството на Македонија,ниту пак до демократизацијата на земјата,како што бил случајот со Дорев и неговите исто мисленици.По се изгледа личните моменти,желбата да постане пак пратеник,го натерале Налиса да се кандидира на владината листа,преку која,како искусен политичар знаел,дека ќе може да ја постигне целта.Инаку,во редовите на грчката пропаганда имало сили кои биле против грчко-бугарското зближување.Таков став завземал и грчкиот весник "Фарос",[38] од Солун.Допуштено е и

тоа да Налис припаѓал кон оваа група на грчки дејатели. Улогата на Налис како битолски посланик во турскиот парламент била и можела да биде само негативна по интересите на нашиот народ.

Иако преговорите меѓу српската и бугарската влада околу делењето на Македонија во тоа време се наоѓале во завршна фаза, сепак тоа не нашло одраз и на теренот, во Битолскиот реон. Како што видовме привржаниците на српската национална идеја не се приклучиле кон патријаршиско-егзархискиот блок. Обратното, наоѓајки се на страната на младотурците всушност тие се бореле против тој блок.

По 1878 па до 1908 год. една од задачите на грчката црква во Турција била, како што веќе видовме, запазување целоста на Турската империја, бидејќи грчката пропаганда била убедена дека секоја евентуална територијална промена на турскиот дел од Балканот би била во штета на грцизмот. Во исто време грчката патријаршија и нејзините митрополити, грчките конзули, односно целокупниот грчки пропаганден апарат имал за основна цел да работи со сите сили, на прво место преку црквата и училиштата да придобие што поголем број од нашиот народ во Македонија, сметајки дека тоа во дадена ситуација ќе биде гаранција за задоволување на грчките територијални аспирации кон Македонија. Меѓутоа, во судрувањето со оние фактори во Македонија кои делувале против грцизмот, особено со револуционерното движење, грчката страна, со течение на времето, битката ја губела. Процесот на постепеното но сигурно разложување на грчката пропаганда во поголемиот дел од Македонија бил спречен со акциите на андартските чети и со разложувањето во самата Внатрешна револуционерна организација по 1903 год. Но грчките успеси постигнати во

периодот 1904-1908 год.,кае што истакнавме,овие привилегии и пред

по Младотурската револуција исчезнале.Сега грчката пропаганда била ставена во ситуација да дејствува главно со истите сретства како и до 1903 год.но при услови кога привилегиите на грчката црква за разлика од порано биле загрозени како никогаш во нејзинат историја и спрема тоа изгледите за успех биле уште повеке намалени.Порадо тоа,дејноста на Пелагониската митрополија во првите две години по Хуриетот била насочена на прво место во борба за запазување и потврдување на старите привилегии,во раководење со грчките конституциони клубови,со илегалните акции на грчката организација,со борбата против законот на спорните цркви,и т.н.По 1910 год.таа се претворила и во главен носител на грчко-бугарското зближување.

Во исто време не се намалила дејноста на Митрополијата и на религиозно-просветното поле.Ние немаме доволно податоци врз чија основа би ги изнеле резултатите од грчката пропаганда во Епархијата во овие последни неколку години од турското господство во Македонија.Но од тоа малу што го имаме можеме да заклучиме дека тие резултати можеле само да ја загрижат Грчката митрополоја.Законот за спорните цркви не бил донесен затоа што младотурците имале желба да ѝ помогнат на Егзархијата,а да ја оштетат Патријаршијата.Тоа прашање било зрело за решавање и било решено на начин кој може да се речи дека бил правичен.Но баш затоа бил во штета на Патријаршијата.Тој закон овозможил и во Пелагониската епархија повеке села или селани полесно да ја напуштат Грчката митрополија и преминат во редовите на Егзархијата.Од тука може да се објасни и жестокиот отпор против овај закон кој го дала грчката страна во Битола пак и во други места.

И во однос на просветната пропаганда положбата била незадоволителна за грчките митрополити.Нека го земиме за пример

Битола, тврдината на грцизмот во овај град во учебната 1909/10 г. според податоците изнесени[39] со потенцирана намера да се докаже "грчкиот" карактер на истиот, имало вкупно 1.224 ученика и 30 професори и учители. Овие бројки за прв пат се најмали во последните неколку децении од работата на грчките митрополитих во Битола. И додека овие цифри изнесени вака, сами, кижж сепак зборуваат за некое "големо" грчко влијание во градот и во Епархијата, дотогаш, споредени со цифри кои ги одразувале резултатите на главната соперничка страна-Егзархијата, тие ни покажуваат колку всушност било намалено грчкото влијание во Битола, а да не зборуваме за македонските села во Епархијата. Во почетокот на истата учебнаж година во Битола во егзархиските училишта /без гимназијата/ биле запишани вкупно 1.793 ученика со кои работеле 33 учители.[40] Во Прилеп година дена порано во почетокот на 1908/1909 год. учебна година во егзархиските училишта биле запишани вкупно 2.240 ученика, а наставата ја изведувале 42 учители.[41] Во Битола 1912 година било отворено егзархиско свештеничко училиште, сиропиталиште за бедни деца од вилаетот, имало гимназијално друштво со добар оркестар, и др.[42]

Напредокот на Егзархијата во овај реон не се должел на жж некоја благонаклност на младотурските власти кон неја. Во тој периодможи да се речи дека за прв пат и двете цркви-пропаганди подолго работат под исти услови, бидејки да по Револуцијата од 1908 год. еднакво биле загрозени привилегиите и на едната и на другата. Од друга страна Грчката митрополија била загрозена од помошта која младотурските власи ја давале на романската пропаганда, но уште повеке била загрозена Егзархиската митрополија од отворената помош давана на великосрпските претензии во Прилепско.

По јули 1908 год. за кратко време на пелагониското престол се измениле двајца грчки митрополити-Василије /1909-1910/

и Стефан /1910-1912/.

Митрополитот Василије е прв пелагониски митрополит во XIX и поч.на XX век кој толку кратко се задржал на чело на Пелагониската митрополија.Секако за тоа имало причини кои нас не ни се потполно познати.Нас ним е познато дека овај митрополит дошол до судрување со патријархот Иоаким III и со грчкиот конзул во Битола и најверојатно таа била причината за неговиот краток престој на чело на Митрополијата.Василије бил иницијатор за свикување на една митрополитска конференција во февруарии 1910 год.во Битола на која присуствувале сите грчки митрополити од Битолскиот вилает, шест на број.Тука било решено да се протестира против држањето на патријархот во врска со некој спор помеѓу него и Светиот Синод. Тие решиле да дадат секаков отпор ако патријархот не се потчинал на волјата на Свет-иот Синод и заплашиле дека нема да се вратат во своите епархии ако не се чуел нивниот глас.По наговор на Василије сличен протест испратила и Битолската патријаршиска општина и битоските гркомански еснафи.[43/] По се изгледа дека пелагонискиот митрополит ги свикал на состанок другите митрополити-негови привзаници со цел да му помогне на Светиот Синод во борбата со патријархот,за симнување на истиот и за евентуално става е на својата кандидатура за тоах место.Но,како што известува Михајловиќ,грчкиот конзул добил наредба од својата влада да ги убеди митрополитите да бидат мирни."Чујем да им је то саопштио преко грчког комитета и то на такав начин да су митрополити одмах отпутовали"-пишува српскиот конзул.

Одборот на гркоманската женска организација во Битола и 1910 год.закажал традиционална забава на која биле повикани сите конзули со исклучок ма бугарскиот и романскиот.Рускиот конзул. Кал го замолил грчкиот конзул да интервенира и тие конзули да би-

[illegible] да се обрати до митрополитот кој се сложил со предлогот на рускиот конзул, наредил да ги поканат бугарскиот и романскиот конзул, но затоа пак, по интервенција на грчкиот конзул забаваза била одложена откажана.[44] И овај случај допринел односите митрополит-конзул уште повеке да се заострат.

Овај податок не доведува и до еден друг заклучок. Имено, во овах време т.е. во првата половина од 1910 год. односите меѓу грчката и бугарската пропаганда бо Битола уште биле по старо, непријателски.

Но додека односите на Грчката митрополија со бугарската се подобрувале, а односите со српската пропаганда не биле толку актуелни, односите со романската си останале речиси до крај крајно непријателски.

Влашкото движење на кое андартските акции му нанеле сериозен удар, по промените од јули 1908 год. започнува една засилена активност чија основна цел била, како и порано, извојување на автономна црква како предуслов за натамошниот успешен развиток на неговото дело. Центар на таа активност и натаму бил Битола и самото тоах на Пелагониската митрополија ѝ задавало големо главоболие.

Еден од првите проблеми со кои се судрило влашкото движење во тој период бил проблемот на внатрешното единство кое било разрушено од не секогаш принципиелниот став на романската вл[...] да кон влашкото црковно прашање и од бирократизмот и корупцијата кои завладеале во внатрешното управување. Целата таа ситуација предизвикала остра реакција кај еден дел порадикално настроени Власи во Турција. За тие и други проблеми требало да се дискутира на конгресот на влашките општини одржан во Битола во јули 1909 год. Но овај конгрес се одржал против волјата на раководството на романск[...]

агенти, располагајки со бедни учители поверени лица на инспекторатот, овие се користеа со сите сретства да го попречат одржувањето на конгресот. Во ова попречување најдолниот придонес го даде г. Л. Пенеско, генерален конзул на Романија во Солун...." -пишува д-р Ташку Трифон, еден од организаторите на конгресот.[45] И покрај таквиот отпор, на конгресот дошле 49 делегати како претставители на 24 заедници. Некои делегати предложиле Власите да не се потчинуваат поевеке на Романија, а во резолуцијата се констатирало дека тешкотиите настанати во влашкото движење можат да се совладат само со сопствени сили. Во дискусиите и резолуцијата особено внимание му се дало на црковното прашање и и се констатирало дека ситуацијата е критична, недостигот на свештеници е голем и заедници кои немале свештеници осудени биле да се распаѓаат. Се донеле и други решенија од организационо-управен карактер. Бил формиран и влашки клуб кој тесно соработувал со младотурците.

Од официјалните училишни органи не само што не присуствувал никој туку не дозволиле конгресот да се одржи во просториите на лицејот. Романскиот печат и официјалните кругови во Романија се труделе со сите сретства да го намалат значењето на конгресот.

Уште поголема влашка реакција против Романија забележуваме на конгресот на влашките учители одржан во Битола во септември 1909 год. на кој се донело решение да се создаде еден постојан совет во Македонија кој би управувал со влашките училишта во европска Турција независно од инструкциите на Романското министерство за просвета.[46]

На влашкиот конгрес одржан во јули 1910 год. на кој учествувале 75 делегати било одлучено да се формира "Надзорен со-

вет" /Ефорија/ од 5 редовно изборни члена со седиштето во Битола,а со задача да решава и да раководи со сите школски и црковни работи како и со сите културни прашања на отоманските Власи.Надзорниот совет можел да решава и за поважни работи но само во проширен состав со претставители од сите поважни влашки верски центри во државата.По таков начин управувањето со влашкото движење било поставено на сосема нови и демокра-тски начела кои биле претпоставка за елиминирање на поголеми неправилности и конфликти.

Конгресот избрал и една делегација со цел да стапи во прего-вори со Патријаршијата за задоволување на основните влашки барања.И оваа акција на Власите била безуспешна а нивното огорчување уште поголемо.Но патријархот изгледа исплашен од упорноста на Власите во нивните барања,а уште повеќе од пријателскиот став на турската влада кон влашкото движење решил да попушти и ја превзел сам иницијативата влегувајќи во преговори со влашкиот сенатор Баџареја со намера да оствари извесно помирување.Според постигнатата спогодба:Власите се одкажуваат од барањето да имаат сопствени владици;богослужбата се дозволува на влашки јазик;во епархии,кои се населени главно од Власи,треба да дојдат во предвид и пред се́,и по можност,Власи при назначувањето на владици.

Ова спогодба задоволувала само еден минимален дел од барањата на Власите.Станува збор само за втората точка,бидејќи третата многу важна точка била формулирана така што тешко можела да се оствари во интерес на Власите.Но и покрај тоа ако таа спогодба се остварувала за резултат би имала "....јакнење на куцовлашката кауза бидејќи ова врбува само мал број нови приврзаници главно поради стравот од гневот на црквата"48/

Романската влада загрижена од сепаратистичките тенденции на Власите од Македонија решила пак да настојува пред Патри

јаршијата и пред грчката влада /по обновување на дипломатските односи 1911/ за задоволување на влашките барања.

Влашкото црковно прашање, околу чие решавање била ззангажирана не само романската дипломатија туку и дипломатијата на некои големи сили, никогаш не било решено. Тоа било основната причина што влашкото движење не можело да постигне некои посериозни успеси, особено во Пелагониската епархија. Грчката патријаршија била толку категорична по тоа прашање што немало сила која би ја принудила на посериозни отстапки. Притисокот врз неја често бил многу силен, но таа, по директива на грчката влада, секогаш наоѓала сили и успевала да издржи до крај. Во врска со тоа, Пелагониската митрополкја, која се наоѓала во центарот на влашкото движење, има посебни заслуги. Во билансот на нејзината целокупна дејност посебно треба да биде истакната во голема мера успешната борба која ја водела против влашкото движење, а за задржување на огромното мнозинство од битолското влашко население под своја црковна власт, односно под влијанието на грцизмот.

Грчката пелагониска митрополија ја продолжила својата дејност и по Балканските војни и поделбата на Македонија се до 1918 год. Тоа е всушност период на тешки искушенија, години на Првата светска војна. Ние за тој период од дејноста на Пелагонисјата митрополија нема да пишуваме.

Последен грчки митрополит на пелагонискиот престол бил Хрисостом/1912-1918/. Битола и речиси целата Пелагониската епархија дефинитивно останале во границите на Српската држава. Цариградската патријаршија престолот на Битолската митрополија морала да ѝ го отстапи на Српската црква. Прв српски пелагониски митрополит бил познатиот Варнава, подоцна српски ипатријарх. Од 1920 год. во катедралната црква Св. Димитрија започнало да се служи на словенски јазик.

# З А К Љ У Ч О К

Врз основа на изнесеното ние ќе ги извлечеме следниве неколку заклучоци:

Пелагониската епархија,по конкретно битолскиот реон од таа Епархија,поради географската положба и составот на населението,претставувала во XIX и поч.на XX век мошне важен реон за грчката црква,односно пропаганда.Не случајно границите на грчките аспирации во Македонија од грчка страна биле одредени нешто по на-север од Битола.Имено,северно од Битола грчката пропаганда, поради компактната македонска словенска маса која во грчката црква веќе гледала институција која имала основна цел да ги однароди и експлоатира,институција која служела на една идеја потполно туѓа по интересите на тој народ,немала речиси никакви услови за дејствување и постигнување на успех.Положбата во Битола била инаква.Тука се населиле и живееле повеќе илјади Власи,кои со векови биле поврзани со грчката црква,а преку неја и со грцизмот.Добар број од нив како способни трговци, па и занаетчии, тесно биле поврзани и со грчкиот капитал и грчката држава и спрема тоа, и економските и религиозно-општествените интереси диктирале,особено побогатиот слој на Власите да се претвори во огнен носител и заштитник на грчката национална идеја во Македонија.Така Пелагониската митрополија,покрај другото,наоѓајќи на полна поткрепа и соработка кај Власите во Битола и околните влашки села,имала сили и можела да држи под свое влијание и еден добар дел од словенското население во Битола и во Битолските села.Пак со помошта, на прво место на побогатите Власи-патријаршисти, пелагониските митрополити се впуштале во огорчена

борба против обидите на другите пропаганди да го придобијат не само словенското, туку и влашкото население, а против ~~обидите~~ стремежот на Внатрешната организација да го придобие тоа население за револуционерна борба.

Тврдењето на грчката црква/пропаганда/дека македонското население во Пелагониската епархија, кое ја признавало нејзината црковна власт, било грчко, е лишено од секаква основа. Таквото тврдење произлегувало од грчко-националистичките сфаќања на грчката православна црква која, претворувајќи се во чисто политичко-пропагандна установа, гонела не религиозни туку политички цели. Останувањето на еден дел од нашиот народ под ведомството на Пелагониската митрополија не се должело на некоја развиена грчка национална свест кај тие луѓе, туку се должело, на прво место на религиозните сфаќања на многу од нив и на способноста на грчките митрополити преку поткупување на селските фактори, преку поткупување и заплашување со проклетство против оние свештеници кои би ја напуштиле патријаршиската црква и/за преминале на спротивната страна, и преку други средства, да држат под свое ведомство еден влијателен дел од селското население а преку него да го држат под свое влијание и другиот дел од населението.

Неколку конзули од Битола, посетувајќи го 1907 год. селото Скочивир, на група селани кои припагале кон Патријаршијата рускиот конзул им поставил прашање: "А зошто сте вие Грци кога не знаете грчки?" Еден од селаните одговорил: "Ние, господине, вистина не знаеме грчки и не сме Грци, но ние бараме да останеме под Патријаршијата, во верата на нашите татковци и дедовци, и не сакаме ништо друго, и да живееме мирно..." Овај селанец го рекол тоа кое би го рекле многу наши обични селани кои ја признавале Патријарши-

јата во тоа време.

